**УНИВЕРЗИТЕТ „*Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ*“ – СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**Институт за социологија**

**Докторска дисертација:**

# *Системот на религиски вредности во Европската унија и во Република Македонија*

Ментор:

Проф. д-р Зоран Матевски

Кандидат:

м-р Христина Игнатовска

Скопје

2012

## СОДРЖИНА

**Вовед........................................................................................................2**

**1. Методолошки пристап......................................................................................6**
1.1. Предмет на истражувањето............................................................................ 9
1.2. Теориска рамка ........................................................................................ 14
1.3. Цели на истражувањето.................................. ........................................ 19
1.4. Операционално дефинирање наистражувањето..........................................20
1.5. Социолошки објаснувања..............................................................................21

**2. Профил на религијата во Западна Европа ................................................... 24**
2.1. Параметри на религиозност во Република Македонија............................... 38
2.2. Религијата како групен феномен –
граѓански религиски вредности ........................................................................50
2.3. Религиозноста како вредност ........................................................................52
2.4. Религиски и политички вредности ............................................................ 65
2.5. Религија, социјални класи и образовен систем во Европа .......................... 73

**3. Арбитража на религиските вредности во современото општество................. 81**
3.1. Религиски вредности во Република Македонија........................................... 84
3.2. Религиски вредности во земјите - членки на Европската унија...................... 88
3.3. Типологија на односите на религиските заедници и државата .................... 94
3.4. Институционални носители
Дијахрониска перспектива ........................................................................ 101

**ПРАКТИЧЕН ДЕЛ**

***4. ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ***
**Анализа на резултатите добиени од полуструктурираните интервјуа .................112**

4.1. Интерпретација на ставовите на религиозната елита во Р. Македонија .......112
4.2. Заклучок ................................................................................................ 137
4.3. Интерпретација на ставовите на академската елита во Р. Македонија ........142
4.4. Заклучок ....................................................................................................173
4.5. Интерпретација на ставовите на политичката елита во Р. Македонија ..........178
4.6. Заклучок ....................................................................................................202
4.7. *Генерален извештај од истражувањето ................................................... 207*

**5. Анализа на соодветната комунитарна и македонска легислатива ......................219**
5.1. Анализа на соодветната комунитарна легислатива ......................................219
5.2. Анализа на соодветната македонска легислатива .......................................241

<u>Користена литература</u> ......................................................................................254

6. ДОДАТОК (APPENDIX) .........................................................................................272

## Вовед

Вредностите претставуваат реални или апстрактни појави за коишто се врзуваат човековите цели. Фактот дека во општествата постојат вредности, условува популацијата да коегзистира во еден организиран систем во кој постои и доминантна вредност. Во различно уредени општества доминираат различни вредности. Така, во едно капиталистичко општество врвна вредност е профитот, а во политичкото општество моќта и власта. Надворешната слика на општеството укажува на скалата на доминантните внатрешни општествени вредности. Промената на вредносниот систем, на вредносната скала и на доминантната вредност условува промени на општествено ниво и обратно.

Во Европскиот мултикултурен контекст лежи Република Македонија, која му припаѓа регионално на Балканот, и тоа не само географско-политички, туку и културно. Интеркултурното значење на општеството, преку современиот научно-истражувачки дискурс, не може во ниту една инстанца да ги заобиколи анализите на проучувањата на вредностите, а согласно со темата на ова истражување и на религиските вредности.

Општественото уредување на Република Македонија не се одвива ниту изолирано ниту пак целосно уникатно. Иако истото е во постојана динамика, дел од него може да биде предмет за социолошко истражување. Кога од корпусот вредности коишто се застапени во некои земји-членки на Европската унија, ќе се издвојат оние кои се најзначајни за кохабитацијата во Република Македонија, како во историјата така и денес, би можеле да дојдеме до она што за Република Македонија е од суштинско значење и кое треба да се сочува, потврди и одржи. Во крајна инстанца, гледано од социолошка перспектива, Република Македонија претставува интеркултурна конструкција во која доминираат вредносните аспекти на религијата и етничката припадност.

Значењето на доминантната вредност и анализирањето на истата е посебно важно во транзициони општества каде што вредностите ги имаат изгубено своите примарни значења. Промената на вредностите е во тесна врска со промената на

нормите што условува и општествени импликаци и промени. Во овој редослед би се надоврзала на Шушњиќ, кој истакнува дека верата ја зајакнува вертикалната поврзаност на луѓето со Бог и хоризонталната поврзаност помеѓу луѓето (Šušnjić, 2002: 215). Во еден ваков општествен амбиент неопходни се научни истражувања од област која ги проучува вредностите, а посебно религиските вредности, но и нивната импликација во актуелниот општествен контекст.

Како и секоја општествена констелација така и сегашната е одредена со културно, цивилизациско наследство. Од таа причина секогаш мора да се имаат предвид вредностите од минатото заедно со општественото и културното наследство. Од друга страна, одредени сме и со вредностите кои моментално настануваат, оние кои моментално се воведуваат, воспоставуваат и потврдуваат понатаму.

Системот на вредностите сугерира сложеност во општествено-историскиот контекст. Човечката стварност не претставува единствено продукција на нешто ново, туку и репродукција на минатото. Човечките и општествените вредности се во функција на зачувување на општествениот систем и култура. Промените и пресвртите во системот на вредностите повлекуваат со себе големи и поврзани промени во културата воопшто. Ова е значајно да се истакне затоа што вредностите имаат својство на влијание и ориентација и преку социјализацијата, односно културализацијата се прифаќаат како правила (Koković, 1997 : 97).

Секоја културна заедница е одредена со определени вредности и на тој начин му дава значење на она што е специфично и иманентно за таа заедница. Вредностите се конкретизираат во одредена општествена структура преку правила и норми. Правилата и нормите се во функција на интеграција, обединување на поединците со културната заедница. На општествено рамниште вредностите никогаш не се јавуваат изолирано, туку во извесен редослед за кој е карактеристичен критериумот на избор на предмети, знаци и однесување. Оттука произлегува огромното значење на културните обрасци кои можат да се разгледуваат како реализација и материјализација на вредностите. На овој начин вредностите реално постојат во облик на обрасци, при што културните обрасци претставуваат критериум во човековото однесување.

Вредностите се сите оние реални или идеални предмети за кои се врзуваат човековите потреби и желби. За вредност се смета сѐ она што може да биде предмет на

човековата потреба и желба и којшто може да се задоволи на начин кој не е спротивен на дадената култура. Доколку во општеството постои доминантна вредност, тогаш поедноставно се доаѓа до егзистенцијалистичка смисла преку остварувањето на таа вредност. Сепак, покрај профаните вредности, постојат и сакрални коишто ги нуди верата како највисоки духовни и морални идеали. Препознавањето на наведените вредности датира од архаичен период, односно вредностите на верата датираат од периодот на првобитниот синкретизам (Mos, 1982: 165). Верниците ги остваруваат овие вредности преку лична и колективна пракса. Степенот на поврзаноста, односно имплементацијата на вредностите на верата од страна на определен поединец или заедница е во директна зависност од отвореноста и подготвеноста на поединецот или заедницата. Сакралните вредности не се спротивни на профаните, само се подлабоко вкоренети и им даваат смисла на световните вредности од кои човекот е највисоката вредност (Šušnjić, 2002: 218).

Во рамките на социолошката наука, религијата се проучува како појава која се анализира преку интеракција со други општествени појави. Во овој контекст се проучува влијанието на религиските заедници и религиите врз промените и односите кои се рефлектираат врз културата, бракот, семејството, трудот, нацијата, етнитетот, идентитетот, политиката, интеграцијата, дезинтеграцијата итн. Од друга страна се проучуваат, пак, последиците од влијанијата што ги остваруваат наведените социолошки аспекти врз религијата, религиските заедниците и религиозноста. Секако, религијата и религиските заедници остваруваат значително интеракнивно влијание со социјалната стратификација, живеалиштето, образованието, бирелигиските бракови и сл. Во крајна инстанца, преку обичаите и правото, религијата влијае врз обликувањето на општествената структура и политика, а таа интеракција е од круцијално значење за ова истражување.

Интересот за проучувањето на религиските вредности поаѓа и од фактот што религиите поседуваат иманентно социјално-политичко учење, евидентирано во пишаните религиски извори. Во рамките на проучувањето на религиските вредности внимание заслужува и споредбеното проучување на различните религии, односите помеѓу нив, меѓусебните влијанија, споделените вредности или контрадикторности коишто се остваруваат во општествениот контекст. На овој начин можат да се

третираат интеррелигиозноста, толеранцијата, нетолеранцијата, коегзистенцијата, солидарноста, почитувањето, и сл.

Значаен аспект на јавно манифестирање на религиските вредности е обредот. Тој е поврзан со социјални збиднувања како брак, раѓање, смрт. Преку него верниците го изразуваат својот религиозен став, својот став спрема натприродното, спрема религиските челници. Молитвата, како маркантен обред може да го покажува интензитетот на надворешната религиозност. Маркантен аспект е религиски мотивираната миграција, но и интеракцијата до којашто доаѓа поради религиозната припадност на имигрантите и религиозната структурата на населението. Од социолошки аспект, кога станува збор за религиски хетерогени средини, провокативни се унимодални, бимодални или тримодални средини.

Религијата влијае врз етничкиот и националниот развој. Таа, како и јазикот, претставува значајно етничко обележје. Во многу случаи јазикот и религијата се примарни за формирање на заедници и на тој начин стануваат доминантни при етничките идентификувања. Доколку при изведувањето на религиските обреди се употребува мајчиниот јазик доаѓа до зајакнување на националниот идентитет и свест. Доколку религијата своите обреди ги извршува на друг јазик (пр. латински, арапски, хебрејски), а не на националниот, тоа може да доведе до намалување на националната свест и засилување на универзалниот карактер на дадената религија. Религијата и јазикот воспоставуваат корелациски однос и при интеграција на припадници на различни религии и националности. Интересни примери се заедниците кои имаат два јазика, а една конфесија, како: Македонија и Србија, Македонија и Бугарија, Хрватска и Словенија, а и заедници кои имаат практично ист јазик, а различна конфесија: Хрватска, Босна и Херцеговина и Србија. Во овие случаи посебно е интересно прашањето на интеграцијата.

Третманот на религијата како државна институција го губи приматот во сè повеќе држави. Во минатото сè почести беа моделите на државни уредувања во кои власта беше споделена од државата и црквата. Оваа појава денес сè почесто се редуцира и се тежнее кон нејзино надминување. Практично, денес постојат модели на државна религиска заедница, модели на признати религии и модели на одвоеност помеѓу религијата и државата. Сепак, истражувањето на религиските вредности не се

одвива во насока на докажување на супериорноста на извесна религија во однос на друга, туку во споредувањето и утврдувањето на заедничките и различните вредности на религиите и религиските заедници.

Всушност, постои нужна врска помеѓу општествената и религиската структура. Во овој редослед, покрај религиските нормативи и вистини, смисла и вредности, постојат и општествени, религиски верувања, идеи и вредности кои покрај својата примарна улога во религискиот систем вршат и други значајни функции во општествениот живот. Од таа причина за промените на религиските верувања, идеи и вредности не се одлучувачки само внатрешните религиски фактори, туку и надворешните општествени околности (Šušnjić, 1998b: 21).

## 1. Методолошки пристап

Ова истражување има за цел да проучи одредени теориски ставови кои се однесуваат на религијата, на религиските системи, на религиските вредности и норми во Европската унија, со посебен осврт на некои од земјите-членки, и во Република Македонија како земја-кандидат.

Примарен извор на податоци се:

- соодветни документи од легислативата на Европската унија (Лисабонскиот договор и други акти на Унијата);
- соодветни документи од легислативата на Република Македонија (Законот за правната положба на црквата, верската заедница и религиозна група (Сл. весник на Република Македонија бр. 113, од 20 септември 2007 година) и Законот за високообразовните установи на верските заедници (Сл. весник на Република Македонија бр. 81/08 од 07.07.2008 година). Преку една компаративна анализа ќе се проучи колку Законот за правната положба на црквата, верската заедница и религиозна група во Република Македонија е во корелација со актите на Европската унија;
- мислење на експерти, политичари и религиозни лица.

Истражувачки техники за прибирање на искуствени податоци:

- анализа на содржина на правните документи;
- полуструктурирани интервјуа.

Дизајн на примерок:

За истражувачката техника- анализа на содржина се предвидува целен и тоа сеопфатен примерок. Основна маса: легислатива на Европската унија (Лисабонскиот договор и други акти на ниво на Унија), соодветни документи од легислативата на Република Македонија (Законот за правната положба на црквата, верската заедница и религиозна група (Сл. весник на Република Македонија бр. 113, од 20 септември 2007 година) и Законот за високообразовните установи на верските заедници (Сл. весник на Република Македонија бр. 81/08 од 07.07.2008 година). Единица на анализа: членовите од законските документи во кои се регулираат религиските права, слободи и религиозни идентитети.

За полуструктурираните интервјуа се користи целен примерок. Критериум за селекција: (беа избрани) експерти за религиски прашања во Република Македонија, религиозни лица во Република Македонија и политичката елита во Република Македонија.

Оваа истражување е реализирано со посредство на научни методи и техники коишто ќе ги анализираат и толкуваат религиските вредности и соодветните регулативи. На овој начин се доаѓа до споредба на религиските вредности кои се доминантни на ниво на Европска унија, но и во Република Македонија.

Методите кои се користеа во ова истражување се избрани по принцип на соодветност, со цел олеснување на доказот и решавање на анализираните општествени проблеми. Како неопходни методи кои се користат при третирањето на проблематиката за ова истражување се: компаративниот и дескриптивниот метод. Овие методи, кои подолу се објаснети, значајни се за фундаменталното спознавање на предметот.

*Дескриптивниот метод* е применет во истражувањето затоа што го слика општествениот амбиент и околностите, што ги вклучува религиите, религиските вредности, поврзаноста на религиските вредности со другите вредносни системи, зависноста на вредностите една од друга и заемната условеност. Истиот нуди опис на презентната ситуација, но и на општествената коонстелација во минатото. Со посредство на овој метод се разгледувани актите на комунитарно ниво и на ниво на Република Македонија. Загарантираните права од член 10 на Договорот на Европската унија иако директно не се обврзувачки за земјите-членки, наложуваат почитување на слободите на заедниците, согласно одредбите на Судот за правда и во согласност со Членот 6 од Договорот на Европската унија.

*Компаративен метод* е применет со цел извршување на споредба на религиските вредности и вредносниот систем во Европската унија, со посебен осврт на некои од земјите-членки и во Република Македонија како земја-кандидат. Исто беа компарирани легислативите на некои од земјите-членки на Европската унија и на Република Македонија. Споредувана е Повелбата 10 како комунитарна инстанца со Законот за високообразовните установи на верските заедници во Република Македонија со цел утврдување на степенот на компатибилност.

> Вистинската заедница претпоставува барем извесни посебни склоности. Земјите не се групираат кога не чувствуваат нешто заедничко меѓу себе, а она што особено треба да биде заедничко е минимум доверба. Потребни се, исто така, и минимум исти интереси, зашто без тоа се стигнува до прост соживот, но не и до соработка. За да постигнеш слога и да изградиш интимен сојуз, не е забрането да се разликуваш во одредена мера, но треба да бидеш сигурен дека постојат доволно заеднички врски и интереси. Да му се служи на човештвото е должност рамна на она што ни ја наложува нашата преданост кон нацијата. А токму така се насочуваме кон концепција за светот во кој сè повеќе ќе се ослободува визијата и потрагата по тоа што ги обединува нациите, што им е заедничко и светот во кој ќе дојде до помирување на она што ги разликува или ги спротивставува (Шуман, 2004 : 102).

## 1.1. Предмет на истражувањето

Проучувањето на вредностите кои се застапени на ниво на Европската унија покрива широк спектар од човековите вредности. Како дел од општо прифатените вредности се сретнуваат: егзистенцијалните, општествените, религиските, семејните, политичките и трудовите вредности. Интересот на ова истражување е фокусиран на проучувањето на религиските вредности и на начинот кој го условува нивното влијание во земјите-членки на Европската унија, со посебен осврт на некои од нив и во Република Македонија, како земја-кандидат за членство во Унијата. Проучувањето на религиските вредности не ја подразбира единствено религиско-теолошката страна, туку и научната поставеност на истите, како и инструментализацијата на општествената легислатива која овозможува нивна слободна имплементацијата во општеството. Религиите, а преку нив религиските вредности, од секогаш имале огромно влијание на општествено рамниште. Тие влијаат на поставеноста на вредностите и нормите коишто се разгледувани во истражувањето, а влијаат и врз другите општествени аспекти како на пример врз културата, политиката, економијата, стратификацијата, миграцијата и слично. Религиските вредности заземаат определено место во општествениот амбиент и доаѓаат во корелација со другите вредности и аспекти во општествениот простор.

Влијанието на религиските вредности во некои од земјите-членки на Европската унија, како и влијанието на религиските вредности во Република Македонија, проучувано е преку соодветните инструменти на ниво на Европската унија и во Република Македонија. Надлежните тела за оваа проблематика, своите ингеренции ги реализираат преку регулативите кои постојат на ниво на Европската унија; преку практиката и искуствата во одредени земји-членки; истото се однесува и за практиката и искуствата на Република Македонија и законската регулатива којашто е воспоставена врз основа на религискиот систем во земјата, а е во согласност со европските стандарди и норми и со стандардите и нормите на соодветните меѓународни заедници. Во овој тек се разгледуваат актуелните прашања во Европската унија што се однесуваат на религијата, како на пример: позицијата на црквата во предлог-уставот на Европската унија (Лисабонскиот договор), со посебен осврт на Повелбата за основните

човекови права – Поглавје 10; Актите на Комисијата на Конференцијата на бискупите во земјите-членки во Европската Унија; Препораките на Парламентарното собрание: Препорака 1202 (1993): *Религиска толеранција во демократско општество*; Препорака 1369 (1999): *Религија и демократија;* Препорака 1720 (2005): *Образованието и религијата* и слично.

Во тој редослед се анализира на ниво на национална легислатива на Република Македонија започнувајќи од Уставот на Република Македонија, па понатаму преку законите за образование, односно: Законот за основно образование, Законот за средно образование, Законот за високо образование, Законот за изменување и дополнување на законот за празници на Република Македонија, Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група, Законот за високообразовните установи на верските заедници; како и на ниво на Европска унија и пошироко. Поконкретно се проучуваат регулативите на Советот на Европа: Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи усвоена од Советот на Европа; Протокол кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, дополнета со Протоколот бр. 11; Протокол кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, дополнета со Протоколот бр. 12; Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства, донесена од страна на Комитетот на министри на Советот на Европа; Резолуции и Препораки на Парламентарното собрание: Борба против нетолеранцијата и дискриминацијата кон муслиманите (генерална политика Препорака бр.5); потоа Европска конвенција против расизмот и нетолеранцијата; Положбата на црквата и религиската слобода во Источна Европа (Препорака 1086/1988); Резолуција 908 (1988) Положбата на црквата и религиската слобода во Источна Европа; Религијата и промените во Централна и Источна Европа (Препорака 1556/2002); Сектите и новите религиски движења (Препорака 1178/1992); Нелегални активности на сектите (Препорака 1412/1999); Религиска толеранција и демократско општество (Препорака 1202/1993); Религија и демократија (Препорака 1396/1999); партикуларно на комунитарно рамниште (Европската унија): Европска конвенција за основите права - прогласена на Европскиот совет во Ница на 7 декември 2000; Договорот за основање на Европската заедница; Декларација бр. 11 – Статусот на црквите и неконфесионалните организации (Договорот од Амстердам); Директива на Советот 2000/78/ЕС од 27 ноември 2000 год. за утврдување на општа рамка за еднаков третман

при вработувањето и професиите; Резолуција за култовите во Европа; Лисабонскиот договор; Советот на Европската унија - Заклучок на Советот за нетолеранција, дискриминација и насилство врз основа на религиозно верување; Организацијата за безбедност и соработка во Европа: Завршниот акт од Конференцијата за безбедност и соработка во Европа (КФОР), потпишан во Хелсинки на 1 август 1975 година; Документ од состанокот во Копенхаген на Конференцијата за безбедност и соработка во Европа (усвоен на 29 јуни 1990 година); Заклучен документ од состанокот во Виена на Конференцијата за безбедност и соработка во Европа (усвоен на 19 јануари 1989 година); Заклучен документ од состанокот во Мадрид на Конференцијата за безбедност и соработка во Европа (усвоен во Мадрид на 9 септември 1983 година); Париската Повелба за Нова Европа (усвоен од Организацијата за безбедност и соработка во Европа на средбата на Самитот на шефови на држави и влади на земјите-учеснички во Париз на 21 ноември 1990 година); Одлуки на Самитот во Хелсинки на Конференцијата за безбедност и соработка во Европа (10 јули 1992 година); Украинска религиска конференција - Декларација за недискриминација на христијаните.

Анализирано е и влијанието на Меѓународни невладини организации: Меѓународна научна конференција – иднината на малцинствата во Европа – ИСКОМЕТ; Меѓународен сојуз за религиски слободи; Сојузот од Осло за слобода на религијата и верувањето; Светски совет на цркви.

Во рамките на комунитарното право, Членот 13 ЕС му дава право на Советот на Европската унија да усвојува мерки за надминување на дискриминацијата за пол, раса, етничко потекло, религија, попречувања, возраст и сексуална ориентација ( Член 21 од Договорот). Индиректно, ваквите мерки даваат придонес кон заштитата на слободата на мислењето и религиската определеност.

Резолуцијата на Европскиот парламент од 1996 година се однесува на дистинкцијата помеѓу легитимните религиозни култови, познати како нови религиски движења, и оние кои практикуваат насилство, нарушување на правото на слобода или оние чиишто активности се дел од интернационално организиран криминал. Напорите за избегнување на нелегални култови се востановени во заедничкиот инструмент на Став VI од Договорот на Европската унија.

На ниво на Република Македонија се разгледува Законот за правната положба на црквата, верската заедница и религиозна група (Сл. весник на Република Македонија бр. 113, од 20 септември 2007 година), Законот за високообразовните установи на верските заедници (Сл. весник на Република Македонија бр. 81/08 од 07.07.2008 година) и останатите претходно наведени легислативни акти.

На ниво на Европска унија посебно внимание се посветува на верските заедници како дел од граѓанските општества. Во оваа насока и во Република Македонија, по примерот на високоразвиените земји-членки на Унијата, се одржува тренд на посветеност и јавна дебата помеѓу елитата на религискиот, државниот и меѓународниот аудиториум, често организирана и одржана од страна на невладиниот сектор. Интересни за истражување се и студиите на фондацијата „Конрад Аденауер", и на невладината организација „Меѓународен центар за меѓународна соработка", кои на тема религија организираат пан-дебати со цел зајакнување на меѓурелигиската толеранција, потенцирање на соживот, но и истакнување на поврзаноста на религијата со другите сегменти од општеството. Во таа насока истите го отворија и прашањето - Дали верските заедници треба да имаат и социјална одговорност?.

На ниво на Европска унија постојат разлики во однос на религиозноста и верската наклонетост. Повеќето од граѓаните на земјите-членки на Европската унија усвојуваат одредено ниво од религиозните верувања. Други пак имаат неопределен став кон религиозноста. Сепак, двете групи се согласуваат дека: Европа е секуларизиран континент. Граѓаните на земјите-членки во последните децении поретко одат во црква, со што се зголемува процентот на индивидуализирана религиозност, а во некои држави процентот на убедени верници е низок. Сепак, стариот континент не е дотолку секуларизиран како што се чини на прв поглед. Околу половина од граѓаните на Европската унија ги извршуваат некои од религиските ритуали најмалку еднаш неделно. Тројца од четворица велат дека се религиозни лица. Се разбира, постои голем религиски јаз помеѓу повеќесекуларизираните северо-западни европски земји и потрадиционалните југо-источни. Меѓутоа, дури и во земја како Холандија (симбол на либералната традиција) еден од четворица жители посетува црква. Во западниот дел на континентот состојбата на некои верски институции се влошува. Но, сепак, луѓето кои се сметаат себеси за атеисти, се малцинство. Најмногу атеисти има во Франција каде што се декларирани речиси 15 проценти. Очигледно е

дека мнозинството од граѓаните на Европската унија се декларирале како религиозни. Постојат многу луѓе кои сметаат дека се религиозни, поради тоа што посетуваат црква. Тоа е еден вид на „верување без припадност." Луѓето бираат верски убедувања, доктрини и практики и истите ги комбинираат според сопствена волја. Овој тренд се нарекува „црковно–слободна духовност." Европејците остануваат религиозни, но нивниот пристап е еклектичен, со позајмени идеи од повеќе традиции. Во меѓувреме многу институционализирани цркви, особено на Запад, се напуштаат.[1]

За начинот на кој се пренесува европската култура сведочи и самата историја покажувајќи дека не постојат институции кои не бараат поддршка од културата. Раскинувањето на културата со сакралното би ја прекинало европската традиција на поврзаност на духовната со световната култура, на правото со политиката. Значи, не постои европска култура доколку таа не е поврзана со правна држава и религија. Како што истакнал Мертенс на Меѓународниот симпозиум во Париз за европскиот културен идентитет (Јануари 1988) - "Европа сака да го преживее својот политички пад како пад на културата." Сепак, оваа Европа на културите треба да се изгради во конкретна европска „градба" и да се создаде цврсто единство на европскиот идентитет, постојано отворено за интеграција со други европски земји (Domenak, 1991: 135).

Денес западното општество страда од опаѓање на граѓанскиот живот, слабеење на социјалните врски и губење на социјалната кохезија. Ова стои како изјава на многу политички и верски лидери. Слабеењето на социјалните врски е една од причините за современите социјални проблеми, како што се: високо ниво на социјални девијации, индиферентност и социјална изолација. Сепак, солидарноста и толеранцијата се сè уште типични европски вредности. Толеранцијата е тесно поврзана со солидарноста и довербата. Таа е општо прифатена како доблест (општо добро). Седумдесет проценти од граѓаните на европските земји-членки сакаат да ги научат нивните деца на толеранција и почитување кон другите луѓе. Социолозите, исто така, ја потенцираат толеранцијата како важна вредност за слободно и отворено општество: колку повеќе луѓе се толерантни за правата на другите толку повеќе се обезбедени правата на сите.

[1] Податоците се резултат на меѓународен истражувачки проект, кој е раководен од страна на Универзитетот Тилбург во Холандија и Факултетот за социолошки науки. Истите можат да се пронајдат на следната веб-страна:
http://www.europeanvaluesstudy.eu/evs/research/themes/society/

Недвосмислено, толеранцијата промовира мирољубива коегзистенција помеѓу групите. Во суштина, да се биде толерантен значи дека се прифаќа начинот на кој другите луѓе го живеат својот живот, дури и кога тоа не е во согласност со сопствените ставови. Толеранцијата не треба да се поистоветува со едноставното прифаќање на туѓиот став, што е честа појава. Не постојат утврдени граници на она што треба да биде толерирано. Ова резултира со „Парадоксот на толеранцијата“: одбраната на толеранцијата може да бара извесен степен на нетолерантност.[2]

Религиските концепти како католицизам, православие, ислам, јудизам и др. во голема мера инсистираат и проповедаат толеранција. Толеранцијата во рамките на нивните концепции значи прифаќање на другата единка, на Другиот, без разлика на конфесијата и етничката припадност. Во современото општество оваа толеранција е надополнета со терминот соживот, кој понепосредно го опишува етичкиот и морален аспект на луѓето, и ја претставува хуманата димензија на човештвото (Matevski, 2005: 97).

### 1.2.Теориска рамка

**Религијата** претставува збир верувања, симболи и практики (на пример, ритуали); се темели на идејата за сакралното (светото) и ги обединува верниците во социо-религиозна заедница. Сакралното е спротивно на профаното (световното) бидејќи предизвикува чувство на стравопочит. Социолозите повеќе ја дефинираат религијата по пат на укажување на сакралното отколку на верувањето во Бог или богови од причина што тоа ги овозможува социолошките компарации (Маршал, 2004: 450).

**Религијата** има значења коишто се во корелација со донесувањето на моќ, власт и легитимност. Религијата претставува група на факти различни од другите

---

[2] Податоците се резултат на меѓународен истражувачки проект, кој е раководен од страна на Универзитетот Тилбург, во Холандија, при Факултетот за социолошки науки. Истите можат да се пронајдат на следната веб-страна:
http://www.europeanvaluesstudy.eu/evs/research/themes/society/

социјални факти, со нејасни граници кои зависат од политичките, идеолошките и академските амбиции. Во сложени ситуации на социјално несогласување, можат да се пронајдат етнички, национални или мигрантски граници, трансформирани во религиозни (Бауман, 2009: 28).

**Религијата** и **религиозноста** се условени од социјалните и историските фактори и се чувствителни на општествените промени, особено на процесите на модернизацијата и идеолошките влијанија. Таа е дел од културата која е составена од верувања и обичаи кои го дефинираат натприродното и светото, односот кон нив, а и ги поврзува со реалниот свет на начин што му овозможува на човекот да го разбере светот во неговата морална суштина, како добар или лош (Ацески, 2009: 63-64).

Говорејќи за **вредностите** како тип социјални податоци, често се прави разлика помеѓу вредностите, кои се цврсти, полутрајни, базични и понекогаш неексплицитни диспозиции; и ставовите, кои не се многу длабоки, брзо минливи и брзо променливи погледи и мислења. Општеството обично може да толерира многу различни ставови, додека во исто време бара постоење одреден степен на хомогеност и конзистентност помеѓу застапените вредности обезбедувајќи еден општ фонд на споделени вредности кои го обликуваат општествениот и политичкиот консензус (Маршал, 2004: 67).

**Вредност** претставува општа идеја, производ на процесот на вреднување во севкупната стварност (материјалните предмети, духовните појави и човековото однесување), што човекот, дадената општествена заедница ја смета за пожелна, посакувана и добра (Тановић, 1978: 66).

Покрај профаните вредности постојат и сакрални коишто ги нуди верата како највисоки духовни и морални идеали. **Религиските вредности** на верниците им наложуваат да ги остваруваат истите во лична и колективна пракса. Колку некој поединец или некоја заедница ќе успее да преземе и да сфати од идеалниот свет на вредности, но не само да ги пренесе како норми и правила туку и да ги примени во пракса, тоа зависи од отвореноста, подготвеноста, чувствителноста и зрелоста. Религиските вредности не се спротивни на световните, само се подлабоко вкоренети и им даваат смисла на световните вредности од кои човекот е највисоката вредност (Šušnjić, 2002: 218).

**Религиските вредности** се претежно вредности кои припаѓаат на традиционалниот модел на однесување. Тие имаат значајно влијание врз целината на вредносниот систем и голема улога врз обликувањето на карактерот на вредносните ориентации (Ацески, 2009: 63).

Во Одредницата „Европските погледи кон другото", во *Новиот речник на историја на идентитетите*, Алберт Класен вели: „Севкупната индивидуалност е продлабочено поврзана со признавањето на Другото, како феноменолошка даденост надвор од сепството, и сите култури, религии и луѓе се потпираат врз оваа основна вистина, со цел да засноваат свои сопствени сепства, законитости, култури, религии и националности" (Класен, 2005: 1692: преземено од Цепаровски, 2007: 9-10).

**Идентитет** (лат. idem, identitas-истоветност, анг. identity), во расправите за поимот идентитет, кој станува популарен во 20-тиот век, надвладуваат традиции, помеѓу кои и социолошката. Таа го доведува во прашање есенцијалистичкиот став за идентитетот, како за постоење на едно "стварно јас" кое е логички и филозофски кохерентно и непроменливо. Спротивно на овие стари разбирања, сега се наглсува скалеста променливост на идентитетот, како и неговиот иновативен и конструктивистички карактер. Новите сфаќања на идентитетот укажуваат на постоењето на различни идентитети во рамките на една личност, различните дискурси генерираат различни положби за субјективитетот и за идентитетот. Оттаму, голем број социјални практики и идентитети, што едновремено ги населуваме, се поврзани со поголеми структури на идентитети, како на пример: класата, етносот, религијата, родовоста и сексуалноста, кои, исто така, се заемно поврзани. Ова доведува до идеите за хибридноста на културните идентитети. Дискусиите за идентитетот во социологијата и во културологијата сè уште траат и, главно, се определуваат две сосема различни стојалишта - едно оптимистичко (можност за градење на индивидуалноста и за избор меѓу различните идентитети) и друго песимистичко (масовното општество на отуѓеност го разурнува и го фрагментира идентитетот) (Маршал, 2004: 155).

Религијата им помага на луѓето да развијат чувство на идентитет. Во оваа насако се развива и т.н. **религиски идентитет**. Помагајќи му да се надмине себеси, религијата едновремено му помага на човекот да се дефинира себеси. Помагајќи им на

луѓето да ги прифатат ограничувањата на човечките услови и да го слават успехот на човештвото над силите на неизвесноста, религијата воспоставува чувство за тоа што значи да се биде хуман. Сите религии, независно колкав акцент ставаат на силите на натприродното, ги нагласуваат едновремено и моќите и способностите на луѓето да решаваат и да ја насочуваат својата сопствена судбина. Религијата помага да се развие чувството на идентитет и преку членството во специфични религиски организации. Религиското членство обезбедува посилно чувство на идентитет од поголемиот број други организации поради споделувањето заедно со другите на „конечното“ и длабоко чувствуваните вредности и верувања (Ташева, 2003: 198).

**Другост** (лат. alter, анг. alterity, otherness) претставува поим којшто точно го означува другото од двете нешта, додека како принцип тој може да претставува промена на сопственото гледиште за она на "другиот.” Ја означува конструкцијата на културолошката другост, или на културолошки стигматизираните други (Цепаровски, 2007).

Несомнено другиот постои од секогаш. Тоа е секое друго неполитизирано суштество (тоа е „туѓинецот“ и „роботот“). Тоа се сите оние коишто имаат поинаква припадност и кои зборуваат поинаков јазик (од перспектива на антиката) - сите овие се „Другите", „варвари“ (barbarophonoi), оние кои брборат и зборуваат неразбирливо. Другите во средниот век се оние кои припаѓаат на друг религиски контекст. Тие се чудовишта, безбожни и богохулни. Понатаму се протега распонот на Другост сè до ден-денес. Денес другите се третирани како "Ориенталци", „Балканци", „Европејци", „Американци.” Во друг контекст се третираат како „илегални емигранти", „азиланти", "политички бегалци", "муслимански терористи", "балкански завојувачи", „нешенгенски" и други. Сепството на човекот се здобива со разбирање на сопствениот идентитет врз основа на бинарната спротивставеност помеѓу „јас“ и „другиот“, односно помеѓу „сепството“ (Self) и „другоста“ (The Otherness) (Маршал, 2004: 156).

**Религиска другост** е глобален и несомнено чувствителен феномен – тоа го знаеме и чувствуваме на секој чекор во Република Македонија. Феноменот на религиската другост, односно на алтеритетот на македонското современо општество му се наметнува како еден од најприоритетните. Дури и да сака, Република Македонија не може да го запоставува, а уште помалку да го игнорира овој феномен:

колку повеќе се намалуваат координатите на глобалното село во коешто живееме толку повеќе сме упатени кон оние со кои живееме, кон другите, независно од нивната вера. Колку и да сме меѓусебно различни, што е несомнено, но и несомнено добро, сосема е извесно дека сме целосно упатени едни кон други, дека нашиот религиски идентитет со ништо не ги загрозува, туку само ги збогатува религиските идентитети на оние кои што живеат со нас (Matevski, 2007: 53-56).

**Толеранција** е трпеливост, поднесување, озбилност, дозволено отстапување од вообичаеното правило. Социолошки интерпретирано, толеранцијата е трпеливост, прифаќање на туѓите убедувања и упатства, дозволување на важност на други начела коишто не се сопствени, но сепак мораат да се почитуват во духот на граѓанската слобода и јавното мислење. Накратко, толеранцијата е дозволено отстапување од личните убедувања (Matevski, 2005: 62-63).

**Лисабонски договор**, познат и како Реформски договор на Европската унија, потпишан е на 13 декември 2007 година во Лисабон. Официјалното име на Договорот е „Договор за измени и дополнувања на договорите за Европска унија (Договорот од Мастрихт - 1992) и Договорот за настанување на Европска економска заедница (Римскиот договор - 1957). По ратификацијата во сите земји-членки, Лисабонскиот договор стапува на сила на 1 декември 2009 година.[3]

Во Лисабонскиот договор е предвидено **Повелбата за основните човекови права – Поглавје 10** да стане составен дел на европскиот уставно-правен оквир, со што и формално би станала правно обврзувачка за сите земји-членки. Согласно Повелбата, секој поединец има право на слобода на мислење, определба и религија. Ова право вклучува слобода на промена на религија или верување, самостојно или во заедницата, јавно или приватно манифестирање на религијата или верувањата преку верски богослужби, настава, пракса и обреди.[4]

**Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група на Република Македонија** уредува основање и правен статус на црква, верска заедница и религиозна група, уредување на богослужба, молитва и верски обред, верска поука и образовни дејности и други прашања. Црква, верска заедница и

[3] http://eur-lex.europa.eu/JOHtml.do?uri=OJ:C:2007:306:SOM:EN:HTML
[4] http://www.europarl.europa.eu/comparl/libe/elsj/charter/art10/default_en.htm

религиозна група, во смисла на овој Закон, е доброволна заедница на физички лица кои со своето верско убедување и изворите на нивното учење ја остваруваат слободата на вероисповедта соединети по вера и идентитет изразен со подеднакво извршување на богослужба, молитва, обреди и друго изразување на верата – Член 1 од Законот (Сл. весник на Република Македонија бр. 113, од 20 септември 2007 година).

### 1.3. Цели на истражувањето

**Основна цел** на ова научно истражување претставува доаѓање до научни сознанија за односот на религиските вредности во Европската унија, односно во демократските општества на некои од земјите-членки и посебно во Република Македонија како земја-кандидат.

**-Научни цели на истражувањето**

- Добивање на основни сознанија за религиските вредности на земјите-членки на Европската унија со посебен осврт на некои од нив и Република Македонија како земја-кандидат и нивната меѓусебна условеност;
- Проучување на религиските вредности согласно значењето на истите при процесот на интеграција како на национално така и на ниво на Унија;
- Научно проучување на религиската толеранција, како една од најзначајните религиски вредности во земјите-членки на Европската унија, со посебен осврт на некои од нив и во Република Македонија како земја-кандидат и нивната меѓусебна условеност.

**- Општествено-практични цели на истражувањето**

- Засилување на општото сознание за значењето на религиските вредности и толеранцијата во земјите-членки на Европската унија со посебен осврт на некои од нив и Република Македонија како земја-кандидат;
- Зголемување на улогата и значењето на религиските вредности и толеранцијата при интеграцијата во Европската унија на Република Македонија како земја-кандидат;
- Потенцирање на важноста на религиските вредности за постигнување и одржување на кохезијата во Република Македонија согласно правната легислатива во земјата и Лисабонскиот договор на Европската унија;
- Истражувањето тежнее кон утврдување на значењето и поврзаноста на религиските вредности при градењето на здраво, демократско општество;
- Посочување на потребата од религиска толеранција и соживот во современото општество на ниво на Европската унија и во рамките на Република Македонија.

### 1.4.Операционално дефинирање на истражувањето

Предмет на ова истражување е да се утврди степенот на влијанието на независните варијабли како што се: европската легислатива (Лисабонскиот Договор, Повелбата за основните права во Европската унија – поглавје 10 и сл.) и Законот за правната положба на црквата, верската заедница и религиозна група (Сл. весник на Р Република Македонија бр. 113, од 20 септември 2007 година) врз религиските вредности, како непроменлива, зависна варијабла.

Религиските вредности операционално ќе се дефинираат преку степенот на практичното имплементирање на религиските права, религиските слободи, религискиот идентитет, религиската толеранција, религиската кохезија на граѓаните на земјите-членки на Европската унија, со посебен осврт на некои од нив и Република Македонија како земја-кандидат. Како извор на податоци за мерење на религиските вредности се Лисабонскиот Договор, Повелбата за основните права во Европската унија – поглавје 10 и сл. и Законот за правната положба на црквата, верската заедница

и религиозна група (Сл. весник на Република Македонија бр. 113, од 20 септември 2007 година).

### 1.5. Социолошки објаснувања

Во контекстот на објаснувањата за религиозната ситуација во Европа понудени се поголем број пристапи. Дел од нив во основа претставува повторување на тезите во класична форма за секуларизацијата на континентот. Друг пристап, произнесен и образложен од Дејвид Мартин, вклучува многу поголемо нагласување на ситуационите фактори. Според тоа секуларизацијата без сомнение постои, но на различни места зазема различни улоги. Посебно внимание заслужува експликација на пристапот на религиозната ситуација во Европа од страна на Грејс Дејви и Даниеле Херви –Лежер. Сите пристапи кои се однесуваат на религијата во Европа го воведуваат поимот „Евроспка исклучителност." До неодамна тезите за секуларизацијата се третираа аксиоматски, а токму тука лежи објаснувањето за религиозното опаѓање. Всушност, овие ставови потекнуваат од централната претпоставка на теза дека постои неопходна поврзаност помеѓу почетокот на економската и социјалната модернизација, со значителното опаѓање на религијата, сега, но и во иднина во јавната сфера неисклучувајќи ја притоа приватната. Секако, при поставувањето на овие релации, теориите за секуларизација повлекуваат линија помеѓу општествените класи (Davie, 2010: ix - 20).

Според генералната теорија за секуларизацијата во Европа, религијата на оваа почва навлегува хоризонтално во општеството. Оваа пенетрација всушност претставува последица на директните заговори на религијата и моќта низ историска призма. Навлегувањето на религијата во општеството на Европа е прилично диверзивно. Неговата примарна хоризонтална природа отстапува многу директно од официјалниот статус на христијанството како главна религија, најнапред гледајќи ја

Европа како целина, а потоа во рамките на самите нации од коишто таа е составена. Секако, на оваа територија (национална и локална) имаме доминација на една црква којашто интегрално ги поврзува историјата и моќта на структурите кои ја опкружуваат. Всушност, во некои места оваа практика сè уште е застапена. Сепак, системот како таков постепено дезинтегрира, иако во некои делови на Европа повеќе, а во некои помалку. Резултатот е социолошки комплексен – целта или поентата добро е илустрирана во суптилните комбинации на различни религии и релгиозни избори. Имајќи го ова предвид, важно е да се обрне внимание на позициите кои настануваат. Сепак, во Европа сè уште останаа верниците кои се придржуваат кон историската норма или матрица (Martin, 1978: 100).

Во *Религијата во модерна Европа : меморија што мутира*, Дејви ги третира спецификите на европскиот религиозен живот и неговите односи со европската историја и култура. Со цел да ги направи овие во суштина диркемовски линкови, религијата е концептуализирана како форма на колективна меморија. Ваквата идеја се развива од трудот на водечкиот француски социолог на религија на Даниеле Херви – Лежер чијашто појдовна точка се наоѓа во обидот да ги идентификува и насочи неопходните концептуални алатки за разбирањето на религијата во модерниот свет. До одговорот се доаѓа постепено, односно преку дефинирањето на религијата како специфичен модел на верување. Круцијални точки за разбирање на овие анализи претставуваат следните поими:

- Синџирот којшто ги прави индивидуалните верници, членови на една заедница којашто ги апсорбира и соединува минатите, сегашните и идните припадници; и

- Традицијата или колективната меморија којашто станува основа за постоењето на заедницата.

Понатаму, современите општества, а посебно современите европски општества, не претставуваат помалку религиозни заедници затоа што се порационални, туку затоа што тие сè помалку се способни да ја одржат меморијата којашто лежи во срцевината на нивното религиозно постоење. Тие според оваа терминологија се т.н. „амнестички општества." Во овој случај се трага по механизми преку коишто општествата на современа Европа можат да ја надминат нивната состојба на амнезија и да останат во

допир со формите на религијата коишто се неопходни за да го одржат нивниот идентитет (Hervie – Leger, D. во Davie, 2000: 14-17).

Теоријата за меморијата што мутира во голема мера е одговор на предизвикот настанат од потребата за објаснување на ситуацијата на религијата во модерна Европа. Без сомнение овој предизвик потекнува од црквите. Европските цркви беа подложни на промени во текот на минатиот век. Тие повеќе не претставуваат единствено свето прифатилиште за секој граѓанин на нацијата за којашто станува збор, но сепак тие не исчезнаа. Тие всушност се претворија во влијателни волонтерски организации, способни да се справат на многу различни начини како со традиционалните така и со современите егзистенцијални проблеми, на класичен и на иновативен начин. Делувањето на црквите во сферата на доброволниот сектор или на граѓанското општество всушност претставува нивна основна активност. Во овој дел од општеството црквите се клучни играчи. Тие се основни во структурата на модерната демократија и привлекуваат повеќе членови од речиси сите нивни организациски еквиваленти. Црквите сè повеќе имплицираат црковни посетители, односно социјални актанти коишто ја носат и прилагодуваат меморијата. Од тука произлегува прашањето за местото и улогата на овие луѓе во современа Европа, односно за тоа каде тие се наоѓаат во спрегата (синџирот) на социјалните релации. Ова всушност претставува фокусот на разбирањето за формалните и неформалните модели на религијата во Европа и пошироко. Податоците добиени од проектот Европски вредносни студии (ЕВС)[5] покажуваат делумни одговори при реализацијата на поставената цел - да се дојде до објаснување на европската ситуација. Овие луѓе посветени на црковните волонтерски активности се релативно добро образовани, често професионалци, постари од просекот на популацијата во целост и диспропорционално жени. Овој основен концепт започнува да се развива од анализите кои се однесуваат на опстанатите религии. Сосема реална е можноста дека Европејците не се толку многу нерелигиозни, туку едноставно поразлични. Од одредени историски причини, главно од историската поврзаност на црквата и државата, произлегува дека значителен број на Европејци ги почитуваат црквите и се произнесуваат како црковни посетители и на тој начин ја одржуваат меморијата. Овој акт го претставува суштинското значење на

[5] Податоците се резултат на меѓународен истражувачки проект, кој е раководен од страна на Универзитетот Тилбург во Холандија и Факултетот за социолошки науки.

опстанувањето на црквата, односно религијата во модерна Европа. Повеќе од нив се запознати со потребната подготвеност за клучните периоди во нивниот индивидуален или колективен живот. Речиси универзалното прифаќање на религиозните церемонии коишто се одвиваат од раѓањето до смртта е најочигледниот исклучок од оваа тенденција. Исто такво е и значењето на историските цркви, посебно за време на национални кризи или уште повеќе за национални прослави (Davie, 2000: 17).

## 2. Профил на религијата во Западна Европа

Широката поставеност на разгледуваниот проблем, кој се однесува на вредностите, но истовремено ја тангира и религијата нуди повеќе насоки на пристап. Уште повеќе, проблемот станува интересен и интригантен затоа што се однесува на Европа воопшто (поконкретно на Западна Европа), од една страна, но и на Република Македонија како земја-кандидат, од друга страна.

Проблематиката се однесува на социолошко третирање на религиските вредности т.е. карактеристиките на религиозниот живот во Западна Европа, гледан во целост и поединечно во рамки на некои од државите членки преку утврдената законска легислатива. Со други зборови, интересот е насочен кон она што Европа го има како заедничко денес, согласно нејзиното заедничко нематеријално наследство. Интересот се насочува кон она што еден таков заеднички концепт на почетокот, каков што претставува религискиот, понатаму различно се рефрактира низ вариитетот на европските нации. Во овој тек доаѓа до прекршување на многу фактори, но нивните различни комбинации повеќе резултираат со религиозна рзноликост во Западна Европа, отколку со унифицираност. Секако главната тема на овој труд оди во насока на балансирање на унифицираноста, на сметка на разноликоста, преку објаснувањето на претходно наведените постулати.

Истражувањето има експлицитна цел која се движи во насока на пронаоѓање на соодветна поврзаност помеѓу религијата, односно вредностите што таа ги пропагира и начините, односно нормите кои обусловуваат општествена имплементација, инкорпорација и интеракција, на сите религиозно латентни манифестации во рамките

на едно проширено општество, како што е европското, коешто забрзано се менува, посебно во сегашноста, но чијашто историја е нераскинливо поврзана со појавувањето и развојот на христијанството. Истото не се занимава со релативно-вистинитите тврдења на различните религии и религиозни движења коишто се појавуваат на европска почва. Емпириски, истражувањето е базирано на различни социолошки извори, квантитативните се преземани од Истражувањето на европските вредности[6] и стручната социолошка литература, а квалитативните се производ на наведуваната теориска литература од областа на социологијата на религијата, остварените полуструктурирани интервјуа наменети за целите на истражувањето, законската легислатива и анализата до соодветната документација на определини институции на Република Македонија кои работат на полето на европските интеграции. Религијата има посебен примат токму поради историската димензија од причина што без разлика дали гледаме синхрониски или дијахрониски без неа не постои начин да се разбере европската култура и традиција, односно европското нематеријално наследство земено во целина или пак, партикуларно во рамките на националните држави кои ѝ припаѓаат на Европа. Ова понатаму остварува реперкусии на многу други нивоа, а истовремено е во директна поврзаност со остварувањето на основните човекови права и слободи. Истражувањето во рамките на дисертацијата го задржа интересот на Западна Европа, поточно западното христијанство (католицизмот) од една страна и православието од друга. Поконкретно се однесува на определени социјални збиднување кај земјите-членки, но не се заобиколени комунитарните мерки кои условуваат имплементација и остварување на религиските слободи, а со тоа и остварување на религиски вредности.

Маркантно е пршањето за раскинувањето помеѓу римскиот католицизам и православието коешто го подели континентот пред милениум на две половини, но сè уште претставува подлога за дополнителни поделби, исклучувања, санкции и недоразбирања. Во ова наока може да се разгледува и поделбата на „Источна“ и

[6] Во декември 2006 година, Филозофскиот факултет од Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ обезбеди авторизација за реализација на меѓународниот мрежен проект – **Сондирање европски вредности** за Република Македонија. Главен координатор и носител на проектот е Work&Organization Research Center, Faculty of Social Sciences, Tilburg University. Во овој проект, кој претставува едно од најдолгите лонгитудинални истражувања во Европа во чии рамки досега се завршени три циклуси сондажи (1981, 1990 и 1999/2000), учествуваат поголемиот дел држави во Европа, најчесто претставени преку репрезентативни универзитети, односно факултети за општествени науки (Петковска, 2010: 225).

„Централна" Европа. Така источна Европа на која и припаѓаат Романија, Бугарија и поголемиот дел на Русија и припаѓа на православната црква, додека земјите од централна Европа: Полска, Чешка, Словачка, Унгарија и некогашната Источна Германија, главно, го практикуваат западниот католицизам. Балтичките земји се со исто верско убедување. Историски меѓусебно, тесно поврзаните Литванија и Полска се римокатолички земји, додека Латвија и Естонија му припаѓаат на западно-европскиот лутеранизам. Постојат доминантни разлики во дискусиите за иднината на религијата во Европа. Земјите кои споделија искуство од поствоената комунистичка доминација претставуваат многу специфични религиозни традиции, главно, со краткотрајно значење. Дел од земјите кои му припаѓаа на ова множество, а кои повеќе тежнеат да му припаднат на Запад, отколку да му припаднат на православното христијанство, можат многу полесно да ги реализираат своите политички и економски аспирации. И покрај нивните реални економски потешкотии, нивна цел е да ги воведат западните традиции сепак не имплементирајќи нешто сосема ново и непознато. Но, ситуацијата останува непредвидлива за што сведочи примерот со Грција која како православна земја стана членка на Европската унија многу порано од католичка Австрија која се придружи на Унијата на крајот од 1995 година (Davie, 2000: 20).

На почетокот членки на Унијата биле земји кои ја имаат искусено ренесансата, реформацијата, научната револуција, просветителството и оживувањето на романтизмот. Поисточните земји исто така поминале низ идентично оформување, но целосно различна, историска еволуција. Долготрајните перипетии на Балканот, сведочат за поинаков историски развој. Поствоеното обединување на поранешна Југославија вклучи и земја којашто не беше генерално со христијански традиции, туку имаше муслиманско население во голем број. Сепак државата опстана унифицирана за релативно краток период (можеби од две генерации) под личен авторитет на маршалот Тито. Како што колабираше авторитетот, така дојде до колапс и на големата доверба, па не беше изненадувачки фактот што дојде до распад на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Етничкиот национализам, поттикнуван од религиозните разлики, вклучително и многу други прашања (јазични, историски и економски) беше создаден да направи експлозивна состојба. Во исто време присуството на многу етнички малцинства кои беа стационирани на границите на секоја држава претставуваше дополнителен проблем. Едноставно, долготрајната

стабилност беше неостварлива. Во многу сфери Европа ги допре своите лимити на Балканот, додека современите европски модели започнуваа да ги дезинтегрираат маргините на континентот (Davie, 2000: 3-4).

На прашањето - што имаат заедничко европските земји од религиска перспектива? - како прв фактор кој се јавува во функција на одговор е историскиот. Така се идентификуваат три формални фактори или мотиви кои се соединуваат кога е во прашање креирањето или рекреирањето на заедницата наречена Европа. Тоа се: јудео-христијанскиот монотеизам, грчкиот реализам и римското уредување. Иако овие фактори се поместуваат и еволуираат со текот на времето, сепак, нивните комбинации можат да се третираат како фактори кои формираат или реформираат определен животен стил којшто денес, генерално, се препознава како европски. Во овој контекст, а согласно со наведените комбинации, религискиот аспект е очигледен. Значајно е да се разбере историската комплексност на европскиот идентитет. До ова прашање се стигнува преку серија на испреплетени и преклопени блокови коишто постојат во Европа. Во овој редослед се наведуваат седум блокови: Западните острови, Западна Европа, Рајнската област, Нордиските/Балтички земји, Медитеранската група, поранешните отомански територии и словенските народи. Овие блокови се значајни затоа што го подвлекуваат аспектот како на историска, така и на современа Европа. Тие укажуваат колку Европа е близу и соединета преку нејзината историја и колку значајни можат да бидат при градењето на идната Унија покажувајќи истовремено колку компексна е Европа во суштина (O`Conell, 1991:9).

Споделеното религиско наследство на Западна Европа како круцијален факт е значајно да биде истакнато посебно во насока на развојот на континентот и неговата иднина. Ова наследство е значајно за Европа и поради влијанието што го остварува врз сеопфатниот делокруг на културните вредности. Изворот кој го зајакнува овој заклучок е во согласност со резултатите добиени од претходно наведениот проект Европските вредносни студии (ЕВС), кој претставува еден од најзначајните извори на податоци за ова истражување. Внимателно избраните техники за анализа на примероци во рамките на проучувањето на Европските вредности цели кон прецизно

пресликување на социјалните и моралните вредности во Европа генерирајќи многу значајни податоци.[7]

При истражувањата од овој тип значајни се два мотива. Првиот се однесува на содржината на современите европски вредности и барања одредување на нивото на хомогеност, додека вториот цели кон поамбициозни достигнувања и се однесува на нивото до коешто таквите вредности можат да се менуваат. И во двата случаја религиозниот елемент е многу значаен. Првиот води до прашњето за потеклото на заедничкиот вредносен систем. Ако вредностите во Западна Европа се споделени до определено ниво, а луѓето од различните држави споделуваат слични социјални перцепции тогаш на кој начин дошло до настанување на таквото заедничко културно наследство? Како што покажува истражувањето на Европските вредносни студии, одговорот лежи длабоко во културното искуство што потекнува од продорот на социјалното влијание коешто претставува дел на нашата култура со генерации и векови. Едно такво влијание претставува и споделеното религиозно наследство.[8]

Историскиот и географскиот аспект на религијата или поточно на христијанската религија претставува пример на делување (посредување) што преку јавното прогласување на универзална и ексклузивна вера бара да создаде заедница на вредности и верувања во Европа, но и пошироко. Од тука произлегува дека споделеното религиозно наследство базирано на христијанските вредности може да се разбере како примарно културно влијание што ја дава суштината на европската цивилизација. Ова повлекува серија неизбежни прашања: Колку приматот даден на улогата на религијата при создавањето на вредностите е сè уште адекватен?; Дали оваа улога не е нарушена од процесот познат како секуларизација?; Дали во новиот милениум религијата останува централен елемент на европскиот вредносен систем?; Дали влијанието на религијата станува периферно во современото европско општество?; итн. (Harding and Phillips, 1986: 29).

---

[7] Европски вредносни студии е големо интернационално истражување на човековите вредности. Првично било спроведено во Европа во 1981, а потоа проширено и во други држави надвор од неа. Анализите од истражувањето се презентирани од Harding and Phillips во 1986 и од Stoetzel во 1983. Вториот дел од истражувањето е спроведен во 1990 година, а резултатите од истражувањето ги има објавено Timms во 1992, Ashford и Timms во 1992, Barker, Halman, и Vloet во 1992 и Ester, Halman и de Moor во 1994.

[8] Резултати добиени од меѓународниот проект Европски вредносни студии од 1981 и 1990 година.

Согласно со истражувањето на Грејс Дејви, која податоците ги црпи од истражувањето на Европските вредносни студии, постојат пет религиозни индикатори: деноминациска припадност, посетеност на цркви, став за црквата, показатели за религиозното верување и субјективни религиозни ставови. Варијаблите имаат значаен потенцијал, тие можат да се поврзуваат помеѓу себе, но и со многу други социо-демографски податоци. Во оваа насока истражувањето го покажува значењето за комплексноста на религиозниот феномен како за индивидуите така и за нациите. Според Европските вредносни студии некои форми на религиозна наклонетост и прифаќање на моралните концепти на христијанството продолжуваат да се шират помеѓу голем број Европејци иако пропорционално помеѓу нив доаѓа до опаѓање на црковните институции. Неопходно е пред сè да се разгледаат заедничките трендови на континентот во целост. Согласно заклучоците на Европските вредносни студии: со внимание ќе ја поставиме изјавата за процесот на секуларизација, кој во основа е несоодветен како во рамките на Европа така и пошироко. Разгледувајќи сè заедно со споменатите варијабли се чини точен предлогот дека популацијата на Западна Европа во голем број станува сè повеќе нецрковна, наместо едноставно секуларна. Значителното опаѓање на религиозното присуство, посебно во протестантскиот север сè уште не резултира со парално одрекување од религиозното верување. Многу Европејци не припаѓаат на религиозните институции, но не ги напуштаат повеќето од нивните длабоко вкоренети религиозни аспирации. Податоците за Западна Европа покажуваат дека составот при оформувањето на профилот за религиозноста е различен помеѓу различните европски држави (Davie, 2010: 4).

Корелацијата помеѓу религиозните индикатори и социо-економските варијабли го потврдува постоењето на социо-религиозен модел во разните нации на Европа. Во рамките на Западна Европа јасно е дека религиозните фактори се движат во корелација и зависност од индикаторите како професија, пол и возраст. Односот на возраста го поставува прашањето за идната форма на европската религија. Прашањето е дали Западна Европа доживува перманентен генерациски пресврт кој се однесува на религиозното однесување. Податоците од истражувањето се во согласност со хипотезите за степенот на секуларизацијата во Западна Европа. Значителното намалување на присуството во црквите, припаѓањето на институциите и преданоста на традиционалните верувања е застапено повеќе кај младите во споредба со постарите

испитаници. Податоците од други извори го потврдуваат тврдењето дека ова не се должи единствено на разликите на животниот циклус. Доколку е ова точно идната форма на европската религија може да биде значително различна од сегашната. Податоците од 1990 на ЕВС резултираат со поткрепување на ова гледиште (Harding and Phillips, 1986: 69-70).

Претходно наведените социолошки индикатори покажуваат дека постои разлика во однос на нивото на религиозноста во државите. Нивото на религиозно практикување е значително повисоко во Италија, Шпанија, Белгија и Ирска коишто се поблиски во нивниот религиозен живот до континентална Европа, отколку до Велика Британија, за разлика од кое било друго место во рамките на Унијата. Не изненадува фактот што ефектот на вообичаеното масовно присуство соодветно е поизразено преку традиционалното верување во поголемиот дел на католичка Европа. Протестантска Европа е без сомнение посекуларизирана. Некои од прашањата и податоците на Европските вредносни студии сведочат дека католичка Европа ќе го продолжи верувањето и во наредните генерации (Ashford and Timms, 1992:6).

Секако постојат исклучоци од ова правило и за тоа е неопходно антиципирање на поставеноста на односот помеѓу црквата и државата. Типичен пример на исклучок е Франција. Во спредба со профилот на другите католички држави, таа претставува контраст којшто не може да се објасни без историска референца за државата. Друг исклучок од европскиот модел или модели се наоѓа во државите коишто не се во согласност со т.н. модел „верување без припаѓање." Станува збор за модели кои, генерализирано, претставуваат збир на верници кои не посетуваат верски објекти. Впрочем, затоа и Европа е наречена „нецрковна", наместо секуларизирана. Тука припаѓа Ирска. Проблематичната природа на ирската историја е директен причинител за ваквата ситуација. Гледано наназад, религијата на ирската почва е заплеткана со прашањата што се однесуваат за идентитетот на државата. Високото ниво на религиозно практикување и верување и во Републиката и во Северна Ирска претставува како причина така и последица на оваа ситуација. Посебно во Република Ирска статистиката на религиозната практика е диспропорционално висока. Во Централна Европа случајот со Полска претставува сличен модел. За овој исклучок постојат историско-политички причини. Во Франција, Белгија, Холандија и Велика Британија нивото на нерелигиозноста или на деноминациската припадност е високо

над просекот. Штуцел во согласност со француските анализи на ЕВС од 1981 разграничил четири европски типови на религиозна припадност (Stoetzel, 1983 во Davie, 2000: 12):

1. Католички држави: Шпанија, Италија и Ера (Дел од Ирска);
2. Преовладувачко протестантски држави: Данска, Велика Бртианија и Северна Ирска;
3. Мешани држави- Западна Германија;
4. Секуларен регион: Франција, Белгија, Холандија и Англија, каде е прилично голем бројот на оние што немаат религиозна припадност.

Хелси нуди три категории во согласност со британските резултати на ЕВР:

1. Лутерански - Скандинавија: Данска, Шведска, Финска и Норвешка;
2. Протестантски - северна Европа: Северна Ирска, Ера, Западна Германија, Холандија, Белгија и Франција;
3. Католички - латинска Европа: Италија и Шпанија (Halsey, 1985:5).

Што се однесува до Европските вредносни студии треба да се напомене дека податоците не укажуваат на сличности, односно разлики помеѓу соседните земји. Во истражувањето недостасува и наведувањето на религиозните малцинства. Генералната класификација според оваа анализа вклучува три категории:

1. Католички држави: Белгија, Франција, Ирска, Италија, Португалија и Шпанија;

2. Мешани држави: Велика Британија, Холандија, Северна Ирска и Западна Германија; и

3. Лутерански држави: Данска, Финска, Исланд, Норвешка и Шведска (Ashford and Timms, 1992:20).

Што се однесува до моделите за религиозноста и верувањето во модерниот свет, европскиот случај сè повеќе изгледа како исклучок. Европејците се наклонети да веруваат дека она што денес се случува во Европа во иднина ќе се случува на секаде. Тие се убедени дека релативната емпириска врска помеѓу секуларизацијата и модернизацијата може да се набљудува преку европската историска еволуција и

неминовно ќе биде повторена во сите други места на светот. Оттука произлегува нивната убеденост дека како што светот се модернизира така и неминовно се секуларизира. Што се однесува до христијанството, поточно до христијанска Европа, се поставува прашањето за позицијата на Европејците кон другите форми на религија? Ова мора да се третира како една од многуте компоненти коишто го сочинуваат она што претставува европско. Европската религија не е модел за извоз; тоа е нешто различно и карактеристично за европскиот агол од светот и треба да се сфати во оваа смисла. Доколку Европа се посматра однадвор, ќе се согледа во ново светло, а за идните можности во неа ќе се размислува на друг начин. Најверодостојно е тврдењето дека Европејците не се до тој степен помалку религиозни од населението во другите делови на светот, туку дека се религиозни на друг начин. Ова тврдење има практични и теоретски последици во однос на црквите како религиозни објекти (Berger, 2009: 63).

Покрај разликите коишто се однесуваат на јазикот, христијанските деноминации[9], различните законски уредувања помеѓу црквите и државите во рамките на Европа, постои заедничка нишка којашто ги поврзува речиси сите европски општества во однос на нивното религиозно поведение. Овие споделени наследства одат наназад кон Константинопол, тие се длабоко вградени во европската психа, преку посебни форми коишто ги добиваат во подоцнежите векови. Извесна форма на релација црква-држава, историски, постои во секое европско општество со значително суштинско значење, иако не секогаш хармонично, релациите помеѓу папата и императорот во овие векови и претходат на појавувањето на национална држава како доминантна форма на политичка организација во овој дел на Европа. Ваквите релации не можат да се променат по слободна волја во однос на нивните долгорочни ефекти. Секако, возможно е пооделни европски општества да ги раскинат релациите помеѓу црквата и државата во определена и најчесто пресвртна точка на нивната историја. Некои општества веќе го направиле ова, одредени миролубиво, други преку силен раздор, а без сомнение и многу други ќе се приклучат. Историското наследство е тешко да се искорени, исто како и културното попримање што оди заедно со овие долготрајни здружувања. Од овој аспект произлегува дека основната релација помеѓу црквата и државата е дел од европската историја, без разлика на исходот, односно од тоа дали

[9] Доминантен тренд којшто треба да се потенцира е значителниот пораст на религиозни заедници различни од христијанството во европски контекст.

оваа поврзаност сè уште постои или е прекината, како и од фактот дали е прифатена или критикувана (Casanova, 2006: 84).

Во насока на поткрепување на заедничкото европско нематеријално наследство засновано на религиските вредности претставува цитираниот извор презентации на добиените податоци. Тоа се сознанија добиени од статистички истражувања во врска со состојбата на религијата во Европа во целост и во нејзините составни нации. Станува збор за примери од Европските вредносни студии. Ова проучување се користи со софистицирана научно-социолошка методологија (вклучувајќи техники за внимателно избирање примероци) за да востанови модели и релации помеѓу различните видови на варијабли – во овој случај да ги прикаже социјалните и моралните вредности во Европа кои се во врска со низа економски и социјални индикатори. Европските вредносни студии се однесуваат на две значајни прашања од кои првото се однесува на суштината на современите европски вредности и испитува во основа до која граница тие се хомогени, а второто испитува до која граница ваквите вредности се менуваат. Двете прашања неминовно го вклучуваат религиозниот елемент, истовремено, и директно и индиректно. Првото од овие прашања, за суштината и сличностите на европскиот вредносен систем е широко прифатено. Емпериските податоци на ЕВС ја потврдуваат тезата дека вредносните системи на современа Европа имаат во голема мера заедничко, факт кој лесно се објаснува преку споделеното религиозно наследство. Никој не се спротивставува на фактот дека јудео-христијанската традиција којашто е масовно присутна во сите делови на Европа, претставуваше круцијален фактор за создавањето на европските вредности, и покрај поврзаноста со значително многу други варијабли.[10]

Авторитетите, како на институционализираните цркви така и на помалите религиозни движења, опаднаа во претходните декади. Како што се истакнува во согласност со ЕВС црквата навистина ја изгуби улогата на стожер во рамките на европската култура, но не се појави ниту една друга постоечка институција способна да го заземе нејзиното место. Оттука произлегуваат серија прашања коишто се однесуваат на иднината на европската религија и нејзиното континуирано влијание врз

[10] Податоците се резултат на меѓународен истражувачки проект, кој е раководен од страна на Универзитетот Тилбург, во Холандија, при Факултетот за социолошки науки. Истите можат да се пронајдат на следната веб-страна: http://www.europeanvaluesstudy.eu/evs/research/themes/society/

вредносниот систем. Овие прашања ја формираат суштината на расправата за секуларизацијата. Согласно со наодите настанатата ситуација се објаснува како „верување без припадност.” Ова се објаснува преку два вида на варијабли. Тоа се оние коишто се однесуваат на чувствата, искуствата и на духовни религиозни верувања и оние кои ја одмеруваат религиозната правоверност, учеството во обреди и институционалната приврзаност. Вториот индикатор (религиозната правоверност, институционалната приврзаност) претставува, без сомнение, ознака за настаната секуларизација во Западна Европа. Напротив, пониските институционални идентикатори покажуваат значајно опстојување. Фактот дека постои значително опаѓање на религиозното присуство, посебно во протестанскиот север, сѐ уште не резултира со парапелно одрекување од религиозното верување. Многу Европејци ги прекинале контактите со нивните религиозни институции, но тие не се одрекуваат за сега од нивните длабоко вкоренети религиозни аспирации или од латентното чувство на припадност (Halman, 1992: 11-12).

Резултатите добиени од декларирањето за верување и партиципирање најчесто не коинцидираат. Од една страна се заклучува дека верувањето го следи партицпирање со намалено учество. Двете варијабли се во директна зависност и се движат во иста насока, но со различни интензитети. Од друга страна, консеквентно произлегува дека верувањето се третира како независна варијабла. Евидентното опаѓање на религиозното практикување, конкретно за христијанските верувања во поствоениот период, не води ниту кон паралелно губење на религиозната сензитивност. Сепак спротивното од наведеното често е вистинито затоа што индивидуите чувствуваат поголема слобода да експериментираат. Така доаѓа до зголемено прифаќање на секуларните алтернативи. Оттука произлегуваат различни заклучоци: религиозното верување е повеќе инверзно отколку директно поврзано со припаѓањето. Односно, иако институциите опаѓаат, верувањето не само што опстојува туку станува лично, одвоено и хетерогено посебо помеѓу младите луѓе (Bruce, 2011: 17).

Од истражувањата на ЕВС произлегуваат многу модели. Во овој контекст значајани се корелациите кои се добиваат помеѓу религиозните индикатори и низа на социо-економски варијабли, а сите од нив го потврдуваат постоењето на социо-религиозни модели кои ги преминуваат европските национални граници.

Најзначајниот се однесува на поврзаноста на родот и возраста во Западна Европа. Непропорционалното присуство на жените во речиси сите видови на религиозна активност (на верување и практикување) всушност, можат да се пронајдат во христијанскиот Запад. Корелацијата со возраста го поттикнува едно од најистражуваните прашања на ЕВС кое се однесува на перманентниот генерациски пресврт во однос на религиозното поведение на Западна Европа. Иако проучувањата на ЕВС делумно ја потврдуваат оваа теза, сепак прецизните насоки за овие промени остануваат екстремно тешки за предвидување. Во Западна Европа се појавуваат и промени коишто се однесуваат на структурата на религиозната популација (Davie, 2010: 5).

Всушност, иако неконтинуирано, Евреите се присутни во Европа со векови, факт што сведочи за трагедиите на европската историја. Утврдените бројки секогаш се различни, но во периодот од 1996 се движат околу еден милион Евреи во Западна Европа, најголемите заедници се наоѓаат во Франција (500 000-600 000) и Велика Британија (300 000). Што се однесува до неодамнешните имигранти (повеќето доселени од економски причини), исламските заедници се, без сомнение, најдоминантни, а во Британија застапени се исто така соодветен број на Сики и на Хиндуси. Исламот е најголемата популација од „друга - вера“ во Европа и брои приближно шест милиони. Попрецизно, муслиманите претставуваат 3% од поголемиот дел од населението во Западна Европа. Конкретните модели водат потекло во голема мера од колонијалната поврзаност. Релациите помеѓу Франција и Северна Африка резултираат со голем број француски муслимански заедници (3-4 милиони); додека британскиот еквивалент потекнува од индискиот потконтинент (1,2 милион). Германија, од друга страна, апсорбира голем број на работничка миграција од маргините на југоисточна Европа, од Турција и од поранешна Југославија. Во 1990–те години муслиманската популација се прошири на север, главно кон Шведска, земја гостопримлива за политичките бегалци од Средниот Исток. Пронаоѓањето на начини за прилагодување на растечкото муслиманско присуство во овој дел од светот е еден од основните предизвици со коишто се соочуваат Европејците во XXI век на сите интитуционални нивоа. Присуството на сите религиозни движења во сите европски општества се зема предвид не толку поради бројот, кој останува минијатурен, колку поради прашањата коишто се предизвикани од малцинствата (Vertovec, 1997: 10).

Новите религиозни движења го нарушуваат европскиот поглед без разлика дали е секуларен, религиозен или социолошки. За секуларните Европејци новите религиозни движења предизвикуваат преземање на рационалноста; за традиционалните верници тие наметнуваат вознемирувачки алтернативи за христијанската доктрина, а за социолошките приоди тие нудат не само изобилен материјал за проучување, туку што е многу позначајно, нудат согледување на самото европско општество, главно на неговите капацитети за толеранција на другоста. Прегледите на ЦЕНСУР (Италијански центар за проучување на новите религиозни движења) бележи степен на контроверзност предизвикан од таквите движења, но и потешкотии на европските влади при соочувањето со проблемите што доаѓаат со нив.[11]

Религиозните разлики на европско ниво можеме да ги концептуализираме на многу различни начини. Постојат многу разлики помеѓу протестанскиот север и католичкиот југ на Европа со разновидни мешани типови помегу нив (Холандија, Германија и Швајцарија). Во голема мера, показателите на религиозната активност опаднаа побрзо во протестанската Европа, отколку на југ. Дел од забелешките кон наведеното го поддржуваат ставот дека католицизмот ќе го проследи примерот на протестантизмот по неколку генерации. Во поглед на религиозната активност, Британија припаѓа во рамките на протестанскиот север, наспрема основната природа на англиканизмот (што претставува истовремено католицизам и реформизам) и големиот број на католички малцинства во континентална Британија (Berger, 2009:9-11).

Исто така, важно е да се запамети дека определени држави едноставно не успеваат да се вклопат во моделот: католичка Ирска, на пример, може да биде дел од Северот од географска гледна точка, но ирскиот народ е многу различен од неговиот близок сосед што се однесува до деноминациската приврзаност и религиозното поведение. Всушност, двата дела на Ирска треба да бидат разгледани од повеќе аспекти sui generies што се однесува на нивната религиозна идентификација. Република Ирска всушност е многу слична со Полска, во двата случаја религијата стана форма на културна одбрана наспроти надворешната доминација (Ирска наспроти Британија, слично како Полска наспроти лутеранска Шведска, лутеранска Германија и

[11] Податоци можат да се пронајдат на следната веб страна: http://www.cesnur.org/default.htm

православна или агресивно секуларна Русија). Ова се основните причини зошто статистичките показатели за Ирска и Полска се надвор од контекст на Европа. Во двата случаја до неодамрна религијата имаше дополнителна функција за зачувување на националното чувство при соочувањето со надворешната агресија без разлика дали е симболична или експлицитна (Beckford, 2000: 7).

Постојат значајни разлики помеѓу европските нации во однос на различните односи црквата - држава коишто се случуваат на различни места, главно, од историски причини. Заедничката нишка на ниво на Западна Европа се наоѓа во постоењето на основната поврзаност per se; додека контрастот се наоѓа во спецификите на овие односи. Во оваа насока постои широк контраст помеѓу протестантизмот и католицизмот. Во протестантските делови на Европа, вклучувајки ја и Британија, црковните уредувања многу често заземаат форма на државна црква, што ја отелотворува почетната форма на националниот и на религиозниот идентитет. Во овие нации показателите за религиозната активност имаат тенденција во целост да бидат ниски, но постои мала евиденција за судири помеѓу црквата и населението, главно, од едноумие. Всушност, многу позитивни односи кои потекнуваат од државните цркви продолжија да егзистираат, на пример, нордиските држави каде што преостанатото членство на ваквите цркви останува изненадувачки високо, наспроти фактот дека присуствувањето и согласноста со основните ставови се едни од најниските во Европа (Martin, 2005: 77).

Во католичка Европа се случува прилично различна еволуција. Екстремен случај е Франција. Тука силната и значително клерикална црква за повеќе од два века беше вмешана во серија од судири со нејзиното alter ego, подеднакво развиено во повремено секуларната држава, свесно отелотворува алтернативна идеологија. Иста конфронтација е воочлива и на Пиринејскиот Полуостров и во Италија. И во двата случаја прилично различните историски еволуции извршија значаен ефект врз резултатите. Шпанија и Португалија, на пример, искусија диктатура во релативно доцниот стадиум на европската историја, факт којшто ја компромитира католичката црква, но исто така и дозволува соодветно дистанцирање во последователните години. Црквата, на пример, одиграла позитивна улога во обновувањето на шпанската демократија. Наследството од минатото останува тешко да се премине. Ова посебно важи за младите коишто не се привлечени од инстутиционалните форми на религијата.

Во Италија присуството на Светата Столица влијае врз капацитетите на црквата за одржување на нејзиниот инстутиционален идентитет, до неодамна не беше помалку значајно тоа што црквата претставуваше бедем против силното комунистичко присуство во италијанското општество (Davie, 2000:19).

Грчкиот случај е единствен. До неодамна Грција беше единствената православна држава во рамките на Европската унија, факт којшто е разбирлив преку спецификите на поствоената историја. Исто така, грчкиот идентитет е виртуелно неразделив од грчкото православие, што ја прави положбата на религиозните малцинства во грчкото општество екстермно проблематична. Ова е потежок случај за христијанските или за парахристијанските групи, отколку за муслиманските малцинства во Тракија (Berger, 2009: 84-85).

## 2.1. Параметри на религиозност во Република Македонија

Во однос на современата македонска социо-религиозна структура, на територијата на Република Македонија кохабитираат следните религиозни заедници: Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија (МПЦ-ОА); Исламска Верска Заедница во Република Македонија (ИВЗ); Католичка Црква во Република Македонија (КЦРМ); Евангелистичката Методистичка Црква во Република Македонија (ЕМЦ); Еврејска Заедница во Република Македонија (ЕЗРМ) и други регистрирани цркви, верски заедници и религиозни групи. Односите помеѓу верските заедници и религиозните групи со државата се регулирани со Уставот на Република Македонија, Законот за органите на државната управа и Законот за црква, верска заедница и религиозна група. Со член 19 од Уставот на Република Македонија е регулирано дека верските заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред закон. Од ова јасно произлегува дека во Република Македонија нема државна религија. Државата е секуларна и религијата е одвоена од неа. Тоа значи дека државата нема право да се меша во црковните работи, ниту пак црквата да се меша во државните работи. Со Законот за органите на државната управа е основана Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи како посебен орган на државната управа.

Овој орган има статус на правно лице. Во член 29 од овој Закон е пропишано дека Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи се грижи за правната положба на верските заедници и религиозните групи и за односите меѓу државата, верските заедници и религиозните групи. [12]

Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија штитејќи ги своите догматски начела не влегува во непомирлив однос со другите цркви и верски заедници во Република Македонија. Всушност, таа е насочена кон своите верници без никакви претензии кон припадниците на другите верски заедници. Ова е директно поврзано со исклучително силната врска која постои помеѓу националниот и религиозниот идентитет во Република Македонија. Наспроти ова, Исламската Верска Заедница во Република Македонија има посебен респект кон политичката моќ во Република Македонија без разлика дали станува збор за македонски или албански политички субјекти. Гледано генерално и ИВЗ има исклучително толерантен став спрема христијанството и МПЦ-ОА како негова институција. Сепак кога ја третираме религиозната толеранција во Република Македонија мора да тргнеме од констатацијата дека станува збор за земја која според своите етнички карактеристики спаѓа во редот на мултиетничките држави. Иако припадниците на македонски етникум се најбројни, односно близу 70%, тешко може да се констатира дека тоа е држава на македонскиот народ и на никој друг повеќе. Така, врз основа на теориите за општествената моќ и углед, Република Македонија е држава во која живеат голем број различни, етнички групи, односно: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Власи, Роми, Бошњаци, Македонци-муслимани итн. (Matevski, 2005: 5-14).

Во контекстот на истражувањето беа користени резултатите на проектот Европски вредносни студии којшто во согласност на својата интернационална димензија беше спроведен и во Република Македонија исто така. Прибирањето на податоци за проектот Европски вредносни студии во Република Македонија беше спроведено во 2008 година. Во согласност со резултатите најголемиот дел од

---

[12] Имајќи предвид дека во текот на важењето на овој Закон, Уставниот суд на РМ укина неколку од неговите членови, истиот стана неприменлив во повеќе сегменти и создаде обврска да се понудат нови законски решенија. Како дополнение на аргументацијата беа и уставните амандмански измени и дополнувања на Уставот од 2001 година и потребата од прилагодување на нашето законодавство со меѓународните норми и стандарди. Заради тоа што во 2007 година беше донесен новиот Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група. - Податоците се преземени од веб страната на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи: http://www.kovz.gov.mk/?ItemID=603A1C29E7CDC146981 7D6BB36F358DA

испитаниците во државата наведува религиска припадност. Така 79,4% од испитаниците се изјасниле како православни христијани (што претставува најголем дел), потоа 18,3% се изјасниле како муслимани припадници на ИВЗ во Република Македонија, 1% муслимани – Заедница на бектеши, 0,4% католици, 0,1% протестанти, 0,1% јеховини сведоци, 0,1% будисти, а 0,7% не дале одговор. [13]

Религиската толеранција во Република Македонија е во директна релација со религискиот и националниот идентитет во државата. Огромен процент етнички Македонци се припадници на православното христијанство по раѓање. Исклучок претставуваат Македонците-муслимани (торбеши) кои по етничка припадност се членови на македонската етничка група, додека по религиска припадност се членови на исламот. Сепак, на последниот попис, најголемиот дел од нив се изјаснија како припадници на албанската етничка заедница. За разлика од некои други земји каде што постојат различни религиски конфесии за иста етничка група, во Република Македонија речиси без исклучок секој етнички Албанец е муслиман по раѓање (минорен е бројот на албанци-католици, а православни-албанци речиси и да не постојат). Иако релгијата и нацијата се два моќни облика на припаѓање и поистоветување, со цел да се зајакне националното чувство, мора да ослабе религиозното. Нацијата не се заснова единствено врз спомените од своето минато, туку во голема мера живее од одредувањето на својата иднина која ја апсорбира волјата на нејзините припадници и го подигнува на повисоко ниво нивното единство. Така, констатираме дека религијата е универзална и наднационална категорија. Всушност, религијата е етичка категорија, додека нацијата е етничка (Matevski, 2005: 26).

Во однос на прашањето за граѓанско здружување и дејствување, испитаниците на меѓународниот мрежен проект – Сондирање европски вредности за Република Македонија, прокламираат, генерално, дека се релативно неактивни во граѓанскиот

[13] Во декември 2006 година, Филозофскиот факултет од Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", обезбеди авторизација за реализација на меѓународниот мрежен проект – **Сондирање европски вредности** за Република Македонија. Главен координатор и носител на проектот е Work&Organization Research Center, Faculty of Social Sciences, Tilburg University. Во овој проект, кој претставува едно од најдолгите лонгитудинални истражувања во Европа во чии рамки досега се завршени три циклуси сондажи (1981, 1990 и 1999/2000), учествуваат поголемиот дел држави во Европа, најчесто претставени преку репрезентативни универзитети, односно факултети за општествени науки (Петковска, 2010: 225).

сектор. Во однос на нивното инволвирање, најчесто избирале политика, спорт, релаксација и образование. Од нив 4% се изјасниле како активисти на религиозни и црковни организации, а 2,9% испитаници се изјасниле како моментални членови и волонтерки-активисти во религиозни и црковни организации. Во односот на довербата и прифаќањето на Другите во рамките на нивните секојдневни интеракции, се отсликуваат фундаментите на толерантноста и почитувањето на човековите права. На прашањето - Дали на повеќето луѓе може да им се верува или не? – 20,1% одговориле дека „На повеќето луѓе може да им се верува", а 79,9% дека „Не е возможно да се биде доволно претпазлив." Наведеното укажува на недоволно висок степен на доверба во Другите. Во контекст на подготвеноста за прифаќање на Други е поставено и прашањето за прифаќање, односно дистанцирање на одредени групи луѓе како соседи. Така испитаниците најмалку имаат против да им бидат соседи христијани 5,7%, муслимани 26,8%, а 16,1% Евреи. Во прашалникот беше наведена листа од 18 национални и меѓународни институции за кои испитаниците ја искажуваа довербата на четиристепена скала. Споредбените анализи на степените на доверба кон наведените институции покажува дека испитаниците имаат најголема доверба во религиозните институции (црква и џамија) (М=2,95), потоа во армијата (М=2,92) и во образовниот систем (М=2,87). Додека, институциите во кои имаат најмала доверба се политичките партии (М=2,07), синдикатите (М=2,08) и правниот систем (М=2,17). Кога станува збор, пак, за довербата во меѓународните институции (ЕУ, НАТО и ООН), очигледно е дека довербата во нив е просечна (од 2,48 до 2,5). Покрај процената на општата доверба кон дел од меѓународните институции, на испитаниците им беше поставено прашање и за евентуалните последици од пристапувањето на замјата кон Европската унија. На скала од 1 од 10 (каде што 1 означува воопшто не се плашам, а 10 – многу се плашам), тие имаа можност да го искажат своето мислење во врска со одредени проблеми (т.е. стравувања) од пристапувањето кон Европската унија: губење социјална сигурност; губење национален идентитет и култура; издвојување на сè повеќе средства од Македонија за Европската унија; губење на моќта на Република Македонија во светот и губење работа. Општо земено, процените на испитаниците укажуваат на релативно низок степен на стравување во однос на наведените евентуални негативни последици од овој процес. Просечните вредности на скалата се движат од 3,26 до 3,71 (Петковска, 2010: 245-246).

Постои сигурност дека во современите историско-општествени констелации во Република Македонија не постои практична можност за конверзија на православните верници во муслимани како што било случај во подалечното минато, односно за време на турската доминација на овие простори. Интересно е да се истакне улогата на МПЦ-ОА и ИВЗ за време на конфликтот во Република Македонија во 2001 година. Научните анализи покажуваат дека конфликтот од 2001 година намаше типични карактеристики на религиски конфликт. Како и во многу други случаи и околности, религиските чувства беа злоупотребени за политички цели. Во контекст на наведеното се разгледува и влијанието на МПЦ-ОА и ИВЗ преку нивното практично делување во насока на смирување или интензивирање на етничките проблеми и недоразбирања. Всушност, бидејќи верските заедници се одвоени од државата, тие не можат да бидат директни виновници за сите меѓуетнички проблеми во Република Македонија. Секако, за тоа е виновна државата и политичките партии во неа. Сепак, верските заедници не се лишени од целосна одговорност. Ако не за она што не го кажале, тогаш за она што не го кажале, а требало да го кажат. Така, се добива впечаток дека најголемите религиски организации во Република Македонија немаат доволно сила да проговорат со сопствениот јазик, туку во дадениот општествено-политички момент говорат со колективениот јазик на својата средина каде што етноцентризмот станува идеологија на новото време (Matevski, 2005: 65).

Во врска со прашањето за развојот на демократијата во нашата земја, одговорите покажуваат дека повеќето од нив се умерено задоволни 37,7% или малку задоволни 36,7%, 20,1% воопшто не се задоволни и 6,1% многу задоволни. Испитаниците го оценуваат системот на владеење во нашата земја повеќе како лош отколку како добар. Кога станува збор за оценување на системи на владеење, најголем дел испитаници, како многу добар, го оценуваат владеењето кое се темели на демократија 47,8%, а како позитивно е оценет системот во кој владее силен водич 32,4% или владеење кое се заснова на одлуки на влијателни експерти 23,6%. Системот во кој владее војската има поддршка од 9,2% испитаници. Според испитаниците, општеството треба да се менува постепено и со реформи, а мал дел смета дека општеството не треба да се менува или да се менува со револуција. Во однос на примарноста, најзначаен приоритет на испитаниците им беше одржувањето на поредокот во земјата 45,9%, потоа 31,5% овозможување на поголемо учество во

политиката, 17,8% борбата против растот на цените, а само 4,7% заштита на слободата на говорот.[14]

Во согласност со наодите на цитираниот проект, а во однос на прашањето за религиозноста, најголем дел од испитаниците, односно 83,9% се изјасниле како религиозни, 10,9% како нерелигиозни личности, а 5,2% како убедени атеисти. Во врска со фреквентноста на посетите на верските служби, испитаниците во најголем дел се изјасниле дека тоа го прават само по повод на значајни верски празници. Поголемиот број прашања што се застапени во првиот дел на прашалникот се однесуваат на општите вредности на животот, а на оваа тема се анализирани одговорите кои се однесуваат на значајноста на одредени нешта. Според одговорите на испитаниците, за најголем дел од нив најзначајно е семејството, потоа следува работата, пријателите и познајниците, слободното време, религијата и на крајот политиката. Интересен е фактот дека постои позитивен тренд кај испитаниците во однос на слободата на сопствениот избор и контролата врз сопствениот живот. На ова прашање повеќето од испитаниците се изјасниле дека имаат слобода во изборот и контрола врз сопствениот живот. Вредно за забележување е и изјаснувањето на испитаниците за значењето, односно приматот на слободата или еднаквоста во контекст на можноста за непречен развој на поединците во општеството. Повеќето испитаници ѝ даваат приоритет на слободата во однос на еднаквоста. Значи, и покрај тоа што најголемиот број од испитаниците за себе велат дека се религиозни, тие не ги посетуваат многу често верските служби и не се молат многу често. Ваквата дескрипција во однос на религиозното верување и однесување се темели на претпоставката за широкораспространетиот вид на традиционален верник, чии верски познавања и практики се мали. На крајот на овој дел беше анализирано и прашањето поврзано со суеверието на испитаниците. Конкретно се работеше за процена на степенот на верувањето во одредени дејства на амајлијата во животот на луѓето. Поголемиот дел од испитаниците изјавија дека не веруваат во дејствата на амајлијата (Петковска, 2010: 259).

Прашањето за воведување на религиско образование во рамките на образовниот систем на Република Македонија беше поставено по падот на комунизмот и

---

[14] Резултати на меѓународниот мрежен проект – **Сондирање европски вредности** за Република Македонија.

распаѓањето на поранешната Социјалистичка Република Југославија, како и конституирањето на Република Македонија како независна држава. Дотогаш, овој предмет претставуваше табу. Религиозното образование се одвиваше единствено во рамките на религиозните заедници и беше целосно сепарирано од јавното образование. Во овој период секуларизацијата изврши влијание во сферата на образованието. Сепак, по падот на комунизмот, југоисточните европски општества се карактеризираат со ревитализација на религијата, што оствари соодветно влијание врз сите сфери на јавниот живот. Дојде до криза на процесот на секуларизација. Во Република Македонија беше востановена изразито блиска релација помеѓу политичката и религиозната елита. Транзициониот процес доведе до огромни социјални промени. Дојде до ширење на чувство на несигурност, како и до пораст на невработеноста и сиромаштијата. Се појавија социјални болести, претежно помеѓу младата популација како: алкохолизам, консумирање на дроги, проституција, криминал итн. Кризата во сферата на образованието и семејството, како основни сфери на општеството, беше проследена со криза на моралните норми и вредности кај младата популација (Matevski, 2006: 139).

Овие два процеса, ревитализацијата и кризата на секуларизацијата, беа предуслови за отворање на прашањето за воведување на религиозно образование. Така, религиозното образование беше воведено во јавните училишта во учебната 2000/2001 година. Предметот беше наречен Катехизам, не беше задолжителен и не се оценуваше. Наставната програма беше директно поврзана со основните теолошки категории на православното христијанство и на исламот, двете најголеми религиски заедници во Република Македонија. Наставниот кадар беше од редовите на овие две релисики организации во државата: попови од редовите на МПЦ-ОА и оџи од ИВЗ. Учениците ја изучуваа единствено сопствената религија. Односно, македонските ученици го учеа православието, а албанските исламот. Никој од нив не ги изучуваше основните принципи на другите светски религии, како што се католицизмот, протестантизмот, будизмот, хиндуизмот итн. и поради големиот број на недостатоци од општествена, педагошка и културна природа, предметот беше укинат по една година (Matevski, 2006: 140).

Линкот помеѓу Македонската Православна Црква-Охридска Архиепископија и политичката елита во државата беше конфирмиран во 2004 година кога црквата доби

признавање од сите политички странки во државата. Непризнавањето на МПЦ од некои политички партии во државата се должеше на спорот помеѓу Македонската Православна Црква-Охридска Архиепископија и Српската Православна Црква. Во тој контекст сите политички партии во државата ѝ изразија јавна поддршка на црквата за првпат по осамостојувањето на државата. Дел од секојдневната практика стана комуникацијата помеѓу црквата и државата во врска со државните проблеми кои се однесуваа на религиозната толеранција и нејзиното влијание врз влезот на Република Македонија во Европската унија и НАТО. Разговорите се водеа околу денационализацијата на црковниот имот и имплементацијата на религиозното образование во јавните училишта (Timovski во Kval, 2006: 247-249).

Причината на која се засноваше ставот за воведување на религиозно образование во државата беше заштита од моралното опаѓање на младината во Република Македонија. По Втората светска војна, Македонија беше под влијание на социјалистичките морални вредности. Младината сметаше дека моралните вредности се наоѓаат во рамките на т.н. комунистички поглед. По падот на комунизмот, земјата се определи за т.н. граѓански морал. Предметите марксизам и арксистичка етика беа заменети со граѓанско образование и модерна социологија. Беше сосема јасно дека влевањето на граѓански морал во разумот на луѓето е тежок и бавен процес. Од тие причини беа неопходни „морални вредности“ за успех во животот и професионално унапредување. Себичноста, бескруполозноста, егоизмот и макијавелистичката теза „целта ги потврдува средствата“ станаа карактеристика на современа Македонија. Овие социјални проблеми засилени од реактуелизацијата на религијата широко ја отворија вратата за пенетрација на религиските норми во општеството. Религијата, навистина започна да врши двојна функција во општеството, индивидуално-психолошка, но и етичка функција. Во однос на индивидуалната психологија, црквата повторно го покрена прашањето за судниот ден и апокалипсата пред младите. До определени граници, религиските норми станаа замена за правните норми поради тоа што правниот систем на земјата западна во длабока криза. Во таа насока етичката функција на религијата одигра клучна улога при воведувањето на религиозното образование. Така се потенцираше дека религиозното образование може единствено да придонесе кон подобрување на моралната ситуација во општеството во Република Македонија. Односно, дека може да го пополни моралниот вакуум којшто настана во

таканаречениот транзиционен период поради отфрлањето на социјалистичките морални вредности и бавното имплементирање на граѓанските. Ова предизвика „морална паника“ којашто се рашири помеѓу младите (Цацаноска, 2007: 89).

Денес, во современото општество на Република Македонија во рамките на формалното образование религијата е застапена преку два наставни плана. Односно, врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа[15] и член 24 и 26 од Законот за основно образование[16] на почетокот на 2008 година беше донесена наставната програма по изборниот предмет запознавање на религиите за VI и VII одделение за деветгодишното основно образование. Овој предмет е изборен, а наставата по овој предмет им овозможува на учениците да се запознаат со вредностите на големите светски религии – јудизмот, христијанството и исламот, како и со самата природа на религијата, со нејзините почетоци и со нејзиното значење воопшто. Наставата има за цел ученикот:

- да се запознае со важноста и значењето на религијата во животот на човекот, како и во општеството воопшто;
- да се запознае со причините и почетоците за појавувањето на религиите, како и нивната функција;
- да се запознае со фактот дека нема речиси ниту една човекова заедница во која не постојат одредени елементи на религиозни верувања и практики, како и да се разгледа дилемата дали тоа значи дека човекот нужно е религиозно суштество, односно дека е homo religious;
- да се запознае со доминантните монотеистички религии во современиот свет: јудизмот, христијанството и исламот;
- да се запознае со природата и вредностите на различните религии;
- да научи да ги почитува различните религии во својот секојдневен живот;
- да ја запознае улогата на религиите во современиот свет;

[15] Службен весник на Република Македонија бр. 58/00 и 44/02
[16] Службен весник на Република Македонија бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07

- да развива способности и вештини за водење дијалог и соработка со различниот од себе, бидејќи само така ќе научи да се знае и самиот себеси.[17]

Понатаму, врз основа на член 55 став 1 од наведениот Закон за организација и работа на органите на државната управа и член 25 став 2 од Законот за основно образование[18] беше утврдена наставната програма по предметот етика во религиите за V одделение на осумгодишното основно образование. Учениците, кои ќе се определат да го изучуваат овој предмет во согласност со своите родители, можат да усвојуваат знаења од етиката што се темелат на православното христијанство, исламот, јудизмот, католичкото и евангелско-методистичкото учење, да ги развиваат способностите за морално расудување и да се поттикнуваат да ги почитуваат хуманите односи меѓу луѓето. Во првата тема од наставната програма се обработуваат содржини од етиката како наука за доброто и моралот. Втората тема дава преглед на заедничките принципи на религиските учења (православното христијанско учење, исламот, јудизмот, католичкото и евангелско-методистичко учење). Третата тема им дава можност на учениците да изберат да ја изучуваат етиката на една од религииите што се најзастапени во Република Македонија (етика на православното христијанско учење, етика на исламот, етика на јудизмот, етика на католичкото и етика на евангелско-методистичко учење). Ваквиот распоред на содржините и активностите создава основа секој ученик да се запознава со етиката и моралните вредности на наведените религии. Со изучувањето на овој предмет учениците ќе стекнат основа да ги проширувааат знаењата и вештините за етиката и моралот.[19]

Во рамките на Република Македонија религиско-групната кохезија во современото општество, генерално, остварува извесно влијане и денес, но со не многу силен манифестен интензитет. Влијанието на религиозните идентитети врз социо-групната кохезија во Република Македонија исто покажува латентна манифестација преку други, нерелигиозни, општествени аспекти. Соговорниците од свештените редови на МПЦ-ОА сметаат дека религиозните вредности и покрај секуларизацијата на

[17] Наставна програма по предметот запознавање со религиите, достапна на страната на Бирото за развој на образованието при Министерството за образование и наука на Република Македонија: http://bro.gov.mk/docs/izborni_predmeti/ZAPOZNAVANJE_SO_RELIGIITE.pdf
[18] Службен весник на Република Македонија бр. 103/08
[19] Наставна програма по предметот етика во религиите, достапна на страната на Бирото за развој на образованието при Министерството за образование и наука на Република Македонија: http://bro.gov.mk/docs/Etika_vo_religiite.pdf

европскиот континент имаат сè уште влијание што се одразува преку донесувањето на позитивни регулативи по однос на верските слободи на комунитарно ниво (иако партикуларно определени членки дивергираат). Религиските вредности на комунитарно ниво имаат традиционално значење. Тие денес ги детерминираат демократските права и слободи, праведност, еднаквост и рамноправност врз коишто се градат принципите на демократијата, на владеењето на правото и на социјалната правда. Констатацијата за современото македонско општество се состои во фактот дека религиозните вредности имаат извонредно големо влијание во општеството на Македонија од причина што нивното традиционално влијание е огромно. Заедно со политичките вредности влијаат врз амбивалентниот карактер на општеството, најмногу поради сложените и противречни процеси и недефинираноста на социо-културниот контекст во минатото, но и во денешниот, т.н. транзиционен. Свештените припадници на МПЦ-ОА, генерално, религиозните вредности ги третираат како морални и во таа насока во изразено висока мера констатираат дека се во согласност со постигнувањето и одржувањето на кохезијата во Република Македонија и хармонизација со легислативата на Европската унија. Преку регулирањето на религиските права, односно преку правилниот однос, се влијае позитивно врз реализирањето на религиската слобода. На овој начин се афирмира и подобрува меѓурелигиозниот соживот како во земјите-членки на Европската унија, така и во Република Македонија (Ignatovska, 2011: 70-72).

Сепак, динамиката на секојдневието во современото општетство на Република Македонија не ги надминува интригантните и деструктивни настани кои делуваат во насока на попречување на интер-религиозниот дијалог и кохезија. Врз основа на едни од највлијателните вредности кои се застапени во ремките на македонското општество, односно традиционалните вредности, многу често започнуваат да се развиваат дијалошки релации кои често развиваат конфронтации на интер-религиозно и интер-етничко ниво. Еден таков пример е годинешниот Вевчански карневал кој секоја година се случува во чест на светецот св. Василиј Велики, а истиот добива државно покровителство во контекст на зачувување на нематеријалното наследство и традиционалните вредности. По овој повод реперкусии и протести во овој дел на Република Маккедонија, покрај останатото, предизвика маската која претставуваше антиисламски сцени. Во тој контекст беа упатени многу апели до граѓаните со

христијанска и со исламска вероисповед да ги смират страстите, да ги почитуваат учењата на Библијата и Коранот и на тој начин да ги надминат последиците кој од религиозната сфера, преку политиката се префрлија во сферата на интер-етничките односи.

Зовривањето на атмосферата во Струга многумина го ставаат и во контекст на собирањето политички поени на најголемите албански политички партии во пресрет на локалните избори в година. Всушност, тврдат дека тие избрале ваков начин за предвремена кампања и анимирање на гласачите. Од друга страна пак, ИВЗ ги повика муслиманските верници во земјава да не потпаднат под влијание на провокаторите кои сакаат да му наштетат на исламот, мирот и на европската иднина. Истовремено, оваа верска заедница бара да се поднесе кривична пријава против сите оние што ги повредиле чувствата на муслиманите.[20]

Дали токму сè започна со Вевчанскиот карневал? Или пред тоа со ракометното навивање, или пред тоа со палењето на македонското државно знаме, или пред тоа со незаконското менување на имињата на училиштата во Чаир, или пред тоа со... И дали сè завршува со гаснење на пожарите на црквите и манастирите и со истрагите кои одат во недоглед, сè до новите инциденти? А овие случаи не се само меѓуверски и меѓуетнички, тие се и внатремакедонски, и внатреалбански, и внатрехристијански, и внатрекошаркарски, и спортски, и внатрепартиски, и многу уште такви „внатре." Изгледа како ова општество ендемски да генерира конфликти, нетрпеливост, насилство, изгледа како да има некоја акумулирана фрустрација од која повремено ќе бликне ерупција на насилство. Некои во име на демократијата, културните и уметнички слободи, верските слободи и чувства, во име на етничката загрозеност и правда, секојдневно, незабележливо и невидливо долеваат масло на огнот на нетрпеливоста и насилството; се култивира една насока и дури политика на судири, нетрпеливост и насилство, на неодговорност и необмисленост. Една политика на конфликтуализација со која божем се освојуваат или се заштитуваат, едни од други - правата и слободите на граѓаните. И таа политика или свест-несвест, никако да разбере дека правата и слободите не се ограничуваат или се ограничени на едни од други, туку

[20] Статијата е достапна на веб страната на дневниот весник Дневник: http://www.dnevnik.com.mk/default.asp?ItemID=06E3D976B60B6A43A6258A7322B89982

ограничувањата се заради скучените социјални, материјални трудови и културни услови на сите заедно. Но, овие услови, пак, не нѐ ограничуваат да ги разбереме и сфатиме заедничките и општите проблеми и тешкотии на егзистенција, и заедничките интереси да излеземе од тој маѓепсан круг на меѓусебни префрлувања и обвинувања за гревовите и вината. Едностраностите, пристраностите, неодговорностите, воопшто, се првиот прстен на менталната и политичка скученост на оние што се чувствуваат, божем, лишени, презрени и понижени. Како да излезат од тој прстен, освен со тоа да ја занишаат масата кон екстремизам против другите? И така настануваат случаите и инцидентите. И нивните несогледливи последици. Во име на традициите и доброто на сите, на соживотот, толеранцијата и уште многу такви убави вредности и придобивки, повикуваме на мир, смирување и помирување, на заедничко гаснење на пожарите (Мирчев, Д. во Дневник, 2012[21]).

## 2.2. Религијата како групен феномен - граѓански религиски вредности

Еминентни социолози ја третираат религијата како групен феномен пропратен со верувања и обичаи, формирани околу една вредност. За старокатолиците потребни биле тројца за да се одржи богослужба, за основање на адвентистичка црковна општина исто така доволни биле тројца, за Џума[22] тројца мажи. Религијата секогаш се практикува во одредена група формирана од страна на некаква традиција. Засновувањето на религијата, примањето на обликот, типот на религијата секогаш се пронаоѓа во микроопштествените групи – семејствата. Семејството, најчесто на детето му го дава обликот на религијата, му ја одредува религиската припадност, односно заедницата со која ќе се идентификува. Колективниот идентитет, чувството на групно припаѓање и солидарност, високо се рангирани на вредносната скала на секоја религиска група. Кон ова треба да се додаде и чувството на задолжително меѓусебно делување во активностите кои се предвидени согласно групниот кодекс. Секако, чувството на задолжително учество во животот на религиската група може да биде и израз на доброволност, но често е и традиција (Cvitković, 2004: 47).

[21]Статијата е достапна на веб страната на дневниот весник Дневник: http://www.dnevnik.com.mk/?ItemID=DB4515511BF3924FA10A05BB63AD1D22
[22]Муслиманска молитва во петок (Миќуновиќ, 1995: 679)

Според импозантни проучувачи на религијата како религиска основа се поставува обредот. Притоа, учеството во истиот се третира во насока на зајакнување на социјалните чувства со чија помош се одржува религиската група. Припадниците се собираат и извршуваат групен чин. Во тој контекст, иста цел имаат и обредите во слава на христовото раѓање, собирите на комеморација или по повод национално случување – ова ја зајакнува кохезијата на групата. Така се реактивира прашањето за доменот на религиската вредност, за улогата што всушност таа ја игра, односно, дали е одлучувачка религиската, економската, социјалната, политичката или некоја друга слична вредносна определба или припадност (Durkheim, 1963: 348).

На почетокот на новиот милениум чести се појавите на вклучување и исклучување во религиски групи. Така, сè она што се нарекува религиско искуство не мора да се поврзува со традиционалната религија. Од ова произлегува т.н. „цивилна“, „лаичка“, „световна“ религија. Таа е резултат на модернизацијата и секуларизацијата. Со секуларизацијата на општеството, наместо „религиски светото“ настанува „секуларното свето.” Ова доведува до потреба од една нова вредносна анализа, од едно ново разгледување на вредностите, на нивните аспекти, паралелизми и испреплетувања. Некои автори под поимот „граѓанска религија“ подразбираат симболи, ритуали и вредности кои ги поврзуваат членовите во општеството. Граѓанската религија претставува вредносна ориентација, состав на мисли и акции во кои соучествува определена група која дава насока за дејствување. Световната религија се јавува во случаите кога световниот начин на дејствување ги врши функциите кои ги имала класичната религија кога нерелигиски содржини и облици исполнуваат религиски функции (Bellan, 1972:360-362).

Баз разлика дали некој се декларира како припадник на извесна религиска група или не, како верник или не, неминовно ги исполнува елементите на традиционалното религиско однесување. Моделите на општественото однесување тешко може да се одвојат од резултатот на религиската свест. Станува збор за религиски доживувања на претстави и световни величини кои не се институционализирани во некоја посебна религиска организација како културно обожување на државата, знамето, грбот, нацијата, челниците и слично. Во модерната култура има елементи на сакралност со чија помош се доаѓа до лојалност и се владее со масата. Во центарот на граѓанската религија можат да се набројат слободата, одговорноста, солидарноста, човековите

права. Световната религија се јавува во случаите кога световните начини на дејствување исполнуваат религиски функции кои ги имала класичната религија. Во овој контекст световни религиски функции и вредности можат да добијат и политичките движења. Карактеристично за световната религија е отсуството на натприродното, но натприродното не се појавува ниту во сите класични религии. Затоа, во современите текови тешко е да се направи разлика помеѓу световната и класичната религија. И првата има вредности, табуа, обреди и празници. Дури и неверниците извршуваат обреди во стилот на свадбени церемонии, крштевки, погреби (Jukić, 2075: 39-48).

### 2.3. Религиозноста како вредност

Операционализацијата на религиозноста при социолошките истражувања е вистински предизвик во смисла на пронаоѓање на вистинските индикатори. При третирањето на истата комплексност, лесно е воочлива доколку проблемот се третира и синхрониски. Во овој тек би се воочиле драстични разлики при нејзиниот третман. Она што во извесна временска рамка се третира како религиозен примат подоцна, со текот на времето, го губи првичното значење и изгледа архаизирано. Поставена ситуацијата во обратна перспектива, она што ние во актуелниот момент го третираме како религиозно, во минатиот временски контекст би било дури и богохулно. Сликата за задгробниот живот денес на индивидуите кои се изјаснуваат како религиозни, драстично се разликува од онаа на религиозните лица во средновековието. Она што денес е прифатливо за католицизмот или православието, во минатото е третирано како анатема (Ајслер, 1999: 219-220).

Мерило за религиозноста или за верувањето како вредност може да претставува посетата на верските објекти, учеството во службите, верувањето во верските пророци, во верските книги, придржувањето согласно пишаното во истите, индивидуалното изјаснување. Сепак, при различните пристапи се доаѓа до различни резултати, а иста индивидуа според различен приод може различно да се третира. Согласно репрезентативни приоди, најприфатливи индикатори за одредување на религиозноста

се однесуваат на поврзаност помеѓу посетеноста на религиските институции и заедници со религиозната самоидентификацијата (Warland, 1972: 563).

Во 1982 година 23% од населението на Велс во неделите посетувало црква. Повеќе од половината деца во 1982 биле крстени. Повеќе од 50% бракови биле склопени со религиски церемонии, а 95% починати закопани на христијански начин. Во Ирска стапката на партиципација во обредите можеби е најголема во светот. Од 1973 до 1974 година, 91% ирски католици барем еднаш неделно партиципирале во миса. Во 2002 година во Загреб 10% од населението редовно одело на миса, во Рим 12%, во Барселона 5%, Сплит 15%, Шибеник 5%, итн. Околу 25% млади Италијанци никогаш не се причестуваат, а само 16% се причестуваат на Велигден и други празници. Во големите градови на северна Италија 25% од жителите не ги крштеваат децата во првата година (Cvitković, 2004: 93-94).

Добиениот резултат од партиципацијата во извесна религиска практика доколку се третира изолирано и без други идентикатори, покажуваат само чиста статистичка бројка. Учеството секогаш и не мора да е вистински показател за религиозноста или степенот на верување. Тоа не ја покажува внатрешната религиозност. Присуството на религиските церемонии значи и интеграција во средината во која индивидуата се наоѓа и живее. Ова го покажува и односот кон традицијата. Прекинувањето на практицирање на религиски церемонии може да значи и менување на општествените односи во насока во која партиципацијата во церемонијата не е општествено релевантна. Таков случај имаме при премините од рурални во урбани средини. Религиските групи не само што имаат и различни модели на религиска пракса туку на истите им придаваат и различно значење. Учеството зависи и од задолжителноста која варира од група до група и од контролата која религиската група може да ја има над верникот. Значењето на присуството на религиските церемонии е различно кај католиците и православните (Jukić, 1973: 275-284).

Внатрешно во една иста религија често се јавува плурализам на погледите. Имено, иако за припадниците на една иста религија (пр. католицизам, православие или ислам) внатрешната врвна вредност е иста – верување во Бог, сепак се јавуваат варијации кога е во прашање надворешната религиозност, посетување на црква, служба, пост итн. За некои верници внатрешната религиозност е позначајна од

надворешната и обратно. Надворешната религиозност е поизразена во места каде што се јавува религиски хомогена средина, но таа е застапена и во религиски малцински средини. Манифестирањето на надворешната религиозност може да биде интензивно и во религиски, плурални средини доколку тоа претставува искажување на национален идентитет (Mojzes and Swidler, 1997: 80-81).

Истражувањата покажуваат дека во Европа религиозноста и религиската припадност се во корелација со професијата, староста, полот. Помеѓу староста и религиозноста постои тесна врска од причина што религиската социјализација има различно значење кое е во зависност од возраста. Религиската социјализација се разликува кај децата и возрасните, но таа е различна и кај различни религиски групи. Семејството или религиската заедница преку обичаите, ритуалите и практиките го социјализира поединецот. Најчесто оваа религиска социјализација се случува во детството, што секако не ја исклучува можноста за социјализација во подоцнежната доба. Така, денес сè повеќе се среќаваат случаи на промена на религиската припадност, што значи дека религиозната социјализација се случила во позрела возраст. Промената на анализираната возраст го менува методот. Така религиската социјализација може да настане како резултат на верските пораки, потоа како интер-групна интеракција и преку брак. Истражувањата на Сандеј Телеграф покажуваат дека во Британија илјадници прпадници преминуваат од една верска заедница во друга, најчесто во ислам, будизам и нови религиозни движења. Што се однесува до прашањето за религискиот идентитет тој се учи, т.е. пренесува од родителите на децата. Религиски интелектуалната димензија се стекнува во младоста кога се гради интелектуалниот однос за верското учење.[23]

Младата популација се карактеризира со т.н. „персонална религиозност." Имено, истата верува, но не припаѓа на ниту една религиска група. Ова секако нема подеднаква важност во сите земји. Така, 68% млади Европејци кон крајот на XX век изјавиле дека се припадници на некоја религија. Во Ирска овој број бил поголем од 90%. Во многу земји медиумите придаваат широк публицитет на поврзувањето на младите со култовите и харизматските групи. Во 1967 година 81% млади Французи верувале во Бог, а во 1997 година процентот изнесувал помалку од половина на тој

[23]Податоци на Сандеј Телеграф: http://www.telegraph.co.uk/news/religion/

број. Во Европа воопшто, без обѕир на изјавите за религиска припадност, само 28% млади веруваат во Бог, а само 12% често се молат. Во Данска 90% млади изјавуваат дека припаѓаат на државната црква. Само 3% од нив изјавуваат дека се активни членови. Анкетата која е спроведена од францускoто католичко списание „Крст“ („La Croix“) покажува дека 70% од младите во Франција признаваат дека религијата не игра никаква значајна улога во нивниот живот. Повеќето млади Французи мислат дека религијата е фактор кој предизвикува поделби во светот (Fetzer, 2004: 65).

Добиените резултати сведочат дека религиозната активност е тесно поврзана со возраста. Опаѓање на активната вклученост во религиозните збиднувања е забележлива кај младите на возраст од 18 до 30 години. Подоцна религиската активност се зголемува за кулминација да достигне во најдлабока старост. Истражувањето спроведено во 1990 година во Босна и Херцеговина покажува спротивен тренд. Во овој период во Босна учеството на младите во религиските активности е зголемено и границата е поместена на возраст помеѓу 35 и 40 години, по која религиозноста започнува да опаѓа. Социолозите ова го објаснуваат како страв од смрт. Младите го зголемиле учеството во религиските обреди, повеќе читале верски списанија, сметале дека животот со припадниците на иста религија развива поголема сигурност и со повеќе оптимизам гледале на иднината на религијата. Причината за застојот на секуларизацијата се наоѓа во општата криза и пред сè тешкотиите при вработувањето што најмногу ги погоди младите во анализираниот период. Согласно истражувањата на бошњачкиот Институт за проучување на националните односи, генерално, разликите во однос на степенот на религиозноста кај жените и мажите не произлегуваат од биолошките околности. Овие разлики сè уште се резултат на различните општествени улоги. Пред сè, улогата на сопруга и мајка повеќе ја врзува жената за религискиот состав на вредност. Од друга страна пак, жените преку религијата компензираат за материјалниот и духовен недостаток кој е резултат на различната социјализација од мажите. Преку инклузијата во индустријата доаѓа до зголемување на секуларното однесување (Cvitković, 2004: 97).

Врз нагласеноста на религиозноста влијание има и полот. Половата улога и инволвираност варира кај различни религии. Мажите, односно жените во различни религии имаат различни улоги и доминации. Сепак, дури и во светите списи, пример во Библијата, жената е стадиум подолу со самото тоа што нејзиното настанување

произлегува од мажот. Понатамошниот и современ тренд бавно се менува, така во протестантизмот жените вршат свештенички функции (што било случај и во некои архаични религиски формации). Наспроти биолошките тези се оние кои поголемата поврзаност на жените со религијата ја доведуваат во корелација со социо-културните компоненти. Како такви се јавуваат: нивото на економска развиеност, заостанатиот технолошки развој, стапката на културна еманципација, традиционалните односи на живеење, патријархалноста и сл. (Đorđević, 1990: 181).

Иако се чини правопропорционална врската помеѓу религиозноста и образованието, всушност се работи за една специфична релација. Имено, образованието е во директна врска со социјалниот статус, па од тука произлегува дека религиозноста во поголема мера се јавува како резултат на статусот. Пониският социјален статус, посебно во периодот на просветителството, значел и пониско образование, за сметка на зголемената религиозност. Значителната поврзаност на религиозноста со работниот статус и образованието ја истражувал и Вебер кој вели дека слабо развиените општества се заинтересирани повеќе за магија отколку за религија. Професионалните војници и припадниците на повисоките сталежи, исто се послабо заинтересирани за религија. Војниците се заинтересирани за Бог сојузник во битката. Административците се слабо религиозни и религијата ја третираат како инструмент за зачувување на власта (Вебер, 1997: 467).

Определени професии традиционално не се склони кон религија. Такви се актерите, хотелиерите, слугите, војниците, морнарите итн. Интелигиенцијата развива субјективистички однос кон религијата, насочен кон човековата внатрешност. Истражувањата на бошњачкиот Институт за проучување на националните односи покажуваат дека религиозноста и религиската партиципација е најизразена кај домаќинките и полјоделците, а најслаба кај учениците, студентите и работниците. Генерализирано, најголемата поврзаност се јавува помеѓу религиозноста и социјалното потекло. Така, најниска религиозност имаат службеничките семејства, а највисока полјоделските. Работничките семејства имаат два пати помала религиска самоидентификација од полјоделските, а четири пати поголема од службеничките. Лица кои не припаѓаат на ниту една религиска група најмалку има во полјоделските семејства, а најмногу во службеничките. Понатаму, се евидентира дека колку подобра

е материјалната положба на семејството толку е помала неговата партиципација во религиските активности.[24]

Топосот, исто така, има влијание врз религиозноста. Постои разлика во интензитетот, начинот, стапката и хомогеноста на религиозноста во градските и селските средини. Всушност, настанувањето на повеќе религии е поврзано со градските средини на чијашто почва се вкрстуваат важни патишта. Оттука произлегува фактот дека градската средина е поврзана со идејниот религиски аспект. Селската средина нуди поразлична перспектива. Таа пред сè е сконцентрирана на магиските, култните и ритуални аспекти на религијата. Додека, градската средина најчесто се поврзува со иновативни, религиско-мисловни елементи, селската е насочена кон традиционалните. Поради прирастот на популацијата во градовите и интензивираната миграција село-град, градовите стануваат всушност, носители на процесите како образование, урбанизација, индустријализација, секуларизација, но и на религиски, национален и етнички плурализам. Во овој контекст во нив не се обрнува внимание на религискиот идентитет на драстичен и маркантен начин. Наспроти ова селската средина претставува место каде што се сочувува религискиот идентитет и каде што се негува традицијата. Селската средина има специфична карактеристика на религиозноста. Секое семејство ја негува религиската припадност и надворешно ја манифестира религиозноста. Верските објекти се посетувани со поголем интензитет и ревност. Календарот се третира религиски, преку празници кои го собираат семејството изразувајќи го неговото значење (Luckmann, 1972: 516-517).

Градовите на Балканскиот Полуостров се мултирелигиски и мултиетнички. Сепак, полесно е да се сочува религискиот идентитет во религиски хомогени села каде што има помалку бирелигиски бракови отколку во поликонфесионалните градски средини. Имено, градот е обележан со верски формализам, а селото со верски емоционализам. Сепак, на почетокот на новиот милениум, религијата од една страна станува и урбан феномен занимавајќи се со проблемите кои ги носи секојдневието како

---

[24] Истражувањето беше спроведено од страна на Фондацијата отворено општество БиХ и проМЕНТЕ социјални истражувања од Сараево во 2007 година.

што се: промените во вредносниот состав, социјалните проблеми и семејните односи (Šušnjić, 1998: 48).

Најголемо влијание врз религиозноста има семејството. Религиската социјализација започнува со семејството кое ја одредува религиската идентификација и го запознава детето со семејната религиска култура. Така се пренесуваат основните религиски вредности, искуства и пракси. Семејството е место каде за првпат се сретнуваат содржините и значењата на обредите, правилата на религискиот живот, начините на религиското однесување и етичките норми. Се запознаваат религиските симболи и свети книги. Семејството исто има важна улога при начинот на манифестирање на надворешната религиозност и партиципацијата во религиските церемонии. Тоа е место каде што се репродуцира конфесионалната припадност. Детето стекнува религиски идентитет и истиот го поврзува или не со националниот. Повеќето религиски традиции, религиските обреди ги извршуваат во кругот на семејството. Религиските празници се поврзани исто со семејството кое се собира и слави. Социолозите во многу семејства пронаоѓаат религиски симболи што не мора да значи дека семејството се секуларизирало, туку тоа може да претставува и традиција која се негува од најстарите членови на семејството (Мекгир, 2000: 63-64).

Согласно истражувањето „Вера и Морал"[25] спроведено во Хрватска во 1997/98 година, 72,8% од испитаниците одговориле дека семејството најмногу влијае врз формирањето на верските чувства. Начелно од религиозни семејства произлегуваат верници, а од нерелигиозни- семјества неверници. Семејството има силно влијание врз позитивниот, односно негативниот став кон религијата. Всушност, постои реална можност тоа да биде најсилниот детерминатор за религиозноста на индивидуата. Според тоа, постои корелација „семејно наследство" и „(не)припадност", но и „семејно наследство" и религиска заедница.

Европејците можеби најмногу од сите се склони поимот религија да го засновуваат на монотеистички религии во кои доминира идејата за Бог. Оттука произлегува поврзаноста на религиозноста со овој поим. Сепак постојат религии кои

[25] Истражувањето е спроведено на територијата на Хрватска во 1997-1998 година од страна на Маријан Валковиќ. Податоците можат да се најдат на следниот линк: http://hrcak.srce.hr/index.php?show=clanak&id_clanak_jezik=52175&lang=en

не се градат врз концептот Бог. Во Велика Британија во 1999 година 30% од младата популација изјавиле дека веруваат во Бог, 40% во некој облик на „животна сила“, а 44% во задгробен живот. Сепак, според Шушњич, Боговите се минливи, а религијата постојана, а според Свами Махешварананда „постои само еден Бог во универзумот којшто луѓето на различните делови на земјината топка го нарекуваат на различен начин. Некои го нарекуваат Буда, некои Алах, некои Кришна, но Тој е единствен“ (Cvitković, 2004: 107).

Религиозните приоди кои го тангираат концептот на натприродното воспоставуваат корелација помеѓу човекот и оваа инстанца. Така, се верува дека преку симболичка комуникација (обожување, молитви, обреди, жртвување) човекот влијае врз натприродното. Оваа симболичка комуникација повлекува извесни религиски норми и вредности. Ова религиско спознавење може да биде рационално (религиски идеи за Бог, светители), емоционално, позитивно (како: радост, пријателство) или негативно (како страв) и тенденциозно (религиски мотиви и настојувања). Во тесна корелација со натприродното е развиен поимот на светото, кој ја означува религиската специфичност и надемпириска стварност. Самата подвоеност на овие два аспекта сугерира низа верувања, обичаи, обреди, табуа. Важно е да се има предвид дека сепак карактерот на светото се менува со текот на времето (Елијаде, 1992: 174).

Поимот „свето„ настанува преку табуизација (карактеристична за религиска група) кон објекти, предмети и појави коишто имаат симболичко значење. Светото произлегува од воопштениот однос со стварноста којшто е заснован на верувањето дека постои релација и влијае помеѓу овие инстанци. Станува збор за нешто „радикално друго“ кое му се наметнува на човекот и светот како стварност. Наспроти светото, профаното ги објаснува нештата без посредство на нешто радикално друго како натприродното. Профаното го исклучува вреднувањето на трансценденталното во животот на човекот и општеството. Религиската заедница дефинирајќи го светото секогаш има намера да услови нејзино обединување. Сепак, додека од една страна светото обединува, од друга тоа може да ги наруши востановените модели. Затоа е многу битно да владее духовна отвореност, слободен поглед на свет и мислење во општесвото. Сепак, натприродното и светото, како религиски компоненти, не подлежат на социолошките проучувањања, но затоа религиите имаат развиен склоп на верувања, обичаи и обреди, кои диктираат извесни вредности, кои се централен

интерес на ова истражување. Религиозноста бележи најголем интензитет преку практикување на обичаи и обреди. Неразвиените општества бележат развиена обредна пракса, додека развиените ставаат акцент на интелектуалната (Боуви, 2009: 136).

Во контекстот на современото и плурално европско општество, покрај традиционалните христијански деноминации сè повеќе се инфилтрираат различни религиозни концепти кои практично се од вон-европско потекло. Демократијата од друга страна условува привлекување, настанување и одржување на нови религиозни движења. Овој плурарен модернитет појавува потреба од едно социолошко и научно разгледување на поставениот проблем кој тангирајќи ги религиските вредности пенетрира практично во сите аспекти на општествените компоненти, како што се семејството, образованието, културата, политиката, уредувањето, стратификацијата и сл. Поставената социолошка проблематика истовремено е во иреверзибилна врска со законодавствата на земјите-членки и со комунитарното право. Од причина на обемната импликативност на проблематиката од една страна и целосното истражување на дисертацијата од друга, која се однесува пред сè на одмерување на европските начела наспроти начелата на Република Македонија, разгледувањето на религиските вредности се остварува преку реализирањето или санкционирањето на религиското право, слобода и практика (Gil-Delgado, 200: 15-16 ).

Религијата се зацврстува преку семејството, религиската заедница, но и преку обредите и обичаите. Религиските обичаи се востановени начини на однесување на верникот во дадени околности кои се сметаат за задолжителни. Тие бавно се менуваат и не играат битна улога во општества склони кон промени. Можат да бидат од локален или од универзален карактер. Религиските обичаи најчесто се поврзани со биолошките промени. Во тој редослед, религиозноста често се изедначува со религиските обреди, но ова се рефлектира негативно врз спознајните и моралните елементи на религијата. Религиските обреди се востановени начини на однесување преку кои се изразува односот кон натприродното и светото. Тие се санкционирани преку пишани религиски авторитети или некои други прописи на религиската заедница. Ова се симболички делувања кои се извршуваат според прифатени правила, преку кои се изразуваат религиските идеи, погледи, чувства и со помош на кои се цели кон извршување на влијание врз натприродното. Религијата ги соединува луѓето не само преку заедничките погледи туку и преку обредите. Обредите ја зајакнуваат внатрешната

кохезија на групата, го зајакнуваат чувството на заедништво и го потврдуваат прифаќањето на истите вредности (Mannheim, 1968: 172).

Повеќе од 95% од погребите во Европа се извршуваат со религиски церемонии. Содржината на обредите често зборува за општествената положба. Тие говорат за економските, статусните, обичајните, верските и етничките односи на луѓето во дадената средина. Обредите можат да бидат приватни или обреди на заедницата. Тие често имаат функција на одржување на моралниот поредок. Значењето на обредите варира во зависност од религиите. Протестантизмот, за разлика од католицизмот и православието ги има поедноставено обредите и се задржува само на оние обреди кои се во склад со Библијата (Harding and Phillips, 1986: 30).

Храмовите инкорпорираат дел од обредните дејствувања, а покрај тоа тие се и места каде што се пропагираат религиските вредности. Истите се центри на собирања и комуникација, а често развиваат и социјални ангажмани како солидарни собирања или помош. Составен дел на секоја религија се симболите кои ја обединуваат групата, го зајакнуваат нејзиниот идентитет и кохезија. Истовремено претставуваат видлив знак на припадност. Содржината на симболите може да се менува. Колку повеќе религиската група се прилагодува на секуларната култура, толку е потешко да се задржат традиционалните религиски симболи и постои можност за замена на едни религиски симболи со други. Симболите ги интегрираат поединците во заедницата. Делувањето врз нив предизвикува индивидуална или групна реакција. Религиските симболи често се злоупотребувани за политички цели (Malinovski, 1971: 40).

Сепак, религијата не се однесува само кон натприродното, туку и кон другите, кон светот воопшто. Таа е интеракција на човекот со другите луѓе и светот и го изразува односот кон чудото, доброто и злото. Историски гледано, помеѓу развојот на религијата и општеството, општествените состави и односите во него, постои интерактивна врска. Општествата постојано извршувале влијание врз развојот, обликот и еволуцијата на религијата. Оттука произлегува променливиот карактер на религијата. Историјата на религијата сведочи за промените на погледите внатре во религиите, исто онака како што се историски забележани еволутивни промени кои се однесуваат на човековите погледи (N. Luhmann во Cvitković, 2004: 113).

Религијата претставува институционализирање на религиозноста, а конфесијата нејзино нормирање внатре во конкретните религиски заедници. Религиозноста е субјективо чувство на поединецот во однос на религиските модели на однесување. Религиозноста претставува лично расположение, личен афинитет кој не е подеднаков за сите. Како параметри за религиозноста се земаат верувањето, практиката, спознавањето, искуството и припадноста. Сепак, верувањето е посилно од религиската практика, поеинецот може да верува, а сепак, да не учествува во религиски модели на практика. Религиозноста не мора секогаш да се изразува на „црковен начин" . Од тука религиозноста во социологијата се третира како „активна"; „пасивна"; „субјективна" или „објективна." Во контекст на религијата спаѓаат и верата и верувањето, кои понекогаш се изедначуваат со религијата. Истите секогаш не мора да претставуваат дел на религија. Социолошки, религијата се третира како колективен модел на однесување и идентификување поврзано со општествената стварност. Верата е нешто индивидуално и лично, внатрешен духовен живот и доживување на светото. Ова на европска почва подразбира прифаќање на религиските ставови за натприродното, светото и други религиски учења. Сепак, верата и верувањето не постојат само во сакрален туку и во световен контекст. Апликацијата на верата и верувањата во световниот, секојдневен амбиент и делување во извесна мера ги изразува вредностите кои произлегуваат од самата религија, кои таа ги пропагира и врз кои го темели своето постоење. Секако овие вредности еволуираат и се во крајна инстанца изоморфни. Оттука произлегува нејзината улога во општеството, што е од круцијално значање за социологијата или поконкретно за социологијата на религијата (Yinger, 1979: 7-9).

Социолошкиот пристап ја третира религијата како групен феномен со корени во целокупниот внатрешно-општествен антагонизам. Таа најдобро се објаснува преку човечки социјален живот и неговите дејствувања. Како и секое човечко делување, така и религиското има општествен карактер. Таа е со световна, реална основа и не е догма, туку пракса. Комуникацијата игра важна улога за религијата. Денес религијата, за разлика од далечното минато кога комуникацијата била исклучиво усна, се реализира и пренесува преку различни форми на комуникација. Многу религиски групи денес располагаат со свои пишани извори како религиска пропаганда, списанија и литература. Понатаму, комуникацијата и агитацијата го шири својот замав и преку електронските медиуми, телевизиите и радијата (Linderman, 1993: 13-14).

Верската самоидентификација е најрелевантниот фактор за одредување на религиозноста и прифаќањето на религиските вредности. Таа дава директни информации за социјалното однесување на поединецот, неговите чувства и ставови, а не само за формалното прифаќање. Согласно формалното прифаќање има многу формално крстени и ритуално „обоени." Овие лица не ги прифаќаат догматските и вредносните начела на верската самоидентификација, верската интегративност, ангажираност, понатаму верската развиеност и институционализираноста на религиската група. Во општества во кои верската самоидентификација одиграла поголема улога во насока на оформувањето на националниот идентитет потешко доаѓа до премин од една религиска група во друга затоа што тоа би значело и менување на националниот идентитет. Во Западна Европа 76% од жителите во 1999 година изјавиле дека припаѓаат на некоја конфесионална заедница; 39% од младите Французи изјавиле дека се без религија; 28% дека веруваат во Исус. Само пред неколку години 53% млади Французи на возраст помеѓу 18 и 24 години себеси се декларирале како римокатолици (Cvitković, 2004:174).

Верската самоидентификација од припадниците бара различна ангажираност и учество во религиската група. Ова значи и солидарни донации како доброволно давање на финансиски средства за религиската заедница. Намалувањето или зголемувањето на овие солидарни донации претставува индикатор за степенот на интерес на верниците. Верската идентификација која дадена религија ја пропагира, може да се постигне преку подигнување на религиската свест и споделување на заемни вредности. На ова влијае вклученоста во религиската практика, развиеноста и прифатеноста на религиските институции. Конфликтот, исто така, влијае врз зајакнувањето или слабеењето на религиските вредности и верската самоидентификација. Низа социјални фактори, културни, политички и миграциони движења влијаат врз степенот на интеграцијата на поединецот со општеството зајакнувајќи го или слабеејќи го припаѓањето кон религиската група (Hamilton, 2003: 42).

Истражувањата на Босанскиот институт во 1987 година покажуваат дека верската самоидентификација била најниска кај припадниците на исламот, потоа кај православните и на крај кај католиците. Нивото на верската самоидентификација кај испитаниците било пониско од нивото на верската самоидентификација на нивните

родители. Најмал степен на отстапка на верска самоидентификација на испитаниците за разлика од нивните родители бил евидентиран кај католиците, потоа кај муслиманите и на крај кај православните (Cvitković, 2004:175).

Според критериумот конфесионална припадност, спроведените истражувања на Босанскиот институт од 1987 доаѓаат до следниве наоди:

1. Римокатолиците имаат цврста религиозност, религијата ја сметаат како битна за нивниот живот, во верата наоѓаат морален извор, најмногу се склони кон религиска хомогенизација и изразито позитивно го оценуваат влијанието на религијата врз настанувањето на нацијата и националните односи.

2. Припадниците на исламот имаат најсилна религиска самоидентификација, за нив верата е извор на моралот, најголемо значење ѝ посветуваат на верата при изборот на пријател или брачен партнер во однос на останатите конфесии.

3. Православните на религијата гледаат како на нешто маргинално во животот, верата за нив претставува основа за националната приврзаност и најмногу го прифаќаат тврдењето дека религиската припадност е детерминанта за националната припадност. Најприврзани биле настанокот на национализмот да го поврзуваат со религијата и религиската заедница.[26]

Во истражувањето „Вера и морал" спроведено во Хрватска во 1997-1998 година, на прашањето „Кое место го зазема религијата во вашиот живот" добиени се следните одговори: 1. Важно- 52,7%; 2. Исклучително важно- 22,5%; 3. Малку важно- 19,9% и 4. Сосема неважно- 4,8%. Во истражувањето „Вера и морал" спроведено во Хрватска во 1997-1998 година, на прашањето за значајноста на религиските церемонии, 92,6% од

[26] Од причина што припадниците на останатите заедници статистички беа занемарени не е утврдено нивното социолошко значење (Cvitković, 2004: 176).

испитаниците сметаат дека се значајни при раѓањето на дете, 91,6% при венчавање и 93,9% при погреб.[27]

## 2.4. Религиски и политички вредности - Влијание на религијата во општеството

Во контроверзиите околу објаснувањето на потеклото на религијата, помеѓу останатите (натуралистички, анимистички, просветителски, психолошки и сл.) се наоѓа и политичката концепција, согласно која религијата се објаснува низ призмата на политичките потреби. Во овој контекст, религијата настанува како креација на извесно свештенство и господарство за полесно управување со широките маси. Религискиот еволутивен процес минува низ фазата на тотемизмот, како еден од нејзините почетни облици. Всушност, тотемизмот претставува обожување на предмети или животни како симболи на извесна сила која тие ја претставуваат. Според определени концепти тотемизмот се третира како првобитен облик на религија (Dirkem, 1963: 346). Други пак, не го пронаоѓа тотемизмот во најстарите култури и затоа не го третира како почетен облик на религија (Elijade, 1981:12).

Се сретнуваме ли со тотемизмот во нашата култура? Да, и тоа во голема мера...човек кој безгранично е предан на својата држава или на својата политичка страна, кому единствено мерило за вредности и вистинитости му е државата или партијата, за кого знамето како симбол на сопствената група е свет предмет, припаѓа на религија-клан и обожување на тотеми, дури и ако тоа е совршено рационален систем во неговите очи (во што, секако веруваат сите поклоници на која било примитивна религија). Ако сакаме да сфатиме како системите како фашизмот или сталинизмот можат да заведат милиони луѓе, подготвени да го жртвуваат својот интелект и ум, ние мораме да го разгледаме тотемското религиозно својство на нивната ориентација (Фром, 1998: 33).

---

[27]Истражувањето е спроведено на територијата на Хрватска во 1997-1998 година од страна на Маријан Валковиќ. Податоците можат да се најдат на следниот линк: http://hrcak.srce.hr/index.php?show=clanak&id_clanak_jezik=52175&lang=en

Верниците повеќе внимание посветуваат на обредната практика отколку на религиските доктрини и учења. Така се повлекува корелацијата помеѓу религијата и политиката, односно помеѓу религиската и политичката лојалност. Религијата како групен феномен влијае врз општеството, што исто така претставува и политичко прашање. Единството во верувањата на една иста група не мора да претставува и знак за единство и слобода, туку за контрола и автократија. Кон зајакнувањето на чувството на припадност, придонесува и дејствувањето во групните обреди. Така, религијата ја консолидира групата. Но, истото се случува и на ниво на политичко делување, посебно ако се третираат политичките пропаганди, митинзите и слични други групни собири. Ритуалните елементи заземаат значајно место во политиката, тие добиваат религиски својства наметнувајќи политички вредности преку симболи, личности и настани (Veber, 1997a: 449)

Се забележува реактуелизација на сите религии од почетокот на седумдесетите години на дваесеттиот век. Потенцирано е враќање кон религијата, но и враќање на религијата во политичкиот живот во многу земји во светот. Во осумдесеттите многу религиски челници влегуваат во политика. Посебно исламот го предупредува светот за неговата улога во политичкиот живот во земјите каде што е распространет. Наспрема ова, стојат ставовите на Грејс Дејви, Питер Бргер и Ефи Фокс, кои во заедничкиот труд ја истакнуваат секулизираната страна на Европа или, поконкретно, нејзината сосема поразлична религиозност. Религијата на крајот на дваесеттиот век на Балканот се поврзува со политиката поврзувајќи ги и испреплетувајќи ги истовремено вредностите, но правејќи злосторства на начин што националните вредности беа прикажувани и искористувани како религиски. Враќањето кон религијата тука е ставено во функција на одржување на националните идентитети. Нагласеното враќање кон етничкот и религискиот идентитет на крајот на дваесеттиот и почетокот на дваесет и првиот век како да го става под сомневање идеалот на западниот хуманизам за универзалните вредности (Berger, 2009: 25 ).

Кога се говори за религиските вредности во постсоцијалистички општества, се наметнува враќањето од општествено невидливата религија кон општествено видливата религија, а не трансформација од неверување кон верување. Ова настанува и социолошки се објаснува како резултат на општествената реформа, падот на социјализмот, глобализацијата, егзистенцијата, потрагата по идентитет. На Балканот

во овој период на религијата и на религиските заедници се приоѓа како кон национално-политички интегративен фактор. На овој начин религијата на ова подрачје добива улога на сепаратист не само на религиско рамниште туку и на национално, што секако има политичка вредност. Во општествата каде што модернизацијата доцни, враќањето кон религијата оди рака под рака со националното и етничкото будење. Религијата се третира како најзначаен идентификатор за националниот идентитет, а враќањето кон религијата значи и враќање кон нацијата. Секако, постојат автори кои процесите на реактуелизација на религијата и нејзиниот импакт врз национализмот ги третираат како циклични појави (Vukicević, 2010: 182-183).

Религиската другост посебно е очигледна кога станува збор за територија на која живеат припадници на повеќе различни религиски и конфесионални групи. Тогаш на извесен топос живеат припадници на различни традиции и конвенции. Така, до израз доаѓаат разликите во календарите на католиците, православните, муслиманите, Евреите, протестантите и сл. Во овие подрачја се потенцира аспектот на „другиот" и се појавува потребата од прифаќање, помирување помеѓу алтеритетите. Согласно со наведеното, помирувањето подразбира ослободување од ставот за „нашата" невиност, помирување со разликите на „другиот", со идентитетот на „другите" како елемент за „нашиот" идентитет, со религијата и погледот на свет на „другиот" (Џепаровски, 2003: 26).

Религијата како составен дел на општеството остварува консеквентно влијание. Влијанието што религиите го остваруваат е различно и зависи од специфичните карактеристики на поединечната конфесија. Сепак, заедничко и воопштено е дека поголемо религиско влијание се остварува во неразвиените земји. Колку земјата е понеразвиена, со послабо развиени социјални врски толку посилно е влијанието што религиските вредности го остваруваат во неа. Во овие земји религиската комуникација влијае врз интеграцијата на поединецот со општеството. Тука религијата остварува влијание на планот на интеграцијата. Таа, исто така, влијае и врз зачувувањето на моралниот состав вредности на дадената религиска заедница, што претставува посебна карактеристика на традиционалните религии. Сепак, не значи дека религијата не поддржува општествени промени, таа напротив може и да ги предизвика или да ги поддржи. Ова е полесно остварливо во религиозно хомогени средини, а потешко во религиозно плурални средини каде што религискиот вредносен состав потешко се

прифаќа во целост. Причинители за општествени промени можат да бидат и помалите религиски заедници кои понекогаш инхибираат револт поради инфериорниот општествен статус. Сепак, делувајќи самостојно, малцинските религиски заедници не можат да ги остварат позитивните промени што е резултат на еднодимензионалната идеологија. Во мултиконфесионалните општества религијата сè повеќе се маргинализаира, а со тоа се маргинализираат и религиските вредности и нивното влијание врз општеството. Во овие општества секуларизацијата е засилена и религиозноста се потиснува од јавната во приватната сфера. Внатрешното манифестирање на религиозноста доведува до дезинтегративна религиска функција (Sklare, 1963: 459).

Религијата како составен дел на културните односи во даден социјален контекст и како средство за задоволување како на индивидуалните така и на групните потреби, преку своите вредности и вредносен систем, кој понекогаш иако е маргинализиран, латентно ги извршува своите функции кои се од круцијално општествено значење. Така, реализирајќи ги своите вредности, религијата извршува понекогаш интегративна, понекогаш дезинтегративна општествена улога. Потоа одигрува улога и на полето на општествената стратификација и религиската мобилност, има интерактивна општествена улога, компензациска, економска и етичка функција. (Pavićevć, 1970:96).

Интегративната функција на религијата не зависи само од неа, туку и од општеството кое се третира. Оваа функција е во директна зависност од општествената позиција на религијата, од нејзината приватност или јавност, од стапката на индивидуализација, од хомогеноста или од хетерогеноста на општеството. Според функционалистите, религијата претставува инструмент за зајакнување на општествените норми. Според припадниците на оваа формација, религијата го зајакнува единството на заедницата и општествената солидарност. Собира луѓе, ја зајакнува нивната комуникација и интеракција. Религијата е фактор на социјализација во општеството, а посебно важна улога во ова имаат нејзините етички начела. Интегративната функција на религијата се реализира преку иницијација на самодисциплина, кохезивност, зајакната солидарност и зајакнатата свест за заедничко колективно наследство (Malinovski, 1969: 355).

Интегративната функција на религијата на почетокот се реализирала преку моралот. Обредите и учеството во нив ја засилува солидарноста, а преку тоа и интегративноста. Оваа функција не е подеднаква во сите општествени системи. Во религиски похомогени општества оваа функција е поизразена. Во модерните хетерогени општества интегративноста на религијата се намалува и се заменува со други идеологии или движења. Во минатото религискиот состав на вредности имал поизразена интегративна улога за социјалните и политичките состави од причина што истите на овој начин го потврдувале својот легитимитет. Преку религиските вредности општествата постигнувале стабилност, бидејќи тоа било начин да се прифати и одобри општествената власт. Она што останува да важи и денес е фактот дека доколку религиската заедница применувајќи ги религиозните вредности го поддржува општественото уредување придонесува за стабилноста на општеството (Đorđević, 2003:114-115).

Религиската заедница може да сугерира статичност и непроменливост на воспоставеното општествено уредување третирајќи го ова како израз на божјата волја. На тој начин таа се спротивставува на општествените промени. Така, таа заговара уредување на општествената заедница според начелата кои произлегуваат од религиските доктрини. Значи, религиската заедница може да овозможи вредносен состав кој државната заедница го вградува во својот состав. Суштинските вредности на општеството се есенцијално религиски вредности. Станува збор за сакрализација на општествените идеи, норми, односи, групи и институции. Религиското спознание е општествено структуирано и составен дел на културата. Општеството (државата) и религиската заедница заслужуваат меѓусебна поддршка. Црквата/џамијата и другите храмови стануваат места за поддршка на општествените вредности. Според наведеното, религиската активност е составен дел на социјалната активност. Социјалните институции ја обединуваат световната и религиската власт. Така, религијата придонесува за зголемена стабилност и има не само интегративна туку и регулативна функција (Stanovšić, 2003: 205-206).

Доколку религиската улога се поклопува со некоја друга општествена улога, како на пример националноста, тогаш интегративната функција на религијата е поголема. Во овој контекст религијата може да влијае врз етничкото или националното интегрирање. Интегративноста на религијата зависи и од доминацијата

на извесна политичка партија, група, класа во општеството. Во секуларните општества религијата има послаба интегративна функција отколку во сакралните, а оваа функција опаѓа и заради општественото диференцирање. Влијанието на религиската интегративност има влијание и врз интернационализираноста на религијата. Колку е таа поинтернационализирана толку е помала нејзината интегративна функција. За разлика од ова, националните религии (пример православието во Македонија, Србија, Грција, Бугарија) имаат изразен интегративен аспект. Во зависност од вредносниот, идеолошкиот и политичкиот пристап, различно ја проценуваме религиската интегративност (Markešić, 2010: 529).

Најистакната интегративна улога има религијата помеѓу припадници со иста конфесија и исти вредности. Исто така, интегративноста се манифестира кога станува збор за надворешна религиозност, кога религијата го интегрира поединецот во групата. Сепак, сите религии немаат иста интегративност. Протестантските и некои нови движења ја одбиваат оваа улога како што ја отфрла и секуларното современо општество. Глобализацијата го става под тест големото интегративно влијание на религијата денес. Сепак и покрај големото влијние на економијата и политиката, религијата игра значајна улога во глобалниот процес (Martin, 2005: 20).

Религијата одиграла дезинтегративна функција во општествата на Запад во XVII и XVIII век. Таа се приватизира за државата да може да егзистира во мир. Религијата може да биде дезинтегративна доколку настанува како резултат на општествен протест, но и доколку и дава легитимитет само на една политичка или социјална група над друга. Верските разлики често се причина за тензија и конфликт што не оди во прилог на функционалистичкото објаснување на религијата како суштински обединувачка сила. Религиите исто толку раздвојуват колку што обединуваат (Jinger во Hamilton, 2003: 224-228).

Дезинтегративна религиска функција имаме кога религиските заедници градат контрадикторен однос со нерелигиските општествени вредности. Религиските заедници тешко го менуваат вредносниот состав, додека општествата се склони кон постојани промени. Така, настанатите промени кои не се во согласност со религиските вредности доведуваат до судир. Таков е примерот со спротивставувањето на католичката црква на абортусот. Во мултиконфесионалните општества религиските

заедници побрзо ги прифаќаат општествените промени. Во општествата во кои религијата е „приватизирана“ доаѓа до израз нејзината дезинтегративна функција. Истото се случува и ако религиската заедница и државата се во конфликт. Религијата и религиската заедница придонесуваат и за поделби во мултиконфесионални општества. Таков е случајот со католиците и протестантите во Ирска, муслиманите и православните во Македонија, муслиманите, православните и католиците во Босна и Херцеговина. Во овие околности се гледа дезинтегративната улога на религијата која понекогаш е само камуфлажа и дополнителен фактор. Причините често се подлабоки и сокриени. Религиската дезинтегративност често е дополнителен прилог на етничките, националните и политичките фактори (Casanova, 1994: 212)

Но, дезинтегративноста не се јавува само во религиски хетерогени средини и помеѓу припадници на различни конфесии. Таа се случува и внатрешно во религиите како што е случајот со многуте конфликти внатре во исламот, или поделбите на христијанството. Припадноста кон различни религиски заедници значи различна култура, традиција, јазик, прославување на различни празници, живеење на различен начин согласно различни норми и вредности. Ова ја намалува општествената коегзистенција и интерактивност помеѓу припадниците на различни конфесии и претставува дополнителен религиски дезинтегративен аспект (Ђорђевић, 1990: 168).

Социјалниот статус има влијание на значењето и изразувањето на религијата во животот на луѓето, поврзан е со типот на нивната религиозност и социолошкиот начин на нејзиното изразување. Некои лица повеќе обрнуваат внимание на интелектуалниот, некои на обредната димензија на религиозноста, а други пак, ќе бидат црковно подоследни. Од наведените причини значењето на религијата во секојдневниот живот не е подеднакво за секој поединечен припадник на религиската група. Во некои религии социјалната мобилност (повисоко или пониско ниво) одредена е преку религиската доктрина. Социолозите укажуваат и на врската помеѓу религиската припадност и социјалната положба на поединецот (Niebuhr, 1963: 454).

Религијата влијае и врз нивото на образование и престижноста на професиите, со што влијае на општествената стратификација. Така се сугерира дека припадниците на извесни религиски групи имаат повисоко образование и поугледни работни места за разлика од припадниците на друга религиска група. Тоа е резултат на односот кој го

гради и воспоставува религијата, нејзините религиски вредности спрема општеството и неговите утврдени економски вредности. На овој начин официјалната стратификација наоѓа оправдување преку религијата. Ниските социјални слоеви се помируваат со тезата дека е тоа резултат на божјата волја и извесен направен грев. Како награда за примерното поведение, некои религии нудат подобра положба, награда во задгробниот живот (верување во рајот во христијанство) (Goode, 1972:295-296).

Компензациската улога на религијата се состои во нејзината адаптивна улога во кризни или фрустрациони ситуации. Религијата помага за полесно соочување со ситуации на големи загуби, тешки болести или смрт. Погребната церемонија има за цел преку неа да се изрази солидарност со ожалостените. Погребниот ритуал ја намалува тегобноста. Според тоа, значајна улога на религијата се остварува при намалувањето на емотивните ставови кои ја загрозуваат стабилноста на општеството. (Yinger, 1963:76). Религијата има вредност здравје, па и во овој тек се повлекува релација. Во некои земји има развиен т.н. клинички пасторал. Овој третман е поврзан со душевна работа во болниците наменета за душевно болните пациенти преку терапевтско исцелувачката религиска димензија. Од друга страна, во согласност во психоаналитичките теории, религијата во општествениот контекст има улога на психолошки амортизер или теологија на оптимизам (Yinger, 1963:108).

Доколку религиската заедница го потенцира и потикнува трудот како нејзина значајна религиска вредност, во тој случај, таа директно влијае на акомулацијата на богатство и ја исполнува својата економска функција во општеството. Во овој контекст, таа може и негативно да влијае доколку се спротивставува на акомулирање на она што е повеќе од основно и нужно за егзистенција. Врз потрошувачката на производи влијаат религиските вредности, норми, доктрина, степенот на религиозноста на населението, празниците и сл. Доколку религијата го поддржува учеството на жената и децата на пазарот на труд со тоа уште повеќе влијае на општествената продуктивност. Економскиот аспект на религијата се огледа и во добротворните акции (каритативни) што ги презема и организира религиската заедница во кризни ситуации. Еден таков аспект е милосрдието кое е карактеристична за исламот, христијанството, јудизмот и адвентистите (Nash и Berger, 1972: 110:111).

Сите религии во своите социјално-политички учења содржат одредени морални кодекси преку кои ги изнесуваат своите вредности и ја остваруваат етичката функција во општеството. Долго моралот не претставувше независен општествен облик. Напротив, беше составен дел на религијата. Моралните вредности имаат религиски карактер. Врз основа на ова се формира мислењето дека суштината на религијата е во моралот и вредностите и дека таа постојано е врзана за моралот и политиката. Во случаите кога религијата повеќе се поврзува со моралот, тогаш станува аполитична и обратно (Матевски, 2006: 73).

Според функционалистичкиот приод, религијата е колективна свест која придонесува за градење и зацврстување на моралните вредности. Во тој контекст се истакнува дека религијата има догматски, ритуален и етички карактер (Malinovski 1969: 1034). Религијата е духовна сила која го одржува општеството и настанува од егзистенцијални потреби. Таа нуди состав на вредности во врска со основните потреби на заедницата. Во секоја индивидуална или колективна криза таа помага при надминувањето на проблемот. Според Павичевич, етичката улога на религијата се изразува преку формирањето на основни морални правила и начела, како и во поддржувањето на истите ( Pavićević, 1980:27).

### 2.5. Религија, социјални класи и образовен систем во Европа

Европскиот случај претставува модел на редовни црковни посетители, а посетувањето на црквите претставува редовна активност на припадниците на средната класа, што повеќе се однесува на јужниот дел на Европа, отколку на северниот. Всушност, во определени моменти, основната мотивација за одење во црква не била од религиозни побуди, туку од општествени. Во овие случаи црквата претставува место каде што треба да се биде виден и присутен. Минималните индекси на религиозноста се различни и пенетрираат многу повеќе во социјалната скала што води до класичен европски модел. Всушност, до неодамна работничката класа во Европа припаѓаше на историските цркви, но не ги посетуваше. Постоеше верување, но ретко беше јавно

изразено. Всушност, религиозноста се третираше хипокритично и се презентираше преку фразите: „христијанин не те прави тоа што ја посетуваш црквата“ (Martin, 2005: 20).

XXI век драстично се разликува од причина што се појавуваат голем грој на мутации на „религиозниот пазар.” Тврдоглаво отпорни се цврстите линкови помеѓу религијата и моќта коишто се одржуваат повеќе од милениум. Нивното влијание е трајно и соодветно со менталитетот (Berger, 2009:23). Европејците ги одбија авторитативните режими и религиозните легитимни власти. Франција претставува типичен случај, за разлика од другите земји каде што ова се одвива посуптилно. Од ова гледиште, произлегуваат расправи коишто се однесуваат на просветата. Она што произлезе во поголемиот дел на католичка Европа беше религиозно-политичката поделба со конзервативен сет на сили од една страна, вклучувајќи ги црковните и порадикалните структури на другата страна, во чиишто рамки антиклеарикализмот стана дистинктивна компонента. Понатаму, за да ја доловиме поентата попрецизно, политичката левица во Европа во двете форми, како во поекстремниот комунизам, така и во помалку екстремниот социјализам вклучува повеќе од само сличност со секуларизмот (Berger, 2009: 99).

Ова не е место каде се бележи тенденција за детализирање ниту на политиките ниту на практиките што се однесуваат на религијата на комунистичките партии на поранешниот Советски Сојуз и неговите составни држави. Безначајно е да се каже дека нивнте антирелигиозни идеологи се спроведувани последователно на присилен начин којшто престана да се практикува по рушењето на берлинскиот ѕид. Централно место заземаат политичките филозофии на социјалистичките партии на Западна Европа коишто се антиклерикално настроени и коишто наскоро потоа ја прекинуваат праксата на заплашување. Партиите од овој тип станаа значајни носители на секуларната доктрина, посебно кога главната опозиција беше форма на католичка партија. Резултатот е комплексен амалгам на религии и политика, така што политиките на класите станаа недвосмислено поврзани со религијата од една страна, и тоа најчесто со католицизмот, а од друга страна пак со секуларизмот (Berger, 2009: 101).

Повторно англискиот случај се разликува од останатите поради тоа што е порезервиран. Попрецизно, работничката партија на Велика Британија е поразлична

од континенталните еквиваленти. Сепак, британската Работничка партија има поголема полза од методизмот отколку од марксизмот. Всушност, целиот политичко-религиозен пакет е обратно поставен, во смисла дека не само методистите, туку и католиците се посилни поддржувачи на политичката левица во Британија, отколку на десницата. Ситуацијата понатаму е комплетирана со присуството на малцинските партии, кои фреквентно се вклучени со различни неусогласени иззави, помеѓу помалите нации на Обединетото Кралство, односно: Шкотска, Велс и Северна Ирска. Иако Ирците докажаа дека се нерешителни, но во овој случај антиклерикализмот и неговите класични форми не играат значајна улога. Ако се навратиме кон европското движење, значајно е подетално да се разгледа прашањето на малцинствата. Нивното влијание во политиката и религијата е поголемо (Davie, 2000: 84-85).

Во Европа историските цркви одиграле главна улога во образовниот систем, а во многу делови на континентот тие се сè уште влијателни. Ова може да се разгледува на два сосема спротивни начина, односно преку менаџментот и поседувањето на училишта, како и преку начинот на којшто религиозното образование се спроведува во јавните училишни системи, во различни европски општества (Fokas, 2009: 81).

Пред да продолжиме со образложување, важно е да се напомене дека во многу училишта, како на пример во Франција, се чувствува отсуството на изучување на религијата. Порано, учењето за религијата било официјално воведено во училишниот систем. Понатаму, религијата остварувала важни влијанија врз наставните програми. Сè уште во некои изразито религиозни земји, учењето за религијата останува главна активност. Одговорноста да се обезбедат услови за спроведување на ваков тип на настава не е во надлежност ниту на државата ниту на системот на јавните училишта. Од овој факт произлегуваат два важни заклучоци. Првиот е поврзан со т.н. алтернативна провизија вклучувајќи ги од една страна приватните училишта, а многу од нив се изразито религиозни, и од друга страна правото на родителите да ги школуваат своите деца во сопствените домови, нешто што е многу невообичаено за просторите на Европа. Предвидливо е оние коишто не сакаат да ги испраќаат своите деца во јавни училишта, од каква било причина да бидат особено „претпазливи." Иако не се посветува внимание на темата религија секогаш на ист начин, сепак таа, поради нејзината субјективна природа, мора да биде заштитена од некои објективни, односно надворешни влијанија. Некои инстанци го изразуваат овој став со цел да ја заштитат

државата од формирање на приватни, религиозни иституции. Други, пак, се многу поотворени и ја поддржуваат државата на повеќе полиња вклучувајќи ги и финансирањата на студентите. Вториот проблем се разликува од првиот и се однесува генерално на раководењето на образовните институции, arpopos кои се развивале многубројни дебати (Davie, 2000: 88).

Во Франција приоритетите на религиозните и образовните установи се спротивни, односно училишниот систем мора да биде заштитен од религијата. Историски, ова значи ослободување на системот од влијанието на католичката црква. Борбата којашто се провлекувала во текот на XIX век кулминира со поделбата на црквата и училиштето во 1882 година – тоа е некои дваесеттина години пред дефинитивната диференцијација на црквата од државата. Претставниците на училишниот систем во Франција се децидни дека нема место за религијата во наставните програми или пак за вработување или менаџирање на религиозен персонал во училиштата. Всушност, училишниот систем стана основна алатка во градењето на француската нација преку пренесувањето на францускиот јазик и градењето на населението со иманентен вредносен систем. Апсолутна цел на овој вредносен систем е придавање на значење на француски термин „laïcite" којшто го претставува комплетното исклучување на религијата од јавната сфера. Француските училишта, поточно наставниот кадар во француските училишта, се оние коишто го спроведоа елиминирањето на религигјата и воведувањето на вредносен систем до одредена мера спротивен од религиозниот (Berger, 2009: 82).

Постојат многу исклучоци од основното правило, но за целите на дисертацијата не е потребно детално истражување на францускиот образовен систем заедно со неговите регионални специфики. Суштествено е да се препознае дека дури и во Франција не само што постојат приватни, најчесто католички училишта, туку дури и добиваат јавно финансирање. Французите имаат многу јасни цели по однос на ова прашање, а ако е потребно го изразуваат своето мислење и преку протести. Позначајно во расправата со овој предмет е неодамнешното формулирање на образовната наставна програма, како и местото што го зазема во регионот, при што се земаат предвид причините за проценување на секторот. Ова посведочува за неадекватноста на образовниот систем со современиот начин на живот. Ваквата неподготвеност се забележува во широк спектар на полиња, започнувајќи од изучувањето на уметноста и

литературата, па сè до разбирањето на политичко–религиозните конфликти во модерниот свет и неопходноста да се проценат потребите и аспирациите на бројната муслиманска заедница којашто моментално живее во Франција. Малку по малку системот започна да се менува од аспект на религиозни факти, но тие повторно се презентирани во различни делови на наставните програми и планоови. Овие карактеристики беа редуцирани т.е. проследени со апсолутна забрана на религиозните симболи во француските државни училишта. Овој систем беше спроведен во 2004 година. Испровоцирани од „Аферата марама“ француската Влада ги забрани религиозните симболи во сите полиња на јавниот живот (Berger, 2009).

За останатиот дел на Европа, Бергер тврди дека образовниот систем е примарен канал како за секуларизмот, така и за секуларизацијата. Но, и инверзијата би можела да стане реалност. Еднакво можно е да се расправа дека училишниот систем останува главен носител на религиозните показатели посебно кај маладата генерација. Ако младите луѓе во Европа имаат какво било познавање за религијата во Европа, независно дали за сопствената или за која било друга, најголема е веројатноста тоа да го осознаат во училиштето. Постојат два начина коишто го објаснуваат овој процес. Првиот се однесува на прашањето за поседувањето и менаџментот на европските училишта од црквата. Историски гледано, позицијата е јасна: во поголемиот дел од европската историја, образованието останува под најсилно влијание на црквата. Процесот на модернизација има своја цена, односно како што државите тврдеа дека остваруваат влијание врз образованието, така религиозните институции прогресивно ја губеа контролата. Овој пресврт е суштински трансфер на моќ и означува клучна промена во европското општество. Процесот се одвиваше постепено и дури сега е речиси комплетен (Bruce, 1999:7-8).

Во повеќето европски општества црквите низ историјата останале со најзначаен удел за ширењето на образованието. Сепак, иако нееклатантно, религијата во Европа сè уште остварува големо влијание. Оттука се поставува прашањето дали религијата се наметнува и врз новодоселените? Не е изненадувачки што во определената област постои контраверзен развој на муслимански училишта, па се поставува прашањето дали тие треба да бидат финансирани од јавни, државни средства? Европа нуди множество одговори на прашањата што се однесуваат за образованието. Последователно, ова може да се третира како индикатор наместо како исцрпна

илустрација. Британскиот случај е најпознат и многу често е наведуван. Холандскиот пример е исто така интересен, посебно затоа што посочува на холандската иманентност. Системот датира уште од 1917 кога е донесен Пацифистичкиот акт којшто стави крај на долготрајна политичка расправа за основачите на образованието во Холандија. Актот изврши поделба на образовниот систем така што на секоја религиозна група, во тоа време протестантска и римокатоличка, ѝ беше овозможено да раководи со свое училиште. Дури и релативно доминантните училишта ја добија истата финансиска поддршка како и државните училишта. Овој систем беше постепено и подеднакво релевантен за сите религии. Моментално исламските училишта бројат помалку од 1% од вкупно сите останати холандски училишта и речиси не се никаква значајна фигура. Сепак нивното постоење е само дел од целината. Од 11 Септември 2001 или, поскоро, од убиството на Тео Ван Гог во Амстердам, Холанѓаните повторно го затворија нивниот систем, а мултикултурализмот е ставен под знак прашалник. Гледајќи од перспектива на Пацифистичкиот акт не се доаѓа до решението, туку до коренот на еден од најголемите проблеми на холандското општество. Овој проблем се манифестира со недостаток на дијалог и спораѕуми, како и многу помалку единство помеѓу различните групи на луѓе коишто сега живеат во овој густо населен дел на Европа (Berger, 2009: 84) .

Многу поразлична ситуација постои во Грција. Државните училишта коишто припаѓаат на други верски заедници, а не на државната православна црква функционираат само во Тракија (северна Грција) каде што има две курански училишта во коишто се образуваат само одредена група на муслимани. Нивното присуство во заедницата и нивните последователни образовни права се диктирани согласно „Лозанскиот договор" од 1923 година којшто ја следи размената на популацијата помеѓу Грција или Турција, по Грчко-турската војна од 1919 – 1922. Додека холандскиот основен систем беше систематски проширен и го вклучи зголемениот број на религиозни групи, ова не беше случај со грчката концесија. Во Грција образованието останува ограничено за определена заедница на која и е гарантирана размената на слични права на грчкото малцинство во Истамбул. Всушност, секој систем рефлектира пошироки национални борби кои се како внатрешни, така и надворешни. Со цел да ги разбереме во целост поодделно треба да ги разгледаме во историски контекст (Papastathis, 1996: 80).

Втората област на интереси се однесува на религиозното образование во училишните системи на Европа, комплексна тема која во себе содржи многу различни и контрадикторни елементи кои најдобро се изразени преку серијата прашања, како на пример: Дали религиозното образование е сè уште прифатливо во современа Европа?; Дали таа би требало да биде задолжителна за сите деца?; Кои исклучоци би требало да бидат направени и какво олеснување ќе биде направено за овие ученици?; Кои или кој треба да одлучува во модерното плурално општество за содржината на религиозната образовна програма?; Кој треба да предава?; Како овие луѓе треба да бидат обучувани, од кого и кои учебници треба да се користат?. Серија вакви прашања можат да се поставуваат до бесконечност. Тешко е да се дојде до одговори кој ќе биде заеднички за цела Европа. Во северна Европа повеќето училишни системи усвоија нерелигиозен наставен план којшто информира, но не поучува. На југ, во Грција и Италија доминантните цркви сè уште се влијателни во образовниот систем. Сепак, како и да е, овие прашања мора континуирано да бидат поставувани. Повеќето Европејци би се согласиле дека учениците треба да бидат повлечени од часовите кои што имаат религиозна содржина. Многу понејасна е замената на религиозното предавање со некое друго. Во Англија и Велс, ова прашање е постојано актуелно, дури и кога предавањето на религиозно образование доаѓа до неодобрување. Во овој контекст старите насоки тешко се надминуваат (Berger, 2009: 85).

Всушност, загрижувачки факт е збунувачката разновидност на политиките за религиозното образование од кои е многу тешко да се избере јасна насока. Во литературта на социологијата на религија се сретнуваат следните категоризации. Легалниот статус на религиозното образование независно дали е конфесионално или не, во Европската унија е како што следува:

- задолжително во: Грција, Шведска, Австрија и Финска;
- задолжително, но со барање на исклучоци во: Германија, Луксембург и Обединетото Кралство;
- задолжително во образовните центри, но изборно за студенти во: Шпанија и Португалија; и
- достапно со барање за запишување во: Белгија, Холандија, Ирска и Италија (Gomez-Quintero, 2004:562).

Деталите во оваа листа се доволно нијансирани, на пример, исклучоци се можни во Грција, но само за неправославните. Сепак, категоризацијата дава можност за она што е и она што не е достапно во различни европски општества. Кога станува збор за прашањето за муслиманските училишта, прашањата се многу комплексни и зафаќаат, како национални така и религиозни општествени аспекти, а удел зазема и идентитетот. Следните примери илустрираат три многу различни начини на справување со проблемот. Првите два претставуваат нови случаи, а третиот се навраќа на ситуацијата во Грција.

Повторно секој од нив открива доста различен историски контекст. Во Германија, на пример, искуството добиено од Втората светска војна, беше и останува огромно. Имајќи го ова предвид, беше потребно да се направи внимателен баланс во однос на легалниот статус на религиозното образование, така што беше условено државата да стане поприфатлива во однос на религиите, генерално, но без да ја контролира нивната програма. Решението е цврсто и инструктивно вградено во поствоената конституција и им дава на двете основани цркви (протестантска и католичка) значителна одговорност на развивање една од друга независни содржини на религиозното образование во германските училишта. Ослободувањето од државната контрола се смета дека беше круцијален аспект на штотуку утврдената германска нација. Оттука произлегува потребата да се креира многу поразлично религиозно општество коешто подразбира нови религиозни прашања. Еднакво сложени се импликациите на германското обединување оддавајќи се на веќе обележаниот секуларизам на Источна Европа каде што е опфатен целосно различен систем (Knauth, 2007: 245).

Во Норвешка Образовниот акт од 2000 година рефлектира многу поразлична ситуација. Основното и средното образование во Норвешка постои за да даде придонес кон христијанското и моралното воспитување на учениците, да се развијат нивните ментални и физички способности и да им даде добро општо знаење за да можат да станат корисни и независни луѓе, како за семејството така и за општеството. Дури попрецизно, генералниот основен образовен план, кој е на сила од 1993, ја има следната цел: запознавање и знаење со христијанското и хуманистичко наследство и почитување на другите религии и вери. Двата последни аспекта се препознаваат во т.н. „двојни цели“ во норвешкото образование, а тензијата помеѓу нив треба да биде преиспитана. Во Норвешка, како и на секое друго место, вакви преиспитувања многу

често служат за развојни политики. Една ваква препорака е лоцирана во скорешен норвешки весник и беше и практична и симболична причина при предлогот - религиозното образование да се нарече „идентитет и дијалог : аспектот на идентитет", ја препознава важноста да се припаѓа на некоја традиција, „дијалошкиот аспект" ја акцентира важноста на комуникацијата помеѓу луѓето со различни традиции. Со други зборови, она што произлегува е суштественото норвешко решение за разгледуваниот „проблем" (Skeie, 2007: 237).

Суштествената неразрешливост на Грција, во однос на истиот проблем, е изразена на начин далеку спротивставен на норвешкиот, преку серија на несогласувања поврзани со политиката црква-држава во однос на религиозното образование. Во Грција државата бара помалку да опадне моќта на црквата и црковниот удел во религиозното образование во јавните училишта коешто до скоро време беше целосно православно. Прогресот во секој случај е многу слаб. Исклучоци, секако, се можни кај неправославните студенти, но промената од конфесионално-религиско образование во „историја на образование" претставува многу поголем предизвик. Додека во Норвешка државната цел на различни нивоа на религиозно образование е индикатор и откривач на пошироки аспирации. Во грчкиот случај овие врски помеѓу религијата и националниот идентитет се нераскинливи на основно и средно ниво, на пример, религиозното образование постои за да „му помогне на студентот да поседува вера кон татковината и кон водечките елементи на традициите на православното христијанство." На високите нивоа програмата вклучува студентот да ја согледува „свесно длабоката важност на православниот етнос." Со други зборови, во образованието како и во сите други социолошки аспекти во Грција, оддалечувањето на религиозниот од националниот елемент е многу тешко за постигнување (Dimitropoulos in Berger, 2009: 87).

## 3. Арбитража на религиските вредности во современото општество

Во однос на арбитрирањето на религиските вредности во современото општество, поаѓам од нивно генерално дијахрониско референцирање. Всушност, како такви вредности во научната и практичната сфера се сретнуваат: синкретични, цивилизациски, уметнички, територијални, религиски, етнички, политички, црковни,

државни, културни, морални, општествени, јазични, обичајни, традиционални, легислативни, фондирачки, субвенционирачки, толерантни, мултикултурни, анархични, демократични, плуралистични, дијалошки, интеркултурни, интеррелигиозни, интрнационални, хрмонизирачки, кохезивни, интегративни, инклузивни. Односно, сумирано, тоа се глобализациските вредности кои како вредносна подгрупа апсорбираат: слобода, право и недискриминација.

Социјалната кохезија и интегрирањето на општеството, особено на оние со мултикултурен и мултиетнички предзнак, истовремено значи и постигнување на висок степен на стабилност и безбедност во државата, вклучително и во регионот. Современата држава претставува специфична политичка заедница на обединети граѓани без разлика на нивната етничка, културна, религиска и друг вид припадност (Цветановска, 2007: 66-67). Ниту инсистирањето врз супериорноста, ниту инсистирањето врз инфериорноста не се решение за проблемот. Разликите меѓу културите сами по себе не се причина за конфликт помеѓу нив, и затоа акцентот треба да се стави врз сличностите, а не врз разликите (Петковска, во Цветановска, 2007: 66-67). Процесот на општествено интегрирање е дополнително обременет во мултикултурните и мултиетничките општества, пред сè заради структирата на популацијата и нивната припадност кон различни културни и етнички заедници, кои пак поседуваат различни вредносни системи и различни норми на социјално однесување. Во таа насока се движи и дефиницијата за општествена интеграција во мултикултурните средини, во кои се вели дека станува збор за процес низ кој различните елементи се комбинираат во извесно единство задржувајќи го притоа нивниот базичен идентитет. Целта на овој сложен процес е зајакнување на општествената кохезија и интеграција на припадниците на посебните групи во општеството соочувајќи го истовремено со нивниот идентитет. Овие два навидум контрадикторни процеса можат да се синтетизираат ако постои клима на толеранција и интеркултурен дијалог (Димитров во Цветановска, 2007: 69).

Во современиите општества секуларизацијата или детрадиционализацијата не доведува до исчезнување на религијата. Таа продолжува да игра значајна јавна улога и да се носи со инвазивната доминација на световната држава и нејзините дискусии. Процесот на диференцијација на религијата и државата не доведе до исклучување на религијата од политичката сцена, туку до нејзина дифузија. Процесот на

секуларизацијата додека ја поткопува согласноста околу локацијата и значењето на светото, ги зголемува изгледите дека различните институции и групи своите барања за општествен авторитет ќе ги засновуваат на различни религиски подлоги. Секуларизацијата во форма на војна се одвива во пет реверзибилни етапи во општеството за определување на границите на светото. Првиот чекор е свештенството, вториот војната што тоа ја започнува за определување на границите на светото, третиот ја вклучува државата и нејзините барања за споделување на авторитетот над светото и така ја гради граѓанската религија, зголемениот број партиципанти се четвртата етапа, а сепарацијата на индивидуалната и колективната сфера е петтиот чекор (Fenn, 1978: 26).

Понатаму, во рамките на современите општествени текови постои т.н. квантифицирање на регулациите на религиските економии. Ова одмерување е извршено врз основа на следните критериуми: официјално призната црква, официјално, државно признавање на некои цркви, државно определување или одобрување на бројот на црковни лидери, државно-платени црковни службеници, систем на еклестијастичко собирање на даноци и државни субвенции (одржување, трошоци, данок и сл.). (Cshaves и Cann, 1992: 273).

Со цел да се утврди третманот на религиите, а во таа насока и на религиските вредности како базични религиски супстанци, Ташева изработува класификација која вклучува аспекти на цивилизациската основа, територијалноста, политичкиот бекгаунд, етничноста, деноминантната религија или некоја нивна комбинација. Со цел да се открие третманот на религијата, покрај отстапките, откриени се голем број на согласности.[28] При анализата се земени предвид заклучоците за условеноста на манифестните облици на религијата од степенот на поврзаноста на црквата и државата и соодветните привилегии што за одредени цркви произлегуваат од оваа врска. Сепак, потребно е навестување дека уставите ги содржат само генералните вредности на кои е засновано законодавството на една држава, како и најопштите одредби за регулација на нештата во нив (Ташева, 2003: 132).

[28] Генералната светска поделба, ги презентира следните групирања: 1. Земји на новиот свет, 2. Земји на западна Европа, 3. Екс-социјалистички земји од средна, југоисточна и источна Европа, 4. Арапски исламски земји и 5. Земји на Далечниот Исток

## 3.1. Религиски вредности во Република Македонија

Во однос на арбитрирањето на религиските вредности во општеството на Република Македонија, генерално, ги издвојувам овие референци: пагански, антички, синкретични, вкоренувачки, етаблирачки, конститутивни, конструктивни, византиски, христијански, ортодоксни, исламски, едукативни, соседни, пријателски, агресивни, фрустративни, конфликтни, антиотомански, рисјански, балкански, словенски, литерарни, архитектонси, зоогравски, фолклорни, суеверни, духовни, интерактивни, автономни, дуални, материјални, колективистички, државни, кохезивни, толерантни, маргинални, правични, морални, братски, рамноправни, еднакви, интегративни, факторални итн. Во тој редослед како детерминирачки религиски вредности се заокружуваат: еднаквост, слобода, правда, вера, здружување, семејство, почитување, мир, толеранција, дијалог и кохезија.

Република Македонија спаѓа во редот на т.н. сложени и хетерогени општества. Според структурата на населението таа е мултиетничка, мултикултурна и мултиконфесионална држава. Во неа, покрај македонскиот мнозински народ, егзистираат и други етнички заедници. Според бројноста, албанската популација во Република Македонија претставува најголема етничка заедница, додека сите останати етнички заедници, како турската, ромската, српската, бошњачката, се значително помалубројни. Сите тие, вклучително и мнозинскиот народ, се карактеризираат со своја сопствена култура и дистинктивни културни обележја, креирани во зависност од културната историја на групата. Како најеклатантни би ги издвоила посебните културни, вредносни и морални системи, посебните норми на однесување, различните форми на социјално живеење, јазикот, религијата, обичаите итн. Секоја современа мултикултурна држава, вклучително и Република Македонија има потреба од креирање и воспоставување на сопствен, автохтон модел на политичко управување кој ќе почива на основните начела и принципи на современата демократија, но истовремено и ќе соодветствува со историските, културните, традициските и со политичките општествени состојби во државата (Цветановска, 2007: 89).

Според историските документи, во деветнаесеттиот век, на територијата на денешна Македонија, соодносот на македонското население во турските историски

списи најчесто се нарекувало христијанско население, додека во други историски документи, македонското население се нарекувало поинаку, во зависност од националните и политичките интереси на разните режими и пропаганди на соседните држави во врска со нивните аспирации и територијални претензии на Балканот (Атанасов, 2003: 115).

Во деветнаесеттиот век, кај христијанкото население особено се зголемува интересот за образобанието. Црквата ја презема улогата на образовна институција. Така дошло до засилување на нејзината улога во својство на координатор на движењето за изградба на националните идентитети. Црквите се појасно добивале обоеност на јавни институции, а со тоа и учесници во новите активности на националните држави кои се конституирале или биле во процес на конституирање. Тие, во просторите на православието, кои сѐ уште биле во составот на Империјата, почнале да дејствуваат како прв ешалон на младите балкански држави со империјални амбиции. По распадот на Отоманската Империја, црквите оствариле блиска корелација и биле во конфликт со новоформираните држави на Балканот. Исламската Заедница, пак, која претставувала еден од носечките столбови на теократскиот милетски систем, се трансформирала во етничко-исламски верски заедници, и го преземала задолжението за подготвување на населението при соочување со својата нова положба, кои од групи со највисок сталеж, станале групи со маргинална општествена положба. Самата природа на исламската – нејзината голема колективистичка моќ, овие заедници ги оспособила од самиот почеток успешно да ја одржуваат кохезијата на своите групи на ниво, необично на Балканот (Ташева, 1998: 47).

Во рамките на милетскиот систем (кој всушност претставувал федерација на теократии) бил прифатен принципот на религиозна толеранција и истиот ги признавал исклучително колективните права, но не и принципот на индивидуална слобода. Сепак, вака поставениот систем овозможил повеќе од петвековно опстојување и функционирање на Отоманската Империја, каде што заеднички живееле припадници на различни етницитети, религии и култури (Цветановска, 2007: 92).

Во контекстот на расправата за религиите и религиските аспекти на културата на почвата на Македонија сакам, исто така, да нагласам дека македонската култура

како и секоја друга култура на балканските народи не се создавала на празен простор. Ниту една култура не е автаркичен свет изделен и независен од претходните културни и цивилизациски светови. Во таа смисла можеме да речеме дека народите и нивните култури од балканскиот простор биле во својата драматична историја, органски упатувани, едни од други. Создавајќи свои културни ведности, овде на Балканот, или пошироко на Медитеранот, и длабоко вкоренети и најдени во него тие граделе и создавале, една ним блиска, честопати, единствена цивилизација или религија, книга или писмо, архитектура, сликарство или музика. Исто како што беше тоа во средновековниот век, бидејќи сите нив ги проникнуваше иста религија, а кај Словените и ист јазик, културата на балканските народи независно од националните прегради е речиси иста. Тоа укажува дека во голем дел од нивната историја со векови се одвивал процес на длабока културана и духовна интеракција кој овозможил голема блискост на нивните култури. Во таа насока упатуваме на еден епистемолошки рез – стариот пред сè политички инструиран балкански културен антагонизам меѓу нив, познатото нивно меѓусебно влијание, едни на други или пак познатиот глорификаторски однос на супрамација на една или едни култури над другите најпосле дефинитивно да се издигне за да може изворно да се види и согледа колку во културниот историски процес што со векови се одвивал на овие простори, тие меѓусебно се допирале проникнувале и влијаеле едни на други без при тоа да се обезличат или пак да ја изгубат својата посебност. Секоја одделна култура на овие простори го вградувала и надградувала во себе она што ја продлабочувало нејзината културна специфичност и творечка оргиналност во посебните форми на своето материјално и духовно творештво, во градбата на своите сопствени паметници на духот од областа на религијата и религиските светови, преку јазиците и писмото, сè до фолклорот и светот на уметностите (Старделов, 1996: 5-6).

По завршувањето на Втората светска војна, Македонија - како федерална единица во рамките на ФНР Југославија – конечно се стекнува со својата државност. Во вака поставениот еднопартиски социјалистички систем, улогата на промотор на колективистичкиот дух - за разлика од минатото, кога го правела тоа религијата преку нејзините институции ( црквата и исламските заедници ) – овојпат ја презеде силно централизираната држава која граѓаните ги обединува преку глорифицирање на култот на личноста Јосип Броз Тито, претседател на СФРЈ и врховен командант на

Југословенската народна армија. На овој начин религијата е целосно маргинализирана, чувството на верска припадност стана сосема безначајно за граѓаните на СФРЈ. Според истражувањата на Институтот за социолошки и политичко - правни истражуања во Скопје спроведени во 1986 год на територијата на тогашна СР Македонија, дури над 90% од испитаниците се изјасниле дека не им пречело дека нивниот брачен другар има поинаква верска припадност, а на 98% не им пречи верската припадност на нивните пријатели (Цветановска, 2007: 96-97).

Во согласност со законската регулатива од овој период правата на народностите биле загарантирани со Уставот на СФРЈ од 1963. Во членот 43 стои дека на секоја народност од кое било национално малцинство ѝ се гарантира правото слободно да го употребува својот јазик, да ја развива својата култура и потоа да основа организации и да ужива други, со уставот, утврдени права. Во 1974 година основните права се загарантирани со посебен член, на граѓанинот му е загарантирана слободата на изразување на припадноста на народот и слободата на употребата на својот јазик и писмо. Понатаму се санкционирани дејностите кои ги загрозуваат овие права – против уставно и казниво секое пропаѓирање или спроведување на национална нерамноправност како и секое разгорување на национална, расна или верска омраза (Ташева, 1997: 143).

Категоријата мултикултурализам во овој период е сè уште непозната. Најблиска категорија присутна во обичниот живот и во политичкиот живот беше категоријата братство и единство. Оваа категорија беше дел од идеолошката матрица на политичкиот модел на државата што значеше еднакво почитување на културните разлики во општеството. Сепак, оваа тема во тврдата политика долго време беше второстепена и преовладуваше класниот дискурс и социолистичките идеолошки категории. Во духот на едноумието како една од основните идолошки какатеристики на еднопартискиот систем не била дозволена борба на различни мислења и различни ставови, ниту пак изнесувања во јавноста. Со цел да обезбеди непречено функционирање во државата, на владеачките структури не им биле непознати методите на санкционирање на нивните неистомисленици (Атанасов, 2003: 42).

Во Уставот на Република Македонија од 1991година религијата зазема место што е споредливо со оние на поголемиот број европски земји. Имено, ред членови што

влегуваат во делот на базичните одредби и делот на базчните слободи и права на индивидуата и граѓаниниот посредно се однесуваат на религијата како еден аспект на идентитетот на човекот: тој ја има уставната гаранција за остварување на сите слободи и права што ги признава меѓународното право; како граѓанин му е гарантирана еднаквост во слободите и правото независно од полот, расата, бојата на кожата, националното или социјалното потекло, политичките или религиските верувања, сопственоста и социјалниот статус. Член 19 ја гарантира слободата на религиозната конфесија, како и правото да ја изразува својата вера слободно, јавно или заедно со други. Во истиот член, еднакво како во уставите и на некои земји во кои една религија има доминантно место и има значење во изградбата на националниот идентитет, се потврдува еднаквоста на сите цркви и нивната изделеност од државата, но со посебно именување на една црква (односно МПЦ-ОА). Следниот став им дава слобода на МПЦ-ОА и другите верски заедници и групи да основаат училишта и други социјлни и добротворни институции, на начин регулиран со законот. Во промените на Уставот што следува по Охридскиот рамковен договор во 2002 година, еден од амандманите се однесува на овој член: во ставовите 3 и 4, во кои се споменува МПЦ-ОА сега се додадени уште: ИВЗ во РМ, КЦ во РМ, ЕМЦ во РМ, ЕЗ во РМ. (Devatak, 2004: 256-258).

### 3.2. Религиски вредности во земјите-членки на Европската унија

Во однос на арбитрирањето на религиските вредности во современите општества на земјите-членки на Европската унија, повторно како и во претходните два случаја, во однос на глобалното и на современото македонско општество поаѓам од нивно генерално дијахрониско референцирање. Всушност, како одредници за религиски вредности во научната, практичната и легислативна сфера се сретнуваат: паганизам, еленизам, христијанство, естетизам, морализам, артифицизам, беседништво, фолклор, кантација, нарација, дискурс, поход, нивелација, апстранкција, редукција, дедукција, деструкција, нихилизам, романтизам, политизам, систематизам, монархизам, фундаментализам, но и демократизам и плурализам, семитивизам, сегрегатизам, инклузивизам и ексклузивизам. Односно религиски вредности во

Европската унија се: еднаквоста, правичноста, слободата, сопственоста, морал, недискриминација, мир, поредок, здравје, едукација, брак и семејство.

Од неодамна кај некој католички теолози може да се забележи загриженоста заради тоа што крајната опасност на процесот на секуларизацијата се повеќе се изразува во појавата, христијанската вера да се неутрализира и редуцира само на еден вид христијанска културна свест, христијанството да се вклопи, во редуцирана и нивилирана форма, во големото море на различните културни феномени. Предоминацијата на модусот на културата воопшто, се чини, според нивното уверување, дека се заканува да го преформира и ослабе интензитетот на идентификацијата во верата и кај самите христијани, а не само кај оние кои самите се нарекуваат културни христијани (Колбе, 1996: 34).

Католичките теолози, кои настапуваат во одбрана на целината на христијанската вера, укажуваат токму на најзначајниот факт во оваа смисла, имено на фактот дека од христијанството не може да се направи културен феномен. Во исто време, кај православните христјани, но и кај православните теолози, неретко се смета за голем дострел, да се говори апологедски за православна духовна култура. Протестантскиот теолог Кјеркегор кон средината на деветнаесеттиот век пламено се обидуваше да докаже дека естетскиот став и ставот на верата, човкот кој живее естетски и човекот кој живее во верата, значи естетот и верникот, не само што не се обединувачки, туку се и директно спротивставени. Наспроти ова сознание, меѓу православните христијани во последно време е широко распространета појавата, апологедски да се говори и да се развиваат основите на таканаречената „православна естетика", односно полокално одредено, но со истото апсолутно барање за значење, за „византиска естетика" (Каварнос во Колбе, 1996: 34-35).

Во историјата на европската филозофија е општо познат податокот дека естетиката се диференцира во рамките на филозофските дисциплини кон средината на осумнаесеттиот век и нејзината теоретска определба целосно одговара на просветителскиот дух на филозофската спекулација, кој се однесува секуларизаторски кон христијанското учење. Естетскиот став претпоставува постоење на релативно автономна уметност и формиран автономен естетски субјект, чија карактеристика е фактот дека предмет на неговото естетско доживување може да стане секој објект или

појава, независно од неговата содржина и првобитно потекло, за тоа што критериумот не естетското расудување го поседува токму естетскиот субјект (Колбе ,1996: 34-35).

Кјеркегор е еден од ретките европски теолози на деветнаесеттиот век, кој наместо општоприфатениот термин секуларизација, за историскиот и актуелен процес на посветувањето на парцијални христијански содржини, го употребува поимот нивелирање. Тој размислува одвнатре, од позицијата на христијанската теологија, и говори за нивелирање, што подразбира сведување на пониско ниво на христијанските содржини, нивно отцепување од целината на христијанското учење, бришење на специфичните и одлучувачки разлики и со тоа замаглување на перспективите. Однадвор, од позицијата на световните науки и културата, овој процес традиционално се нарекува секуларизација, што подразбира дека од христијанската целина, со позитивна цел, се одземаат одредени содржини и се претвораат во световни, за што легитимацијата се наоѓа во, за нејзините застапници, неопходната критика на авторитетот на црквата во политичко-правна смисла. Просветителството настапува post festum со своето барање за ограничување на авторитетот на христијанските догми обидувајќи се критериумот во вреднувањето на сите содржини на умот, дури и на христијанските вистини, да го постави во семоќта на слободното користење на човековите разумски способности. Во таа смисла, ваквиот процес за христијанската црква на Запад има амбивалнтно значење. Ограничувањето на нејзиното политичко влијание во светот би значело загуба, само ако таа тоа влијание го смета за своја задача, во спротивно, дури може да има и позитивно значење, и да стане шанса таа да се предаде на својата вистинска цел. Од друга страна, она што сепак ја погодува нејзината позиција е поместувањето на авторитетот во поседувањето на вистината, на место во црквата, само или делумно во светот, со што постои опасноста да се изгубат луѓето (Колбе, 1996: 36).

Во контекстот на класификацијата на Ташева, земјите од групата на Западна Европа можат да се поделат во повеќе групи врз основа на религиската позадина: земји во кои доминантна религија е протестантизмот (една протестантска деноминација), земји во кои има две доминантни религии: протестантизмот и католоцизмот; земји во кои доминантно место има католичката религија; една земја во која доминантна религија е православието. Одредница е нивната политичка организација: сите држави

имаат демократски системи, но во некои од нив сè уште опстојува монархијата (Ташева, 2004: 134).

- **Заеднички одредби за земјите од групата на Западна Европа:**

- Во сите устави има делови, насловени како општи одредби, фундаментални права и сл., со кои се гарантира еднаквоста (сите ќе бидат третирани еднакво во еднакви околности; или, секој има еднакви права и слободи без разлика на кој вид, какви што се раса, боја, пол, јазик, религија, политичко и друго мислење, национално или социјално потекло, сопственост, раѓање или други положби; или дискриминација врз база на религија, верување, политичко мислење, раса или пол или која било друга основа не е дозволена и сл.).

- Сите, со исклучок на Франција, имаат посебни членови кои се однесуваат на религијата, а кои ја гарантираат слободата на мислата, совеста и религијата, со ограничувања произлезени од потребата да се заштити јавниот поредок и преовладувачка моралност.

- На сите цркви и религиозни групи им е гарантирано да поседуваат сопственост и неа да ја администрираат; да имаат училишта и да го пропагираат своето учење говорно и писмено.

- Гарантирано целосно ужување на политичките права ја вклучува и должноста да се исполнуваат граѓанските должности (никој поради неговото убедување нема да ја избегне согласноста со која било граѓанска должност или: никој нема да биде прогонуван, лишен од права и изземен од граѓански должности и обврски поради неговите убедувања или религиски практики; или: нема лице кое поради своите религиски убедувања ќе биде изземено од исполнување на своите задолженија кон дравата или за одбивање да се подреди на законот).

- Секаде на црковниот брак му претходи граѓански брак.

- Граѓаните не се должни да ги откриваат своите религиски убедувања по кој било повод вклучувајќи ги и редовните пописи на населението.

- **Заеднички одредби за екс-социјалистички земјите од средна, југоисточна и источна Европа:**

- Гарантирана еднаквост пред законот (граѓаните ќе бидат еднакви независно од нивната националност, раса, пол, јазик, вера, политичко и друго убедување, образование, социјално потекло, сопственост или друг социјален статус).

- Секуларност на државата (државата и црквата ќе бидат изделени; или: таа, државата, не е поврзана со идеологија или религиско убедување; или: нема државна црква).

- Гарантирана слобода на религијата, јавно и приватно богослужење и извршување на религиски ритуали (слободата на конфесијата, совеста, мислата и јавното искажување на мислењето ќе бидат гарантирани; или: исповедувањето на релгиски и други верувања на кое било лице, приватно или јавно ќе биде слободно; или: секој има право слободно да ја изрази својата религија или вера и сам или заедно со другите приватно или јавно преку средствата на света и религиска служба, преку опсервации на религиски ритуали или преку учество во подучување на религијата).

- Гарантирана еднаквост пред законот на религиските заедници (религиските заедници се еднакви пред законот и изделени од државата; или: религиозните групи ќе уживаат исти права под законот и ќе им се гарантира слобода на активноста.).

- Гарантирано е правото на религиските заедници да отвараат училишта, училишни установи и други институции, социјални и добротворни институции.

- Гарантирано е правото на религиските заедници да ги администрираат своите дејности (сите религии ќе бидат слободни и организирани во согласност со нивните сопствени статути, во термините на законот).

- Гарантирано е правото на индивидуите да не ги откриваат своите верувања и убедувања (лицето нема да биде принудувано да ги признае своите религиски и други верувања; или на пример нема државен или легален државен авторитет или нивни службеници кои можат да собираат или да складираат информација за убедувањата на кои било естонски граѓанин против неговата или нејзината слободна волја).

Историско обележје на Југоисточна Европа се диверзивните религиозни и политички агенди, кои го промовираат интеррелигиозниот дијалог како средство за реконсилидација, решение на конфликти и обезбедување на демократска стабилност не само како посакувана цел, туку и како остварена реалност на полето на евроинтеграциите преку своите утврдени стандарди, вредности и правила (Schumann,2005:22).

Истражувањата за квантифицирање на црковните регулации покажуваат дека Европа страда од недостаток на слободни религиски економии. Во оваа насока се потврдува расчекорот помеѓу посетеноста на црковните служби и субјективната определба на сопствената религиозност. Така во земјите во западна Европа кои се оценуваат како високо секуларизирани, населението има мала посетеност на црквите, но искажува лична религиозност. Така, некогашниот извор на мисионерство Европа, денес станува поле на истиот. (Ташева, 2003: 74-75). Наспроти ова, Република Македонија нема регулирана религиска економија. Односно МПЦ-ОА сè уште ужива примат во однос на другите, покрај неа Уставот наведува уште четити други цркви, државата игра значајна улога во изборот на црковен поглавар на МПЦ-ОА, црковните лидери не се платени од државата (не се црковни службеници), не постои еклесијастичко собирање на даноци и државата не врши црковно субвенционирање (Ташева, 2003: 153).

Основната карактеристика на Европа е разноликоста, составот на многубројни идентитети. Така, во насока на поврзување на овие разноликости прифативме меѓусебни почитувани вредности, права и норми. Ова всушност е гаранција за нашата Унија. Унијата не е право на мнозинството, тоа е почитување на другиот и споделена одговорност помеѓу сите граѓани. Секако не смееме да заборавиме дека оваа Унија на држави, денес поврзани со заеднички заложби за заеднички вредности и принципи е резултат на долготраен историски процес на конструирање. Овие заложби доведоа до пан-европска заедница. Сепак, иако овие споделени вредности се сè уште ранливи, покажаа капацитет за надминување на разликите на културата и религијата. Слободата на изразување, слободата на здружување, слободата на верување, заштитата на малцинствата денес се гарантирани со заеднички систем на Европски договори, но посебно и со Европската конвенција за човекови права, како и Европскиот суд за човекови права (Schumann,2005:22-23).

### 3.3.Типологија на односите на религиските заедници и државата

Помеѓу религиската заедница и државата постои нераскинлива релација. Овој меѓусебен однос е производ на религиското постоење во рамките на државата и е регулиран на различни начини. Оваа влијае помеѓу државата и религијата, односно религиската заедница е заемно и иреверзибилно. Доктринарно не е ист односот на христијанството и исламот кон државата. Христијанството сака да ја надвлада, додека исламот во својата доктринарна основа има и концепција за владеење со државата според која треба да се внесат елементи од исламот во неа и на тој начин да се усмерува државната активност (Малуф, 2001: 64).

Во рамките на една држава односот кон религијата не произлегува исклучително од страна на државните институции. Влијание и корелација воспоставуваат и политичките партии. Религиските заедници и државите можат да имаат позитевен однос, но и конфликтен. Државата може да ја игнорира религиската заедница, но може да има и државна црква. Доколку извесна религија во дадена мултиконфесионална држава има статус на државна црква, може да доведе до конфликтна ситуација. Законското одредување на доминантна улога на една религија во една држава може да претставува потенцијален конфликт. Идеален е односот во кој сите религиски заедници имаат подеднакви права без какви било разлики. Станува збор всушност, за демократска и правна држава (Veber, 1997a: 449).

Воспоставените односи на хармонија, како и нивното спроведување, условува да нема мешање на полето на делувањето помеѓу државниот апарат и религискиот. При реализацијата на овие односи најзначајно е меѓусебното признавање. Религиските авторитети во овој тек не треба да се обидуваат да остварат импакт врз политичката сфера на интерес и делување, но и државните ограни треба да го изолираат своето влијание и инволвирање во интерно, религиските делувања. Според терминологијата на Цвиткович, која се заснова на политичката теорија и правната пракса, постојат три модели на односи помеѓу религиските заедници и државата: теократски модел, состав на т.н. признати религии и одвоеност на религијата и религиските заедници од државата. Теократскиот модел на уредување ја признава определената религија, односно религиската заедница и нејзината црква како државна институција, а во својот профан состав на вредности ги вградува сакралните религиски вредности. Останатите

религиски заедници или немаат права или се дискриминирани во однос на државната религија. Овие правни модели во рамките на државите на Европската унија постојат во: Велика Британија, Северна Ирска, Република Ирска, Данска, Финска, Италија, Шпанија, Грција, Малта, Исланд и др.(Cvitković, 2004:186).

Во Велика Британија кралот е и црковен поглавар. Парламентот и премиерот донесуваат одлука за поставување на бискуп, а црковното право е дел од државното право. Црквата има финансиска поддршка од државата која не се меша во нејзините доктринарни и литургиски прашања иако дефинитивно тие се потврдуваат од страна на Парламентот. Во Домот на лордовите има 26 бискупи на англиканската црква. Во Данска евангелистичко-лутеранската црква е тесно поврзана со државата, а формално монархот е и поглавар на црквата. Во Италија, сè до нејзиното обединување во 1870 година, папата беше и световен владетел. Со Конкордатот од 1927 година римокатолицизмот се признава за државна религија, а Ватикан за суверена држава. Државата го задржа правото за ставање вето на изборот на црковни лица. Во 1984 беше потпишан нов Конкордат кој овозможи поголемо дистанцирање на црквата од државата (Ташева, 2004: 201). Православието, согласно Уставот од 1968 година, е државна религија во Грција каде што 90% од населението се православни. Световната власт т.е. владата го потврдува изборот на религиските достоинственици. Архиепископот го поставува владата на предлог на ресорен орган, а веронауката се изучува во државните училишта. Специфичен пример е бугарската држава која воспоставува модел приближен на државна црква. Така, во Уставот на Република Бугарија од 1991 година, наведено е дека источното православно христијанство треба да се третира како традиционална религија (Devetak, Kalćina and Polzer, 2004: 223).

Евангелистичко-лутеранската црква во Шведска сè до крајот на деведесеттите беше државно призната црква. Монархот беше и црковен поглавар, а 90% од населението на Шведска ѝ припаѓа на оваа религија.[29] Државната црква претставува критериум за моралноста на државата. Доколку имаат поделени улоги, државата е одговорна за спроведување на политичките вредности, а црквата за моралните.

[29] *Nordic Journal of Religion and society,* No 1, Volume 20 (2007). .

Моментот на поклопување на некои различни религии се состои во нивното иманентно убедување за единственост и вистинитост.[30]

Составот на вредности во религиски хетерогени општества кои имаат државна религија може да предизвика кризна ситуација. Примарната религија има свој состав на вредности кој го прокламира како единствен валиден, а и самата држава вообразува исто вредносен состав кој не коинцидира во потполност со религискиот. Ова понекогаш доведува до конфликт поради прашањето околу приматот на државно признаениот состав на вредности (Vukadinović, 2003: 173).

Таканаречениот модел цезаропапизам (Вебер) или ius inspicienoi заговара тип на држава која своите граници ги изедначува со религиските. Овој случај е сè уште актуелен во некои православни земји. Во овие случаи државната власт ја користи религијата за постигнување на нејзините политички цели и зајакнување на политичката моќ. Теократиските модели исто и пружаат можност на државната црква за управување со световната власт преку инкорпорирањето на религските вредности во општеството. Ефектот што се добива во овој случај е намалување на сакралните религиски вредности за сметка на профаните така што таа се одалечува од својата доктрина и станува световна, односно граѓанска. Доколку доминантна улога при дистрибуцијата на моќ има религијата, тогаш станува збор за хиерократ(ц)ија. Доколку државата остварува привилегии преку религијата, тогаш не станува збор за правна држава. Религијата не може да ја усоврши модерната држава, но како државна религија може да им нанесе неправда на граѓаните кои не се нејзини следбеници. И во случаите на висока идентификација на религиските заедници со државата, како и во случаите на негативен однос помеѓу црквата и државата постои ниско ниво на верска слобода (Cvitković, 2004: 189).

Вториот модел е состав на т.н. признати цркви согласно кој државата признава само извесен број на религии и религиски заедници на кои им дава извесни права додека другите немаат право да изразуваат својата религиозност. Наспрема овие два ограничувачки модели стои моделот на одвоеност на религијата и религиските

[30] Согласно христијанството и Исусовото тврдење:„Ја сум пат, вистина и живот“; Првата заповед на Јахве гласи: „Јас сум твојот Господ Бог и немој да имаш други богови освен мене“; Во Куранот стои: „За Алах вистинската вера единствено е – исламот.“ (Избутс, 2005)

заедници од државата. Овој модел потекнува од либералната политичка теорија и ја штити религијата од световната власт и обратно. Црквата во Франција до 1905 година ја поддржувала десницата, кога е донесен Законот за одвоеност на религиските заедници од државата, а во 1945 година донесена е одлука со која црквите можат да се користат само за религиски цели. Од европските држави овој модел го следеле: Белгија, Холандија, Луксембург, Германија, Австрија, Португалија, Турција, Кипар и др. Во овие земји политичкиот живот е деконфесионален, а општествениот се секуларизира (Ташева, 2004: 192-221).

Односите помеѓу верските заедници и религиозните групи во Република Македонија се регулирани со Устав, Законот за органите на државната управа и Законот за црква, верска заедница и религиозна група. Со член 19 од Уставот на Република Македонија е регулирано дека Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија, како и Исламската Верска Заедница, Католичката Црква, Евангелистичко-Методистичката Црква, Еврејската Заедница и другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред закон. Од ова јасно произлегува дека во Република Македонија нема државна црква. Државата е секуларна и религијата е одвоена од неа (Matevski, 2006: 55).

Во Германија локалните власти собираат црковен данок. 2/3 од Германците се протестанти, а 1/3 католици. Пред обединувањето на Германија, католиците претставувале скоро ½ од населението на западна Германија. Поголемиот дел во ДДР биле протестанти. Кога по обединувањето е воведен црковен данок, околу 5 милиони Германци се „отпишале“ од црквата. Некои европски земји во своите устави го имаат инкорпорирано начелото за потполна одвоеност на религијата од државата која се ослободува од државните религиски заедници, а религијата не се третира како составен дел на правото. Ова начело често, преку законите го „разводнуваат“ и во пракса се движат кон „прилагодуување“ на односите помеѓу религиските заедници и државата (сè до нудење на статусот национална религиска заедница на онаа религија на која и припаѓа поголемиот број од населението) (Berger, 2009: 24).

Моделот на одвоеност ја еманципира државата од црквата. Во општествата уредени на овој начин верската слобода не зависи од типот и големината на религиската заедница. Односите помеѓу вреските заедници и државата во овие случаи

се различно нијансирани и зависат од политичките односи во државата и од тоа каков став кон политичкиот состав заземаат религиските заедници (Bremer, 2003: 49-51). Меѓународната заедница за верска слобода на 20 јуни 1995 година усвои Декларација, која потенцира дека верската слобода најмногу се почитува во државите во кои постои легислативна одвоеност од религијата и религиските заедници. [31]

Фактот којшто укажува дека државата се еманципира од религијата не значи еманципација на поединците од религијата. Тие се само политички еманципирани од религијата, а нивно приватно право е на која религиска заедница ќе припаднат и кои вредносни критериуми ќе ги имплементираат. Сепак, во овие случаи постои можност поголемиот дел од населението да бидат убедени верници. Разликата се состои во тоа што религијата се приватизира и преминува од јавниот во приватниот сектор. Во секуларните држави религијата и манифестираните вредности и норми се приватност. Модерната, современа држава не се спротиставува на религијата и не ја забранува нејзината дејност, доктрина и учење, но не се поистоветува директно и јавно со религиската доктрина, вредносен систем и норми. Во современите држави религијата и религиските вредности се лоцирани во рамките на домот и семејството. Религиозноста денес станува интерна, индивидуална, приватна, а не екстерна, институционална и јавна. Во овој тек, современата религија е нарекувана „религија на приватно Јас“, „невидлива религија.” Согласно современиот религиско-државен однос се забележуваат два паралелни процеси: според првиот религијата се приватизира, а според вториот се деприватизира, колективизира и воопштува. Во овој контекст се согледуваат двете спротивставени концепции, а тоа се: либералната и секуларистичката. Политичко-либералниот концепт зазема позитивен став во однос на религиската приватизација и според него државата не треба да врши религиозно правна регулација. Секуларистичката концепција, пронаоѓа негативна религиска општествена инфлуенца во минатото и пропагира правна регулација. Согласно религиските вредности и етичките норми кои се применуваат во секојдневниот живот религијата може да се третира исклучиво како јавна. Нејзините следбеници јавно се собираат, вршат обреди и се исповедаат. Казанова претендира кон современи религиски тенденции кои, иако јавни, нема да бидат државни. Деприватизацијата ја

[31] Декларација на Меѓународната заедница за верска слобода (International Religious Liberty Association): http://irla.org/universal-declaration-of-human-rights.htm

пронаоѓа во сегментите на религиско вклучување во јавноста и секојдневието, во моменти кога религиските движења се борат не само за својата, туку и за универзалната слобода и правда (Casanova,1994:211).

Еден вид религиска „деприватизација“ се случи во постсоцијалистичките држави на југоисточна Европа. Религијата влезе во сферата на јавноста допирајќи до политичките и државните дејности (Stres, 2003:95). Деприватизација на религијата пронаоѓаме и во нашето општество. Во современите текови, иако постои одвоеност на државната од религската дејност, постои паралелно влкучување на религијата во државни активности, но и државата одигрува улога во религиските сегменти. Религијата денес се изучува во државните училишта, а јавно влијание има преку медиумите и некои политички опции. На овој начин религијата врши влијание врз вредносниот систем презентирајќи и пренесувајќи вредности на младата популација. Таа влијае врз градењето и прифаќањето на државните, односно општествени вредности. Одвоеноста на религијата од државата имлементира толерантен однос помеѓу различните религиски заедници и се спротивставува на нетолеранцијата и дискриминацијата во поглед на верата и убедувањето (Matevski, 2006: 139-140).

Одвоеноста на религијата и државата потикнуваат верски индиферентизам кој произлегува од религиската незадолжителност и приватност без јавна функција. На овој начин односот држава-религија се формализира и станува протоколарен, а религијата и вредностите маргинални. Така слабее институционалната моќ на традиционалните религии и доаѓа до настанување на многубројни, мали, религиски заедници и движења (Анастасије, 2002: 21).

Религијата онтолошки не значи единство со државата. Христијанството е интернационална, а не национална религија. Раздвојувањето и повремените конфликти помеѓу црквата и државата се типични за западната цивилизација и не постоеле во ниту една друга цивилизација. Таа поделба на власта дала непомирлив прилог за развитокот на слободата на Запад (Huntington, 1997:94).

Одвоениот модел држава-религија ја намалува религиската одговорност на полето на образоваието, здравството, економијата, општественото уредување и сл. Но, паралелно го намалува и јавното влијание на нејзините вредности врз овие општествени сегменти. Сепак, останува можноста религиските заедници критички да

се однесуваат во однос на власта и на тој начин да влијаат нивните вредности да бидат земани предвид и имплементирани преку општествените инструменти (Wilson, 1979:14).

Ниту еден од наведените модели не мора да се јавува во чист облик. Така, искуството покажува дека припадниците на христијанството и исламот живеат во различни државни уредеувања и различни модели на односи помеѓу религиските заедници и државата, што значи дека и христијанството и исламот можат да се прилагодуваат на различни типови на власт. Општествата коишто го негуваат конфесионалниот плурализам треба да го негуваат и одвојуувањето на религијата и религиските заедници од државата. Тоа подразбира и одвоеност на религијата од политиката. Нема развиен плурализам во општества на „политички монотеизам." Модерните индивидуи, не изразуваат желба за верување во повеќе богови, туку сакаат да веруваат дека сите религии и сите индивидуи обожуваат ист Бог само под различни имиња и на различни јазици (Vukicević, 2003: 183-183).

Советот на Европа, кон крајот на деведесеттите години на сите земји-членки им предложи да овозможат сите религиски заедници да се развиват под исти услови. Демократските држави во кои се загарантирани еднакви права за сите религии и религиски заедници, не го загрозуваат интересот на ниту една религиска заедница. Плурализмот на религиските заедници во современите држави условува државата да биде световна и да зазема неутрален став кон религиските заедници. Но, како што беше наведено во некои случаи, постои поставување на една религиска заедница за државна кога истата има мнозинство членови, традиција и политичка моќ (Devetak Kalćina and Polzep, 2004: 371-372).

Постојат привилегирани религиски заедници кои добиваат државни субвенции иако имаат модел на одвоеност. Образложенијата се дека станува збор за традиција или национален интерес. Во Франција религиските заедници уставно се одвоени од државата, но и таму има религиско образование и контрола на облекувањето. Оваа контрола често се наметнува врз помалите религиски заедници. Демократија не претставува унифициран или идентичен начин на живеење за сите, туку почитување на другите и разликите. На почетокот на XXI век религијата мора да остане дел на општеството, но не и на државата. Тоа значи дека секој граѓанин може да го сочува

својот религиски идентитет, но тој останува во доменот на сферата на културата, а не во сферата на политиката (Fukuyaman). [32]

### 3.4. Институционални носители – Дијахрониска перспектива

Националните судови на земјите-членки во Европа може да добијат значење во унифицирана смисла, доколку пан-европските институции започнат да ја извршуваат оваа улога. Една таква инстанца е Европскиот суд за човекови права. Сепак, како и повеќето други аспекти на пан-европеизмот, така и Европскиот суд за човекови права нема широко влијание. Факт е дека Европскиот суд за човекови права е надлежен само за земјите потписнички на Европската конвенција за човекови права. Независно од ова, Европскиот суд за човекови права не одговара на строгите и фиксирани географски одредници. Тој постојано ги менува своите граници рефлектирајќи ја експанзијата на проектот за европска интеграција. Во оваа ситуација фокусот ќе биде насочен кон Европската унија и нејзините земји-членки, односно потписнички на Европската конвенција за човекови права. Што се однесува на идните развојни планови, секако постои реална можност Европскиот суд за човекови права да се придвижи во насока којашто би се однесувала на спорови поврзани со религијата. Причините се доволно јасни и произлегуваат од секојдневните случувања. Всушност, се посветува сè повеќе јавно внимание на религиозните проблеми во Европа, од причина што слични проблеми се појавуваат во различни држави во Европа. Заедничките теми ги поврзуваат овие епизодни случувања во смисла дека речиси сите од нив се засегнати од разбирањето и имплементирањето на религиозните слободи во контекст каде што изразувањето на религија се одвива на изразито различни начини (Berger, 2009: 80). Од оваа појдовна инстанца започнува да се развива уште една, дополнителна тензија. Всушност, доколку го свртиме вниманието кон Европската унија ќе стигнеме до нејзините два, основни принципи чиешто широко поле на интерес ја вклучува и религијата. Станува збор за:

- принципот на супсидијарност и
- принципот на плурализам.

[32] http://www.imf.org/external/pubs/ft/seminar/1999/reforms/fukuyama.htm

Од една страна и со оглед на специфичноста, принципот на супсидијарност бара работите што може да се насочат на национално ниво да се решаваат на истото, без интервенција од инстанца на Европската унија. Од друга страна Европската унија тврди дека е религиозно и филозофски неутрална и посветена на принципот на плурализам. На овој начин цели да изврши влијание врз земјите-членки на таков начин што ќе креира животни средини кои ќе бидат непристрасни при третманот на религиозните разлики. Овие два интереса (супсидијарност и плурализам) се подложни на конфликти во одредени случаи. Ова е случува кога станува збор за справувањето со религиозните работи во некои земји-членки коишто го попречуваат подемот на плурализмот. Како резултат на ова, Унијата презентира различни сигнали до земјите-членки за прашања што се однесуваат за религијата.

Извонреден пример за различни сигнали може да се најде во конфликтните интерпретации на членот 9 (за религиозна слобода) на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП). Ова е убаво објаснето во прилогот во Економист, насловен *Добредојдовте во нејасниот и неразјаснет свет на европскиот ислам* објавен во 2005 година. Следниот цитат го открива проблемот: „Дански супермаркет отпушти касиер затоа што носеше фереџе со образложение дека може да се задуши. Германската сојузна држава Баден Вутемберг забрани носење на фереџиња за наставниците, но не и за учениците. Франција забрани фута во сите државни училишта, наведувајќи го членот 9 од Европската конвенција за човекови права. Британскиот суд цитирајќи го истиот член го оневозможи правото на ученичките да носат уште позатворени носии...„ Ова ги наведе Европејците да размислат за нивната претстава за континентот како во основа, секуларно место. Црковните столици може да останат празни, но религијата и политиката на религијата останаа неизбежен дел на јавната агенда.“ [33]

Проблемот има поголеми претензии да се влоши отколку да се реши. Во последните години интерпретацијата на членот 9 беше извршена на уште покомплициран начин во однос со предизвиците кои се однесуваат на член 10 за заштитување на слободата на говорот. Во суштина, тензијата помеѓу овие два члена беше предизвикана од два настана и дојде до врвот на контроверзиите во Европа. Оваа ситуација испрати шокантни бранувања низ целиот свет. Првиот настан беше

---

[33] Прилогот може да се пронајде на следниот линк: http://www.economist.com/node/5080927

предизвикан од печатењето на данското списание (Jullands-Posten) есента 2005 година, и последователните реизданија на карикатурите на Мухамед, а вториот се однесуваше на забелешките за исламот направени од папата Бенедикт XVI на неговото обраќање во Регенсбург во септември 2006 година. Острите реакции од многу муслимани, во секој случај, предизвикаа интензивни расправи во Европа за тоа каде треба да биде повлечена линијата помеѓу слободата за избирање религија и слободата на говорот. Всушност, овој тип на дебати воопшто не се лесни за решавање (Berger, 2009: 81).

Во рамките на Европа конституирани се институции во прилог на црквите коишто влијаат врз оформувањето и овековечувањето на моделот на религиозност. Во оваа насока се движат критичките анализи на Ричард Давкинс коишто предвидуваат дека религијата во Европа е форма на колективна меморија, која опстојува во тековната ситуација. Најмалку што може да кажеме е дека резултатите се комплексни или сложени. Расправата, покрај тоа мора да вклучи и нормативна димензија: односно развојни анализи за она што може или не може да се промени и притоа провоцира жестоки дискусии во сите општества. Во тој контекст расправата, неминовно го вклучува односот црква-држава, кој навистина претставува чадор под кој се наоѓаат другите институции, како на пример правосудството, образовниот систем и социјалните институции. Правосудството има многу моќна улога во определувањето на местото коешто религијата го зазема во јавната сфера. Во Европа, главно во националните парламенти, се преговара за овие ингеренции имајќи предвид дека Европскиот суд за човекови права забрзано делува на промената на овој однос. Образованието, што се однесува на религијата, исто така, се разликува помеѓу земјите-членки. Најдрастично се разликува во Франција каде што е типично секуларизирано. Креирањето систем на благосостојба ги открива и идеолошкиот и институционалниот контраст помеѓу религијата и државата признавајќи дека различни европски општества имаат избрано разлижни начини на уредување, поткрепени од различни политички идеологии (Dawkins, 2006).

Во Европа паралелно се одвива како релативна секуларизација, така и историско надоврзување на односот црква-држава. И двата случаја поединечно, имаат важни последици за социолошката теорија. Понатаму се откриваат повеќе нијансирани ситуации во кои разликите почнуваат да стануваат забележителни. Значајно за опсервација е меѓусебното поврзување на повеќе од постоечките ресурси. Се појавува

потреба да се одржуваат разделени, барем за аналитички цели двата преклопувачки феномени, а тоа се: конституционалните апарати коишто постојат во секоја држава и континуираниот ланец на политички настани коишто се вклучени во ова. Се подразбира од праксата дека овие два фактора, еден со друг се поткрепуваат. Конституцијата ги оформува начините на кои се водат политичките активности, а политичките одлуки ја потврдуваат конституцијата. Реалноста останува хаотична поради егзистенцијата и конституцијата, како и поради дозволениот степен на контрадикција помеѓу нив. Различното во конституцијата може да не биде јасно изразено преку довербата во секојдневниот живот. Сега повторно ниското ниво на контрадикторности се претвора во остри тензии, а религиозните и политичките притисоци се комбинираат во сила којашто ќе предизвика коституционални промени. Ова беше случај во Франција во 1905 година. Шведска, од своја страна, радикално ја пренасочи нејзината државна црква во слободна народна црква во 2000 година, врз основи на коишто привилегираната државна црква не беше повеќе соодветна во растечки плуралното општество. Норвешка го прифати овој пример по една генерација.[34]

Широкиот спектар на религии во Западна Европа обезбедува широка позадина за подетално разгледување на односите помеѓу црквата и државата. Европа е заедница која во основа поседува еден Цезар и еден Бог, од каде што произлегуваат верата и културата. Таа е разноликост основана од постоењето на многу нации. Моделите на европската религија потекнуваат од тензиите и партнерствата помеѓу религијата и потрагата по националниот интегритет и идентитет. Овие тензии и партнерства се континуирани процеси коишто доминираа со векови во европската историја и резултираа со нејасни разлики на односите црква-држава во рамките на континентот. Декларацијата 11 од Договорот од Амстердам (1997) ја истакнува оваа разлика. Односот црква-држава останува да биде во функција на зачувување на националната држава, а не на Европската унија во целост. Круцијален фактор при настанувањето на „граница“ во Европа преставува периодот на отцепувањето во рамките на самото христијанство и поделбата на католичка и православна Европа во XI век. Последователната поделба на Запад во области и нации коишто се католички или протестантски, или нивни комбинации е историски неразделено од настанувањето на

[34] *Nordic Journal of Religion and society,* No 1, Volume 20 (2007).

национални држави како доминантна форма на европскиот политички живот. Процесите при коишто настануваат ваквите поделбни се високо комплексни и вклучуваат економски, социјални, политички, но и религиозни прашања. Она што останува без преседан е пресвртот во уредувањето на христијанското општество во XVI век, пресврт што вклучи настанување на поделба на политички ентитети или национални држави. Станува збор за процес при којшто дел од земјите ја изразија својата независност од папското влијание во форма на државна црква. Овие државни цркви не беа поткрепени само од протестантската теолошка доктрина, туку и од соодветните промени во црковниот ред (Martin, 1978:100).

Дел од двосмисленоста, што се однесува на религиозниот процес, во целост се наоѓа во разбирањето на терминот реформација. Поконзервативните интерпретации се обврзуваат да поднесат жалба до оние политичари кои воспоставија независност од надворешните авторитети, но внимателно ја следеа внатрешната стабилност. Двата случаја беа возможни во рамките на лутеранскиот концепт за „боженствениот принцип." Понекогаш принципот имаше јурисдикција над целокупното кралство или над повеќе кралства. Таков беше случајот во Скандинавија каде што лутеранизмот беше прифатен како државна религија и се однесуваше на државите на северна Европа. На други места беше од локален караткер и зафаќаше релатвно мала површина. Германскиот случај го дава иститот пример, подоцна воведувајки модел кој не само што се проширува, туку и остварува влијание 400 години подоцна (Beckford, 2006: 3-6).

Реформацијата зазема различни форми на различни места. Во продолжение на лутеранизмот делови од Европа, главно, Швајцарија, Холандија, Шкотска, делови од Германија, Унгарија и Чешка, како и мал, но значаен дел од населението на Франција, првично беа привлечени од Цвингли, но потоа од Калвин кон поригорозни верзии на протестантизмот. Калвинизмот беше како порадикален, така и поограничен. Имено тој беше радикален во смисла на нов вид на теологија, базиран врз доктрини на предодреденост и спасение, но ограничен во термините на неговите строги морални кодови. Ефектот на оваа комбинација врз последователниот економски разој на Европа обезбеди неисцрпен матерејал за последователната расправа помеѓу историчарите и социолозите. (Линг, 2003: 403-406).

Во голобала Западна Европа себеси се подели на католички југ (Шпанија, Португалија, Италија, Франција вклучувајќи ги Белгија и Ирска), протетстански север (Скандинавија и Шкотска) и мешаните земји помеѓу (Англија и Велс, Севрна Ирска, Холандија и Германија). Централна Европа поседува слични категории иако географски е покомплицирана. Литванија, Полска, Словачка, Словенија и Хрватска главно се католички; Естонија и Латвија се лутерански и имаат блиски односи со нивните скандинавски соседи (заеднички силно, повторно изјаснувајќи се како балтички републики, со обновена политичка независност); и Унгарија и Чешката Република коишто се претежно мешовити (примарно католички, но со значителен број на протестантски малцинства). Со други зборови, границите настануваат во континуитет во цела Европа делејќи една нација од друга, една религија од друга, како и еден вид на христијанство од друг. Границите повеќе имплементираат доминација, но и диференцијација, исто така. Мнозинствата и малцинствата беа, и сè уште се креирани во зависност од определена поставеност на линијата во прашањето за припадноста. Една од најчесто поставуваните линии во последните години беше онаа којашто ја подели Северна Ирска од Република Ирска (Davie, 2000:16).

Претходниот параграф ја претстави религиозната карта на Запанда Европа која што настана во раниот, модерен период и којашто сè уште останува стабилна. Би било погрешно да се сумира дека односот црква-држава неминовно е константен. Она во што Европа понатаму еволуира се нејасните, разнолични уредувања, диктирани за поголемиот дел од основните историски околности коишто се променија со текот на времето како политички неопходни, или како економски или социјално предложени промени. Последователниот збир се движи од север кон југ и пред сè ги покрива државите од Европската унија заедно со Норвешка и Швајцарија. Државите од централна Европа ја следат праксата и потешко се справуваат со последиците, а нивните односи црква-држава се дел од ново востановените релации во рамките на нациите каде што независноста претставува релативна новина. Поентата на признавањето во овие држави се наоѓа во значењето на односите црква-држава, во демократскиот израз на слободата на верување и слободата на совеста кои се универзални аспирации. Сепак, прашањето - Како ова функционира во пракса?, посебно за малите и помалку препознатливи деноминации е многу попроблематично (Berger, 2009: 16).

Нордиските држави (Шведска, Норвешка, Данска, Финска и Ирска) се подиректни во управувањето со перспективите на релација црква-држава. Тука се лутеранските државни цркви на северна Европа коишто имаат висока стапка на верници, но ниска практика. Поточно она во што Скандинавците веруваат е „припаѓањето." Тие го пронаоѓаат нивниот идентитет во членството. Во Шведска постепениот избор на црковното неприпаѓање е во почетна фаза[35].

Холандија и Белгија прилично се разликуваат од претходно рзгледуваните скандинавски земји. Во социологијата на религијата тие се наречени стожерни општества, односно општества поделени по вертикала на католички, протестантски и секуларни. Историски гледано, овие држави претставуваат параметри за соживот. Системот ги уредува речиси сите аспекти на животот: училиштата, болниците, синдикатите, здруженијата на работодавачи, медиумите итн. Иманентната предодреденост како стожери и нивната недамнешна еволуција се менуваат во двете држави соодветно и многу различно од конфесионална гледна точка. И во двата случаја црквата и државата технички се одделени, но во ниту еден случај поделбата не е ригорозна, таа повеќе претставува заемно имплементирана независност, а истовремено и воспоставен договор за заемно почитување. Случајот на Холандија е посебно интересен што се однесува до тековната религиозна еволуција во Европа. За малку повеќе од една генерација холандското општество забележа пресврт на едно од најрелигиозните христијански општества во Западна Европа, во едно од најнерелигиозните. На почетокот системот на стожерност имаше улога на отпор кон секуларизацијата, но подоцна тој одведе во спротивна насока. Производот на оваа ситуација е сложен. Она што произлезе е општество со силно убедување на два начина, односно релативно високи нивоа на црковни практиканти, но исто така и на неверници. Интересно е тоа што скромна форма на рестожерност се случува сега повторно како кај муслиманите, така и кај поекстремните евангелисти, кои бараат место за нив во рамките на секуларизираното општество (Бауман, 2009:19).

Велика Британија претставува сложен случај, составен од четири различни нации, секоја со своја сопствена религиозна историја и уставно уредување. Англија има воспоставена Англиканска црква, Шкотска има нацилонална црква, која е

---

35 *Nordic Journal of Religion and society,* No 1, Volume 19 (2006).

калвинистичка, а Велс нема воспоставена црква и неговите историски, значајни, некомформистички конгрегации се испреплетени со лингвистички разноликости. Северна Ирска претставува најпроблематичен случај во Европската унија, нејзината раздорна религиозна историја останува сè уште неразрешена и покрај обновениот оптмизам кој произлезе од неодамнешните движења за поделабата на моќ имплементирани во 1998 во т.н. „Договор Великипеток“ („Договорот од Белфаст“). Спротивно на ова, Република Ирска практично е секуларна држава, а согласно Преамбулата на нејзиниот Устав, главно, е католичка. Во неа религиозните практикувања останувaат невообичаено високи во споредба со европскиот стандард, но драстично опаѓаат во последните (Мекгир, 2000: 241-260).

Германија исто така претставува случај кој се комплицира со реунификацијата на државата по 1989 година. Биконфенсионалноста на државата останува сепак не помалку важна од најзначајните карактеристики на германскиот религиозен живот, наспроти растот на процентот на оние со неконфенсионално убедување (делумно, но не и целосно) кои се дел од населението на поранешната Источна Германија и големиот број на муслимански заедници. Со категоријална терминологија, Германија се наоѓа на средишната позиција помеѓу земјите со државни цркви и земјите со сепарација помеѓу државата и црквата. Вајмарскиот устав од 1919 осигурува уставно обезбедена форма на соработка помеѓу црквата и државата, структурирана врз основа на три принципи: неутралност, толеранција и еднаквост. Ваквите принципи обезбедуваат слобода на религијата и се одразуваат како позитивно така и негативно. Односно, германскиот народ е слободен да следи или не религија по негов избор, а ова право е утврдено со акт исто како и верувањето. Австрија, исто така, зазема интермедијална позиција помеѓу сепарацијата и државаната црква. Таа се разликува од Германија во тоа што популацијата со терминологијата на номиналната припадност е со поголемо католичко мнозинство (Robbers, 1996: 31).

Франција е хибриден случај на различен начин. Таа е културен дел од католичка Европа, но многу послична со протестантскиот север во насока на религиозно практикување или модели на верување. Таа е држава од Западна Европа којашто ја олицетворува најстрогата форма на сепарација помеѓу црквата и државата. Француската држава е ригорозно секуларна или „laïquė.” Таа е устроена како неутрално место без привилигирана религија којашто во основа ја активира оваа

политика исклучувајќи расправа за религијата од сите државни инстиции, при тоа исклучувајќи го и образовниот систем. Тоа што Франција не ги прифаќа барањата на младите муслимански девојки коишто сакаат да носат фереџе во училиште претставува ограничување на овој систем во драстично променетата Европа. Швајцарија е целосно различна. Не само фактот што таа е конституирана од 26 независни кантони, туку и тоа што секоја од нив има посебно уредување што се однесува на релацијата црква-држава. Конфесионалните, но и лингвистички граници ги сечат кантоните и резултираат со многу комплексен, но ултимативно стабилен сет на проверувања и балансирања (Berger, 2009: 128).

Италија, Шпанија и Португалија остануваат цврсто католички што се однесува до културата. Присуството на папството во рамките на Италија, без сомнение, влијае врз еволуцијата на католицизмот во рамките на полуостровот, наспроти фактот дека италијанската држава беше конституирана во 1870 на сметка на привременета моќ на папата. Оттогаш односите се олеснати давајќи ѝ на католичката црква привилигирана позиција во италијанското општество, проследена со голем број на признати деноминации. Третата категорија ги вклучува муслиманите, мормоните и јеховините сведоци коишто фреквентно се побројни од многу признатите деноминации, а се исклучени од позначителни привилегии. Шпанскиот случај има поразлична историја од причина што рекреирањето на демократијата е релативно скорешно. Технички гледано, не постои државна црква во Шпанија, de facto католичката црква е привилигирана единствено поради нејзината доминација со припадници. Регионалната автономија останува значајно прашање во Шпанија што не останува без релевантност за статусот на црквата. Португалија, на многу начини слична со Шпанија, претставува пример за еквивалентност помеѓу теоретската еднаквост пред законот и соодветното привилигирано ниво на доминантна религија. Статусот конкордат на католичката црква сè уште постои во Португалија наспрема соодветната уставна реформа од 1970 година. Грција до неодамна претставуваше единствена православна земја во Европската унија, исклучок кој го потврди правилото. Грција секогаш претставува хибрид помеѓу Истокот и Западот. Сепак, таа стана член на Европската унија многу рано од практично политички причини. Во современа Грција православието е речиси идентично со грчкиот идентитет. Тоа е официјална религија на грчката држава која неизбежно, ако не и официјално, ги става во неповолна положба членовите на

малцинските религии, посебно другите христијански групи. Одбележувањето на големите празници и обредите на премин се универзални. Православието согласно неговата природа има повисок степен на разлики во себе од католицизмот, тоа е една од причините за неговиот релативен успех при менувањето на вредносниот состав (Davie, 2000: 19-20).

Желбата да се обезбеди поголема слобода за религизоно изразување неминовно одигра значаен дел во напорите на нациите од Централна Европа за да бидат подемократски и постабилни во годините кои следеа по колапсот на комунизмот, како ефективна политичка сила. Она што пред 1989 година се третираше како заедничка аспирација подоцна стана спорно, од причина што религиозните мнозинства сакаа да им наметнат на малцинствата права што тие неодамна ги воведоа за себе. (Barker,1997: 36). Исто така е тешко да се разјаснат политичките аспирации како на државата, така и на црквата во овој дел од Европа што се однесуваат за црковно-државното прашање per se. Во многу случаи уставите сами по себе се предмет на континуиран и раздорен политички притисок (Luxmoore, 1997: 19).

Балтичките држави покажуваат релативна стабилност во оваа насока. Естонија и Латвија го потврдуваат признавањето на лутерански цркви истовремено почитувајќи ја слободата на верувања. Латвија исто така има значајно регионално католичко малцинство, базирано на јужниот дел од државата. Двете држави имаат значителен број на руски заедници кои остануваат припадници на православната црква. Припадници од православните заедници кои живеат надвор од границите на своите национални држави се третирани како „проблематични“ од причина што се однесува на нивната наклонетост кон Москва или кон Константинопол. Литванската католичка црква е конзервативна сила во предоминантно католичка држава. Тука, како и во Латвија, централното прашање се однесува на уставната положбата на новите религиозни групи. Националните цркви се во фаза на опаѓање, во спротивност на другите историски, присутни религии и надворешни религиозни струења, односно секти од 19 век, како и нови религиозни движења. Границите на новите устави се нејасни поради таквите разлики и нејасноста за начинот за она што треба да го разграничи прифатливото од неприфатливото, односно признатото од непризнатото (Barker,1997:51).

Местото на римокатоличката црква во Полска во основа е тешко да се определи. Од една страна полската црква е најпривилегирана во овој дел од Европа со капацитет (по пет години преговарање) преку Конкордатот од февруари 1998 година, успешно да интервенира (иако честопати начинот не беше демократски) во водените расправи и да ја обезбеди сигурноста на финансиската ситуација од една страна; од друга страна, нејзината позиција во полското општество стана амбивалентна затоа што голем број на Полјаци започнаа да се откажуваат од неа поради црковното диспропорционално влијание. Малцинските групи, се потешко се справуваа со следењето на полските прашања и покрај законската толеранција, Полјаците продолжуваа да бидат изедначувани со католицизмот (Nowicka, 1997: 12).

Тековната ситуацијата на значително поразличните секуларизирани Унгарија и Република Чешка се движи во спротивна насока, затоа што црквата беше опфатена од законот, а состојбата рефлелктираше постојани расправии за имотот и финансиите, за образовните проблеми и за постоењето на помали религиозни заедници. Интеракцијата на етнитицитетот и религијата е значаен елемент во овој конекст Креирањето на независна и, главно, католичка Словачка во 1993 година става акцент на аспектите значајни за државата. Покрај неколкуте обиди да „ја смират" тешката ситуација на црквата, таа продолжуваше да се декларира себеси како „словачка" католичка црква – во која унгарските католици се слободни да добиваат соодветна свештеничка поддршка и покрај сознанието за словачкиот идентитет на црквата. Теоретски гледано, Словачка има сѐ повеќе предности од овој аспект и допринесува за религиозното обединување на земјата, а не етничкото (Tomka, 1997: 216).

Ова не може да се констатира за земјите на некогашна Југославија каде што експлозивните комплекси од етно-религиозната поделеност остануваат пасивни. Важно е да се прави разлика помеѓу модерно-стабилната, демократска и иако сѐ уште разединета Словенија, од една страна, и сѐ понестабилните елементи на далечниот југ, од друга страна. Во јужните делови на земјите на некогашна Југославија бројните и ранливи муслимански малцинства се далеку покомплициран фактор. Црковно - државните односи на Балканскиот Полуостров се многу поразлични во однос на оние од Западна Европа (Davie, 2000: 21).

# 4. ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

**Анализа на резултатите добиени од полуструктурираните интервјуа**

## 4.1. Интерпретација на ставовите на религиската елита во Република Македонија

1. ***Кој е вашиот поглед за улогата на системот на вредностите врз општествените промени во Република Македонија и Европската унија?***

Вредностите и нормите се аспектите кои го обликуваат човековото однесување коишто понатаму го дефинираат односот помеѓу она што е добро и она што е зло. Објективноста на вредностите е од суштинско значење, не треба определен став или мислење да ги моделира одговорноста и слободата на човекот. Напротив, човековите вредности постојат во нивната објективна конзистентност. Сепак, денес кога се говори за морален систем на вредности, не секогаш сите подразбираат исти вредности, но тие суштински и неизбежно како такви биваат дефинирани врз основа на базиларната антрополошка визија, забележуваат определени соговорници.

Во крајна инстанца системот на вредности сугерира сложеност во општествениот контекст и во извесна мера рефлектира врз актуелните збиднувања. Сепак, различните антропологии нудат различно толкување на моралот, различни, па дури и спротивставени вреднувања на вредностите. Според видувањето на едни, вредностите од другиот систем не вредат. Пример, додека од една страна, обидите да се воведе религиско образование наиде на силен отпор заради различната онтолошка, теолошка и антрополошка визија на светот и човекот, силни се обидите, а најверојатно и ќе се реализира, воведување на сексуално образование во училиштата. Последните денови, преку одредени медиуми, можеше да се забележи кампања поврзувајќи се со високиот број на абортуси кај малолетниците и токму затоа се смета дека сексуалното образование е неопходно. И додека едни абортусот го дефинираат како човекоубиство, за други станува збор само за непријатно и болно искуство, кое е подобро да се избегне, без некои посериозни морални консеквенции. Значи, имаме во едно исто општество (забележува парафразирано реномиран соговорник) различно вреднување на животот, па како резултат на тоа и конфронтација на различни морални видувања.

Ова различно вреднување, секако е изразено повеќе и помеѓу различните општествени констелации во Европа, а оди уште повеќе и подалеку од нејзината унифицираност. Така во однос на начинот на кој вредностите влијаат врз зачувувањето на општествениот систем и културата, генерално испитаниците на различните верски заедници условуваат дека различните морални вредности различно влијаат и на општествените системи и на културата. Зависно од тоа на кој начин, колку и како ја вреднуваат.

Испитаниците од редовите на различните религиски елити во Република Македонија (претставници на МПЦ-ОА, на ИВЗ, на Евангелско-Методистичката црква

итн.) културата ја согледуваат како духовен израз на човекот кој извира од внатрешната духовна структура, па и од изградениот морален систем. Во поглед на значењето на вредностите од аспект на социјализација и кулутрализација тие ја потенцираат вонвременската димензија. Еден од испитаниците истакна:

> *Вистинските вредности не познаваат време и немаат рок на траење, но определени вредности имаат потреба да бидат истакнати во различен временски и општествен контекст. Во основа, сепак, како најзначајна останува почитта т.е. почитта кон живот на другиот, почитта кон имот на другиот, почитта кон мислењето на другиот, кон личноста на другиот. Всушност, за наведеното потребна е едукација во сите форми и за сите возрасти.*

Во поглед на првото прашање за влијанието на вредносните промени врз определувањето на карактерот на општествените промени во современото европско општество, еден дел од интервјуираните испитаници кои и припаѓаат на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија смета дека вредностите, односно системот на вредностите исклучително влијае врз општествениот карактер. Аналогно на ова промените во иманентниот систем на вредности предизвикуваат и општествени промени. Од причина на глобални процеси на отворање и вредносно издигнување, содржината на вредностите станува сè посложена, а обемот на општествените промени е зголемен, интензитетот посилен и зачестен, а предвидливоста станува сè помала.

Што се однесува до одговорот на истото прашање на друг дел од интервјуираните испитаници кои и припаѓаат на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија за современото македонско општество, сметаат дека системот на вредности многу силно влијае на карактерот на општествените промени. Поради турбулентните промени во социо-културната сфера содржината на промените на вредносните системи е разновидна, обемот поширок, интензитетот засилен, а предвидливоста намалена. Всушност, испитаниците се поубедени во поглед на влијанието на вредносните промени врз определувањето на карактерот на општествените промени во современото македонско општество отколку во современото европско општество. Тоа главно се објаснува преку фактот што Република Македонија е релативно млада, самостојна, плурална демократија во споредба со традиционалните суверени европски држави.

Во прилог наведувам маркантен одговор кој заслужува да биде споменет од причина што директно посведочува за ставот на оваа група припадници на МПЦ -ОА:

> *Ние во православната црква имаме изградено таков систем на вредности којшто е во согласност со природата на човекот, со Светото писмо и Светото предание на Црквата. Секако, овој систем на вредности се поставува како коректор на општествениот систем на вредности, а со тоа и на општествените промени. Односно истиот оценува дали одредени промени се позитивни за човекот или, пак, не се.*

Одреден црковен великодостојник од редовите на Католичката Црква во Република Македонија смета дека системот на вредности е стожер на општествените односи. Истиот во корелација помеѓу општествените промени и системот на вредности воспоставува интерактивен однос. Понатаму посочува дека, партикуларно, секој поединец има свој систем на вредности и своја доминантна вредност, зависно токму од личната скала на вредностите што ја има изградено самостојно. Соговорникот го потенцира примарното значење на доминантната вредност. Она што е примарно за индивидуата укажува на нејзините карактеристики. Во овој редослед се дава примат или на материјалната или на духовната тенденција и аспирација. Забележува дека токму по ова луѓето се разликуваат помеѓу себе, а истото влијае на нивното поведение градејќи го нивниот материјалистички или продуховен став. Ние сме сведоци како поединци ги малтретираат своите најблиски само да дојдат до материјална корист, за овие луѓе метеријалното е врвна вредност. Според него моментот на доминантна вредност е многу значајна работа. Какви вредности се најважни за поединецот, таков поредок на вредностите поседува. Заклучува дека сѐ повеќе се значајни материјалните средства, што понатаму доведува до извесни реперкусии на генерално, општо хумано ниво. Луѓето и општествата во современието главно се расчовечуваат, се оттуѓуваат, стануваат поблиски до животните, само заради примарноста на материјалното. Оттука произлегува огромното значење на религијата, од причина што градејќи поредок на вредности, помага човекот да се ослободи од себељубието, од егоизмот, бидејќи корен на сите зла е себељубието, егоизмот и егоцентризмот. Потенцира дека религијата му помага на човекот да се ориентира кон љубовта спрема другите, да ги сака и да им помага. Вредносната скала претставена приближно на овој начин е централната проблематика со која се занимава религијата.

Припадниците на Исламската Верска Заеднца сметаат дека улогата на вредностите врз општествените промени не е на она ниво на кое таа би требало да биде. Воочуваат дека општествените промени, особено во светот на глобализациската култура, денес се одвиваат со секавична промена на брзината. Според ова заклучуваат дека денес е невозможно да се следат промените, а оѕобено истите да се опфатат со вредности. Ако промените сами не претставуваат вредности, тогаш се создава поделба меѓу промените и вредностите.

Припадниците на помалите верски заедници сметаат дека системот на вредности има голема улога врз општествените промени. Во тој контекст забележуваат разлика помеѓу она што некогаш било квалификувано како вредност, наспрема она што денес, генерално, се квалификува како вредност. Односно тие бележат промена при вредносното квалификување како резултат на општествените промени, кое во определени општестени сегменти има движење кон подобро, но во определени кон полошо. Воглавно, денес тие лоцираат во голема мера позитивно третирање на определени општествени аспекти коишто не така одамна имаа неетичка и неморална конотација.

***2. Кои се, според вас, вредностите што му даваат значење на она што е специфично и иманентно за Европската унија (религиски, семејни, егзистенцијални, трудови и/или др.), а кои на Република Македонија?***

Според соговорници со коишто разговаравме, што се однесува до прашањето за специфичните и иманентни вредности за Македонија, ја потенцираат неопходната потреба за истакнување на еден елемент што би требало да биде повеќе од значаен. Тој елемент е фактот дека Република Македонија претставува мешавина од разни етникуми и од разни религии. Во овој редослед, забележуваат дека би требало да се постави тежиштето врз градењето соживот, меѓусебно разбирање и меѓусебно помагање, а токму тука најмногу можат да ни помогнат заедничките елементи од религијата. Во овој контекст дел од соговорниците со христијанска вероисповед, но и дел со муслиманска вероисповед забележуваат дека помеѓу христијанството и исламот има многу заеднички елементи врз основа на коишто може да се заснова тој меѓусебен однос на дијалогичност.

Во однос на дијалогичноста како иманентна религиска вредност на Република Македонија, дел од елитните припадници на верските заедници смета дека би требало да се посвети големо влијание на информираноста на луѓето во поглед на религиските доктрини. Имено, забележуваат дека треба да се овозможи луѓето да бидат информирани, да ја запознаат не само својата туку и другата религија. Степенот на меѓусебното познавање, забележуваат дека сугерира позитивен интер-религиозен однос. Односно, колку повеќе вистински христијаните ќе се запознаат со исламот, а муслиманите со христјанството, толку помали ќе бидат предрасудите коишто секако се главната причина за сите недоразбирања, судири, спротивставувања и конфликти.

Приврзаниците кон овој став сметаат дека во Република Македонија сè уште големо влијание имаат религиските и семејните вредности кои се во функција на сочувување на традицијата. Сепак, забележуваат, не може да се заобиколи и да остане незабележано сè поинтензивното влијание од Запад. Во оваа насока, сметаат дека вредностите постојано варираат. Моментално, Република Македонија е во изразита економска криза (криза што секако се случува и во глобални рамки), па затоа дел од испитаниците тврдат дека егзистенцијалните проблеми со кои се соочуваат македонските граѓани се во континуирана експанзија што доведува до нарушување на поредокот, а со тоа до запоставување и опаѓање на сите други вредности.

Наспроти дискусијата за вредносниот систем во Република Македонија, соговорниците забележуваат појава на проблем и потешкотија да се говори за вредносен систем кој е иманентен или специфичен за Европската унија. Секоја земја, според соговорниците од религиозната елита, има свој белег и свои специфики. Пример, Италија е земја на ЕУ, но судот во Стразбур одлучи против италијанската влада во однос на поставување на религиски симболи во јавните установи. Образложението дека секоја земја треба самата да одлучува што го нарушува принципот на секуларна држава за Европскиот суд не беше доволно, како и тоа дека духовната и културната основа и историја на секоја европска земја е различна. Од друга страна, пак, потенцираат во насока на италијанскиот случај дека поедини ставови со секуларна и антирелигиозна насока се дефинираат како единствените чисто европски опции. Сепак, како крајно размислување, дел од припадниците на двете најголеми религиски заедници во државата (МПЦ-ОА и ИВЗ) истакнува дека од реализацијата и материјализацијата на вредностите произлегуваат демократските

права и слободи (праведност, еднаквост и рамноправност) врз коишто се гради демократијата, владеењето на правото и социјалната правда.

Елитни претставници на помалите заедници сметаат дека на комунитарно ниво се случува генерална промена. Ова доведува до ставање на религијата на најниско ниво, што доведува до опаѓање, па дури и губење на извесни вредности, како на пример семејните. Во врска со ова прашање, интервјуираните испитаници, коишто се дел од Католичката Црква во Република Македонија (КЦРМ), изложија мислење дека постои прилична тешкотија при издвојувањето и идентификувањето на оние вредности од корпусот (системот на вредности) коишто ја детерминираат перцепцијата на она што е специфично и иманентно во современото општество на Европската унија.

Типичноста на одговорот претставува задоволително ниво во однос на одговорите за современото европско општество, со оглед на неговата рознообразна структура. Тоа покажува дека испитаниците, кои се дел од религиската елита на Република Македонија, лоцираат извесна заедничка основа во поглед на специфичноста и иманентноста на Европската унија (како што е вреднувањето на основните човекови права и слободи). Овој факт е од исклучително значење и генерално ја потврдува основната теза на дисертацијата од причина што латентно доведува до поврзување на Европската конвенција за човекови права чијшто еден од круцијално значајните елементи е секако религијата. Имено, Конвенцијата е значаен и важечки инструмент за сите земји кои се нејзини потписнички.

Како карактеристични одговори на испитаниците кои се однесуваат на иманентните вредности на Европската унија ќе ги издвоиме следните:

> *Во преден план, на ниво на Унија, сметам дека се вредностите како: секуларизација, човекови права, заземање за сиромашните, но и маргинализирање на сиромаштијата, грижа за сопствената култура и независност, зачувување на околината, прашањето за достоинството на жената и децата, заштита на животот во сите негови облици и видици.*

> *Во минатото во однос на европскиот континен се евидентира дека „европското општество“ се темели и живее според вредностите на христијанството. Вредностите кои ги прокламираше христијанската доктрина го опфаќаа секој сегмент од духовното и општествено живеење на човекот. Но,*

*подоцна настана промена на ваквиот став на континентот, односно на она што денес политички се унифицира како Европска унија. Мислам дека денес се бега од оние вредности што човекот го означуваат како дел од кое било единство и се истакнуваат само оние што го тангираат како единка.*

За истото прашање во поглед на современото македонско општество, претставниците на религиската елита во Република Македонија одговориле дека вредности кои го карактеризираат она што е специфично и иманентно за Република Македонија е далеку поедноставно да го определат во споредба со оние што се однесува на Унијата. Како иманентни ги набројуваат посебно егзистенцијалните и традиционалните вредности.

*Во Република Македонија во поглед на вредносната скала, пред сѐ, доминираат човековите права и слободи, но паралелно со нив се егзистенцијалните вредности, интелектуалните вредности, етничките и религиозните. Секако, значајни се и напорите да се задржи и сочува традицијата и кохезијата на семејните вредности кои постепено еродираат од налетот на модерните надворешни трендови.*

**3. *Какво, според вас, е влијанието што религиските вредности го имаат во земјите-членки на Европската унија и во Република Македонија, како земја-кандидат, и кои културни обрасци произлегуваат од нивната реализација?***

Определени лица од религиските заедници со кои разговаравме во насока на дадената тема за разговор, а имаат различни религиозни определби претпочитаат, пред сѐ, да истакнат дека вредностите што ги нуди религијата се универзални вредности коишто важат и за Европската унија, и за Република Македонија, за секоја друга земја, за цел свет и за целото човештво. Не може да се одредувачки само за определен народ, или само за определена земја, или пак определен континент. Тие вредности што ги дава религијата се општочовечки вредности, имаат универзално значење и важат за секој човек било каде да се наоѓа.

*Ако би сакале повеќе да се ориентираме кон Македонија, тогаш би требало да знаеме дека Македонија е земја која меѓу првите влезе во христијанските води. Св. Павле во половината на првото столетие остварува контакти во Македонија и го проповеда Христовото во земјата. Тоа значи дека во Македонија религиозните вредности, посебно христијанските, треба да бидат нагласени и изразени. За жал, земјата помина 50 години атеистичко, комунистичко влијание, а тоа остави големи*

*последици врз луѓето и општеството. Сепак, моето искуство покажува дека луѓето во голем број останале посветени на религиозните вредности. Проблемот се состои во тоа што не се доволно поучени, не се доволно подготвени, им недостасува познавање на религијата.*

Во овој тек соговорниците забележуваат дека би требало во иднина во веронауката да се внесат елементи од универзалните религии и на тој начин да се создаде народно сплотување и зближување. Соговорниците потенцираат дека мора да живееме заедно и затоа многу е подобро заедно да градиме посреќна иднина. Од сите луѓе, без разлика на нивната религиозна определба, зависи дали сегашноста и иднината ќе бидат доволно среќни. Така соговорниците заклучуваат дека токму тука религијата може да помогне, односно да претставува одредница кон позитивното. Понатаму, според нив, неопходно е согледување и истакнување на оние елементи кои нè поврзуваат, а не на оние кои нè делат. Секако, заклучуваат дека е неопходно да се обидеме навистина да ја прифатиме суштината на секоја религија, т.е. „сакај го Господ со сето срце, а ближниот како себеси."

*Тој што го сака Господ вистински, тој ги сака и луѓето бидејќи во согласност со главната христијанска молитва „Оче наш" ние се поврзуваме вертикално со Бога како со свој татко, и хоризонтално со браќа и сестри. Токму тука е темелот врз кој можат да се градат меѓучовечките односи. Ако ние веруваме во ист татко, и веруваме дека сме сите браќа и сестри, тогаш мора нашето поведение да биде усогласено со таа наша верба. Ако некој каже оче, а не ги признава и почитува своите браќа и сестри, тогаш тој лаже. Тоа не е вистинска религиозност. Вистинска религиозност е да веруваш, почитуваш, да му се поклонуваш на Отецот, но на оној Отец кој е ист за сите нас. Ова значи дека брат на брат нема да му го прави она што не сака некој нему да му го прави. Така, ќе се обиде да му го прави на другиот тоа што сака другиот нему да му го прави, а тоа е основното религиозно правило. И доколку тоа го оствариме во својот живот, сме оствариле идеал. Од овој идеал нема ништо подобро и поубаво!.*

На третото прашање, испитаниците од МПЦ-ОА велат дека религиозните вредности и покрај секуларизацијата на европскиот континент имаат сè уште влијание што се одразува преку донесувањето на позитивни регулативи по однос на верските слободи на комунитарно ниво (иако партикуларно определени членки дивергираат).

Религиските вредности на комунитарно ниво имаат традиционално значење. Тие денес ги детерминираат демократските права и слободи.

> *Носењето на позитивните закони за верски слободи на земјите- членки од Европската унија зборува за влијанието на луѓето со религиски вредности. Впрочем, дел од земјите-членки на Европската унија посебно се залагаат да создадат чувстгво на заеднички вредности. Сепак, како ќе се постигне ова, ако не се прифати и земе предвид фактот дека традициски, најзначајниот културен фактор којшто ги образува вредностите на индивидуите и групите од секогаш бил религискиот живот и делување?.*

Во врска со истото прашање за современото македонско општество, испитаниците даваат далеку потипичен одговор што го потенцира тврдењето дека религиозните вредности имаат извонредно големо влијание во општеството на Република Македонија од причина што одат во интерактивна спрега со традицијата. Заедно со политичките вредности влијаат врз амбивалентниот карактер на општеството, најмногу поради сложените и противречни процеси и недефинираноста на социо-културниот контекст во минатото, но и во кој живееме денес, а пред сè транзицијата.

Во насока на ова прашање еден од испитаниците наведе цитат на папата Бенедикт XVI:

> *Кај македонскиот народ се многу впечатливи знаците на човекови и христијански вредности, втемелени во секојдневниот живот, како дел од ценетото духовно наследство и културата на Нацијата... Врз богатото христијанско наследство, граѓаните на Вашата земја ќе продолжат и понатаму да ја градат својата историја и својот духовен идентитет и со своето искуство би можеле да дадат придонес во конзорциумот на европските народи. Токму затоа навистина посакувам напорите на Вашата земја за членство во Европската унија да имаат позитивен исход, во услови на прифаќање на основните човекови права и должности и на меѓусебна почит на колективните инстанци и на традиционалните вредности на секој народ.*

4. ***Дали и во која мера бележите поврзаност помеѓу идентитетот воопшто (личен, етнички, социо-групен) и религиозноста во Европската унија и Република Македонија?***

Што се однесува до прашањето за идентитетот и религиозноста, соговорниците кои припаѓаат на различните религиски заедници во државата во изразито голем степен поаѓаат од личниот, индивидуален идентитет. Тие наведуваат дека идентитетот има повеќе елементи, а издвојуваат личен идентитет, национален, етнички, религиски и родов. При детерминирањето на идентитетот, во секој случај ја потенцираат неопходноста личноста да биде изградена, од причина што неформирана и неизградена личност нема вистински идентитет. На ова поле треба многу да се направи и да се работи во насока за да им се помогне на луѓето вистински да се формираат како личности, кои самостојно, индивидуално и независно размислуваат и не претставуваат личности кои живеат од реклами и пропаганда којашто им се нуди и наметнува. Човек е толку повеќе личност, идентичен со себе, има свој идентитет колку е посамостојана личност, колку повеќе сам ги проценува работите, сам ги согледува, и не е манипулиран од медиумите, политичарите и сите останати. Во овој контекст, истакнуваат одредени верски челници, идентитетот е многу значајна работа. Доколку индивидуата е само дел од масата со која некој игра, со која некој манипулира, тогаш нема свој идентитет како личност.

Идентитетот (личен, етнички, социо-групен) се поврзува со религиозноста преку индивидуалното формирање на религиозната личност. Поединецот се формира како самостојна личност која свесно и слободно се определува за избрани вредности коишто во основа се религиозни вредности. Соговорниците забележуваат дека тоа е всушност идентитетот, дека токму тука е големината на личноста. Во тој тек, дел од припадниците на религиозните заедници лоцираат придвижување на индивидуалниот идентитет кон формирање на религиозниот, кој во извесна мера е социо-групен идентитет.

Претставниците на христијанските заедници, претставници со муслиманска вероисповед, претставници на малите верски заедници, без разлика на кое хиерархиски црковно ниво се наоѓаат, сите ја истакнуваат цврстата поврзаноста на идентитетот и религиозноста. Интервјуираните испитаници ја определуваат религиозноста како првичен идентитет во однос на другите идентитети што се споменуваат, односно етничкиот и социо-групниот. Но, исто така некои од нив истакнуваат дека во определени ситуации и констелации религискиот идентитет се поврзува со сите други

наведени идентитети. Дел од соговорниците забележуват случаи на национална манипулација на религиозниот идентитет од политички побуди.

На ова прашање избраните испитаници од МПЦ-ОА одговориле дека религијата е неодвоив елемент од идентитетот на секој поединец без разлика на георгафската местоположба. Според нив таа придонесува за зајакнување на индивидуата, нејзино хоризонтално поврзување со човештвото и вертикално со Бога.

> *Можам да говорам единствено од аспект на Православната црква. Имено, идентитетот на личноста е неминовно поврзан со верата во Бога. Во однос на етничкиот идентитет православието не прави разлики по етнос или народност, сите пред Бога и за Бога се еднакви.*

Но, типизирано тие го потенцираат фактот дека религиската свест честопати е мотивирачки фактор како во културолошкото самодефинирање на луѓето, така и при градењето на конзистентноста на етичките групи. Соговорниците забележуваат случувања од овој вид посебно во Република Македонија, како дел од територијата на западен Балкан, каде што религијата во голема мера беше третирана како значаен политички фактор. Во оваа насока, генерално, се смета дека доколку самите религиски или етнички групи можат да моделираат дијалошки однос, тогаш тоа ќе резултира со голем придонес за стабилноста на нацијата, како и за стабилноста во иднина во поширок контекст, или во рамките на Унијата. Територијата на западен Балкан, а со тоа и на Македонија ѝ припаѓа на Европа, но не само физички, напротив ѝ културолошко-историски токму преку споделеното христијанско наследство, што влече директна поврзаност помеѓу идентитетот и религијата.

> *Во Македонија, во предмалку споменатата насока, сè уште религиите имаат влијание, иако сметам дека тоа со времето ќе се губи, токму поради силниот притисок на т.н. западен идентитет кој се обидува да постави нови вредности односно нов modus vivendi.*

Што се однесува до генералниот став на елитните припадници на религиските заедници за прашањето за поврзаноста на идентитетот со религиозноста на ниво на Европската унија, во голема мера потенцираат дека од причина што христијанството има одиграно огромна улога во поглед на цивилизациската конструкција на континентот, наведената релација и ден-денес на европско ниво остварува интерактивен однос. Интензитетот на ова влијание е различен во различните земји-

членки на Унијата, но сепак постои. Во случаите во кои не се остварува директна интеракција помеѓу религијата и идентитетот, поврзаноста се остварува преку други цивилизациски аспекти кои се прелеваат од една форма на друга, т.е. од еден аспект на идентитетот на друг.

### 5. *Дали Другоста се јавува како резултат на религиската припадност во Европската унија и во Република Македонија?*

За целите на истражувањето елитните претставници од религиските заедници со кои разговаравме го надоврзуваат прашањето за Другоста на прашањето за идентитетот. Тие напоменуваат дека идентитетот не може да се формира доколку поединецот не ја осознае разликата со Другите. Во овој тек разликата ја дефинираат на два начина:

1. разликите како пречки помеѓу луѓето, и
2. разликите како елемент на меѓусебно дополнување.

Потенцираат дека вистинската личност, која е добро формирана, разликите не ги прифаќа како пречки коишто ја конфронтираат со другите, туку како елементи што ги збогатуваат и едните и другите. Егоизмот го наведуваат како пречка во градењето на хармонични односи со Другите. Но, условно максимум добро се постигнува исклучително во согласност со Други(те), преку меѓусебно надополнување, давање свој придонес и преку истовремено примање од другите. Овие моменти ги наведуваат како клучни при создавањето на хармонија. Во тој контекст општеството би требало да биде устроено на начин што условно би избегнувал потиснување на определени Други, условно би избегнувал ограничување на определени Други, попречување, напротив би се овозможило развој на што е можно повеќе определени Други коишто ќе дадат свој придонес за општеството, за цела заедница. Во овој склоп, истакнуваат црковните лица, има работи што би морале многу да ги обмислуваат и политичарите, и другите соодветни на проблематиката, за да се избегне забавениот развој на општеството, за да се избегне присилниот заостанат развој, присилното уназадување, и да се даде придонес кон развојот бидејќи со својата вклученост, наместо исклученост, сите Други придонесуваат кон општественото збгатување.

Претставниците на ИВЗ со кои поразговаравме во главни црти, стојат до ставот дека Другоста не е само претпоставена одредница која извира од различната

религиска припадност. Таа воопшто е состојба на духот, иманентна на секој човек. На ова се надоврзува и ставот на значаен претставник од редовите на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија кој подвлекува: *Под поимот Другост јас подразбирам почитување на нееднаквиот со моите размислувања и почитување на Другоста на нееднаквоста со мојата верска (религиска) приопадност.*

Наспроти гледиштата елитните претставници на двете доминантни религиски заедници кои дејствуваат на територијата на Република Македонија, претставниците на помалите религиозни заедници убедени се дека Другоста е во секој сегмент поврзана со религиската припадност.

На поставеното прашање, испитаниците од МПЦ-ОА се произнеле во смисла на тоа дека религијата во рамки на Европската унија влијае врз дефинирањето на карактеристиките кои меѓусебно дивергираат како Други, односно Другост. Сепак, оваа тенденција во современото општество на Европа, но и пошироко, не е повеќе еднонасочна, таа влијае и се поврзува со други сегменти преку интеракција и повратно влијание на различните (Други) аспекти врз самите културни вредности, а со тоа и врз религиските.

> *Помеѓу останатото, Другоста е резултат и на религиската припадност. Ова е нормално и се случува секаде. Светот постои и треба да функционира како хармонија на Другости. Напротив, страшно е ако се движи во насока на еднообразие и едноличност.*

Кога станува збор за истото прашање, но за современото македонско општество, интервјуираните испитаници од МПЦ-ОА заземале став дека Другоста, иако, што е нормално, покрај од останатите извори потекнува и од религијата, при што повеќе влијае еднонасочно во смисла на почитување и прифаќање на нееднаквостите помеѓу религиските припадности.

> *Барем кај нас, сметам дека нема и не се случува таква поделеност сè додека има заемно почитување. Работите излегуваат од контрола и настанува поделеност во моментите кога едната страна ќе почне да го нарушува дигнитетот и мирот на другата страна. Тогаш настанува, покрај верската другост и национална другост, но со друга, нерелигиозна позадина.*

**6. *Во кои сегменти се одразува важноста на религиските вредности за постигнување и одржување на кохезијата во Република Македонија и хармонизацијата на правната легислатива на земјата со онаа на Европската унија?***

Елитните соговорници од МПЦ-ОА генерално религиските вредности ги третираат како морални и во таа насока, во изразено висока мера, истакнуваат дека се во согласност со постигнувањето и одржувањето на кохезијата во Република Македонија и хармонизација со легислативата на Европската унија. Важноста на религиските вредности ја лоцираат во тоа што тие се дел од:

> *...базиларните човекови права, без разлика за која земја станува збор или за која и да е религија и тие мораат да бидат третирани како такви...",* но и во *„заедничкиот соживот и градењето доверба меѓу црквите и верските заедници во Република Македонија преку дијалог.*

Свештени лица подвлекуваат дека без друго ако некој вистински е религиозен, тогаш тој е пријател на сите и делува во насока на кохезија и соживот што води до хармонизација на институционлно ниво, без разлика дали станува збор за Република Македонија, или некоја од земјите-членки на Унијата, или за Унијата во целост. Поединечно, доколку некој не е вистински религиозен или е фанатичен може да прави проблеми. Но, доколку е вистински религиозен, тоа значи вистински го сака Бога и вистински ги сака луѓето. Во таа насока поединецот може само позитивно да делува во односите помеѓу луѓето, да ја гради заедницата, а не ја растура, да го развива единството и да помага за зголемена кохезија и продлабочена соработка.

> *Преку моето искуство, информирање и читање сум добил впечаток дека колку се луѓето подуховно изразени, толку се поблиски и послични едни со други. Тоа е неверојатно, но јас сум сретнал духовно изградени луѓе во исалмот кај кои се забележуваат истите елементи што ги среќеваме кај духовно изградените луѓе во христијанството.*

Овој аргумент беше потенциран и од припадниците на Исламската Верска Заедница на Република Македонија. Всушност, овој аргумент ја апсорбира големата улога на религијата што се рефлектира преку нејзиниот удел при градењето на луѓето во позитивна насока. Истовремено, припадниците на ИВЗ подвлекуваат дека

религијата помага при воспоставувањето на односите помеѓу луѓето. Таа овозможува луѓето да бидат поблиски едни со други, да соработуваат и да се разбираат. Затоа религијата има огромно значење за кохезијата која поаѓајќи од индивидуално ниво, канализирајќи се и инструментализирајќи се во државно-институционалниот апарат може да услови и да доведе до генерална хармонизација. За жал, има социолози, политичари и државници, кои религијата ја гледаат само како бројка и воопшто не ги гледаат нејзините вистински вредности и нејзината вистинска улога, подвлекуваат дел од свештените лица на ИВЗ. Улогата на религијата не е единствено надворешна и не треба да се анализира единствено во насока на историјата на човештвото. Напротив, подвлекуваат соговорниците, дека е неопходен поглед на религијата во однос на нејзината внатрешна улога која го менува човекот од внатре и му помага да биде повеќе човек, да биде подобар и посреќен. Подвлекуваат дека внатрешната функција на религијата е да помага, да шири радост и задоволства, а не омраза, завист, љубомора, агресија, сепаратизам, деструкција и конфликти. Така, според црковните лица, религијата е нешто што е најзначајно во општеството и затоа треба да ѝ се овозможи непречено да го извршува нејзиното позитивно општествено влијание.

Припадник на ИВЗ доловува суштествен момент за истражувањето во моментот кога истакнува:

> *Важноста на религиските вредности за кохезијата на општеството може да дојде до израз само со нивната правична застапеност, т.е. религиските вредности иманентни на различните религии треба да се поставaт во правна смисла, на исто рамниште.*

Определени свештени лица имаат негативен став во однос на инкорпорирањето на религиозните вредности коишто се дел од културата во рамките на државната легислативна апаратура. Во таа насока потенцираат дека хармонизацијата со легислативата на Европската унија треба да се спроведува во доменот на правните, политичките, општествените, социјалните и економските сегменти. Навлегувањето, заради кохезија, во културолошките, во чии рамки спаѓаат верските сегменти, воопшто не е продуктивно и во духот на Европската унија. Ова гледиште, генерално, ја поддржува тезата за сепарацијата на државата од црквата, односно за државната секуларијација.

Припадник на помала религиозна заедница во Република Македонија забележува:

*Религиската припадност е индивидуална определба и никој не смее да биде спречуван во тоа. Тоа би требало да биде правно загарантирано и во Македонија. За жал, сè уште во Македонија постои нееднакво третирање на одредени малцински цркви во однос на мнозинската.*

Генерално, лицата со кои се дискутираше од сите религиски заедници и групи констатираат дека религиските вредности, кои се воедно и морални вредности, подеднакво влијаат на постигнувањето и одржувањето на кохезијата во Република Македонија и не постојат религиски вредности кои се против правната легислатива во земјата или уште помалку против одредбите на Европската унија. Детерминирачкиот сегмент во кој се одразува важноста на религиските вредности за постигнување и одржување на кохезијата во Република Македонија и хармонизацијата на правната легислатива во земјата со онаа на Европската унија се наоѓа во заедничкиот соживот и градењето доверба меѓу црквите и верските заедници во Република Македонија. Дијалогот е потенциран како решавачко средство кое е во функција на надминување на диверзитетите помеѓу индивидуите или групите кои имаат различни гледишта на една иста тема. Основна цел на дијалогот како општествено средство е да овозможи секоја од поединечните страни да учи од другата што ќе резултира со зголемени сознанија, промени и унапредување.

**7. *Дали регулирањето (со силни санкции или без) на религиските права влијае врз реализирањето на религиската слобода во Република Македонија и во Европската унија (или кај некои земји-членки)?***

Одредена група од соговорниците од верските заедници смета дека правото секогаш е нешто што ограничува. Тоа ја ограничува дејноста на верските заедници и цели да не дојде до меѓусебно спротивставување или да не се предизвикаат внатрешни судири. Но, потенцираат дека правото повеќе треба да се ориентира позитивно, а тоа значи не негативно-ограничувачки. Во оваа насока се истакнува дека легислативата треба да овозможи вистински права кои нема да го попречуваат верувањето со дополнителни рамки и ограничувања. Напротив, легислативата треба да има функција на поттик кој овозможува религијата да делува и да ја реализира својата внатрешна улога и мисија. Пример, во некои западни земји државата го согледува тоа големо

влијание на религијата и ѝ помага да основа и одржува едноставно училишта, детски градинки, старски домови. На овој начин, овозможувајќи религијата да може да влијае позитивно, црковните лица сметаат дека државата олеснува дел од нејзините обврски и работи. Од тие причини наведуваат дека државата им помага на определени религиски институции, каква што е хуманитарната организација *Харитас*, што значи братска љубов. Впрочем, државата ја стимулира хуманитарната организација да може да ги врши тие свои позитиви дејности, да се грижи за сираци, за децата на улица, за злоупотребени жени, на сите подрачја каде што е соодветно, односно државата и овозможува дејствие на религијата, односно на црквата, односно на верската заедница. Црковните лица сметаат дека кај нас во Македонија сè уште не е созреана религиската хуманитарна димензија, ниту кај државните органи ниту кај луѓето во насока на воочување на позитивната дејност на религијата и овозможување реализација на наведеното во поголема мера.

> *Недостигот во Република Македонија се состои во тоа што таа има етаблирана легислатива којашто има заштитна ориентација и не е позитивно-стимулативна во насока на поттикнување на единство помеѓу верските заедници за тие да ја реализираат својата позитивна улога. Тука би требало многу да се промени, но, јасно, за тоа треба време и созревање. Видете, најважен елемент за секоја личност е внатрешното созревање. Исто треба да важи за еден народ, за една држава, за една земја, насекаде се бара тоа постепено созревање коешто бара време. Нам ни е потребна надеж, но и ангажман за тоа созревње да се движи во позитивна насока, за да созреваат и луѓето како поединци, и семејствата, и народот, и религиските заедници, односно да се развиваат во позитивни елементи во општеството кои ќе дадат позитивен придонес во севкупната рамка.*

Во поглед на третманот на религиската слобода во Република Македонија наспроти истата во Унијата, елитните религиски лица сметаат дека сè уште не е постигнато нивото до кое што треба да се дојде. Причината за ваквата позиција на државата, велат дека е последица од минатото кое сè уште оптоварува. Сметаат дека минатото не поминало, туку дека живее во сегашноста и врши свое влијание во насока којашто делува делумно негативно и стагнирачки. Целата таа ориентација не е стимулативна и не оди во насока да и овозможи на религијата да ја изврши позитивната општествена функција, туку ја контролира, посматра, полемизира и ограничува до онаа мера до која што може. Ова, во условна мера, е извесна

деградација на државата, односно на легислативата во смисла дека сè уште се чувствува комунистичкото влијание и пристапот кој религијата ја третира како опиум, отров, односно како нешто што е штетно за народот итн. Црковните лица сметаат дека ова е реликт кој има многу тешки последици и дека неминовно треба да премине во едно заборавено минато затоа што комунизмот го одиграл своето на општествена сцена и се компромитирал на свој начин.

> *Тоа е веќе минато, но, за жал, кај нас тоа минато сè уште ги оптоварува меѓучовечките односи, а посебно односот помеѓу државата и религијата.*

Свештените лица со муслиманска вероисповед со кои разговаравме сметаат дека регулирањата на религиските права со силни санкции не влијаат врз реализирањето на религиската слобода во Република Македонија и во Европската унија, туку само ги активираат спротивните тенденции на самите вредности.

Црковните лица на малцинските верски заедници во однос на религиската слобода потенцираат дека во Република Македонија истата не е спроведувана со санкции. Сепак забележуваат дека потребно е да се работи поинтензивно во насока на укажување на еднаквост во поглед на религиската слобода за сите верски заедници, како и нејзино регулирање на истиот начин.

По однос на ова прашање, генерално, избраната елита од Македонската Православна Црква се изјасни позитивно. Сметаат дека преку регулирањето на религиските права, односно преку правилниот однос се влијае позитивно врз реализирањето на религиската слобода. Тие не би можеле да се реализираат ако не се регулираат. На овој начин се афирмира и подобрува меѓурелигиозниот соживот како во земјите-членки на Европската унија, така и во Република Македонија.

Во однос на Европската унија типичниот став дивергира, што се должи на факторот на исклучок на определени земји по однос на регулацијата.

> *Во Македонија постои нов Закон за верски заедници и религиозни групи и тој беше позитивно оценет од бројни меѓународни институции. Од друга страна, познато е дека дури и нерегистрираните религиозни групи непречено ги извршуваат сите функции. За споредба со земја-членка на Европската унија, пример во Грција, ниту една верска заедница не може да добие дозвола за градба на свое земјиште, доколку за тоа не се согласи и надлежниот православен епископ.*

**8.** ***Во која мера и дали воопшто, а со оглед на религиските книги (Библијата, Куранот, Талмудот итн.), толеранцијата може да се третира како религиска вредност во Република Македонија и во Европската унија?***

Свештените лица со кои разговаравме со христијанска вероисповед потенцираат дека што се однесува до Библијата, толеранцијата е изразена на многу места во текстот. Еден таков пример претставува добро познатата сентенца: *Сакај го ближниот свој како себеси...*

Сепак, дел од елитните религиски лица, генерално, толеранцијата ја третираат како нешто што има релативна вредност. Ја потенцираат етимологијата на зборот *толеранција* кој доаѓа од латинскиот збор *tolero, tolerare* што значи да поднесуваш некој, а тоа е нешто што има минимално значење. Истакнуваат дека поднесувањето на другиот најчесто е резултат на непостоење на друг начин на комуникација. Во тој контекст толеранцијата не ја третираат како идеал кон кој треба да се стремиме. Она што го дава религијата не е толеранција, туку вистинска љубов, односно да го сакаш другиот како себеси и да го посакуваш за другиот она што го сакаш за себе. Според овие соговорници единствениот начин е делувајќи и како личност, и како семејства, и како народ да се обидеш да делуваш позитивно, на начин на кој очекуваш да се делува кон тебе. Всушност, лоцираат дека овој аспект е духовно многу подлабок од толеранцијата.

Во прилог е наведен радикално негативен став на соговорник во однос на толеранцијата:

> *Толеранцијата е нужно зло! Толеранцијата произлегува од немај-каде, во неа нема идеал на општеството. Толеранцијата не ги решава меѓучовечките односи, ни меѓусемејните, ни меѓународните и сл. Толеранцијата е помалото зло од војна! Тоа не е добро, туку само помало зло!.*

Според елитните соговорници на Исламската Верска Заедница во Република Македонија, толеранцијата потекнува токму од религиските вредности. Дел од нив пак, ја потенцират како доминантна религиска вредност. Истакнуваат дека во исламот стрпливоста се смета за една форма на толеранција. Религиските вредности во глобала го намалуваат интензитетот на различните аспирации што се јавуваат кај човекот како резултат на психички и социјални состојби.

Според светите книги, велат црковните лица на малите религиски групи, секоја личност е божјо создание и така треба да се третира. Впрочем, истакнуваат дека неопходно е секој да биде почитуван без разлика на религиската припадност.

На осмото прашање, елитните религиски испитаници сублимирано произнесуваат став дека во современото европско општество толеранцијата, во голема мера може да се третира како религиска вредност. Типичноста се движи до мера на соживот и почитување на другиот. Така се потенцира фактот дека тоа што човештвото, државите во него, заедниците во државите и семејството во заедниците сѐ уште постојат е резултат благодарение на толерантните луѓе. Во оваа насока, елитните религиски испитаници потенцираат дека сите религии треба подеднакво да се вреднуваат. На сите им следи подеднакво право за слободно изразување и реализирање. Сепак, особено внимание треба да се посвети на разните иницијативи и активности кои ја злоупотребуваат религијата или верската заедница како форма.

Во ставовите слични на наведениот подолу се наоѓа отстапката кај елитните соговорници на МПЦ-ОА, но и од другите верски заедници (претежно христијански деноминации) од претходно наведениот генерално типизиран одговор.

*Лично никогаш не ми се допаѓал терминот толеранција, бидејќи самиот во себе подразбира дека треба да се трпи нешто што не е добро, што не би сакале да го има, нешто што би било подобро да не постои. Христијанските добродетели се верата, надежта и љубовта и низ призмата на љубовта треба да биде проткаена секоја религиска вредност. Понатаму, потребни се усилби за чекор понапред, односно љубов заснована не единствено на чувство, туку и на подготвеност за непристрасност, конкретна помош и поддршка. Сепак, во недостаток на љубов, толеранцијата е неопходна.*

**9. *Како го оценувате интензитетот на влијанието на религиската (не)толеранција врз интегративните процеси внатре во земјата (Република Македонија), но и на земјата во процесот на нејзината ацесија кон Европската унија?***

Во врска со деветото прашање, елитните соговорници од МПЦ-ОА изнесоа став дека во современото општество, генерално, се потенцира подвоеноста помеѓу толеранцијата општо како религиска вредност од една страна и религиската толеранција од друга, која претпоставува толеранција меѓу припадниците на различни

религии. Во контекстот на надворешната политика, односно за влијанието на религиската (не)толеранција врз интегративните процеси на земјата, соговорниците потенцираат дека МПЦ-ОА и ИВЗ барем засега внимаваат (дури и помагаат) да не ги попречат интегративните процеси кон ЕУ и НАТО.

Што се однесува до внатрешната ситуација во државата, претставници од МПЦ-ОА оценуваат дека неодамнешната историја во Македонија покажа колку религискиот фактор може на различен начин да влијае во различни поглавја од општествено-историската констелација. Оттаму ја извлекуваат потребата за поинтензивен меѓурелигиски дијалог, формирањето на Меѓурелигиски совет, бројни симпозиуми и конференции, како организираните во изминатите неколку години (меѓу кои и двете во Охрид во 2007 и 2010 година). Во оваа насока, истакнуваат дека не ретко Македонија е посочувана како позитивен пример за меѓурелигискиот дијалог (кој, сепак, е далеку од тоа да биде совршен).

Дел од црковните лица претпочитаат да истакнат дека толеранцијата е основна функционална општествена парадигма само еден определен период и само доколку нема подобра солуција. Потенцираат дека во ниту еден случај не смее да се делува единствено низ призмата на толеранцијата, од причина што ова ја пасивизира општествената атмосфера, а всушност неопходен е активен општествен ангажман, соработка, меѓусебно надополнување и меѓусебно помагање. Толеранцијата е доволно позитивна, но сепак е пасивна, додека поединецот е повикан да биде активен и да учествува во позитивни процеси во општеството, подвлекуваат генерално соговорниците во интервјуто.

Испитаните лица од свештените редови на религиските заедници во државата наведуваат дека попозитивна и поактивна општествена мерка што се презема, за разлика од толеранцијата е религискиот дијалог.

> *Во основа нема нерелигиска толеранција внатре во религијата. Религиската нетолеранција се јавува кога религиската свест се искривоколчува од надворешни влијанија коишто во основа имаат други намери, кои не се религиски, на пример, национални, економски и експлоататорски.*

Свештените припадници на малцинските религиски заедници во Република Македонија со кои разговаравме сметаат дека иако сè поретко, во последниве години,

сепак, религиската нетолеранција придонесува кон забавувањето на процесот на акцесија на Република Македонија кон Европската унија.

**10.** ***Кој е вашиот став за влијанието што религиозните идентитети го имаат врз степенот на религиско-групната и социо-групната кохезија во Република Македонија и Европската унија?***

Религиозниот идентитет, сметаат испитаниците, сигурно има свое влијание, но малку веројатно е дека влијанието на религиозните идентитети е од одлучувачко значење токму врз степенот на кохезијата како во Европската унија, така и во Република Македонија. Поедноставено кажано, ова влијание е умерено.

Сепак што се однесува до религиско-групната кохезија во современото општество на Европската унија, генерално, религиозните идентитети не остваруваат некое изразито значително влијание денес, наспроти споделеното религиско наследство во минатото кое се базира на христијанска основа. До некаде е слична ситуацијата и за влијанието на религиозните идентитети врз социо-групната кохезија во Европската унија што во определени прашања за определени држави покажува латентно, позасилено влијание денес.

Во рамките на Република Македонија религиско-групната кохезија во современото општество, генерално, оставрува извесно влијане и денес, но не со многу силен манифестен интензитет. Наспроти ова, главно е големото влијание што го поседува религиозниот идентитет на територијата на Република Македонија во минатото, кое се базира на поделеноста, генерално, на православни и муслимани. Всушност, ова практично значело национална поделеност. Денес религиозните идентитети влијаат врз социо-групната кохезија во Република Македонија. Понекогаш ова влијание е латентно и се реализира преку други, нерелигиозни, општествени аспекти, а е регулирано во согласност со правната легислатива на државата.

> *Религиозните идентитети не се регулираат заради некоја политичка ориентација на земјата, ниту заради обезбедување некакво посилно кохезиско средство, туку заради почитта и обврската на земјата кон сопствените граѓани и целта да им го обезбеди правото на слободно, религиозно изразување.*

Определени црковни лица во поглед на детерминирањето на религиозниот идентитет како религиозно-групен инсистираат истиот да биде дефиниран во позитивна смисла, што, според нив, значи: секој вистински да се декларира. Интерпретирано, подвлекуваат дека тоа значи еден католик треба да се обиде да биде што повеќе вистински католик, еден православен треба да се обиде да биде што повеќе вистински православен верник, а еден муслиман треба да се обиде да биде што повеќе вистински верник, а не единствено да се декларира како верник. Проблемот кај нас го лоцираат во тоа што многумина се нарекуваат верници, а во суштина немаат ништо верско и немаат усогласеност помеѓу својата практика, своето делување, својот живот и своето поведение со религијата. Според овие свештени лица да бидеш вистински верник значи да го усогласиш својот живот, своите зборови и своите постапки со тоа што го пропагира религијата. Систематизирано, целта што треба да се оствари е да се биде вистински католик, вистински православен верник, вистински муслиман, затоа што вистинскиот верник е многу близок со верници на другите религиски заедници.

Влијанието што религиозните идентитети го имаат врз степенот на религиско-групната и социо-групната кохезија во Европската унија и во Република Македонија доколку е позитивно, прифатливо е за религиските лица од сите религиски заедници кои беа вклучени во спроведените разговори, а доколку придонесува за нетолеранција и омраза, секако, е неприфатливо. Односно, доколку под „регулирање на религиозни идентитети“ и „влијание врз религиозни вредности“ се подразбира регулирање на религиозни права и влијание врз религиозни слободи, односно дека правилниот однос би влијаел позитивно врз потенцирање на вредностите, кои би го афирмирале и подобриле меѓурелигиозниот соживот, одговорот е секако афирмативно позитивен и во насока на позитивно оценување на принципите на регулирањето на религиозните идентитети.

Црковните лица од сите религиски заедници кои беа вклучени во спроведените разговори како мошне значајни за кохезијата во Република Македонија и нејзината хармонизација со Европската унија ги наведуваат религиските права, но прецизираат извесни лица дека моментално, нивното значење не е примарно.

Припадници со кои разговаравме од Факултетот за исламски науки, потенцираат дека кохезијата во мултиетничкото општество, какво што е нашето, во

голема мера зависи од религискиот идентитет. Стравот од тоа да не се изгуби религискиот идентитет го потенцираат како еден голем фактор при зачувувањето на кохезијата внатре во оппттеството. Овие лица потенцираат дека:

*Денес религијата не се смета за извор на културата, туку културата се смета како подрачје во која религијата делува.*

Генерализираниот став кој се однесува на тврдењето дека религискиот идентитет има многу силно влијание врз религиско-групната и социо-групната кохезија во Република Македонија и дека истиот е нераскинливо и длабоко поврзан со секој сегмент од животот, припаѓа на дел на свештената елита (со која беше разговарано) на малцинските религиски заедници во државата.

## 4.2. ЗАКЛУЧОК

Свештените лица коишто беа опфатени во интервјуто наменето за ова истражување, сеопштите вредности и норми ги третираат како аспектите кои го обликуваат човековото однесување и коишто понатаму го дефинираат односот помеѓу она што е добро и она што е зло. Тие ја потенцираат круцијалноста на објективноста на вредностите кои не подлежат на моделирачка инстанца. Иако човековите вредности постојат во нивната објективна конзистентност, денес, кога се говори за морален систем на вредности, не секогаш сите подразбираат исти вредности. Сепак, беше потенцирано дека вредностите суштински и неизбежно се дефинирани врз основа на базиларната антрополошка визија, односно на генералниот принцип добро-зло. Генерално, истакнуваат дека системот на вредности сугерира сложеност во општествениот контекст, кој во извесна мера се рефлектира врз актуелните збиднувања. Сепак, напоменуваат дека различните пристапи нудат различно толкување на моралот и различните вреднувања. Односно, додека едни абортусот го дефинираат како човекоубиство, за други станува збор само за непријатно и болно искуство, кое е подобро да се избегне без некои посериозни морални консеквенции.

Воопшто свештените испитаници од редовите на различните религиски заедници во Република Македонија (претставници на МПЦ-ОА, на ИВЗ, на Евангелско-Методистичката црква) културата ја дефинираат како духовен израз на човекот кој извира од внатрешната духовна структура и од изградениот морален систем. Во поглед на значењето на вредностите од аспект на социјализација и културализација, тие ја потенцираат вонвременската вредносна димензија. Како суштинска и основна вредност на различните религиозни доктрини, ја посочуваат почитта.

Во поглед на влијанието на вредносните промени врз определувањето на карактерот на општествените промени во современото европско општество, сметаат дека системот на вредностите исклучително влијае врз општествениот карактер, а промените во иманентниот систем на вредности предизвикуваат и општествени промени. Во современото македонско општество системот на вредности многу силно влијае на карактерот на општествените промени поради турбулентните промени во

социо-културната сфера и содржината на промените на вредносните системи е разновидна. Генерално, се наведува фрапантниот факт, кој сѐ повеќе го потенцира значењето на материјалните вредности, а ова понатаму доведува до извесни реперкусии на генерално, општо-хумано ниво. Воопшто, луѓето и општествата во современото време се оттуѓуваат заради примарноста на материјалното. Соговорниците наведуваат дека оттука произлегува огромното значење на религијата, од причина што го гради поредокот и му помага на човекот да се ориентира со љубов кон другите, да ги сака и да им помага. Вредносната скала, претставена на овој начин, заклучуваат дека е централната проблематика со која се занимаваат религиите генерално.

Во Република Македонија сѐ уште големо влијание имаат религиските и семејните вредности кои се во функција на сочувување на традицијата. Сепак, поради влијанието од Запад и овие вредности постојано варираат. Вредносен систем кој е иманентен или специфичен за Европската унија е само условен. Секоја земја има свој белег и свои специфики. Сепак, од реализацијата и материјализацијата на вредностите како во Унијата така и со Република Македонија, произлегуваат демократските права и слободи, праведност, еднаквост и рамноправност и врз нив се градат принципите на демократијата, на владеењето на правото и на социјалната правда. Современото европско општество, со оглед на неговата розноообразна структура забележува извесна заедничка основа во поглед на специфичноста и иманентноста на Европската унија, а пред сѐ е вреднувањето на основните човекови права и слободи. Овој факт е од исклучително значење и генерално ја потврдува основната теза на дисертацијата од причина што латентно доведува до поврзување на Европската конвенција за човекови права, чиј круцијално заштитен елемент е секако религијата, а истата е значаен и важечки инструмент за сите земји потписнички.

Соговорниците истакнуваат дека вредностите што ги нуди религијата се универзални вредности и имаат подеднакво значење за Европска унија и за Република Македонија. Потенцираат дека Македонија е земја која меѓу првите влегла во христијанските води, а св. Павле во половината на првото столетие го проповеда Христовото учење. Ова, според нив, укажува дека тука религиските вредности треба навистина да бидат нагласени и изразени. Истакнуваат дека 50-годишното атеистичко влијание остави големи последици, но сепак луѓето во голем број остануваат поврзани

со религиските вредности. Евидентираат недоволно познавање на религиската доктрина. Од тие причини, како и поради мултикултуралноста на земјата во идната веронаука, треба да се внесат елементи и од христијанството и од исламот како доминантни религии и на тој начин да се создаде внатрешно сплотување и зближување. Во овој контекст религијата во општеството според овие соговорници остварува интегративна и кохезивна функција.

Констатираат придвижување на индивидуалниот идентитет кон оформувањето на религиозниот социо-групен идентитет. Елитните црковни претставници на христијанските заедници, елитните црковни претставници со муслиманска вероисповед, елитните претставници на малите верски заедници, без разлика на хиерархиското црковно ниво ја истакнуваат цврстата поврзаност на идентитетот и религиозноста. Тие ја определуваат религиозноста како првичен идентитет во однос на етничкиот и социо-групниот. Но, исто така истакнуваат дека во определени ситуации и констелации, со цел религискиот идентитет да се одржи и да дојде до израз, се поврзува со сите други наведени идентитети.

Религиската свест честопати е мотивирачки фактор во културолошкото самодефинирање на луѓето или етичките групи на луѓето, посебно во Република Македонија, каде религијата во голема мера беше третирана како значаен политички фактор. Во оваа насока, генерално, се смета дека доколку самите религиски или етнички групи можат да моделираат дијалошки однос, тогаш тоа ќе резултира со голем придонес за стабилноста на нацијата, како и за стабилноста во иднината во поширок контекст, или во рамките на Унијата. Територијата на западен Балкан, а со тоа и Македонија ѝ припаѓа на Европа, но не само физички, напротив и културолошко-историски токму преку споделеното христијанско наследство, што влече директна поврзаност помеѓу идентитетот и религијата. На ниво на Европската унија, од причина што христијанството има одиграно огромна улога во поглед на цивилизациската конструкција на континентот, тоа и ден-денес остварува влијание. Интензитетот на ова влијание е различен во различните земји, но сепак постои и ако не се остварува преку религијата, тогаш се остварува преку други цивилизациски аспекти, кои се прелеваат од една форма на друга, т.е. од еден аспект на идентитетот на друг.

Расправата за Другоста се надоврзува на расправата за идентитетот, односно според нив, идентитетот не може да се формира доколку поединецот не ја осознае

разликата со Другите. Во тој контекст општеството би требало да биде устроено на начин што условно би избегнувал потиснување на определени Други. Ова би овозможило развој на што е можно повеќе Други ентитети коишто ќе дадат свој придонес за општеството и за цела заедница. Во овој склоп, елитните црковни претставници на религиските заедници наведуваат дека е неопходно многу општествени сегменти да бидат ревидирани од соодветните на проблематиката, со цел да се надмине како забавениот така и присилниот заостанат развој на општеството.

Сите религиски вредности, кои се воедно и морални вредности, подеднакво влијаат на постигнувањето и одржувањето на кохезијата на Република Македонија и не постојат вредности кои се против правната легислатива во земјата или уште помалку против одредбите на Европската унија. Детерминирачкиот сегмент во кој се одразува важноста на религиските вредности за постигнување и одржување на кохезијата во Република Македонија и хармонизацијата на правната легислатива во земјата со онаа на Европската унија се наоѓа во заедничкиот соживот и градењето доверба меѓу црквите и верските заедници во Република Македонија преку дијалог. Наведуваат дека легислативата треба да биде поттик за религијата да може да делува и да ја реализира својата внатрешна улога и мисија. Во некои западни земји државата го стимулира влијанието на религијата и ѝ помага да основа училишта, детски градинки и старски домови за да влијае позитивно. На овој начин државата ги олеснува нејзините должности. Истакнуваат дека во Македонија ситуацијата сè уште го нема достигнато ова ниво ниту во рамките на државните органи ниту во однос на индивидуалната свест. Преку умереното регулирање на религиските права се влијае позитивно врз реализирањето на религиската слобода. На овој начин се афирмира и подобрува меѓурелигиозниот соживот како во земјите-членки на Европската унија така и во Република Македонија. Сублимирано во современото европско општество толеранцијата, во голема мера, може да се третира како религиска вредност.

Што се однесува до религиско-групната кохезија во современото општество на Европската унија, генерално, религиозните идентитети не остваруваат изразено влијане денес, наспроти споделеното културно наследство во минатото кое се базира на христијанска основа. Донекаде е слична ситуацијата и за влијанието на религиозните идентитети врз социо-групната кохезија во Европската унија што во определени прашања за определени држави покажува латентно, позасилено влијание

денес. Во рамките на Република Македонија религиско-групната кохезија во современото општество, генерално, оставрува извесно влијане и денес, но не со многу силен манифестен интензитет. Наспроти ова, главно е големото влијание што го поседува религиозниот идентитет на територијата на Република Македонија во минатото, кое се базира на поделеноста, генерално, на православни и муслимани, што практично значело национална поделеност. Ситуацијата денес за влијанието на религиозните идентитети врз социо-групната кохезија во Република Македонија исто покажува латентно влијание преку други, нерелигиозни, општествени аспекти, а е регулирана согласно правната легислатива на државата. Религиозните права се препознаени од елитните соговорници на сите религиозни заедници, кои беа вклучени во спроведените разговори како мошне значајни за кохезијата во Република Македонија и нејзината хармонизација со Европската унија. Сепак, извесни лица прецизираат дека, иако, генерално, нивното значење не е примарно, кохезијата во мултиетничкото и мултирелигиозното општество во голема мера зависи од религискиот идентитет.

### 4.3. Интерпретација на ставовите на академската елита во Република Македонија

1. ***Кој е вашиот поглед за улогата на системот на вредностите врз општествените промени во Република Македонија и Еврорската унија?***

Академските припадници со кои разговаравме на зададените теми од интервјуто наменето за целите на истражувањето, во однос на првото прашање, генерално, изложија афирмативен став и за промените во современото европско општество и за современото македонско општество. Декларативно стои дека промената на вредностите може да влијае и врз промената на општеството, но и обратно. Во овој тек секогаш настанува меѓусебен однос. Заклучуваат дека доколку се случи спротивното, општествениот систем би имал репресивен карактер.

Дел од академските соговорници вредносните промени денес ги забележуваат во сите општествени сегменти започнувајќи од семејството и образованието до економијата и работните односи. Наведуваат дека од причина што овие промени се инсертирани со значително забрзување, неопределена насока и непрецизно траење, се условува општествената форма што ја има Република Македонија денес, или општественото уредување да не соодветствува или сè уште да не биде во состојба да се усогласи или хармонизира со општествените вредности. Според академските соговорници, кои се сериозни општествени познавачи, оваа кондиција претставува драстичен расчекор и затоа во определени општествени збиднувања се добива чувство на присилено спроведување. Во овој тек, испитаниците алудираат на државата која како олицетворение на општествениот систем на условно „различен“ начин ги носи промените со закони. Меѓутоа, наведуваат дека државата не може да ги следи овие пребрзо донесени промени соодветно со вредносниот систем затоа што тие не се интегрирани и сè уште не се прифатени од членовите на општествената заедница.

Соговорниците подвлекуваат дека вредностите се аспект на човековата егзистенција којашто најтешко се менува. Оваа егзистенцијална состојба опфаќа ориентации, цели и исходи од одредени општествени акции коишто се тесно поврзани за животните ориентации на луѓето, како и за одредени стратегии за развој на една

општествена група, па дури и на едно општество во целина. Поради тоа промените во системите на вредности укажуваат на општествените промени, во иста мера во којашто можат да влијаат на нив.

> *Системите на вредности се неопходни заради потребата на човекот да се ориентира и да се организира. Секако се врзани за идентитетот на определена општествена група од една страна, додека од друга страна се врзани за интеграцијата на таа општествена група. Оние коишто препознаваат меѓусебно блиски системи на вредности можат да комуницираат и да остваруваат интеракција од којашто произлегува одредена форма на акција или одредени други вредности. Во таа смисла општествените промени се препознаваат според оние вредности коишто стануваат доминантни. Од друга страна бидејќи вредностите тешко се менуваат, дел од тие вредности можат да бидат пречка или да бидат инспирација за тоа како понатаму може и треба да се развива општеството.*

Специфицирано, кога говорат за системот на морални вредности, академските соговорници определуваат дека истиот секогаш врши важна улога во општествениот развој. Овој развој особено доаѓа до израз кога се одвиваат процеси на порадикални општествени промени. Го потенцираат фактот дека системот на морални вредности е обележан од религиски/верски, традициски, етнички, културни и идеолошки параметри и идеали. Во истиот тој систем го пронаоѓаат и одразувањето на колективните концепти и значењето (разбирање) на слободата и правдата. Оттука произлегува ставот на определени соговорници, кои за овие промени сметаат дека се двигатели на такви процеси коишто условно можат да доведат до остварување на колективните соништа и стремежи. Во тој контекст, велат соговорниците дека се проектираат и индивидуалните стремежи и критериуми. Според нив во определени општествени ситуации доаѓа до вкрстување и совпаѓање на индивидуалните со колективните стремежи и морални параметри, а овие случаи условуваат поголема веројатност да дојде до промена и да се ангажира човечкиот фактор.

Група на академски испитаници, која е дел на малцинските заедници во Република Македонија, како по основ на етничка припадност така и по основ на религиозна афилијација, изрази свој определен спецификум во насока на давање апострофиран примат на духовниот аспект на вредностите, кој за овие соговорници

беше со значење верски, односно религиозен и истиот беше препознаен како типично традиционален.

*Вредноста е поим директно поврзан со духовниот систем на вселената, а како микрокосмос и со човекот. За една активност, без разлика дали е општествена или духовна, да се воздигне во вредност треба да поседува норми кои се морални, т.е. да не биде поврзна со минливите „против-вредности“ на светот, туку да е перенијална и да тежнее кон бесконечноста. Перенијалноста и бесконечноста е мудроста Божја и на човекот му е преставена преку неговите пратеници во историјата.*

На контекстуалното прашање, кои вредности ги сметате за ориентациони во поглед на социјализацијата и културализацијата, се повтори следниот одговор:

*Покореноста кон Возвишениот Господар, искреноста, праведноста, храброста, мудроста, љубовта кон Бога, а со тоа и кон сите луѓе!*

Посочената група во претходниот параграф генерализира и говори во космички рамки по основ на оваа тема на разговор, генерално, ги третира односите за системот на вредности и во рамките на современото општество на Европската унија и во рамките на современото општество на Република Македонија. Зборува за приматот на космички план. Сложеноста, како вредност е главна карактеристика на самиот човек, според нив. Сметаат дека системот на вредности го комплицира човековиот живот, но поради тоа што човековата душа е од сложен карактер, шаблонизираните прости дела ја усмртуваат неа, а со тоа и промената и прогресот во човековото општество.

*Вредностите го заштитуваат човекот и неговото општество од самоуништување. Доминантните вредносни системи ги дава Пророкот и преку нив Севишниот Бог ги поставува главните насоки на патот кон среќата и благосостојбата во светот. Доблеста, искреноста, праведноста, храброста и сличните вредности се чувари на праведното, доброто и убавото во овој свет. Токму овие три концепти се темели на општествените системи и на градењето на културата.*

Соговорници ја детерминираат цврстата поврзаноста на аксиологијата на индивидуата со нејзината онтологија. Според нив, двете дисциплини заедно се

манифестираат преку културата и цивилизацијата и затоа ја изразуваат својата цврста убеденост дека културата е под директно влијание на теоријата и праксата на вредности на одредено општество.

Заклучуваат дека системот на вредности сугерира сложеност во современиот општествен контекст. Преку прифаќањето, признавањето, респектирањето на сè што се подразбира под „Другиот", вредностите влијаат врз зачувувањето на општествениот систем и културата. Воопшто, во современото општество на Република Македонија, но и на ниво на современото комунитарно општество таргетната група декларира интерактивен однос.

**2. *Кои, според вас, се вредностите што му даваат значење на она што е специфично и иманентно за Европската унија (религиски, семејни, егзистенцијални, трудови и/или др.), а кои на Република Македонија?***

Интервјуираните академски соговорници сметаат дека вредностите коишто му даваат значење на она што е специфично и иманентно за Европската унија претставуваат синдром од сите вредности заедно (религиски, семејни, егзистенцијални, трудови и др.)

> *Не може едноставно да ги изолираме и анализираме семејните вредности независно од религиските вредности. Ова е резултат на тоа што во основата на моралноста, односно на етичките системи на вредности стојат религиските без оглед на тоа од која конфесија произлегуваат. Во овој контекст, Европа е премногу комплексна за да може да се третира како еден тип. Сепак, секаде, општо земено имаме или еден синдром на вредности или преплетување на подсистеми вредности, а при тоа некаде повеќе доминира религискиот елемент, а некаде истиот има помало значење.*

Определени лица од таргетираната група истакнуваат дека семејните вредности се подоминантни во општествата во коишто има повеќе социолошки преклопувања. Всушност, во мигрантските општества каде што има емигранти од различна структура и соодветно, со различен тип на вредности од доминантните. Во општествата од овој тип се создава тој вид на европски диспаритет или спротивставеност. Оваа спротивставеност најрадикално се изразува во однос на емигрантите со исламска или со некоја од источните религии, а партикуларно и со православните затоа што денес во современото општество на Европската унија

доминираат католиците, протестантите и лутераните во зависност од тоа за кој дел или држава на Европа станува збор. Испитаниците потенцираат дека европските вредносни системи повеќе се базираат на тој тип религиски вредносни системи (католички, протестантски и лутерански) и во тој контекст се третираат семејните вредности. Без оглед на тоа што тие се декларираат како секуларни општества во кои, главно религијата е надвор од државата, во секој случај бележат реално влијание во она што претставува интимен живот.

Таргетираните најчесто препознаваат дека во случајот со современа Европска унија доминантниот систем од вредности е врзан за такви општествени институции како што е *религијата и тоа најчесто христијанството. Меѓутоа, концептите на слободата, човековите права, рамноправноста, еднаквоста и односот кон еден тип на културно наследство, што го подразбира елементот на уметноста, како и елементот на развојот на интелектуалната мисла којашто во случајот на Европската унија се препознава како основен елемент за мерење на промена на вредносни системи и квалитетот на развојот на одредени култури се исто белези на Унијата. Се разбира, ова често го препознаваме како европоцентризам. Навистина, во ерата на глобализацијата се препознаваат некои од тие вредности пренесени во нашето општество преку т.н. западни културни вредности.*

Дел од соговорниците прецизира дека во рамките на Европската унија сè уште не постојат идентични референци за општествените и моралните вредности, па одат до таму дека дури постојат и извесни парадоксални ситуации и односи. Сепак постои силно изразена тенденција на унификација на системот на вредностите. Во овој контекст се: демократски уредените држави (иако паралелно се практикуваат и монархиски системи), секуларни држави (иако сè уште се случува државните и развојните политики во Европската унија да бидат под влијание на религиските системи, црковните институции и сл.), слобода на движењето (иако се лимитира движењето кон ЕУ за граѓани од држави кои не се членки на Европската унија било од Европа или од Азија и Африка), политики на мир и еднаквост (иако се поддржуваат и воени интервенции и се наоѓа морално покритие за тоа, најчесто во име на демократијата и на безбедноста којашто е култен параметар во западните демократии). Од наведеното сумираат дека произлегува т.н. мултикултурализам и мултилингвизам, иако во некои држави доминира домицилниот културен концепт.

*Европската унија преку своите политики во практиката (но, не декларативно) покажува двојни аршини. Тоа се огледа и во односот кон демократските практики или повредите на демократијата на балканските земји, патем кон практиките во балтичките земји и сл. Добро е што во Европската унија веќе се артикулира свест за негативните последици од радикализацијата на екстремниот мултикултурализам, на радикалната верска различност, односно другост. Добро е да се создава свест за ЛИНГВА ФРАНКА на европските простори и во некои други земји. Кога не постои заеднички јазик на разбирање, се губи интересот за обединување во една конфедерација или во една заедничка држава. Европската унија ја почитува јазичната особеност на членките и тоа ја прави демократска, но, од друга страна и нефункционална и скапа институција.*

Што се однесува до Република Македонија соговорниците лоцираат исчекор или повеќе преплетување на т.н. традиционални вредности во чијашто основа се и религиските, независно дали се христијански или муслимански. Наспроти традиционалниот тип вредности, соговорниците го поставуваат т.н. современ тип вредности. Овој современ начин на живеење, некои од нив го нарекуваат постмодерен тип којшто потекнува од условниот процес на глобализација и се инфилтрира во општествата преку медиумите и филмот. Всушност, вестернизацијата е реализација на таквиот тип на вредносни системи.

*Денес имаме расчекор помеѓу можностите, очекувањата и остварувањата на одреден тип на вредности кои повеќе зависат од економската благосостојба. Сепак, едно е она што се декларира, а сосема друго е она што е објективна стварност. Меѓутоа, јасно е дека денес повеќе се иницира потрошувачки тип на менталитет отколку создавачки. Според мене ова не е компатибилно со контекстот на традиционалните вредности. Не ги рангирам вредносните системи како повеќе значајни или помалку значајни затоа што во одредени сегменти сите си имаат определено значење.*

Дел од интервјуираните соговорници смета дека вредносната скала, не само што е генерално поместена на сметка на материја за сметка на идеја, на сметка за квантитет за сметка на квалитет, туку е и замаглена и речиси комплетно непровидна, односно нејасна. Проблемот го лоцираат во тоа што идеологијата денес го изгуби приматот во општеството. Ова е посебно истакнато во транзиционите општества, како што е

општеството на Република Македонија. Според некои од нив, идејата за материјалното денес воопшто не е јасна. Се јавува засилена тенденција за лична сигурност којашто нема јасна идеја на што би се базирала. Оваа сигурност треба да ја обезбеди некој надворешен фактор. Сметаат дека тоа е остатокот од оние нетрадиционални, туку „повратно-социјалистички вредности", тоа е остаток од времето на социјализмот. Сигурност што ја имале голем дел на генерации сè уште се пренесува како митологија, а ја чувствуваат како да и припаѓале и генераци по промената на општествениот систем, од 1989/90 година. Заклучуваат дека кај нас de facto поинаку се поставени нештата, а идејата сè уште ја лоцираат во доменот на социјализмот.

> *Општествената структура во Република Македонија не е искристализирана и затоа доминантна е улогата на политичкиот фактор и на политичките активности во секој сегмент на општеството.*

Генерализирано заземаат став дека во современото македонско општество имаме општествени промени коишто не ги следат соодветни вредности и затоа имаме расчекор помеѓу вредносните системи и општествените промени, односно општествената структура.

> *Во однос на рамките на македонскиот систем, јас во своите истражувања говорам за некој идеално-типски ситуации во коишто доминира традиционалниот систем на вредности, соцреалистичкиот и современиот тип на вредности. Во поново време се разбира и во рамките на македонскиот систем се менуваат односите. Впрочем, ориентациите се организираат околу современиот тип на вредности, најчесто пренесени од Западот. Оние елементи што се останати од традицијата се нешто што е исто така врзано за потребата на современиот човек за заштита, односно самозаштита во смисла на сегментирање во некакви, навидум конзервтивни вредности коишто по дефиниција во историјата се врзани за интеграцијата. Такви се религиските, семејните, но и друг тип на хуманистички вредности, а тие се врзани за човековите права. Посебно значење се посветува на слободата на човекот и во тој сегмент можеме да ги препознаеме како идеолошки параметри врзани за соцреалистичкиот контекст, но веќе ставени во една друга димензија, во една друга перспектива без идеолошката подлога (да речеме на марксизмот).*

> *Современиот систем на вредности помалку вулгаризирано се третира низ ориентацијата на т.н. материјални вредности. Односно, идејата која ја поставува*

*либералната демократија којашто го овозможува функционирањето и слободниот пазар.*

Според оваа елита, идејата на самоиницијативноста, идејата на претпочитањето на индивидуалноста, односно индивидуализмот останува во современото македонско општество сè уште во контекст на оттуѓувањето. Неопходно е да се балансираат колектиивните вредности и потреби за интеграција со индивидуализмот, аспекти кои сè уште се во расчекор во нашето општество. Сè уште се подразбира некаков тип на оттуѓеност од општеството, неинтегрираност, маргинализираност и исклученост на одреден тип на општествени групи, посебно со оглед на огромната разлика помеѓу веќе некласните разлики, туку на разликите на сиромаштијата и богатството на различните општествени, социо-општествени и социо-културни контексти.

Некои од интервјуираните лица го потенцираат фактот дека многу иманенти карактеристики на традиционална Македонија, онаква каква што ја познаваме до 2001 година денес се секундарни, а дури и сосема потиснати. Имено, констатираат дека денес не се цитираат и користат ни како вредносни параметри ни како развојни цели. Во таа смисла, сметаат дека имицот на Македонија како лулка на православието се повеќе е дерогирана со конкретните практики по однос на религијата. Од наведените причини велат тешко може да се зборува за иманентни вредности, а повеќе за прагматични и реални.

*Добро е што во Македонија се почитуваат различните вероисповести, но симптоматично е тоа што во практикувањето се воведува на преден план бинационалниот концепт и биконфесионалниот. Она што го обележува традиционалнипот дел на македонското општество е толеранција на верските и етничките другости, но од друга страна се допушта пробивање на некои порадикални исламски матрици кај коишто толеранцијата е туѓ поим и не постои како морална и општествена вредност. Така доаѓа до потемелна ревизија на наследените вредности со некои нови верски и политички конструкти.*

**3. *Какво, според вас е влијанието што религиските вредности го имаат во земјите членки на Европската унија и во Република Македонија, како земја кандидат, и кои културни обрасци произлегуваат од нивната реализација?***

Според академската елита со која разговаравме на дадената тема за разговор, генерално, се утврдува гледиштето дека религиските вредности во земјите-членки на Европската унија се вградени во кодот на однесувањето и во светогледот на секој поединец. Истите имаат долга традиција во системот и претставуваат нешто што се подразбира како вредност сама по себе.

Определени лица сметаат дека хетерогената структура на Европската унија не остава простор да можеме да зборуваме унифицирано за неа. Истите наведуваат секуларни држави, а од друга страна зборуваат за Финска или Данска каде што има државни религии. Од друга страна го поставуваат влијанието на католичката црква од Рим. Тука ја споменуваат Ирска, која е мешана и во којашто религиското убедување предизвика расцеп на ирската нација помеѓу протестантите и католиците.

Интересен агол за анализа на религиски вредности во современите општества на земјите-членки на Европската унија нудат доселениците, кои практично, според соговорниците, се гетоизираат. Посебно, интересна, според нив, во тој контекст е Велика Британија. Таму е многу јасна општествената структура и за домашните, а доселениците се претопуваат во зависност од тоа каде ќе припаѓаат и многу тешко се минуваат тие класни бариери. Од друга страна, наведуваат дека доселениците, односно работниците мигранти, а посебно Турците во Германија ги има околу 8 милиони, а истите и по три генерации и повеќе остануваат во гето. Во овој тек постојат различни пристапи. Наведуваат дека Франција изврши депортација на Ромите иако причините не беа директно религиски и дефинитивно можат да се гледаат како вредности против отвореноста и слободата на движење во Унијата, иако Франција наоѓа законско оправдување. Забележуваат дека ова укажува на фактот дека секаде има начин што условува приспособување на сопствените интереси.

> *Имигрантите во семејната атмосфера можат да ги негуваат нивните семејни вредности. Наспроти ова Франција ги забрани муслиманските симболи во училиштата. Швајцарија забрани да има минариња. Ова не претставува прилагодување, тоа сепак е реакција на некој начин за оние коишто доаѓаат да се принудат да се прилагодат на условите коишто ги затекнуваат. Тоа е пораката што ја даваат и Унијата и државите. Тие признаваат дека во основата на нивната Унија покрај античкото наследство, доминантно е христијанството, односно*

*католицизмот, без разлика дали станува збор за Шпанија, Италија, Португалија, Франција или пак Полска и другите балтички земји.*

Академските соговорници истакнуваат на преден план дека во современото македонско општество државата е секуларна, односно одделена од црквата, меѓутоа црквата сепак има одредено влијание во општеството. Влијанието што го остваруваат религиските вредности во Република Македонија не е од сегашноста и датира многу поодамна.

Според овие испитаници во Република Македонија религиските вредности се ставени во контекст на сочувувањето на традицијата и препознавањето на идентитетот којшто следи историски. Од друга појдовна точка, религиските вредности се неопходни заради тоа што во определени егзистенцијални ситуации се соочуваме со немилосрдноста на пазарната економија, на пазарната логика и со неконсеквентноста на елементите на политичката организација на општеството којашто сè уште, и без оглед на играта на демократијата, функционира хиерархиски и од гледна точка на субординација на вредности.

*Кај нас сега е актуелно прашањето околу Македонците-муслимани: торбешите. Односно, дали тоа е посебен етнички идентитет или не? Тоа е факт врзан со религијта. Од друга страна, што се однесува до Исламската Заедница на Република Македонија очигледен е процес на опонизација. Во неодамнешно интрвју челникот на исламската религигија на некоја од телевизиите до себе имаше огромно албанско знаме и само мало на исламската религија, факт којшто не е во духот на вредностите на исламот. Значи, каква е потребата да стои државно, односно етничко знаме покрај религиското.? Челникот на Исламската Верска Заедница на Република Македонија е религиски и духовен водач и треба да се држи до религиските, а не до политичките вредности. Тоа со симболот не е ништо случајно, туку се укажува на еднаквост помеѓу исламот и Албанците, во смисла на влијание на Исламската Заедница врз сите оние што се муслимани и намерата тие да се инкорпорираат во албанското тело.*

Според дел од соговорниците во Република Македонија, генерално, за жал, религиските вредности се користат во политички цели (*Православието е многу влијателно, особено за време на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ-* наведува еден од

интервјуираните), додека пак Унијата, односно нејзиното современо комунитарно општество е во крајна линија секуларно.

Одредени религиозни вредности се инфилтрирани во европскиот начин на живеење и тие директно влијаат врз начинот на живеење во некои земји, додека пак, смета дел од испитаниците, одредени духовни вредности не се присутни во тие земји, па затоа и во нив се соочуваме со одредена доза на егоизам, хедонистичко однесување и постапување само по правни норми. Според истите, во Македонија религијата и теологијата не се сериозно сфатени од страна на државата и владата. Односот кон религијата и теологијата е само во манифестивна смисла, а ова создава безредие и хаос помеѓу суштината и формата.

> *De facto религистките вредности играат многу мала улога во земјите на ЕУ бидејќи концептот е секуларен, т.е. настанува маргинализирање или екскомуникација на религијата од општествениот јавен живот. Во Македонија е во тренд една сурова христијанизација на јавниот простор (крстови на секој чекор, свештеници на камен темелници, христијански елементи доминантни во туристички прирачници). Од друга страна кај исламската вероисповест духовната страна е многу појака (емпириските истражувања го покажуваат ова), има многу повеќе верници кои ја практикуваат ритуалната димензија на верата.*

**4.** ***Дали и во која мера бележите поврзаност помеѓу идентитетот воопшто (личен, етнички, социо-групен) и религиозноста во Република Македонија и во Европската унија?***

Соговорниците од академската средина во Република Македонија, генерално, констатира дека религиските вредности и во државата, но и во Европа најмногу се поврзани со прашањата коишто се однесуваат на идентитетот. Според нив, од гледна точка на идеологијата на граѓанското општество, колективните идентитети се поделени на етнички (националните) и религиски идентитети, додека од гледна точка на индивидуализмот, овие два аспекта на колективниот идентитет се во колизија. Таа колизија, односно тоа двојство потенцираат дека ги предизвикува идеите за продлабочувањето на Другоста и потребата за субординација на општествени вредности, на различен тип на општествени вредности, наспроти прокламираната декларирана тенденција за надминување на различностите од гледна точка на нивната вклученост и нивната можност за решавање на основни општествени прашања.

Потенцираат дека наведеното се случува колку во современото општество на Република Македонија толку и во современото општество на Европската унија, и тоа во најсериозни земји-членки за коишто се смета дека се и политички и економски едни од највлијателните и коишто се сметаат за дел од најразвиените земји.

*Прашањето на културните и на општествените разлики не претставува проблем со тенденција да предизвикува конфликти. Но, за жал, ова прашање се инструментализира. Односно, инструментализацијата на тие разлики и потребата за затворање во одредени идентитети, како и нагласената тенденција тие идентитети да бидат решавачки при димензионирањето и балансирањето на општествената интеракција, го создаваат проблемот, а не самите разлики по себе со коишто човештвото живее од секогаш. Се разбира, голема улога тука играат институциите, религиозните институции во случајот, но и институциите на системот, државни и политички во чиишто агенди влегува нешто што значи штитење на одредени интереси коишто претпоставуваат задржување на центрите на моќ.*

Таргетираните забележуваат дека не секаде релоигиозниот идентитет се смета како доминантен во групата помеѓу личниот, етничкиот и социо-групниот идентитет. Некаде тие меѓусебно се надополнуваат, некаде релоигиозниот идентитет е во функција да засили некој од посочените идентитети, а некаде ослабува друг идентитет.

*Според наодите на истражување спроведено во 1997 година, Албанците повеќе се идентификуваа со исламот 51 %, а 49% со етничката припадност. Значи етничкиот идентитет беше поизразен кај помал дел на Албанци отколку религискиот идентитет. Јас верувам дека не постојат повеќе групни идентитети. Тука доаѓа до мешање на општествената улога и општествениот статус којшто е во рамките на идентитетот. Постои личен идентитет, а потоа т.н. групен идентитет којшто најчесто е врзан за етничката група како еден продолжеток на серијата. Во тој контекст, религијата е повеќе поглед на свет којшто учествува во начинот на организирњето на животот на групата. Во овој тек и државјанството не претставува идентитет. Државјанството е само општествен статус. Тоа е потврда, јас можам да тврдам дека сум Македонец по етничка припадност, но ништо не можам да докажам доколку немам потврда за тоа. Подоцна може да тврдам дека сум нешто друго по етничка припадност. Тоа е процес. Постојат случаи кога луѓето не се задоволни од позицијата на етничката група, па сакаат да отстапат, јавно да не го покажат, да го скријат, сакаат да бидат нешто друго. Пример, Ромите со*

*бегалската криза во Германија. Еден дел сакаа да бидат посебна група во Германија, да имаат посебен статус, да бидат Роми-бегалци, па да примаат надомест, друг дел не сакаа да бидат Роми, сакаа да бидат Германци.*

Сепак значителен дел од оваа група интервјуирани соговорници ја апострофира врската помеѓу личниот и колективниот идентитет од една страна и религиозноста од друга. Оваа врска подвлекува дека е неспорна иако не функционира во класична смисла, односно не е автоматска. Кога говорат за Република Македонија потенцираат дека по автоматизам да се биде Македонец значи и да се биде муслиман, православен, католик, односно личниот религиозен или дури групниот религиозен идентитет не условува директно специфициран, личен или социо-групен идентитет.

*Постојат Македонци со православна вероисповест, Македонци муслимани, но и Македонци кои се протестанти и сл. Сите тие ја сочинуваат македонската национална матрица, ентитет, стварност и не би требало да се двојат поради верската припадност. Од друга страна општеството може да има интелектуални, црковни и други модуси на влијание со што ќе се стави под контрола симптоматичното конвертирање на македонските христијани во други вероисповести во рамки на современа Р. Македонија.*

Во однос на меѓусебната поврзаност помеѓу идентитетот воопшто и религиозноста, дел на оваа елита го потенцира тврдењето дека религијата е столб на идентитетот којшто е важен и неоспорен дел на колективното его и на колективните репрезенти. Определени лица од оваа група држат до ставот што не отстапува од убедувањето дека без религиознонoст нема реален идентетит. Ова гледиште е поткрепено од група млади истражувачи (доктори на науки од областа на општествените науки) кои за целите на интервјуто се изјаснија како муслимански верници со албанска етничка припадност.

*Човекот е составен од дух и тело и неговиот правилен идентитет е вреднување и на едното и на другото. Па затоа и религијата како храна на духот го сочинува идентитетот на човекот барем 50%. Овој став не се огледува само на онтологијата, туку и во културолошка и цивилизациска насока. Културната антропологија на човекот е најдобро огледало на влијанието на духот и религијата врз градењето на идентитетот на човекот.*

**5. *Дали Другоста се јавува како резултат на религиската припадност (во Република Македонија и во Европската унија)?***

Согласно со произнесеното од испитаните припадници на македонската академска елита, Другоста се јавува како резултат на религиската припадност во секој општествен сегмент во современите општествени констелации и на комунитарно рамниште и во Република Македонија. Во општеството, потенцираат соговорниците, постои индивидуална, т.е. лична подвоеност врз основа на произнесувањето на верското убедување и церемонијалните аспекти, кои последователно произлегуваат во смисла на начини на убедување, однесување, празнување коишто во крајна инстанца резултираат со извесни Разноликости, т.е. Другости. Разноликоста според нив постои и во институцијата која ги собира верниците. Минарето, џамијата, оџата ги повикува верниците на молитва, а во црквата камбанаријата, попот. Всушност, начинот на кој што генерално се организирани упатува на Другост. Таква манифестација на разлики лоцираат во начинот на облекувањето на некои жени (пр. кај традиционлните исламски вернички коишто носат шамија, фереџе, бурха). Во современото време, генерално, соговорниците забележуваат дека младите се модерни, односно дека настанува прилагодување на религиозноста во соогласност со современиот начин на живеење. Тоа го согледуваат и во социјалните односи. Најмногу во брачните односи доминира бариерата врз религиозна основа, а со не многу силен интензитет и во пријателските. Сепак, што се однесува до брачните односи, општествените познавачи констатираат дека главно сите религии се затворени.

Реномираните академски соговорници на темата за разговор што се однесува на третманот на Другоста базиран на религија често пристапуваа со посредство на ланецот идентитети. Од една страна најчесто беше поставен персоналниот идентитет, наспроти кој беше поставен колективниот идентитет, односно идентитети. Интересен момент е што оваа група круцијалниот тематски јазол на прашањето за Другоста го лоцира при интерференцирањето на Другите, Различни идентитети во моменти на компонирање, односно етаблирање на извесен, но определен колективен идентитет. Овие јазолни моменти се всушност тие т.н. Други и од нив определени сегменти, аспекти и ентитети понатаму се третирани како доминантни или маргинални.

*Ако навистина е важен индивидуалниот идентитет, и ако навистина го третираме како една условна група на вредности или определби коишто не мора сите*

*други идентитети да ги исклучуваат, но на начин којшто овозможува едно вистинско самоостварување и слобода на избор е едно прашање. Меѓутоа, притисокот на јавноста, на колективот, идејата за „ние“ каква и да е, е нешто што очигледно не дава да размислуваме за сите други идентитети подеднакво. Индивидуалниот идентитет не претставува пречка за Другоста, колку што тоа го претставува наметнувањето на идејата за колективните идентитети и нивното дефинирање на идентитетот воопшто. Наспроти ова, неоспорно е дека сите ние играме одредени општествени улоги, имаме одредени општествени статуси коишто во сите аспекти на животот не се еднакви и немаат еднаков престиж и не подразбираат еднакво место на скалилото на хиерархијата на општествените положби. Сепак, индивидуализмот сѐ уште го третираме како аспект на отуѓувањето. Односно, сѐ што несоодветствува и излегува надвор од границите на сите други идентитети потпаѓа под некаква осуда. Тие индивидуи кои се носители на наведените идентитети најчесто се маргинализирани во општеството.*

Во тој контекст, генерално, таргетираните претпочитаат да потенцираат дека тоталитарните општества најчесто инсистираат на колективните идентитети. Ова тврдење потенцираат дека претставува непобитен факт посочен од историјата во помала или поголема мерка. Во оваа насока повторно се потенцира дека религиските вредносни разлики не се само фактор за интеграција, напротив некогаш се и фактор за дезинтеграција. Во овој тек под прашање се става и степенот на нивната компетентност да интегрираат внатре во групата поради можноста за слободен избор што се ограничува во тој случај. Сепак, во крајна линија е подвлечено дека во интеракцијата помеѓу различните општествени групи настанува проблем, т.е. се репродуцира непријателството помеѓу општествените групи. Дел од соговорниците оценуваат дека ова непријателство оди дотаму што ја задира и идејата за насилност во однос на она што вообичаено го нарекуваме Другост. Истата оваа група го преферира приодот наречен Различност затоа што според нив, Другоста веќе подразбира нешто што значи отфрлање. Ако идентитетот значи прифаќање, тогаш Другоста значи отфрлање. Таа Различност во овој редослед треба да е причина за развој. Развојот на вредностите и различните начини на коишто се реагира на одредени општествени појави е селектирана согласно со колективните идентитети, а не согласно со одредена позиција и одредена слобода на избор којашто во едно глобално современо општество било на комунитарно ниво, на ниво на земји-членки на Унијата или на ниво на Република Македонија мора да биде унапредувана. Претходно наведеното подразбира

дека нашата љубопитност за пристапот на Другите (кои претставуваат еден затворен круг) кон решавањето на својот статус, својата егзистенција и својот поглед на свет може да биде инспиративно за развојот на општеството.

Во однос на концепирањето и третирањето на Другоста во рамките на современото македонско општествено воспоставување се потенцира генералната реална подвоеност помеѓу доминантниот етнички, малцински фактор во државата - албанскиот, и доминантниот конститутивен, државен фактор - македонскиот. Во овој тек академските лица и со македонска етничка припадност, но и со албанска ја потенцираат едните за другите наведената Различност. Разликата помеѓу овие две групи поставени на овој начин е во тоа што, генерално, таргетираниот македонски академски фактор при третирањето на Различноста примат дава на етничка, политичка, јазична и стратификациона предиспозиција, додека, генерално, таргетираниот албански академски фактор при третирањето на Различноста примат дава на религиозниот фактор, но не исклучувајќи ги секако, индивидуалните и колективните аспекти (етнички, политички и регионални). Наведените референци во овој параграф се во интерес на претходно забележаната констатацијата, а истовремено се и едни од најтипичните.

*Другоста не произлегува толку од различните вероисповести колку од различниот и дивергентен однос спрема социјалните, јазичните, културните, политичките и државните аспекти на уредувањето и функционирањето на Република Македонија. На унитарна држава ѝ е неопходен официјален и службен јазик, а во Република Македонија тоа е македонскиот јазик. Без официјален и службен јазик се создаваат изолирани јазични и верски заедници кои не се чувствуваат за меѓусебно блиски, не комуницираат и живеат во енклави. Младите Албанци денес се сосема отуѓени од македонската културна матрица, за жал.*

*Разбирање на Другиот и во Европската унија и во Република Македонија има религиска основа. Сепак, за да имаме стабилни општества во Европската унија и во Република Македонија не треба да се прават разлики помеѓу луѓето според религиската припадност.*

Соговорниците од академските кругови на нашата држава потенцираат дека религиски и духовно е Другиот да не се алинеира, туку да се соедини и интегрира. *Алиенацијата не е резултат на служењето на духот, туку на злоупотребата на духовните институции за доброто на егото.*

**6. *Во кои сегменти се одразува важноста на религиските вредности за постигнување и одржување на кохезијата во Република Македонија и хармонизацијата на правната легислатива во земјата со онаа на Европската унија?***

Соговорниците на ова прашање потенцираа дека што се однесува до правната регулатива во Република Македонија, односно Законот за верските заедници е во согласност со барањата на Европската унија иако и во него на некои места постојат одредени разлики. Сепак, потврдуваат дека согласно Законот уредено е како се формира верска заедница, а слободата на верско изразување е дадена и загарантирана секому. Во истата позитивна насока, односно хармонизиран е и Законот за празниците во Република Македонија. Во овој тек соговорниците го наведуваат празнувањето на св. Сава од страна на православните Срби во државата, потоа празнувањето на Ѓурѓовден од Ромите, Бајрам од муслиманите итн. Секоја одредена група има одреден празник којшто го празнува и којшто е од посебно значење за истата, притоа празникот се смета дури и како државен празник, констатираат познавачите. Во оваа насока академските соговорници евидентираат хармонизација на правната легислатива во земјата со легислативата на ЕУ, а истите аспекти се суштински и за постигнувањето и одржувањето на кохезијата внатре во државата.

Во овој контекст поголемиот дел од истакнатите интелектуалци, кои беа интервјуирани, смета дека црквата треба сосема да биде изделена од државата или попрецизно од сите државни институции без разлика дали е исламска или православна, методистичка или која било друга. Религијата преку нејзините институции нема потреба да влијае врз државата. Нејзиното подрачје е интимна и приватна сфера, без оглед на тоа колкава е групата или религијата.

> *Не мислам дека православието е позначајно од исламот, кој исто има голем процент верници во државата, ниту од помалите будистички движења, харе кришна, секти или други помали верски заедници. Тоа е прашање на избор. Ставот дали ќе верваме во Бог, во повеќе богови, не треба да има никаква реперкусија. Тоа е едноставно индивидуален избор којшто не треба да го третираме како групен чин.*

Важноста на религиските вредности за постигнување и одржување на кохезијата во Република Македонија и хармонизацијата на правната легислатива во

земјата со онаа на Европската унија се одразува преку почитувањето на правото на самоопределба, меѓусебна толеранција и соживот. Сепак, определени соговорници изразија мислење дека во реалноста хармонизацијата, односно кохезијата е само делумно постигната. Понатаму, продолжуваат образложувајќи дека преку правичното постапување на институциите на државата кон сите религиозни групи и преку сериозното интересирање за религиозните заедници во Македонија ќе дојде до креирање на здрави верски заедници, кои понатаму ќе култивираат вредни и прогресивни верници, односно граѓани.

Доколку нема соодветно регулирање на религиската слобода и на религиското право, а доколку религискиот идентитет е формиран на начин којшто Другиот го третира маргинализирано, тогаш е многу тешко да се зборува за кохезијата во Република Македонија и Европската унија, а уште потешко да се постигне и одржи. Во услови образложени претходно, нивото на хармонизацијата на државната легислатива согласно со европската регулатива изразито ќе заостанува. Од друга страна, пак, се потенцира дека слободата на верникот да се идентификува себеси и својата религија, како и правилниот однос на државата кон него и кон неговата религија создава кохезија во општеството и се движи во хармонизирачка насока што се однесува до споредбата со легислативата на меѓународната заедница.

Сепак еден угледен дел од оваа група на испитаници се повикува на ставот кој има негативно мислење за регулирањето на религиозните аспекти кои придонесуваат. Имено, сметаат дека начинот на регулирање на религиозните аспекти не води кон кохезија во Република Македонија, туку кон диверзија, не води кон хармонизација со регулативите на Унијата, туку кон засилување на диспаритетноста со неа.

> *Во основа сè уште е многу силна идејата за концептот на религиските вредности. Ова повеќе укажува на немоќта на човештвото да се справи со различното реагирање на нештата во светот околу себе отколку што укажува на моќта. Причината за ова е тоа што човештвото дозволува и најинтимните определби и вредносни системи да бидат инструментализирани и ставени во функција на поддржување на нееднаквоста, односно нерамноправноста.*

7. ***Дали регулирањето (со силни санкции или без) на религиските права влијае врз реализирањето на религиската слобода во Република Македонија и Европската унија (или кај некои земји-членки)?***

Што се однесува до прашањата поврзани со начинот на регулирање на религиските права, притоа земајќи предвид и одреден вид на приод кој потенцијално вклучува или исклучува определени санкции (со силни санкции или без) и нивното остварено влијание врз начинот на реализирањето на религиската слобода во современа Република Македонија, но и во современа Европска унија (или пак, кај некои земји-членки) припадниците на македонската елитна академска средина, со кои беше расправано, произнесоа варијабилни ставови кои се движеа од позитивно-афирмативна појдовна точка, преку неодредена, па сè до негативна.

Во прилог на афирмативните одговори одат тврдењата дека преку легислативното регулирање на религиските права, државниот апарат практично го реализира претходно планираното уредување и на тој начин стигнува до определените бенчмаркови.

> *Сигурно дека поставувањето на правни платформи за религиозните права ќе влијае директно врз реализирањето на севкупниот правен и вредносен систем во една држава. Сигурно дека постои правопропорционална релација помеѓу поставувањето на правни платформи за верските слободи и последователната реперкусија врз меѓусебната почит помеѓу верниците од разни вери.*

Овој начин според соговорниците е еден од најправичните кој се движи по нагорна линија и во ниту една инстанца не ги заобиколува религиските слободи и нивното непречено реализирање. Определени соговорници на овој план потенцираа дека современа Република Македонија на ова поле бележи позитивен ракурс и оди рака под рака со начелата декларирани во Европската конвенција за човекови права гарантирајќи ги, и истовремено, обезбедувајќи ги на нејзините граѓани овие права во мера достојна за едно хумано општество. Истите, потенцираат дека фактот што придонесува кон афирмација на ставот се состои во извонредната религиозна кохабитација и дијалогот кој се води во државата помеѓу различните доминантни религиозни заедници, а посебно помеѓу Македонската Православна Црква и Исламската Верска Заедница во Република Македонија. Фактор кој ја засилува оваа

теза е и непреченото функционирање на помали религиозни групи, кои устроени во склад со пропишаните достоинствени права исто така непречено функционираат. Исто така, афирмативниот став, кој се однесува на современото уредување на вонтериторијалната заедница на современата Европска унија во овој третман беше објаснет со тоа што современа Европа од една страна претставува мултикултурна заедница во која помеѓу останатото, генерално, непречено егзистираат припадници на различни религиозни заедници и на различни религиозни групи и деноминации, додека од друга страна во современа Европа се унифицираат членки-држави со различни општествени уредувања или конкретно со различна легислатива по однос на религиозното прашањето. Ова понатаму беше генерално објаснето како последица на позитивното влијание на извесната легислатива која го протежира афирмативниот комунитарен принцип на пропорцијалност, кој не го одминува ниту принципот на супсидијарност.

> *Јас не навлегувам во различните уредувања на православието и католицизмот. Прашањето за потребата сите цркви во земјите-членки да се подредат под еден центар или како што е прифатено да постојат национални цркви, треба да биде регулирано од страна на поедините држави, на истиот начин на којшто всушност се регулира и секоја друга област што нè прави организирано општество. Тоа значи потреба да има државна институција која ќе ги регулира сите сегменти од нашето живеење. Колку повеќе се регулира толку помалку има проблеми. Нормално, тоа значи и почитување на правните норми што се донесени, а од друга страна тоа значи дека тие правни норми треба да се во контекст со општествената ситуација и во согласност со вредносните системи. Закони во основа не се препишуваат, земете ако сакате и цел устав од друга држава, тоа сепак нема да функционира затоа што не постои таков автоматизам.*

Релативниот став на нашите соговорници, поаѓаше токму од амбивалентноста и непрецизноста на двата современи европски принципи кои немаат цврсто определена граница којашто би укажала до која мера влијае пропорцијалноста и каде започнува односно завршува супсидијарноста. Сето ова придонесува за конфузност на полето на толкувањето на европската легислатива и за нееднаков и несоодветен приод од различните земји-членки. Затоа дел од соговорниците на оваа група велат дека е сеедно дали се регулира религиското право со силни санкции или не, санкција сепак постои, но и во случаите кога постои религиската слобода сепак различно се аплицира

и оценува. Понатаму, потенцираат дека ова се однесува и за тоа што самите земји-членки по однос на исти религиозни слободи не само што пропишуваат различни религиозни права туку и меѓусебно, за ист третман на исто право и иста реализација на слобода различно оценуваат, како во некои земји во кои се кршат и не се почитуваат основните човекови права и слободи, а во други приближно паралелно, а често и истовремено, како земји во кои во висока мера се почитуваат истите тие човекови права и слободи.

*Приодот кон религиските слободи зависи од земјите во Европската унија, а донекаде и од покраините во една иста држава. Што се однесува до Република Македонија, барем во формална смисла, религиозната слобода е присутна. Сепак есенцијално има многу двојни стандарди помеѓу едната главна и другите заедници.*

Балансирачкиот пристап на дел од претставниците на оваа група, помеѓу делот на оние со негативно, односно позитивно произнесување врз база на прашањето за правното реализирање на религиозните слободи во современото општество на Република Македонија, се однесува на моментот дека иако постои законска регулатива, Законот за правната положба на црквата, верската заедница и религиозната група, сепак дури и нерегистрирани религиозни групи извршуваат верски обреди. Од друга страна пак, прославувањето на празниците на доминантните религиски заедници во државата е далеку повеќе медиумски и јавно афирмирано за разлика од чествувањето на значајните религиски аспекти на малцинските религиозни групи. Во овој момент беше истакнато од соговорниците дека дури и тогаш кога постои силно изразена желба за еднаков и рамноправен третман на различните религиозни заедници по основ на нивната слобода, дури и тогаш ако истите не се ограничуваат со санкции, еднаквоста би била невозможна. Оваа фаза трае еден подолг период од причина што во сите општествени апории, без исклучок на ниту еден, мнозинскиот религиозен фактор речиси секогаш доминира.

*Иако постојат начини на регулирање, денес не можеме радикално да ја исклучиме на пр. во Република Македонија, којашто е главно православна замја, Исламската Верска Заедница. Државата треба тука да ги регулира односите во оној контекст во кој не би биле допуштени повеќе истородни заедници! На пример, ако во Република Македонија постои официјално регистрирана исламска заедница, не може некој друг од политички причини да направи друга исламска заедница, а потоа двете*

*заедници меѓусебно да се конфронтираат како политичките партии. Во политиката ова се допушта, но во религијата сè уште не до таа мера. Сепак, во Република Македонија тие се поделија, скопското муфтиство со остатокот од Исламската Заедница. Истиот случај го имавме во Македонската Православна Црква со влијанието на Вранишковски и неговата црква. Наведената фракција беше формирана со странски влијанија што е недопустливо, односно имавме директно влијание на Српската Православна Црква, а тоа претставува мешање во внатрешни работи.*

Генерално, негативен став за ова прашање беше произнесен од страна на дел од академските соговорници, кои главно тврдат дека религијата, а со тоа и религиските права и слободи, припаѓаат исклучително на приватната, лична и интимна сфера и без разлика на тоа дали се однесуваат за современото општество на Република Македонија или пак за современото комунитарно општество воопшто не треба да се „инструментализираат" , односно да се сведат на сувопарна, правна регулатива. Дел од испитаниците тврдат дека е непобитен факт дека се регулирани, некаде повеќе, некаде помалку, но дека секаде се кршат и не се почитуваат. Понатаму, велат дека онаму каде што се силно регулирани придонесуваат за силно незадоволство, онаму пак, каде што се третирани со не многу силни санкции придонесуваат за драстични, па дури и екстремно агресивни условни „одмаздувања", односно реперкусии. Оваа група на преден пиедестал го става правото на слободен избор кое во определена инстанца се коси со други права, кои наметнуваат ограничувања по различна основа вклучувајќи и ограничување на релоигиозната слобода.

*Секако дека не се потербни одредени санкции со коишто се оневозможува каков било начин на искажување на религискиот идентитет. Религискиот идентитет не смее да биде начин преку којшто се обидуваме да ги наметнеме своите вредносни системи врз оние што не се верници и оние што се верници од друг тип.*

*Неприфатлива е забраната да се носат обележја на својата вера. Сепак, тоа не може да се забрани! Ако веќе не може да се наложи начин на облекување во принцип, тогаш како ќе се забрни да не се носи крст или шамија. Тој тип на симболика е сè уште очигледно битен. Истиот сè уште може да биде резултат на агресивност, на мода и на многу други аспекти. Сепак, доколку го прифатиме како нешто што е определба само различна од нашата, а не како определба којашто ни се заканува, нема да има потреба за повикување на начин кој вклучува санкции при комуникацијата.*

*Религиозните институции, дефинитивно сè уште ја имаат и во секуларните општества таа позиција, што барем на симболичко рамниште генерира одредена моќ како во доменот на политиката и економијата така и во доменот на можноста да се остварат одредени човекови права. Постои конкретна ситуација со ставот на МПЦ-ОА за ограничување на правата на хомосексуалците за стапување во брак. Понатаму, можни се низа други претумбации, како прашањето за концептот на религиското образование во современото македонско општество.*

**8. *Во која мера и дали воопшто, а со оглед на религиските книги (Библијата, Куранот, Талмудот итн.) толеранцијата може да се третира како религиска вредност во Република Македонија и во Европската унија?***

Во однос на тоа до која мера и дали воопшто, а со оглед на религиските книги, Библијата, Куранот, Талмудот итн., толеранцијата може да се третира како религиска вредност, дел од соговорниците, кои се истакнати академски припадници, генерално, изразија амбивалентен став изнесувајќи најчесто двоен аршин по ова прашање. Истакнуваат дека сите религии се сметаат за толерантни, а од друга страна очигледна е голема нетолеранција кај нив. Потенцираат дека масовните медиуми како што се СиЕнЕн и БиБиСи сведочат во таа насока во глобални рамки. Наведуваат дека медиумите презентираат за муслимански разнесувања во џамија. Станува збор за исламски заедници коишто не се толерантни помеѓу себе. Во овој тек го поставуваат прашањето: *Има ли нешто посвето од молитва, има ли нешто поужасно од тоа некој на најсветото место да биде бомбардиран и разнесен?* Во контекст на ова наведуваат дека расцепи се случуваат и во православието. Наведуваат дека Македонската Православна Црква-Охридската Архиепископија е неприфатена од други православни цркви. Понатаму го наведуваат расцепот во рамките на христијанството, расправата помеѓу католиците и православните, која сè уште трае од XI век, па наваму. Потенцираат дека она што се декларира се разликува од она што се случува во пракса. Крстоносните војни, џихадот, претставуваат различни варијации на ист аспект. Во едно современо, модерно време, терористичките напади и случувањата со Осама Бин Ладен претставуваат исполитизирани варијации во голема мера.

Дел од соговорниците искажаа мислења дека толеранцијата може да се третира и како однос кон самите религиозни објекти, како однос помеѓу различните

припадници на различните религиски заедници, како форма на дијалог помеѓу различните религиозни групи и јавно манифестирање на истиот тој дијалог. Сепак, еден академски соговорник, во однос на современите збиднувања на македонската општествена сцена постави интересно прашање:

> *Постојат организирани собири како конференцијата во Охрид на кои сите зборуваат за мир и толеранција, но каква е таа толеранција ако од политички причини физички е малтретиран реизот од страна на неговите религиски колеги?*

Според исказот на претходно наведената група секогаш кога се става во функција на нешто што не е религиско, настанува злоупотреба на религиските вредности. Тогаш заедницата која протежира таков однос веќе не е сакрална организација, туку станува политичка. *Ако Ватикан е замешан во перење пари, педофилија, тогаш во што се состои неговата сакралност?* Поткрепуваат со фактот дека во Библијата стои *љуби го ближниот свој*, што не треба неприродно да се вулгализира, а педофилијата е докажан факт во католичките свештенички редови.

> *Во времето на кризата џамиите преку оџите упатуваа повици да се брани исламот, а беа вклучени и исламски единици. Најмногу се удираше на религиските објекти. Тука не станува збор за вредносна скала, туку за војна. Свирепоста се гледа од чиновите што се практикуваат.*

Наспроти ова, во контекст на ставот за толеранцијата како религиска вредност потенцираат дека е изразена во Куранот посебно во сентенците: *О луѓе, ние сме ве створиле од еден маж и жена и сме ве поделиле на народи и племиња за да се запознаете меѓу себе!*; потоа: *Нема присила во верата!*; *Кој верува во Бога и во судниот ден, нека не го вознемирува својот сосед.*; *Ако го сакаш својот брат, ќе го сакаш и својот Бог!* итн. Така овие соговорници подвлекуваат дека:

> *Толеранцијата кај некои религии е дури иманентен и конститутивен принцип, миролубивост, уважување на другиот, како на пример во будизмот, па и во христијанството главно толеранцијата е високо котирана. Но, кај некои радикални исламски матрици се нагласува нетрпеливоста и нетолеранцијата (џихад, света војна и света одмазда).*

Дел од соговорниците ја потенцираат важноста и значењето на религиската толеранција со оглед на она што го говорат религиските книги или начините на

изворните учења на големите монотеистички религии, односно универзалните религии. Истите ги потенцираат познатите разлики во контекст на исламот, на јудизмот, односно на еврејската религија и во однос на христијанството. Во овој тек на прво место ја рангираат можноста за толкување на книгите на различни начини, потоа различната идеја за автентичноста на учењето коешто е инкорпорирано во тие книги, а особено кога се работи за христијанството. Според нив наведените дилеми и полемики укажуваат дека тоа не се мали разлики. Сепак, потенцираат дека има многу теоретичари коишто мислат дека начинот на толкувањето и сокриеноста на одредени теми коишто на извесен начин се инкорпорирани во светите книги, а коишто произлегуваат од иницијалните фази на развојот на тие религии, укажуваат токму на можни малверзации и можеби на самата религија и ја одземаат можноста да биде вредност само по себе во современите општества. Истакнуваат дека во тој контекст толеранцијата може да се третира преку улогата на милосрдието, на емпатијата и улогата на еднаквоста на сите пред Бога, потоа во родовата и во класната проблематика.

Очигледен е умерениот став во тврдењето, кое поаѓа од фактот дека примарно за историјата на религиите е важен толерантниот религиозен поглед од гледна точка на културата затоа што ги покажува различните варијанти во коишто таа се развива. Моќта на културата во тој дискурс се состои во нејзината компетенција да се справи со егзистенцијата, односно да биде начин на којшто човекот егзистира како свесно и активно суштество. Истакнуваат дека честопати религијата покажува колку човекот е оттуѓен од самиот себе, факт што треба биде земен предвид заедно со каузалноста што ја повлекува и носи со себе. Од друга страна е подвлечено дека ако религијата сè уште го има сочувано социјално-интегративниот фактор, да се знае до каде и на кој начин истиот продуцира толеранција, а каде се работи за дволичност. Односно, дека религијата во некои временски и општествени констелации преку своите институции произведува или генерира нееднаквост или насилство. Умерениот став е радикализиран во негативна линија во моментот кога е поткрепен со конкретни факти.

> *Кампањите околу абортусот и она што го прави римокатоличката црква се одвива на еден начин што е премногу агресивен од гледната точка на христијанството. Христијанството не смее да биде агресивно во начинот на којшто ги пласира своите вредности ако сака да биде во функција на своите верници. Ова не*

*значи дека не треба да ги протажира своите вредности, меѓутоа агресивноста во методологијата како тоа го прави укажува на неговата моќ. Тоа значи тенденција кон кумулирање на повеќе верници, повеќе влијание врз нив, спроведување на одредени свои интереси и реализација на моќна институција!*

Толеранцијата може да се третира како религиска вредност во контекстот на признавањето на Другиот во неговата суштина, преку признавањето и прифаќањето на неговата култура, религија и јазик. Сепак, определени соговорници кои дивергираат не се сложуваат со терминот толеранција. Како причина наведуваат дека да толерираш значи да отстапиш во извесна мера од своето. Истакнуват дека религијата не го прифаќа тој концепт. Таа во крајна инстанца се зазема за почитување на Другиот без отстапување од своите фундаменти, а истовремено не бара Другиот да отстапи од своите. Подвлекуваат, дека можеби најдобра варијанта би била меѓусебното почитување коешто е еден од главните фундаменти на секоја религија.

Соговорниците со ова гледиште констатираат со сигурност правопропорционалност на релација на влијанието на верските слободи врз меѓусебната почит помеѓу верниците од разни вери, што претставува третирање на толеранцијата како религиозна вредност.

**9. *Како го оценувате интензитетот на влијанието на религиската (не)толеранција врз интегративните процеси внатре во земјата (во Република Македонија), но и на земјата во процесот на нејзината ацесија кон Европската унија?***

Што се однесува до интензитетот на влијанието на религиската (не)толеранција врз интегративните процеси внатре во Република Македонија, но и на државата во процесот на нејзината интеграција во Еврпоската унија, академските соговорници истакнуваат дека таа заедно со други социјални фактори остварува влијание кое во определени временски периоди може да биде и доминантно во зависност од општествената констелација. Во тој тек надоврзуваат дека толеранцијата нема само религиска природа, туку и етничка и политичка. Сепак, нејзиното религиско влијание, исто како и политичкото, може да го расцепи општеството. Забележуваат дека во таа насока религијата може да послужи во функција на јакнење на политиката и етницитетот, но може да има функција и на нивно слабеење.

Што се однесува до актуелните случувања во сегашното македонско општество, генерално, се смета дека често етнополитичките прашања одат рака под рака со етнорелигиските прашања. Наведуваат дека ова, условно значи, дека подвоеноста во Република Македонија е присутна и во согласност на тоа што постојат политички чисто албански партии, а знаеме дека статистички, поголемиот дел од албанската популација во Република Македонија е со исламска вероисповед. Во ваков тек, евидентни се префрлувањата од еден општествен сегмент во друг, односно често извесните етнополитички прашања добиваат етнорелигиска конотација и обратно, етнорелигиските прашања биваат ставени под етнополитичкит атак, што е почесто изразена аспирација за разлика од предходо наведената.

> *Во однос на современото македонско етнополитичко прашање, религијата се јавува во функција на јакнење на албанскиот етнички идентитет преку влијанието што истата го има врз Турците, Бошњаците и македонските муслимани. Во однос на примерот со Лабуниште се декларираат големи диспаритети. Во таа насока 90% од тамошното население има македонски мајчин јазик. Од друга страна сега се изјаснуваат како Албанци, а пред извесно време се изјаснуваа прво како Турци, па како Македонци. Популацијата на Македонци-муслимани не претставува мал број. Ако се земат предвид Река, Дебар, струшко, скопско, тоа е голем број, тоа веќе драстично би ја сменило сликата за етничката структура и затоа настануваат тие расправи што се однесуваат на македонските муслимани. Односно, оттука произлегува прашањето дали тие треба да влезат во група етничка припадност Торбеши за со рамковниот договор да добијат повеќе привилегии од причина што увиделе дека сепак се значајна бројка.*

Понатаму тврдат дека иако наведеното директно, односно по автоматизам, не извршува влијание врз интегративните процеси на државата во Унијата, сепак преку конфигурацијата на етничката структура се остварува влијание врз наведениот интегративен процес, од причина што признавајќи определена етничка, малцинска група државата остварува човекови права, кои се важен елемент како на државно, така и на комунитарно и глобално ниво. Заклучуваат дека во оваа насока толерирајќи ги малцинските припадниците на локално рамниште, се стигнува до реализирање и имплементирање на еден генерален, глобален бенчмарк.

Кога соговорниците говореа од извесна историска перспектива, но не само од гледна точка на поделбата на источно и западно христијанство, беше забележано дека од една страна се инсистира на тоа дека лаичкото образование и лаичкиот начин на управување со општеството е она што е веќе освоено во Европа од периодот на просветителството, па преку Француската буржоазиска револуција до денес. Во презентното, сегашно европско општество беше наведено етаблирањето на извесна друга ситуација во којашто повторно ја наоѓаме таа хипокризија на односот кон културните и општествените вредности. Во сегашното европско општество религиозниот, етничкиот и родовиот идентитет се во сферата на приватноста. Според овие соговорници тоа значи дека никому не смее да му биде оспорен ниту еден аспект на идентитетот. Сепак, нивното влијание во контекст на спроведување на одредена идеологија, што се преточува во одредена политика, па и политики, напоменуваат дека веќе го заострува проблемот на Другоста, односно на прашањето што се однесува на тоа дека некои се помалку или повеќе значајни од другите и дека колективниот европски идентитет би се нарушил доколку покрај христијанството, во европски контекст и исламот би имал свое влијание коешто сепак е евидентно во современа Европа.

Сепак, понатаму се потенцираше и влијанието на јудизмот којшто отсекогаш бил интригантен. Во овој тек доаѓа и наведувањето на антисемитизмот којшто имаше свои страшни импликации во историјата на Европа и историјата на светот. Беше апострофирано дека јудизмот е интересен како извор на вредности коишто може да ја протажираат идејата за солидарност, идејата за религискиот и етничкиот идентитет, потоа во доменот на стереотипите за инсистирање на духовната целост од една страна, но којашто се базира на материјалното богатство и на материјалните вредности. Заклучно во современото европско општество доаѓа до прифаќање на јудизмот што би придонело кон условно маргинализирање на исламот.

> *Сега никој не би покажал отворен антисемитизам, но сè уште некои прашања не се решени. Во тој контекст во Европската унија наместо антисемитизам имаме прифаќање на јудизмот заради концептот на потиснување на исламот.*

Што се однесува до експертската проценка на интензитетот на влијанието на религиската толеранција во современа Република Македонија, како земја-кандидат за

членство во Унијата на неколку наврати беше споменат Охридскиот конгрес на меѓуцивилизациска соработка како позитивен акт. Сепак, постои исклучителен, но мал број соговорници кои сметаат дека во современа Македонија религиска толеранција воопшто не постои. Сепак, определени соговорници даваат прецизни гледишта во однос на зададената тема за разговор:

> *Во Македонија не постои проблем за религиозно почитување или непочитување кај самиот народ. Во земјите кои биле под влијание на ориентот, религиите имаат традиција на заедничко живеење, а Македонија спаѓа во тие земји. Од друга страна во институциите на системот има двојни аршини на постапување кои ја рушат почитта помеѓу религиозните групи.*

**10.** ***Кој е вашиот став за влијанието што религиозните идентитети го имаат врз степенот на религиско-групната и социо-групната кохезија во Република Македонија и во Европската унија?***

Генералните ставови на соговорниците од академската средина со кои разговаравме, а кои се однесуваат за влијанието што религиозните идентитети го имаат врз степенот на религиско-групната и социо-групната кохезија во современите општества на Република Македонија и на Европската унија имаат како позитивна така и негативна конотација. Определен, помал дел, смета дека во крајна инстанца религиозните идентитети не остваруваат кохезија дури ниту со посредство на општествените тела од причина на нивниот интимистички карактер, кој ставен во државен, институционален апарат станува нефункционален.

> *Целата ентенција религискиот идентитет и религиските вредности да обезбедат кохезија е нефункционална. Напротив, истите инструментализирани и институционализирани само го зголемуваат јазот.*

Третирајќи го генерално идентитетот кој доведува до социо-групна кохезија, дел од соговорниците поаѓаат од вредностите. Потенцираат дека сите теории поврзани со вредностите, апсолутно се поврзани со прашањата за дефинирање на идентитетот. Сепак, подвлекуваат дека и културните и општествените вредности подлежат на хиерархијата на вредности, а изборот на вредностите во коишто историски се препознава една одредена општествена група, по тоа што се разликува од другите општетвени групи, секако е оној сегмент што ги дефинира идентитетите. Самите

религиски вредности, односно прифаќањето или неприфаќањето на верниците на одредени вредности зависи и од другите типови на идентитети, односно и од етничките, и од класните, и од родовите идентитети. Заклучуваат дека типот на религиозност во крајна мера зависи од овие идентитети. Според наведеното, кај некои религии се очекува повеќе традиционален тип на верници, односно убедени верници со оглед на нивната припадност.

Во континуитет, наведуваат дека од друга страна религиозните вредности, од аспект на социо-групна кохезија имаат исто така влијание врз сите други типови на идентитети заради тоа што согласно со семејните вредности, религиозните и етничките вредности се нешто што претставува примарен тип на вредности и што се усвојува со процесот на социјализација и културализација.

> *Во Македонија денеска е евидентно, според сите наши истражувања, дека многу луѓе во голем процент се сметаат за верници иако станува збор повеќе за традиционален тип на верници, а очигледно е дека својот верски идентитет го поистоветуваат со својот етнички идентитет.*
>
> *Што се однесува до ЕУ исто така, голем број луѓе се изјаснуваат како верници, што не е чудно со оглед на тоа дека имаше одредени промени на идентитетот во социјалистичките земји поради идејата дека верскиот идентитет бил потиснуван, кој секако не бил доминантен тип на идентитет.*

Како што се подвлекува во цитираниот коментар во поглед на современото македонско општество социо-групниот идентитет доаѓа до директна поврзаност со религиско-групниот идентитет од причина што религијата одиграла огромно влијание на овие простори кое преку верниците, сега веќе традиционални верници, доаѓа во симбиоза или некаде дури и синкретизам со етничкиот идентитет.

Во поглед на современото европско општество, генерално, се смета дека религиозните идентитети имаат влијание врз степенот на религиско-групната и социо-групната кохезија, но во различни земји-членки на Унијата *различна е јачината согласно со религиозните влијанија.*

Потенцирано беше дека е интензивна поврзаноста на религиските вредности со социо-групниот идентитет преку религискиот идентитет и преку етичката функција на религијата, која е суштински елемент на сите општества на ниво на членки на Унија

или земји-кандидати за членство, како што е Република Македонија, кои минуваат низ условниот општествен процес на транзиција во кој не само што се јавува пресврт на општествените вредности туку често се јавува и нивна тотална делузија. Дополнително на ова е и фактот дека религиозниот идентитет е засилен во постсоцијалистичките држави како што е Република Македонија. Истиот е засилен и кај приличен број на актуелни членки на Унијата во коишто доаѓа до извесен реверзибилен процес на религискиот идентитет поради тоа што овој тип на идентитет долго не само што беше маргинализиран од општествената јавна сцена туку беше и целосно исклучен.

> *Суштината на религиските вредности најмногу се одразува во етичката компонента, наспрема филозофската и психолошката. Принципот „надеж" е тој емоцинално-психички елемент или функција на религијата, многу важен во период на егзистенцијалните кризи и во период на драстични општествени промени. Истиот не го врзуваме само за Македонија, туку за Европа и за светот воопшто. Потребата од цврсти репери за секојдневниот живот, значи дека современите општества се многу анемични, дека во нив отсуствуваат критериуми за вредности, дека луѓето едноставно немаат репери според коишто се оценуваат кои се и какви треба да бидат нивните постапки, нивните погледи на свет и начините на однесување. Ова создава една шизоидна ситуација во крајна линија и ги става под прашање сите нивни останати идентитети. Во тој контекст се реактуелизира концептот за религиските вредносни параметри.*

Секако беше потенциран и исклучокот дека религиозните идентитети во определени констелации во современите општества на земјите-членки на Унијата и во современото македонско општество вршат функција која се реализира во спротивна насока на социо-групната кохезија, односно во насока на општествена дезинтеграција, а ова се случува кога се јавува извесно страно и нерелигиозно влијание.

## 4.4. ЗАКЛУЧОК

Оваа група соговорници, генерално, произнесе афирмативен став кој декларира дека промената на вредностите може да влијае и врз промената во општеството, но и обратно. Во овој тек потенцираат дека секогаш настанува меѓусебен однос, од причина што спротивно, системот би имал репресивен карактер. Наведуваат дека овие промени инсертирани со значително забрзување, неопределена насока и непрецизно траење условуваат општествената констелација што ја има Република Македонија денес сè уште да не биде во состојба да се усогласи или хармонизира со општествените вредности.

Специфицираат дека вредностите коишто му даваат значење на она што е специфично и иманентно на Европската унија претставуваат синдром од сите вредности заедно (религиски, семејни, егзистенцијални и трудови). Најчесто во случајот со современа Европската унија, наведуваат дека доминантниот систем од вредности е врзан за општествени институции како што е „религијата и тоа најчесто христијанството, меѓутоа и за концептите на слободата, човековите права, рамноправноста, еднаквоста и односот кон културното наследство." Што се однесува до Република Македонија, генерализирано, според испитаниците се лоцираат преплетување на т.н. традиционални вредности во чијашто основа се религиските, независно дали христијански или муслимански. На другата страна го поставуваат т.н. современ тип вредности. Овој постмодерен тип доаѓа преку условниот процес на глобализација, преку медиумите и филмот, а таа вестернизација е реализирана преку имплементација на соодветните вредносни системи.

Испитаниците забележуваат дека она што го обележува традиционалниот дел на македонското општество е толеранција на верските и етничките Другости, но од друга страна се допушта пробивање на некои порадикални исламски матрици за коишто толеранцијата е туѓ поим и не постои како морална и општествена вредност. Заклучуваат дека на овој начин доаѓа до темелна ревизија на наследените вредности со некои нови верски и политички конструкции. Потенцираат дека религиските вредности во земјите-членки на Европската унија се вградени во кодот на

однесувањето и во светогледот на секој поединец. Истите имаат долга традиција во системот и претставуваат нешто што се подразбира како вредност сама по себе. Пораката што ја дава Европската унија и државите е дека во основа на Унијата покрај античкото наследство, доминантно е христијанството, односно католицизмот.

Соговорниците од академските кругови во Република Македонија, генерално, констатира дека религиските вредности и во државата, но и во Европа се најмногу поврзани со прашањата коишто се однесуваат на идентитетот. Според нив, од гледна точка на идеологијата на граѓанското општество колективните идентитетите се поделени на етнички, односно национални и религиски идентитети, додека од гледна точка на индивидуализмот овие два аспекта на колективниот идентитет се во колизија. Таа колизија, тоа двојство, потенцираат, дека ги предизвикува идеите за продлабочувањето на Другоста и потребата за субординацијата на општествени вредности, наспроти прокламираната декларирана тенденција за надминување на различностите од гледна точка на нивната вклученост и нивната можност за решавање на основни општествени прашања. Интелектуално влијателен дел ја апострофира врската помеѓу личниот и колективниот идентитет и религиозноста, за која подвлекува дека е неспорна, иако не функционира во класична смисла, што значи не е автоматска. Кога говорат за Република Македонија, потенцираат дека по автоматизам да се биде Македонец, значи и да се биде муслиман, правосавен, католик, односно личниот религиозен или дури групниот религиозен идентитет не условува директно специфициран личен или социо-групен идентитет. Постојат Македонци со православна вероисповест, Македонци муслимани, но и Македонци кои се протестанти и сл. Сите тие ја сочинуваат македонската национална матрица. Во однос на меѓусебната поврзаност помеѓу идентитетот воопшто и религиозноста, дел на оваа елита го потенцира тврдењето дека религијата е столб на идентитетот којшто е важен и неоспорен дел на колективното его и на колективните репрезенти. Определени лица од оваа група држат до ставот што не отстапува од убедувањето дека без религиозност нема реален идентетит. Ова гледиште е поткрепено од група млади истражувачи, кои за целите на интервјуто се изјаснија како муслимани со албанска етничка припадност.

Другоста се јавува како резултат на религиската припадност во секој општествен сегмент во современите општествени констелации и на комунитарно рамниште и во Република Македонија. Во општеството постои подвоеност врз основа

на произнесувањето на верското убедување и церемонијалните аспекти, кои последователно произлегуваат во смисла на начини на убедување, однесување, празнување и коишто во крајна инстанца резултираат со извесни Разноликости, т.е. Другости. Разноликоста постои и во институцијата која ги собира верниците. Таква манифестација на разлики лоцираат во начинот на облекувањето на некои жени. Во современо општество настанува прилагодување на религиозноста во соогласност со современиот начини на живеење. Соговорниците ова го согледуваат и во социјалните односи. Сепак, потенцираат дека најмногу во брачните односи доминира бариерата врз религиозна основа, а со не многу силен интензитет и во пријателските. Соговорниците потенцираат дека религиските вредносни разлики не се само фактор за интеграција, напротив, некогаш се и фактор за дезинтеграција. Во ваков тек под прашање се става и степенот на нивната компетентност да интегрираат внатре во групата, со оглед на можноста за слободен избор што се ограничува во тој случај. Сепак, во крајна линија е подвлечено дека во интеракцијата помеѓу различните општествени групи настанува проблем, т.е. се репродуцира непријателство помеѓу општествените групи. Оценуваат дека ова непријателство понекогаш оди дотаму што ја задира и идејата за насилност во однос на она што вообичаено го нарекуваме Другост.

Во однос на концептирањето и третирањето на Другоста во рамките на современото македонско општествено воспоставување се потенцира генералната реална подвоеност помеѓу доминантниот етнички, малцински фактор во државата – албанскиот и доминантниот конститутивен, државен фактор – македонскиот. Во овој тек, испитаниците и со македонска етничка припадност, но и со албанска ја потенцираат едните за другите наведената Различност. Разликата, помеѓу на овој начин поставените групи за разгледување, е во тоа што, генерално, македонскиот академски фактор при третирањето на Различноста примат дава на етничка, политичка, јазична или стратификациона предиспозиција, додека, генерално, албанскиот академски фактор при третирањето на Различноста примат дава на религиозниот фактор, но не исклучувајќи ги, секако, и индивидуалните и колективните аспекти (етнички и политички).

Генерално, што се однесува до правната регулатива во Република Македонија, односно конкретно Законот за верските заедници, истакнуваат дека е во согласност со

барањата на Европската унија иако и забележуваат одредени отстапки. Сепак, генерализираат дека согласно Законот уредено е формирањето верска заедница, а слободата на верско изразување е дадена и загарантирана секому. Во истата позитивна насока, односно хармонизиран е и Законот за празниците во Република Македонија. Заклучуваат дека хармонизацијата на правната легислатива во земјата со легислативата на Европската унија е суштински аспект за постигнување и одржување на кохезија внатре во државата.

Истакнуваат дека преку легислативното регулирање на религиските права, државниот апарат практично го реализира претходно планираното уредување и на тој начин стигнува до определените бенчмаркови. Според испитаниците, овој начин е еден од најправичните кој се движи по нагорна линија и во ниту една инстанца не ги заобиколува религиските слободи и нивното непречено реализирање. Современа Република Македонија на ова поле бележи позитивен ракурс и оди рака под рака со начелата декларирани во Европската конвенција за човекови права гарантирајќи ги и истовремено обезбедувајќи ги за граѓаните во мера достојна за едно хумано општество. Фактот што придонесува кон афирмација на ставот се потпира на религиозната кохабитација и дијалогот кој се води во државата помеѓу различните религиозни заедници, а посебно помеѓу Македонската Православна Црква-Охридска Архиепископија и Исламската Верска Заедница. Фактор кој ја засилува оваа теза, според испитаниците е и непреченото функционирање на помали религиозни групи, кои устроени во склад со пропишаните права исто така непречено функционираат. Афирмативниот став кој се однесува на современото уредување на вонтериторијалната заедница на современата Европска унија беше објаснет преку третманот на современа Европа, од една страна, како мултикултурна заедница во која помеѓу останатото, генерално, непречено егзистираат припадници на различни релоигиозни заедници и на различни религиозни групи и деноминации, додека, од друга страна, во современа Европа се унифицираат членки со различни општествени уредувања или конкретно со различна легислатива по однос на религиозното прашањето. Ова понатаму е генерално објаснето како последица на позитивното влијание на извесната легислатива која го протежира афирмативниот комунитарен принцип на пропорцијалност, кој не го одминува ниту принципот на супсидијарност.

Во однос на тоа до која мера и дали воопшто, а со оглед на религиските книги (Библијата, Куранот, Талмудот итн.) толеранцијата може да се третира како религиска вредност, генерално, се изнесе амбивалентен став. Истакнуваат дека сите религии се сметаат за толерантни, а од друга страна очигледна е голема нетолеранција кај нив. Потенцираат дека масовните медиуми како што се СиЕнЕн и БиБиСи сведочат во таа насока во глобални рамки. Во контекст на ова наведуваат дека истото се случува и во православието, односно дека Македонската Православна Црква-Охридска Архиепископија е неприфатена од други православни цркви, или генерално, во рамките на христијанството, расправата помеѓу католиците и православните сè уште трае. Потенцираат дека она што се декларира се разликува од она што се случува во пракса. Крстоносните војни, џихадот, претставуваат различни варијации на ист аспект. Во современото модерно време терористичките напади и случувањата со Осама Бин Ладен претставуваат исполитизирани варијации во голема мера. Што се однесува до интензитетот на влијанието на религиската (не)толеранција врз интегративните процеси внатре во Република Македонија, но и на државата во процесот на нејзината интеграција во Европската унија, таа заедно со други социјални фактори остварува влијание кое во определени временски периоди може да биде и доминантно, во зависност од општествената констелација. Во таков тек, надоврзуваат, дека толеранцијата нема само религиска природа туку и етничка и политичка. Сепак, нејзиното религиско влијание, исто како и политичкото, може да го расцепи општеството. Во таа насока религијата може да послужи во функција на јакнење на политиката и етницитетот, но може да има функција и на нивно слабеење.

Во денешното европско општество беше наведено етаблирањето на извесна друга ситуација во којашто повторно ја наоѓаме таа хипокризија на односот кон културните и општествените вредности. Во денешното европско општество религиозниот, етничкиот и родовиот идентитет се во сферата на приватноста. Тоа значи дека никому не смее да му биде оспорен ниту еден аспект на идентитетот, ама нивното влијание во контекст на спроведување на одредена идеологија, што се преточува во одредена политика, па и политики, напоменуваат дека веќе го заострува проблемот на Другоста, односно на прашањето што се однесува на тоа дека некои се помалку важни или повеќе важни од другите и дека колективниот европски идентитет

би се нарушил доколку покрај христијанството и исламот остварува влијание коешто е евидентно во современа Европа.

## 4.5. Интерпретација на ставовите на политичката елита во Република Македонија

**1. *Кој е вашиот поглед за улогата на системот на вредностите врз општествените промени во Република Македонија и Еврорската унија?***

Припадниците на оваа група со кои беше разговарано на зададените теми на разговор по однос на интервјуто за истражувањето, а се дел од политичката актуелна сцена во Република Македонија поаѓајќи од определбата на поимот вредност, односно систем вредности, дојдоа до констатација за улогата на системот на вредностите врз општествените промени во Република Македонија и во Еврорската унија којшто всушност претставува воведна тема на разговорот. Според нив вредноста е општо прифатена норма преку која граѓаните ги оценуваат постапките, мислењата, ставовите и сугестиите. Истата се наметнува како критериум за секојдневните активности, кои треба да се направат или коишто веќе се направени. Забележуваат дека вака определениот континуитет наметнува определени стандарди коишто со текот на времето стануваат задолжителни, а секое скршнување од нивната примена се оценува како „искривени вредности." Понатаму потенцираат дека системот на вредности се дефинира преку збирот од наведени вредности и критериуми кои го дефинираат системот на општеството во коешто живееме. Според истите, во таа насока вредноста честопати е поврзана со традицијата, обичаите, историските белези и минатото, па затоа и многу често доколку дојде до промена на личниот став заради развојот на општествение текови настанува судир, вообичаено со постарите генерации.

Соговорниците забележуваат дека системот на вредности сугерира сложеност во општествениот контекст и често се рефлектира врз актуелните збиднувања во контрадикторна насока и со различен интензитет. Дел пак, забележуваат дека со оглед на тоа што системот на вредности има опаѓачки интензитет истиот регресивен аспект во голема мера се рефлектира врз етичката страна на актуелните настани.

На генерално рамниште, кое се однесува на современото европско, но и на современото македонско општество, сугерираат дека многу често веќе поставениот систем на вредности може да предизвика несогласувања во општеството по одредени прашања.

*Традицијата и обичаите се нешта кои се негуваат и денес и во минатото, а под влијание на глобализацијата и менувањето на општествените текови односите стануваат сложени. Вредностите добиваат поинаков облик. Имено, она што порано било недозволиво и строго осудувано од околината сега веќе се смета за лично човеково право. Развојот на демократијата и унапредувањето на човековите права се одговорни за ваквата состојба. Недвосмислено, токму развојот наметнува сложеност во општествените односи и предизвикува непостојаност во општествените текови.*

*Ако ова прашање се обидеме да го пронајдеме во нашиот реален живот, тогаш би го посочила примерот со кампањата за забрана на абортусот. Многу одамна се сметало дека жената не смее да го прекине зачнатиот живот, против биле и општествените чиновници, кои главно биле мажи, но против била и црквата. Во периодот на револуциите за почитување на основните човекови права ова било едно од основните цели на феминистичките движења. Се сметало дека правото да го прекине зачнатиот живот е единствено право на жената. Но, никој не претпоставувал дека ова право може да биде „злоупотребено“, па денес светот во најразвиените земји се соочува со низок степен на наталитет. Сепак, ова право на жената предизвикува соочувања и спротиставености во реалноста.*

Дел од соговорниците бележат директна поврзаност помеѓу системот на вредности и културата, па аналогно на тоа и промените во системот на вредностите влијаат и се одразуваат на културата и нејзиниот развој. Аналогното содејствување со системот на вредности кој претставува збир на одлики, високо морални однесувања и постапувања во согласност со моралните и правните норми на едно општество доведува до општествен и културен прогрес.

Што се однесува до настанувањето на системот на вредности се потенцира долготрајниот период на формација на истиот. Оттука произлегува дека неговата промена исто би се случувала по долг временски период. Низ процесот на социјализација индивидуата се интегрира во општеството и неговата култура. Дел од

соговорниците потенцираат дека културата е ориентациона во однос на социјализацијата од причина што кога се преиспитува културата на општеството, се истражува и нејзиното наследство, а со тоа се дознаваат и општествените промени кои влијаат врз социјализацијата.

Дел од соговорниците подвлекуваат дека и покрај круцијалноста на улогата на системот на вредности врз општествените промени, сепак истиот во последно време е сериозно разнишан и на комунитарно ниво и во Македонија.

Што се однесува до произнесувањето за современа Република Македонија, дел имтервјуирани политичари потенцира дека на овие простори вредностите се поврзани со вреднувањата и идеалите, кои ги определуваат индивидуите и групите, нивната култура и живот. Вредностите на овие простори претставуваат силен регулатор на социјалниот живот на луѓето и социјалните групи, а актуелните збиднувања се производ на системот на вредности, но и на промените, кои се случуваат во тој систем.

> *Со посредство на културното наследство, традиццијата и колективното помнење, како и преставата за заедничко потекло, како и блискоста на социаjалните групи, вредностите влијаат врз зачувувањето на општествениот систем и културата... Во овој тек се одрзува позитивната улога на вредностите во општетсвото.*

Во Република Македонија денес забележителен е пресвртот во системот на вредностите и културата воопшто потенцираат некои лица, факт посебно очигледен кај младата популација. Ако нешто се менува во културата, на пример, животниот стил на младите, тогаш тоа се прифаќа од поголемиот број на луѓе и станува нешто вообичаено, позитивно, односно станува начин на однесување.

> *Ако системот на вредности се алиенира, тогаш културата ја губи својата есенцијална вредност. Колку повеќе слабее системот на вредности толку повеќе слабее и културата. Македонската гастрономска култура слабее поради слабеењето на вредносниот систем. Геј – парадите се рефлексија на менувањето на вредносниот систем, па и на сексуалната култура воопшто.*

Вредностите кои ги пропагира определена група, генерално, на пример, припадност во групата, моралните вредности, учењето како општесвен процес, културното наследство и идентитетот на човекот, се сметаат за ориентациони во поглед на социјализацијата и културализацијата. Всушност, забележуваат дека во еден

глобален дискурс тоа е интеракцијата и меѓузависноста на производството на јавните и индивидуалните добра неопходни за опстанок на индивидуите и заедниците.

Во европскиот современ контекст вредностите, според елитни политичари со кои разговаравме, претставуваат апстрактна целина на нештата врз коишто се базира човековиот ментален склоп, односно начин на размислување и начин на живеење. Конкретно тие претставуваат modus vivendi. Без системот на вредности секој нормален поединец станува општествено дезориентиран. Наведуваат дека Европа гледана како територија нуди вредносен систем кој е во крајна инстанца различен, Друг од вредносните системи на пример во Јужна Америка, Индија или Кина и Северна Кореа. Но, во рамките на тој генерален систем, наведува кохабитирање на повеќе подсистеми на различните земји-членки кои имаат меѓусебно различни пристапи во многу полиња, но сите потекнуваат главно од иста матрица.

*Секако дека системот на вредности сугерира сложеност на опшествениот контекст, бидејќи системите на вредности некогаш можат да бидат опонирачки еден на друг, можат да имаат многу дивергентности, а некогаш се екскомуницирачки.*

*Системот на вредности многу се рефлектира врз актуелните збиднувања и кај нас, но и глобално. На пример, градење на црква на скопското османлиско кале делува ирититрачки за одредена заедница во Република Македонија.*

Сепак, заклучуваат дека без аксиолошка основа секој општествен систем би пропаднал. Кај секое општестввто кое е во криза, се евидентира дека постојат проблеми со запоставувањето на вредносниот систем којшто има филозофска база, но со културолошки и цивилизациски рефлексии. Ако, на пример, една заедница го запоставува јазикот како вредност, ќе се сплоти со другата и на крај ќе се асимилира.

**2. *Кои, според вас, се вредностите што му даваат значење на она што е специфично и иманентно за Европската унија (религиски, семејни, егзистенцијални, трудови и/или др.), а кои на Република Македонија?***

Припадниците на политичката елита во Република Македонија со кои разговаравме на зададената тема генерализирано тврдат дека постојат одредени вредности, кои сите луѓе ги претпочитаат како: здравјето, угледот и слободата на движење. Во таа насока откако се констатира она што е претпочитано од мнозинството, за разлика од она што се избегнува и посебно кога доаѓа до рангирање на одредена вредност согласно со општественото скалило, тогаш условно се утврдува

определен аспект за ориентација на одредена група, т.е. она што е специфично и иманентно за истата. Во овој тек, а согласно со изборот на индивидуите во определени ситуации, дознаваме за карактеристиките на групата на која припаѓаат истите.

Во таа насока, истакнуваат политичарите, вредноста како општо прифатена норма го одразува моралот во едно општество и има силно влијание токму врз зачувувањето на општествениот систем и култура. Еднаш поставените вредности имаат за цел да го одржат системот во позитивна насока и да му дадат дух на современото живеење, гледано глобално. Поставените вредности се и одлика на едно општество, но многу често доаѓа до промена на веќе поставените вредности.

*Според соговорниците, во современото македонско општество, традиционалното македонско семејство и семејните вредности се токму оние најзначајните кои се столбот на општеството. Секое „заобиколување“ на овие вредности се смета за неморално и неетичко. Поради страв да не биде негативно претставен и осуден од околината, поединецот се покорува на вредностите и доследно ги почитува. Сепак, со текот на времето вредностите претрпуваат определени промени, но нивниот дух, кој во себе ги носи моралот и етиката останува. Така поставените и добро чуваните вредности имаат исклучително влијание врз зачувување на системот и културата.*

Дел од соговорниците на оваа група сметаат дека духовните вредности имаат примат во категоризацијата на вредностите коишто позитивно влијаат врз социјализацијата и културализацијата. Во таа насока ги набројуваат: моралот, етиката и религијата. Моралните норми кои се преточени во обичаи и применети во правните норми се дел од правниот систем на Република Македонија. Овие вредности силно влијаат врз градењето и одржувањето на здраво општество.

Поединец на оваа елита запрашан: *Кои, според вас, се вредностите што му даваат значење на она што е специфично и иманентно за Европската унија, односно кои вредности ги сметате за ориентациони во поглед на социјализацијата и културализацијата?* – забележа:

*Постојат универзални вредности кои се наследство на целото човештво. Тоа се таканаречените универзалии за кои зборува американскиот социолог Талкот Парсонс, потоа Кант, Хабермас, етичарот Ханс Кунг итн. Но, постојат и вредности кои се рамки во потесен контекст. За мене религиските вредности се ориентациони,*

*бидејќи се небесни, целестијални и етернални, тие го социајализираат и културизираат човекот наведувајќи го да мисли за нешто Возвишено. Националните вредности се исто така значајни бидејќи сите ние се раѓаме во одредена средина, која национално не изградува.*

На прашањето за вредностите што му даваат значење на она што е специфично и иманентно за Европската унија (или некои поединечни земји-членки), и за Република Македонија беше одговорено повторно дека вредностите се универзални и градењето на општеството и развојот на демократијата се темели на тие вредности. Затоа и не можат да бидат издвоени определени, кои се сметаат дека се специфични за земјите-членки, а определени за Македонија.

*Сметам дека вредностите кои се иманенти за Европската унија не се непознати за Република Македонија. Факт е дека сè уште дел од нив се на хартија или постојат декларативни заложби за нивно имплементирање. Во секој случај станува збор за принципите на транспарнтност, јавност, еднаквост и пропорционалност.*

*Европската унија е всушност, збир на вредности како што се принципот на солидарност со земјите-членки како морална вредност, човековите права, културолошките вредности и религиските вредности. Република Македонија ги поседува истите вредности како земјите-членки и со нив постепено остварува улога во Унијата.*

Генерализирано, соговорниците на политичката елита потенцираат дека демократијата, слободата на изразување, праведноста, јудео-христијанското наследство, традицијата, почитта кон Другоста, како и соработка помеѓу цивилизациите се вредностите што му даваат значење како на она што е специфично и иманентно за Европската унија, за нејзините поединечни земји-членки така и за Република Македонија.

Како резултат на реализацијата и материјализација на вредностите во Европската унија и во Република Македонија произлегуваат заеднички културни обрасци, како на пример, тенденција кон унифицирана европска цивилизација, односно взаемни текови на културните и вредносните движења, цивилното општетсво, слободата на печатот, слободни избори, транспарентност на владите кон граѓаните, контрола – баланс на власта - правна држава. Исклучително за Република Македонија произлегуваат следните обрасци: европеизација, дебалканизација, егзактност и

одговорност, потоа правната држава, слободен пазар, мобилност, движење на луѓето, стоката, идеите, приспособување на законските регулативи, неформалните и формалните однесувања на луѓето во согласнист со вредностите на Европската унија.

**3. *Какво, според вас, е влијанието што религиските вредности го имаат во земјите-членки на Европската унија и во Република Македонија, како земја-кандидат и кои културни обрасци произлегуваат од нивната реализација?***

Политичките претставници со кои разговаравме религијата ја детерминираат, генерално, преку вербата во Бога. Имено, велат дека претставува систем на верувања, обичаи и традиции кои се втемелени во верувањата на човекот за неговиот настанок и за одредени природни појави. Сепак, забележуваат дека од религијата потекнуваат и моралните вредности и обичаите за градењето на критериум за она што е лошо, односно добро. Религијата честопати се користи за да го објасни она што според законот на физиката не може да биде објаснето. Според истите, она што претставува религиска вредност произлегува од учењето на соодветната религија, главно насочена кон изучување на човечките доблести, меѓусебното почитување, толеранција и меѓусебното помагање. Соговорниците сметаат дека религиските вредности се препораки кои религијата ги проповеда, начин на кој се објаснуваат заложбите на религијата да се примени она што според нејзиното учење е исправно и корисно за човештвото. Поаѓаат од фактот што во христијанството вредностите се пренесени преку десетте божји заповеди, што всушност претставува и кратко објаснување за тоа како нè учи оваа религија. Потенцираат дека доколку светот, односно човештвото би се засновало само на религијата, онаква каква што е запишана во светите книги, веројатно никогаш не би настанале судири какви што има денес. *„Но, имајќи предвид дека човекот е најнеидеалното суштествно, односно свесни за неговата улога „со својот допир тој ги заматува и најчистите води“ неопходно е да постои и правен систем кој ќе му помогне на општеството да се изгради и да опстои како здраво општество.“* Сепак, забележуваат дека правниот систем на секоја земја, генерално, се заснова на обичаите кои во историјата се применувале и важеле за своевидни закони на тоа определено време. Затоа, сметаат дека голем дел од вредностите кои ги проповеда религијата денес се преточени во законите кои го одредуваат карактерот на современото општество во коешто живееме. Во овој тек даваат пример според божјите заповеди кои велат: не убивај или не кради, денес гледани како дејство или

поведенија кои во секоја современа држава се сметаат за тешко кривично дело, а државниот апарат е изразито строг во однос на нивното проценување, односно казнување.

Главно, типизирано во однос на влијанието што религиските вредности го остваруваат во земјите-членки на Европската унија, соговорниците од оваа група, подвлекуваат дека повеќето од земјите во Европската унија се секуларни, односно постои јасна одвоеност на црквата и државата, па затоа и не постои поврзаност помеѓу политичките одлуки, кои се донесуваат и религиските вредности. Со оглед на оваа одвоеност не може да се констатира дека во Унијата преовладува некоја религија, на пример христијанската, иако во текот на расправите за донесувањето на Уставот на Европската унија и Лисабонската спогодба направени се обиди токму христијанството да се внесе во одредбите.

*De facto религистките вредности играат многу мала улога во земјите на Европската унија бидејќи концептот е секуларен, т.е. јасно е маргинализирање или екскомуникација на религијата од општествениот, јавен живот.*

Дел од соговорниците забележуваат дека влијанието на религијата во земјите-членки варира. Од тие причини проблемот, односно темата на разговор ја разгледуваат партикуларно, поединечно за определени членки. Во принцип сметаат дека оваа релациија држава-религија одржува едно задоволително ниво во рамките на замјите-членки коешто Република Македонија во последните години навистина го постигнува. Сепак, дел од политичарите соговорници во таа насока даваат една остра забелешка која се однесува за современото македонско општество.

*Во Македонија е во тренд една сурова христијанизација на јавниот простор. Евидентни се крстови на секој чекор, свештеници на камен- темелници, како и христијански елементи доминантни во туристички прирачници. Од друга страна кај исламската вероисповест духовната страна е многу појака (емпириските истражувања го покажуваат ова). Има многу повеќе верници кои ја практикуваат ритуалната димензија на верата.*

Дел од оваа група смета дека религијата претставува верување во еден систем на вредности кон кои треба да се стреми секоја индивидуа, да се изгради како високо морална личност, да постигне духовен мир и да пронајде духовен водич во остварувањето на сопствените цели. Ова всушност претставува едно современо третирање на религијата како изразито приватна, персонална компонента, која сепак

тежнее да оствари генерално глобално, општествено добро. Според овој умерен став религиите и нивните вредности влијаат врз општеството и врз креирањето на моралните вредности.

*Религиските вредности во ЕУ влијаат на општествениот систем воопшто во насока на сочувување на моралните и етичките вредности.*

*Во Република Македонија се еден од начините на сочувување на мултиетничкото општество и мултикултурализмот.*

Афирмативниот став се огледа во дискурсот на соговорниците дека во земјите од Европската унија, кои имаат долга државничка традиција, застапени се религиските вредности одамна. Односно, државната традиција ја прати и религиска традиција. Иако не се пресудни, сметаат интервјуираните политичари, религиските вредности во земјите-членки на Европската унија се вградени во кодот на однесувањето и во светогледот на секој поединец, истите имаат долга традиција во системот и претставуваат нешто што се подразбира како вредност по себе, додека во Република Македонија, за жал, наведуваат дека религиските вредности се користат во политички цели, но сепак во последните години имаат тренд на зголемено влијание.

Генерално, културните обрасци, кои произлегуваат од реализацијата и материјализација на религиските вредностите во Европската унија, а кои се однесуваат и за Република Македонија, посебно и во согласност со нејзиниот сегашен статус на земја-кандидат за членство во Унијата, според политичките соговорници се во крајна инстанца и специфицирано соодветните декларации и стратегии.

**4. *Дали и во која мера бележите поврзаност помеѓу идентитетот воопшто (личен, етнички, социо-групен) и религиозноста во Европската унија и Република Македонија?***

Директната поврзаност на религијата со човештвото е проследена преку човековата одредница – вера. Овие соговорници тргнуваат од религиозноста за која велат дека е силно поврзана со човековото постоење, односно со една од главните човекови карактеристики, верувањето, односно неговиот концепт да се верува во себе, во околината, во своите пријатели и во подобро утре. Потоа го истакнуваат во современ контекст постоењето на зачестена и меѓусебна поврзаност на религиозноста,

националниот и културниот идентитет. Понатаму забележуваат дека, сепак, со развојот општеството ја надминува оваа поврзаност.

> *Ако зборуваме за современото македонско општество, тогаш најчесто се потенцира дека станува збор за многу религиозен народ. Тоа впрочем е дел и од нашата историја и традиција. Само како пример ќе го посочам градот Охрид, македонскиот Ерусалим каде што религијата е длабоко втемелена.*

Специфицирано заокружуваат дека идентитетот како поим со кој го означуваме себесознавањето и дефиницијата за она што е секој од нас како поединец, не смее строго да се поврзува со религиозноста, во смисла на тоа дека доколку некој индивидуално не е религиозен нема свој идентитет, или доколку општеството нема државно призната религија, односно е секуларно, нема традиција. Се потенцира поврзаноста на религијата со себесознавањето, со генералното спознавање, но истото не значи дека доколку некој не припаѓа на некоја религија, има дилеми околу своето познавање, односно постоење.

Понатаму се оди во насока што сугерира дека идентитетот воопшто може да се изедначи како личен, етнички, или генерално социо-групен. Без оглед дали зборуваме за идентитет на народ, нација или индивидуа, истиот е составен од индивидуални белези кои целосно го потврдуваат како засебен супстрат, а религијата претставува неизбежен белег на еден изграден идентитет кој се однесува на посебен супстрат, која може да се гледа како индивидуа, но и како општествена група. Истата група забележа соговорници кои ја потенцираат огромната важност на религијата, посебно во насока на нејзината улога при креирањето на колективните идентитети. Во овој контекст религијата е столбот на идентитетот и претставува репрезентативен аспект на општеството.

Од аспект на современото европско општество соговорниците бележат дека религискиот идентитет не претставува исклучително негативен феномен. Во овој тек бележат дека најчесто се поаѓа од одредницата што прагматично идентитетот, кој во основа етимолошки ја потенцира подвоеноста помеѓу разликите, не наметнува сам по себе негативна, деструктивна конотација. Религиозниот идентитет во себе ги инкорпорира и аспектите кои не се исклучиво религиозни, но се нужно современи и кои неминовно во современото општество мораат да бидат прифатени. Во овој редослед го наведуваат државното легализирање на абортусот и, уште повеќе,

државното легализирање на хомосексуалните бракови. Изложувањето на ставот на оваа група понатаму се двои, односно дивергира во две насоки. Едната го протежира унимодалниот религиозен аспект на идентитетот на современото европско општество, а другата полимодалниот религиозен аспект на идентитетот на современото европско општество.

Во таа насока првата група која ја застапува тезата за унимодален религиозен едвопски идентитет поаѓа од фактот дека христијанството во основа е доминицилен европски реликт. Појдовна точка е Рим и Ватикан, односно самата географска местоположба на Светата столица укажува на извонредното, првично и формирачко влијание на христијанството врз европското уредување, генерално. Ова христијанско влијание се рефлектира на територијата на Европа како духовно така и материјално. Духовниот аспект, сметаат приврзаниците, на оваа теза се состои во тоа што христијанската доктрина е пренесена, некогаш свено, некогаш несвесно, од поколение на поколение, трансцендентно на европската популација и во таа насока остварува сè уште огромен импакт врз менталниот склоп на истата. Христијанската доктрина, потенцираат, е впишана латентно во одредбите и регулативите и на поединечните држави и на комунитарната заедница. Материјалното наследство, наведуваат, е исто сведок за влијанието на христијанството врз идентитетот на современа Европа, а тоа се огледа во бројните свети, христијански градби како што се катедралите, црквите, храмовите, синагогите и манастирите. Во овој редослед, припадниците на политичката елита наведоа и многу други црковни реквизити како икони, свети предмети, фрески, резби и олтари.

Претставниците со кои разговаравме, а се дел на политичката државна актуелна структура, и истовремено се дел на другата група која го застапува полимодалниот религиозен аспект на идентитетот на современото европско општество, поаѓаат од современиот факт на неисклучивост. Истите велат дека доколку Европа би се свела на примарно исклучително христијанско значење во насока на социо-групен идентитет тогаш нејзиниот плурализам се става под прашање. Во современото европско општество коегзистираат различни погледи на свет. Секако дека е присутен христијанскиот поглед, но сè повеќе се инкорпорираат и погледите како на исламот, така и на ориенталните религии. Во овој редослед е приматот на еколошката свест, која изворно не е христијанска вредност, но секако е религиска. Во последните

децении современото европско општество потенцирано е индивидуализирано и приватизирано. Во тој тек, забележуваат соговорниците, се движи и религијата која со самото тоа што се сведува на аспект од затворен тип, станува сè повеќе маргинализирана од општествената сцена и со опаднато влијание врз сите хумани сегменти, па и врз идентитетот.

**5.** ***Дали Другоста се јавува како резултат на религиската припадност во Република Македонија и во Европската унија?***

Според соговорниците од политичката структура на Република Македонија со кои беше разговарано врз база на темата за Другоста се смета дека истата најчесто се јавува како резултат на религиската припадност, генерално, и во контекстот на современото општество на Европската унија, но и во контекстот на современото општество на Република Македонија. Сепак, потенцираат дека Другоста може да се однесува и на етничка припадност, потоа на различна родова припадност, или различна сексуална ориентација итн.

> *Политиката на Европската унија во однос на Различностите или Другоста е многу јасна. За тоа говорат и заложбите на политичката елита на Унијата, која за настаните поврзани со толеранцијата не пропушта да истакне дека Европската унија ги спојува Различностите. Иако почетоците на Унијата се исклучиво економските интереси, денес Унијата прерасна во симбол за обединетост.*

> *Република Македонија е мултикултурно општество, кое токму заради Различностите се соочува со сложен систем на функционирање. Многу често религијата беше причина за манифестирање на Другоста, иако разликите се по повеќе основи.*

Наспрема овој политичко-потврден став кој го прифаќа религискиот аспект на Другоста се сретнува, иако не често, холистичко партикуларниот политички став. Имено, во однос на ова прашање интересно е гледиштето според кое се поаѓа од една извесна холистичка перспектива, која вели дека Другоста е дел на природата и дека без неа светот би немал смисла. Политичките соговорници во таа насока подвлекуваат дека Другоста неминовно постои во сите форми – гледиште што претставува холистичка перспектива, па во овој случај присутна е и кај луѓето што припаѓаат на иста религија, етникум, локална заедница и сл. – односно партикуларноста од холизмот. Од истите тие причини генерализирано се подвлекува дека Другоста не се

јавува исклучиво како резултат на различната религиска припадност ниту во современото општество на Европската унија ниту во современото општество на Република Македонија.

Дел на припадниците од оваа елита со кои дискутиравме сепак, не го исклучуваат историското значење на религијата, истакнуваат дека обичаите и моралот во одредена мера се основата за денешното законодавство. Сепак, во различни историски периоди, религијата е различно прифаќана. Некогаш била водечка, некогаш исклучувана. Оттука, велат дека и припадниците на различните конфесии градат различни меѓусебни односи коишто се движат од пријателски и дијалошки, до екстремно непријателски и меѓусебно исклучителни. Дури и денес, беше истакнато, различните современи општества на Унијата вклучувајќи го и македонското современо општество во истиот тој збир, различно и приоѓаат и градат различни односи со религиските Други. Религиозните спротивставувања по основ на припадност, што во извесна мера ја потенцира Другоста, а истовремено заснована на различните теолошки учења во одредени, религиозни, екстремни околности и посебно во мултиконфесионални средини резултирале со нестабилност и судири, но и со драстичен екстремизам, односно тероризам.

Извесен став од оваа елита потенцираше исклучителен однос по однос на прашањето за религиската Другост. Беше проценето дека Другоста не се должи на религиозна основа поради тоа што религиите, генерално, во основата на своите доктрини пропагираат почит, мир, љубов, соживот и дијалог. Наброените сегменти беа поставени дијаметрално спротивно од дискурсот на Другост, кој пак од своја страна ги исклучува другите аспекти и субјекти и на база на негација поставува онтологија, односно постоење.

> *Другоста не се јавува како резултат на религиската припадност. Таа не ја почитува толеранцијата и другиот, а секоја религија во својата суштина ја носи почитта на другиот. Другоста ја носи посебноста и иако религијата е приватна и индивидуална работа, таа сепак е општествен и колективен феномен.*

***6. Во кои сегменти се одразува важноста на религиските вредности за постигнување и одржување на кохезијата во Република Македонија и хармонизацијата на правната легислатива во земјата со онаа на Европската унија?***

Припадниците на политичката елита во државата со кои се говореше на темата, генерално, религиозните вредности ги третираат од аспект пред сè на солидарност, но и на правичност, односно правда. Во таа насока во определена мера сметаат дека се влијателни за постигнувањето и одржувањето на кохезијата во Република Македонија, но и за хармонизацијата на државната легислатива со легислативата на Европската унија. И оваа група претпочита да истакне дека важноста на религиските вредности делумно се состои и во тоа што истите се дел од фундаменталните човекови права, кои што се универзални, а главно и општоважечки и општоприфатени.

*Имајќи ја предвид мултиконфесионалноста на граѓаните на Република Македонија, почитувањето на религиските вредности е особено значајна за кохезијата на македонското општество, па затоа е и нужно донесената правна регулатива да биде доследно применета и континуирано да се работи на нејзино подобрување.*

Дел од интервјуираните политичари го потенцираат правопропорционалниот однос помеѓу религиските вредности и религиозната доктрина, односно гледиштето дека она што претставува религиска вредност произлегува од учењето на соодветната религија. Забележуваат дека насоката на овие вредности се движи во позитивен општествен прогрес, главно насочен кон потенцирање на главните човечки доблести, меѓусебното почитување, толеранција и меѓусебното помагање.

Беше изнесено мислењето дека влијанието на религиските вредности во различните земји-членки на Унијата е различно. Тврдат дека во принцип се одржува едно задоволително кохезионо ниво коешто во поглед на комунитарната хармонизација на Република Македонија во последните години навистина е постигнат постоечкиот бенчмарк на Унијата.

Од овие испитаници беше изнесен приодот, односно третманот на религиските права, религиската слобода и религискиот идентитет како на религиски вредности чиишто непречено реализирање во рамките на општоприфатената меѓународна рамка, генерално, овозможува кохезија во рамките на унифицирана Европа. Движејќи се по тој ракурс и Република Македонија во насока на интер-културниот, односно интер-религискиот дијалог, оневозможува дискриминација и нетолеранција врз база на религија и притоа реализира во своето современо општество кохезија и хармонизација со одредбите на Унијата.

Во однос на сегментите во кои се одразува важноста на религиските вредности за постигнување и одржување на кохезијата определени политичари произнесоа религиозен став на вистински верници велејќи дека сите луѓе се божји суштества и треба да се третираат исто пред законот, во овој тек напоменето беше дека нема предност на една религиска припадност над другата. Во современите општества констатираат дека е нормално луѓето да имаат своја лаичка религија-идеологија, исто како што нормално е овозможено да бидат атеисти и агностици. На преден пиедестал е важноста на меѓусебното почитување.

> *Европа од ден на ден станува се помултикултурна и помултирелигиозна. Ова би требало да биде богатство бидејќи глобалниот свет не толерира монолитност, глобалното село те доведува во контакт со секого, дури и со тој најдалечниот (метафората на Давутоглу: Лондон поцрнува!). Светот веќе треба да ја помине фазата на хантингтоновата теза за судир помеѓу цивилизациите (религиите). Градењето на мостови е порационално од градењето кинески културни ѕидови. Признавањето на плуридентичноста е вистинскиот пат за иднината каде етноцентричноста и религиоцентричноста би требало да бидат минато. Ако не може да се реализира глобална држава, тогаш треда да се реализираат глобални вредности кои ќе се црпат од етерналните и трансценденталните вредности.*

Генералиите како социјална правда, понатаму, еднакви шанси, толеранција, почитување на верските слободи, мирното решавање на недоразбирањата, почитувањето на правото на самоопределба, соживотот се набројубаат како кохезиони фактори на комунитарно ниво од сите поединечни соговорници со кои разговаравме без разлика на политичката, верската и возрасната компонента. Во овој редослед генерализирано е и тврдењето:

> *Религиските вредности имаат влијание врз социјаланата кохезија. Поголем број од законите во земјите на Европската унија од морални (верски) се преточени во правни ноорми. Таква тенденција има и во Република Македонија.*

**7. *Дали регулирањето (со силни санкции или без) на религиските права влијае врз реализирањето на религиската слобода во Република Македонија и во Европската унија (или кај некои земји-членки)?***

По однос на ова специфично прашање, соговорниците на елита од македонската политичка јавност, се изјасни релативно умерено. Сметаат дека преку умереното

законско регулирање на религиските права, се влијае релативно позитивно врз реализирањето на религиската слобода. На овој начин се унапредуваат плуралните современи општества, кои генерално се мултикултурни и мултирелигиозни, а истото се рефлектира и врз меѓурелигиозниот соживот како во земјите-членки на Европската унија така и во Република Македонија.

*Со оглед на тоа дека Република Македонија е земја-кандидат за членство во Европската унија потребно е законодавството да биде компатибилно со она на Европската унија, односно правните акти кои Унијата ги донесува мора да бидат соодветно транспонирани во домашната легислатива. Во таа насока, доколку македонското законодавство ги прифати тие норми се претпоставува дека и нивната примена ќе биде во согласност со одредбите на Европската унија.*

*Основата за регулирањето на слободата на вероисповед, земјите- членки како и земјите-кандиати ја црпат од основните документи кои Европската унија ги има донесено, како и од меѓународните декларации и конвенции кои Унијата ги прифатила. Токму затоа и регулирањето на ова право во земјите-членки и оние кои претендираат да бидат, мора да биде на иста основа и со иста цел. Сепак, заради разликите кои постојат во секое општество би биле дозволени отстапки, но само доколку тие ни ги нарушуваат основните темели на кои се заснова ова право.*

Во однос на поврзаноста на начинот на регулирање на религиските слободи со степенот на толеранција, генерално, се забележа правопропорционален однос. Начелно тврдат, правото на слободно изразување на религиската определба може да биде опасност само доколку тоа се забрани или ограничи од политички или национални причини. Неоправданите или слабо поткрепените забрани може негативно да влијаат и да се одразат на нормалниот општествен тек. Забраните може да предизвикаат екстремни движења кои можат да прераснат и во религиски војни.

Во поглед на современите европски држави, посебно оние со либерални уредувања и идеологии, граѓаните го имаат правото на слободна интерпретација на религијата, но сепак постојат и современи европски општества каде што религијата се наметнува како неминовност и истовремено остварува огромно влијание врз одлуките и животот на граѓаните.

Регулирањето на религиските права влијаат врз реализирањето на истите во Република Македонија каде што, генерално, се почитуваат верските слободи и права што е овозможено со Уставот и Законот за правниот статус на црквите, религиозните заедници и групи од 2007 година и останатото законодавство, беше истакнато од определени соговорници. Сепак, забележуваат дека иако во Република Македонија, генерално, се почитува слободата за употреба на религијата, недостасува ефективна имплементација на делот за регистрација од Законот од 2007 година со што се спречуваат некои религиски групи да добијат легален статус.

Дел од политичките соговорници потенцираат дека регулирањето на религиските права во никој случај нема потреба и не смее да вклучува никакви санкции врз реализирањето на религиската слобода ниту во Република Македонија ниту во Европската унија или кај која било поединечна земја-членка.

Сепак, дел од политичката елита со која разговаравме наведува констелации во коишто, условно кажано, и црквата успева да повлијае врз современите општества преку изнаоѓање на заобиколни механизми и начини. Така тврдат дека таа влијае врз општото мнение и организацијата, но влијае и врз политиката, културата, правото, а делумно и врз економијата.

*Некогаш има несогласувања помеѓу религискиот и државни(чки)от дискурс. Папата често ги критикува европските политики.*

Типичен пример за прашањето што се однесува на регулирањето на религиозната слобода којашто бележи сличен третман во Република Македонија и во Европската унија е произнесено во тврдењето дека:

*Доколку религиската слобода е во добра состојба не доаѓа до мешање во приватноста на луѓето, освен во некои случаи кога верниците се дискриминирани. На пример, ако не конзумирате алкохол, се сметате за конзервативец, а ако вашата жена е покриена, тогаш тешко дека ќе најде работно место во јавниот сектор.*

Определени соговорници политичари сметаат дека во Република Македонија сѐ уште има простор за регулирање на религиозните слободи, но и за законското одредување на начинот на организирање и транспарентност на работатата на верските заедници, на пример, со финансиите.

**8. *Во која мера и дали воопшто, а со оглед на религиските книги (Библијата, Куранот, Талмудот итн.) толеранцијата може да се третира како религиска вредност во Европската унија и Република Македонија?***

Во врска со осмата тема за разговор, соговорниците од политичката елита на Република Македонија изнесоа, генерално, став дека во современото европско општество, но и во современото македонско општество, толеранцијата во голема мера може да се третира како религиска вредност. Сите религии имаат подеднакво право за слободно изразување и реализирање, освен определени псевдорелигиозни групации и дејности кои ја злоупотребуваат религијата или верската заедница како форма и обредите како религиозно-културни манифестации вршејќи извесни девијантни дејности.

Поаѓајќи од разбирањето на религијата како олицетворение на она што е добро, исправно и морално, дел од политичарите сметаат дека во таа насока и толеранцијата може да се третира како религиска вредност. Толеранција може да се третира како религиска вредност зашто ја прави нужна почитта кон различноста.

> *Во христијанската религија се вели дека добрината на човекот е доказ дека во него постои верба во Бога, дека сите се раѓаме и живееме различни, па затоа и треба да се почитуваме. Толеранцијата е одраз на она што во религијата се нарекува трпеливност и почит. Иако толеранцијата е „модерен збор“, кој е дело на современите демократски процеси, мислам дека својот корен, темелот на своето постоење го носи далеку назад во историјата, во периодот кога почнува времето да се смета пред и по раѓањето на Исус Христос. Толеранцијата била секогаш присутна, некогаш повеќе, некогаш помалку. Проблемот не е во тоа како религијата го третитра прашањето на толеранцијата, туку во тоа како припадниците на одредена религија тоа го манифестираат или дали можеби го злоупотребуваат?*

Правилниот начин на регулирање на религиските слободи, согласно со Европската конвенција за човекови права, влијае правопропорционално врз религиските вредности, односно врз степенот на толеранција помеѓу припадниците на различни религиозни заедници во рамките на едно современо општество. Во овој контекст се остварува третирање на толеранцијата како религиска вредност. Со самото регулирање на религиските слободи се овозможува и поголем степен на толеранција, но и прифаќање на Другиот, а со тоа се зацврстуваат и самите религиски вредности.

Толеранцијата, верскиот дијалог и почитувањето на луѓето од аспект на различни религски перспективи се третираат како врвни, цивилизациски, религиски вредности.

На планот на религиската толеранција во современото македонско општество, политичарите со кои расправавме сметаат дека ниедна религија во државата не прокламира раздори, војни и омрази во името на Бога. Во овој тек, потенцираат, доколку религиската толеранција, односно принципот на позитивно религиско изразување и делување се одвива во насока на усогласување со општите принципиелни ставови присутни во демократкото општество, како на пример, начинот на слободен живот и дејствување, кои придонесуваат кон остварувањето на неопходното единство, тогаш и таму каде што постојат суштествени разлики во пристапот и разбирањето на определени општествени процеси, доаѓа до потенцирање на нејзиниот верски, односно религиски аспект.

Извесни соговорници изнесоа негативен став за третирањето на толеранција како религиска вредност. Во овој редослед појдовна точка беше фактот дека големите монотеистички религии, како што се христијанството и исламот, посебно имаа свои поединечни религиозни системи. Понатаму истакнуваа дека овие системи инхибираат во себе вредности, норми, практики, обреди и симболи, кои се единствено иманентни, исклучително за дадената религија и истите делуваат монолошки во контекстот дури и на современтите плурални и демократски општества. Овој дел соговорници тврди дека истите се однесуваат исклучително за сопствените верници во рамките на верската заедница. На крај заклучуваат дека овој монолошки процес попречувајќи ја комуникацијата го попречува и верскиот дијалог, односно толеранцијата.

Понатаму, во врска со овој став истите соговорници посочуваат дека било христијанството било исламот како системи се доволни самите за себе. Потенцираат дека овие религии се посебни аксиологии, тие се нужно сеобјаснувачки и сезнаечки, а истовремено претставуваат уникатни вистини. Верниците, православни, католици или муслимани се воведени во овие вистини кои се затворени во утврдениот религиозен систем и заедница и се под директен надзор и контрола на религиозниот Апсолут. Прифаќањето на друга вистина надвор од онаа утврдена и одобрена од Апсолутот го нарушува системот. Во тој контекст, потенцираат соговорниците, се укинува и оневозможува комуникацијата, ова доведува не до маргинализирање, туку до

исклучување на Другиот, односно Другите, што практично значи и детронизација на меѓурелигиозната толеранција и комуникација. Дел од соговорниците стојат до ова гледиште дури и во современи општествени рамки од причина што религиозните системи премногу бавно се менуваат.

Определени соговорници ја потенцираат значајноста на толеранцијата која води до дијалог преку нивниот релативен став и преоден пристап. Како и на сите општествени подрачја така и на рамниште на религија истите ја определуваат како нужна, посебно во современите општества. *Напредокот на технологијата неминовно бара толеранција, доколку ја нема последиците би биле фатални за сите Други, Различни или како сакате наречете нè сите нас!* –подвлекува еден политичар. Во овој тек религиозната толеранција беше наведена како појдовна и како извор на мудрост и баланс. Во корпусот на различни убедувања и вредности на сите религии можат да се пронајдат заеднички именители како почитта, мирот, љубовта и надежта, кои прагматично и релативно ја скицираат, поддржуваат и одржуваат религиозната толеранција.

**9. *Како го оценувате интензитетот на влијанието на религиската (не)толеранција врз интегративните процеси внатре во земјата (Република Македонија), но и на земјата во процесот на нејзината ацесија кон Европската унија?***

Соговорниците од редовите на актуелната политичка јавност во современото македонско општество, генерално, оценуваат дека интензитетот на влијанието на религиската толеранција врз интегративните процеси на Република Македонија, како земја-кандидат за членство во Унијата е една од неколкуте битни општествени карактеристики. Тие ја потенцираат условеноста, која зема предвид дека Европската унија е семејство на различности, тогаш тврдат, по секој основ, религиската толеранција е особено значајна. Подвлекуваат дека Република Македонија е слободна држава во која со закон се забранува секаков вид на дискриминација, а особено по религиска припадност. Општеството во кое живееме покажува дека граѓаните се толерантни и меѓусебно се почитуваат, но постојат одредени прашања поврзани со религијата кои претставуваат дилеми за тоа колку добро е гарантирана религиозната слобода. Доколку дилемите не се разрешат, постои опасност тоа да влијае на процесот

на пристапување, ако се земе предвид дека слободата на верско изразување е дел од политичките критериуми за членство во Европската унија

*Република Македонија е мултиетничко општество кое по Албанија е со највисок праг на религиска толеранција. Религиската толеранција и овозможува чекор понапред на Република Македонија во процесот на евроинтеграцијата и поголемо зацврстување на своите позиции во клубот на вредностите на Европската унија.*

Нивото на солидна верска толеранција и дијалог, влијае позитивно врз интегративните процеси како внатре во земјата така и во однос на процесот на нејзината акцесија во Унијата. Политичарите истакнуваат дека остварувајќи религиска толеранција, земјата покажува дека ги почитува човековите слободи и права, но и фундаменталните права на граѓаните.

Интензитетот на влијанието на религиската нетолеранција е важен, односно е од големо значење во обата правци (и внатре во земјата и надвор, односно за нејзинтата акцесија кон ЕУ). Еден многу важен општествен чин на современото македонско општество којшто беше наведен од определени соговорници претставува Охридскиот конгрес на меѓуцивилизациска соработка, кој секако е практично реализиран добар исчекор напред, кој е од значење не само локално за Република Македонија туку и регионално за западен Балкан, но и генерално за Европската унија. Делот на оваа елита со преовладувачки типичен одговор процени висок импакт, односно колку е поголема меѓурелигиската толеранција дотолку доаѓа до интензивирање на интеграционите процеси.

Делот од политичарите кои сметаат дека религиската толеранција прагматично не е можно да се реализира, беа со став дека религиите делуваат стимулативно во насока на интензивирање на процесот на религиската нетолеранција. Овие соговорници сметаат дека делејќи се граѓаните по религиска припадност, се губи и опаѓа кохезијата во современите општества. Наведуваат дека религиските обележја често предизвикуваат проблеми и во таа насока многу почесто доаѓа до нетолеранција, наместо до толеранција, а дијалогот наместо да биде реализиран, е тероризиран поради настанатите конфликтни ситуации.

Во ваков редослед на религиската нетолеранција, овој дел на соговорници го наведува примерот со радикалните религиозни масакри предизвикани од самоубиствени акции кои причинуваат огромни недолжни жртви, а сè во име на религиозни идеали, кои во крајна инстанца ја жртвуваат сегашноста за сметка на минатото или за подобра иднина. Потоа, религиозната толеранција ја доведуваат под знак прашалник кога истата ја ставаат во соодност со улогата на жената согласно со традиционалните религиски обичаи, убедувања и симболи. Во овој тек, третирајќи ја жената во современите општества на земјите-членки на Унијата, во кои можеме да го вклучиме и современото македонско општество, религијата извршува нетолерантна општествена функција. Политичарите подвлекуваат дека *жените кои јавно ги носат традиционалните религиозни обележја стануваат општествено изолирани.*

Некои соговорници од оваа група наведуваат дека во модерно време или конкретно во XX век религиозната толеранција добива и негативна конотација од парадигматична причина, имено истата беше исползувана околу прашањето за етничките конфликти. Од тие причини наведуваат политичарите мора многу да се внимава во врска со ранливите и кревки термини на религиска (не)толеранција и религиски дијалог. Потенцираат дека сите современи општества се мултиетнички и мултирелигиозни, а во тој редослед религиската нетолеранција релативно доволно може да придонесе за настанување или одржување на стабилноста на внатрешно-етничките и интер-религиозните прашања. Модерната цивилизација ургентно треба да внимава на ова исклучително општоважечко прашање за сите демократски општества во кои човековите права се од круцијална важност.

**10.** ***Кој е вашиот став за влијанието што религиозните идентитети го имаат врз степенот на религиско-групната и социо-групната кохезија во Република Македонија и во Европската унија?***

Соговорниците, припадници на политичката елита, сметаат дека религиозните идентитети остваруваат влијание и врз религиско-групната и врз социо-групната кохезија во Европската унија и во Република Македонија, но ова влијание не е ниту единствено ниту пресудно.

Сепак, соговорниците истакнуваат, генерално, дека што се однесува до религиско-групната кохезија во современото општество на Европската унија

религиозните идентитети остваруваат извесно изразено влијание дури и денес, кое е рефлексија, но се јавува и делумно како резултат на споделеното културно наследство во минатото, кое на територијата на Европа се базира врз христијанските корени. Донекаде е слична ситуацијата и за влијанието на религиозните идентитети врз социо-групната кохезија во Европската унија што во определени држави покажува нескриено сè уште влијание.

Во рамките на Република Македонија, религиско-групната кохезија во современото општество, генерално, сè уште остварува влијание согласно генералните ставови на соговорниците, со умерен манифестен интензитет. Ова влијание е главно резултат на големото влијание што го остварувал религиозниот идентитет на територијата на Република Македонија во минатото којшто, генерално, се засновал на дихотомијата православни и муслимани, што условно значело национална, односно етничка поделеност. Современото општествено уредување на Република Македонија сведочи за влијанието на религиозните идентитети врз социо-групната кохезија во државата коешто се реализира преку други, нерелигиозни, општествени фактори и се регулира во согласност со правната легислатива на државата.

Регулирањето на религиозните идентитети влијаат врз степенот на толеранцијата и во современите општества, подвлекуваат дел од соговорниците, па затоа и постои можност одредени религиски вредности да бидат променети. Истакнато е дека идентитетот и религијата се чувстсвителни прашања коишто се многу важни за поголемиот дел од популацијата во општеството и затоа начинот на нивното регулирање има големо значење. Овие аспекти, според овој дел на соговорници, се меѓусебно зависни со толеранцијата и доколку има повреда на религиозниот идентитет, тогаш тоа со сигурност предизвикува намалување на степенот на толеранцијата.

*Принципот на регулирањето на религиозните идентитети влијае врз религиските вредности и во земјите-членки на Европската унија и врз религиските вредности во Република Македонија. Посебно може да влијае на искривување на религиските вредности или нивна злоупотреба во моментот кога религискиот идентитет ќе се исполитизира, а истовремено станува закана и за националноста на една држава.*

*Религиските права, слобода и идентитет овозможуваат кохезија во Европската унија и во Република Македонија во насока на меѓукултурен и меѓурелигиски дијалог, притоа оневозможувајќи дискриминација и нетолеранција врз религиска основа.*

Различните религии и нивната интерференција влијаат врз различниот мултикултурен дијалог, а тоа воспоставува силни нераскинливи врски врз темелните вредности на политичкиот систем на државата, истакнува значителен дел испитаници. Извесни соговорници од оваа таргетна група сметаат дека религиозните идентитети имаат огромно влијание во Република Македонија врз степенот на религиско-групната и социо-групната кохезија, но, за жал, ова влијание се јавува како фактор на разединување, за разлика од истото во земјите на Европската унија каде што нема пресудна улога во поглед на обединување.

И дел од интервјуираните лица на оваа група исто така наведе дека идентитетот без оглед дали станува збор за народ, нација или индивидуа се состои од индивидуални белези кои целосно го потврдуваат, а религијата е неизбежен белег на секој изграден идентитет. Во таа насока, а во врска со социо-групниот европски идентитет беше напоменато дека:

*Сеевропскиот првобитен идентитет е јудео-христијански, но денес сè повеќе продираат и другите религии, особено исламот, па така денес се зборува за синтагмата европски ислам (Т. Рамадан, Б. Тиби). Денес се поставуваат прашања во врска се „европјанството“ на „новодојдените“ и нивниот идентитет. Се појавуваат тези за повеќеслојни идентитети (А. Малуф): Арап, Французин, Европеец, Турчин-Германец...*

Во врска со влијанието што го има начинот на регулирањето на религиските права, религиските слободи и религиозните идентитети врз степенот на кохезија во Унијата, се наведува ставот на дел од овие испитаници дека доколку религиските слободи се гарантираат со устав, нивото на толерантност би требало да расте. Наспроти ова е тврдењето дека секое врамување на религиските слободи претставува кршење на човековите права. Но, регулирањето е разбирливо прифатено доколку се движи до степен што условно не дозволува овие права да навлегуваат во правата на Другиот и да бидат деградирачки.

Религиозните идентитети имаат влијание врз степенот на групната кохезија во Европската унија. Ова се рефлектира, според соговорниците, и преку фактот што повеќето од законите во змејите-членки на Европската унија од морални (верски) се преформулирани и прекодирани во правни ноорми. Таква тенденција се јавува денес во современа Република Македонија.

### 4.6. ЗАКЛУЧОК

Соговорниците во интервјуто наменето за целите на ова истражување, кои се дел од политичката сцена во Република Македонија, генерално, поаѓајќи од определбата на поимот вредност, односно систем вредности, дојдоа до констатација за улогата на системот на вредностите врз општествените промени во Република Македонија и во Еврорската унија. Според нив, вредноста е општо прифатена норма преку која граѓаните ги оценуваат постапките, мислењата, ставовите и сугестиите. Истата се наметнува како критериум за секојдневните активности. Според нив вака определениот континуитет наметнува определени стандарди коишто со текот на времето стануваат задолжителни, а секое скршнување од нивната примена е оценето како „искривување на вредностите." Во таа насока потенцираат дека вредноста честопати е поврзана со традицијата, обичаите, историските белези и минатото, па затоа и многу често доколку дојде до промена на определен став поради развојот на општествение текови, настанува судир.

На генерално рамниште, кое се однесува на современото европско, но и на современото македонско општество, сугерираат дека многу често веќе поставениот систем на вредности може да предизвика несогласувања по одредени прашања. Традицијата и обичаите се нешто кое се негува, но под влијанието на глобализацијата и менувањето на општествените текови односите стануваат сложени. Соговорниците тврдат дека вредностите добиваат различно значење, имено она што некогаш било недозволиво и строго осудувано од околината, сега веќе се смета за човеково право. Потенцираат дека развојот на демократијата и унапредувањето на човековите права се „виновниците" за оваа состојба. Недвосмислено, сметаат дека токму развојот наметнува сложеност во општествените односи и предизвикува непостојаност во општествените текови.

Што се однесува до произнесувањето за современа Република Македонија, тврдат дека на овие простори вредностите се поврзани со вреднувањата и идеалите кои ги определуваат индивидуите и групите, нивната култура и живот. Истакнуваат дека вредностите на овие простори претставуваат силен регулатор на социјалниот живот и на социјалните групи. Сметат дека во Република Македонија денес забележлив е пресвртот во системот на вредностите и културата воопшто. Овој факт посебно го забележуваат кај младата популација. Наведуваат дека ако нешто се менува во културата, на пример животниот стил на младите, и тоа се прифаќа од поголемиот број на луѓе и станува нешто вообичаено и позитивно, станува нормален начин на однесување.

На прашањето за вредностите што му даваат значење на она што е специфично и иманентно за Европската унија (или некои поединечни земји-членки) и за Република Македонија, беше одговорено повторно дека вредностите се универзални и градењето на општеството и развојот на демократијата се темели на тие вредности. Генерализирано, демократија, слобода на изразување, праведноста, јудео-христијанското наследство, традицијата, почитта кон Другоста, како и соработка помеѓу цивилизациите се вредностите што му даваат значење како на она што е специфично и иманентно за Европската унија, но и за нејзините поединечни земји-членки, така и за Република Македонија. Како резултат на реализацијата и материјализација на вредностите во Европската унија и во Република Македонија произлегуваат заеднички културни обрасци, како на пример тенденција кон унифицирана европска цивилизација, односно взаемни текови на културните и вредносните движења, цивилното општетсво, слободата на печатот, слободни избори, транспарентност на владите кон граѓаните, контрола – баланс на власта – правна држава, а исклучително за Република Македонија: европеизација, дебалканизација, егзактност и одговорност, потоа правната држава, слободен пазар, мобилност, движење на луѓето, стоката, идеите, приспособување на законските, неформалните и формалните однесувања на луѓето во согласнист со вредностите на Европската унија.

Сепак, според испитаниците од оваа група, од религијата потекнуваат моралните вредности и обичаите кои градат критериум за она што е лошо, односно добро. Забележуваат дека правниот систем на секоја земја, генерално, се заснова на обичаите кои во историјата се применувале и важеле за своевидни закони на даденото

време. Затоа, сметаат дека голем дел од вредностите кои ги проповеда религијата денес се преточени во законите кои го одредуваат карактерот на современото општество во коешто живееме. Во овој тек даваат пример според божјите заповеди кои велат: не убивај или не кради, денес гледани како дејства или поведенија коишто се сметаат за тешко кривично дело во секоја современа држава, а државниот апарат е изразито строг во однос на нивното проценување, односно казнување.

Типизирано во однос на влијанието што религиските вредности го остваруваат во земјите-членки на Европската унија, соговорниците подвлекуваат дека повеќето земји во Европската унија се секуларни, односно постои јасна одвоеност на црквата и државата, па затоа и не постои поврзаност помеѓу политичките одлуки кои се донесуваат и религиските вредности. Со оглед на оваа одвоеност не може да се констатира дека во Унијата преовладува некоја религија, на пример христијанската, иако во текот на расправите за донесувањето на Уставот на Европската унија и Лисабонската спогодба направени се обиди токму христијанството да се внесе во одредбите. Генерално, културните обрасци кои произлегуваат од реализацијата и материјализација на религиските вредностите во Европската унија, а кои се однесуваат и за Република Македонија, според политичките соговорници, се во крајна инстанца соодветните декларации и стратегии.

Понатаму, генерално, овие испитаници имаа став дека идентитетот воопшто може да се дефинира како личен, етнички или како социо-групен. Без оглед дали зборуваме за идентитет на народ, нација или индивидуа, истиот е составен од индивидуални белези кои целосно го потврдуваат како засебна единка, додека религијата е неизбежен белег на еден изграден идентитет кој се однесува на посебната единка, која може да се гледа како индивидуа, но и како општествена индивидуа.

Од аспект на современото европско општество, соговорниците заклучуваат дека религискиот идентитет не претставува исклучително негативен феномен. Во овој тек најчесто поаѓаат од одредницата што прагматично идентитетот, кој во основа етимолошки ја потенцира подвоеноста помеѓу разликите, не наметнува сам по себе негативна, деструктивна конотација. Истакнуваат дека религиозниот идентитет во себе ги инкорпорира и аспектите кои не се исклучиво религиозни, но се нужно современи и неминовно во едно современо време мораат да бидат прифатени. Во овој

редослед ги наведуваат државното легализирање на абортусот или, уште повеќе, државното легализирање на хомосексуалните бракови. Изложувањето на ставот на оваа група понатаму дивергира во две насоки. Едната го протежира унимодалниот религиозен аспект на идентитетот на современото европско општество, а другата полимодалниот религиозен аспект на идентитетот на современото европско општество. Во таа насока првата група соговорници поаѓа од фактот дека христијанството во основа е доминицилен европски реликт. Појдовна точка е Рим и Ватикан, односно самата географска местоположба на Светата Столица укажува на извонредното, првично и формирачко влијание на христијанството врз европското генерално уредување. Ова христијанско влијание се рефлектира на територијата на Европа како духовно така и материјално. Потенцираат дека христијанската доктрина, иако латентно е впишана во одредбите и регулативите на поединечните држави и на комунитарната заедница. Тврдат дека материјалното наследство го посведочува наведеното. Политичарите коишто се дел од групата која го застапува полимодалниот религиозен аспект на идентитетот на современото европско општество поаѓаат од современиот факт на неисклучивост. Истите велат дека доколку Европа примарно би се свела исклучително на христијанското значење во насока на социо-групен идентитет, тогаш нејзиниот плурализам се става под прашање. Потенцираат дека во современото европско општество коегзистираат различни погледи на свет. Понатаму, сè повеќе се инкорпорираат и погледите како на исламот така и на ориенталните религии. Во овој тек, истакнат од соговорниците е приматот на еколошката свест, која изворно не е христијанска вредност, но секако е религиска.

Според испитаниците се смета дека Другоста најчесто се јавува како резултат на религиската припадност, генерално, и во контекстот на современото општество на Европската унија, но и во контекстот на современото општество на Република Македонија. Сепак, може да се однесува и на етничка припадност, потоа на различна родова припадност или различна сексуална ориентација итн.

Припадниците на политичката елита во државата со кои беше говорено, генерално, религиозните вредности ги третираат од аспект, пред сè, на солидарност, но и на правичност, односно правда и во таа насока во определена мера сметаат дека се влијателни за постигнувањето и одржувањето на кохезијата во Република Македонија, но и за хармонизацијата на државната легислатива со легислативата на Европската унија. И оваа група претпочита да истакне дека важноста на религиските вредности

делумно се состои и во тоа што истите се дел од фундаменталните човекови права, кои што се универзални, а главно и општоважечки и општоприфатени.

Беше изнесено мислењето дека влијанието на религиските вредности во различните земји-членки на Унијата варира, но дека во принцип одржува едно задоволително кохезионо ниво. Во однос на ова ниво, според нив, во поглед на комунитарната хармонизација, Република Македонија во последните години навистина го постигнува постоечкиот бенчмарк. Беше изнесен третманот на религиските права, религиската слобода и религискиот идентитет како на религиски вредности чиешто непречено реализирање во рамките на општоприфатената меѓународна рамка, генерално, овозможуваат кохезија во рамките на унифицирана Европа. Движејќи се по тој ракурс и Република Македонија во насока на меѓукултурниот, односно меѓурелигискиот дијалог, оневозможува дискриминација и нетолеранција врз база на религија и притоа реализира во своето современо општество кохезија и хармонизација со одредбите на Унијата. Генералиите како социјална правда, понатаму, еднакви шанси, толеранција, почитување на верските слободи, мирното решавање на недоразбирањата, почитувањето на правото на самоопределба, соживотот се набројубаат како кохезиони фактори на комунитарно ниво од сите поединечни соговорници со кои разговаравме без разлика на политичката, верската и возрасната компонента.

Преку умереното законско регулирање на религиските права, се влијае релативно позитивно врз реализирањето на религиската слобода. На овој начин се унапредуваат плуралните современи општества, кои, генерално, се мултикултурни и мултирелигиозни, а истото се рефлектира и врз интер-религиозниот соживот како во земјите-членки на Европската унија така и во Република Македонија. Во однос на поврзаноста на начинот на регулирање на религиските слободи со степенот на толеранција, генерално, се забележа правопропорционален однос. Начелно, правото на слободно изразување на религиската определба може да биде опасност само доколку тоа се забрани или ограничи од политички или национални причини. Соговорниците истакнуваат дека неоправданите или слабо поткрепените забрани може негативно да влијаат и да се одразат на нормалниот општествен тек. Забраните може да предизвикаат екстремни движења кои можат да прераснат и во религиски војни.

Генерално, соговорниците заклучуваат дека во поглед на современите европски држави, посебно оние со либерални уредувања и идеологии, граѓаните го имаат правото на слободна интерпретација на религијата, но сепак постојат и современи европски општества каде што религијата се наметнува како неминовност и истовремено остварува огромно влијание врз одлуките и животот на граѓаните.

### 4.7. Генерален извештај од истражувањето

Всушност, научното истражување спроведено во рамките на докторската дисертација под наслов *Системот на религиски вредности во Европската унија и во Република Македонија* цели кон генерирање сознанија за комплексното прашање на религиските вредности во контекстот на современата Европска унија и во современата македонска социо-религиозна стварност.

Самиот предмет на истражувањето ја детерминира теориската и методолошката рамка, поточно, комбинацијата на теорискиот и методолошкиот пристап. Генерално, истражувањето спаѓа во доменот на теориски истражувања каде еден дел отпаѓа на емпириско истражување, односно на нешто што може да се нарече работа на терен, поточно, реализација на полуструктурирано интервју, кое имаше за цел да ги потврди теориските сознанија добиени од обработката на теорискиот материјал. На крајот на истражувањето добивме потврда на основната хипотеза, според која, религиозните вредности во современото европско општество и во современото македонско општество посебно влијаат врз карактерот на општествената легислатива.

Техники на прибирање податоци за истражувањето беа интервјуто како и теориската анализа на консултираната референтна литература од македонски и особено од странски автори, кои се сметаат за врвни студии од областа на социологијата на религијата, теоријата и анализата на религијата, аксиологијата, европеистиката, како и од доменот на интер и мулти дисциплинарни области во кои религијата зазема централно место (политички, меѓународни, историски, филозофски и психолошките науки). Основата на изворните податоци за истражувањето беше самото полуструктурирано интервју, изработено во вид на прашалник за интервју со повеќе теми за разговор на почетокот, кои беа сведени на десет, согласно природата и потребата. Вака конципираното интервју овозможи да се добијат исцрпни одговори на

посочените теми за разговор, а во функција на што е можно подобро расветлување на сложениот поим на религиските вредности во современото европско општество, во кое неминовно припаѓа и Република Македонија.

Примерокот за интервјуто беше намерен и избран според критериумот на компетентноста на испитаниците, нивната стручност и експертност во давањето одговори на вака суптилно поставен истражувачки проблем. Притоа, се решивме за определена структура од компетенции во примеркувањето, која беше составена од академски експерти од областа на религијата и социологијата, религиозни експерти и теолози, политиколози и припадници на државната администрација коишто делуваат на полето на човековите права и евроинтегративните процеси во склопот на државни тела, комисии и совети чиј составен, работен дел се религиските права и слободи, а сè со цел да добиеме што е можно посеопфатни и различни погледи на феноменот религиски вредности и заемниот однос на овие вредности кон детерминирањето на комунитарниот европски карактер.

Резултатите од истражувањето ги разгледувавме и во однос на некои други значајни варијабли како религиозната, образовната, старосната, половата, етничката структура на испитаниците и секако според наведената структура на работното место. Во таа насока, сметаме дека ова интервју, исто така, обезбедува најсоодветен начин за добивање на квалитетни емпириски податоци за натамошна анализа што ќе ги елиминираат слабостите на наративниот теоретски пристап доколку тој биде применуван самостојно. Самиот предмет на истражувањето и карактерот на темата ги определија и видот на интервјуто, бројот на прашањата, изборот на испитаниците, редоследот на составување на прашањата како теми за разговор и опширноста на темите.

Прашањата, односно, темите за разговор од прашалникот за интервјуто беа концепирани како избор од десет отворени прашања, кои потоа, во рамките на анализата, ги анализиравме со помошта на контекстуалниот метод со изработка на класификации и типологии. За таа цел, претходно, откако ги прибравме сите интерјвуа и откако направивме транскрипција од аудио записот, пристапивме најпрво кон средување и табеларно прикажување на резултатите од интервјуто, а потоа преминавме на анализа според контекстуалниот метод, што подразбира изработка на класификации и типологии на одговорите на прашањата според сличноста и смислата на одговорите

во групи. Притоа, направивме споредбен приказ на одговорите коишто се однесуваа на Европската унија и современото македонско општество, што значи, направивме еден вид компаративна анализа на самите класификации, типологии на најтипични одговори.

Целокупното истражување се разлизираше во неколку фази. Најпрво, по изработката на идејната скица за научно-истражувачкиот проект, се премина кон реализација на истражувањето, кое се состоеше од две целини: емпириско истражување (реализација на неформални интервјуа) и теориско истражување (истражување на релевантна научна литература, периодична научно-стручна литература, текстови од зборници на трудови и сл. од домашни и странски референтни автори). Оваа фаза траеше најдолго, околу една година и неколку месеци. Останатата една година отпадна на средување на добиените податоци, логичка и содржинска анализа, анализа на податоците преку изработка на класификации и типологии за податоците добиени со интервјуата, примена на контекстуалниот метод на средување на одговорите по групи на сличност и смисла на одговори, интерпретација на добиените податоци и формулација на заклучоци.

Емпириското истражување како составен дел на оваа студија, како што веќе кажавме, се состоеше од реализација на полуструктурирани (нестандардизирани) интервјуа преку прашалници за интервјуирање. Интервјуирањето беше изведено во периодот од јуни 2010 година до март 2011 година и опфати 30 испитаници избрани со намерен примерок. Со примерокот беа опфатени експерти од области почнувајќи од социологијата, политиката, културологијата, етнологијата и теологијата. Целта на вака разнородната структура на експерти беше да се добијат повеќе различни погледи на прашањето за вредностите или конкретно односот на религиозните вредности кон општествено актуелната средина како би се осветлила проблематиката на религиозните вредности од повеќе аспекти и добивање на што е можно поцелосна слика за нивната сегашна состојба кај нас и во Европската унија. Во текот на реализацијата на неформалните интервјуа, беа контактирани вкупно 36 испитаници, а согласност за реализација на интервјуата беше добиена од 30, што ќе се добие успешен процент на интервјуирањето и ќе достигне високи 83.3%. Тоа од своја страна говори за отвореноста на контактираните експерти за соработка во реализацијата на интервјуата за што авторот на студијава уште еднаш ја искажува својата огромна благодарност кон

сите интервјуирани и контактирани учесници, но исто ја покажува и подготвеноста на нашата експертска и научна јавност да дебатира и по вакви малку истражувани и предизвикувачки теми.

Треба да се каже дека изработените типологии на одговорите од интервјуата укажуваат на степенот на согласност на изнесените ставови на испитаниците за одредени теми за разговор. Како најголема забелешка на интервјуираните испитаници се наведуваше комплексноста на прашањата и потребата од нивна диверсификација. Од вкупниот број контактирани лица, забелешки за прашалникот за интервјуто имаа 4 од нив, односно од вкупно 36 контактирани тоа чини 11,1%.

Што се однесува до успешноста на добиените одговори од интервјуата, од вкупно поставени 300 прашања во текот на реализацијата на сите интервјуа (30x10=300), беа добиени одговори на 289 прашања, што ќе се добие висок процент на одговорени прашања којшто ќе достигне 96,3%. Интервјуирањето беше изведувано со претходно договарање на датумот и терминот на интервјуирање со секој испитаник поединечно. Прашањата беа оформени и поставувани како теми за разговор во кој на испитаникот му беа поставувани и повеќе потпрашања во врска со секоја зададена тема. Одговорите, авторот на студијава и воедно интервјуистот, ги снимаше на диктафон, а веднаш потоа ги бележеше во прашалникот за интервјуто. Просечното времетраење на интервјуата по испитаник изнесуваше 75 минути, односно еден час и 15 минути што покажува дека прашањата од интервјуата, а со тоа и темата на истражувањето воопшто, наидоа на забележителен интерес кај испитаниците. Со интервјуирањата беа опфатени испитаници од главниот град на Република Македонија - Скопје, поради тоа што точно детерминираната елита (академска, религиозна и политичка) е сконцентрирана во Скопје. Отстапката од ова е 6,6% и се должи на дипломатската инволвираност на испитаник, како и на местоположбата на извесно седиште, во овие случаи прашалникот за интервјуто беше пополнет по електронски пат и интернет комуникација.

Од позначајните сознанија до кои дојдовме за односот на религиските вредности во современото европско општество воопшто и во современото македонско општество посебно, во овој извештај од истражувањето заслужува да се истакнат дел од нив кои се посебно индикативни, инструктивни и релевантни. Истите ги даваме како сознанија за секое поединечно прашање (тема за разговор) од неформалните

интервјуа, со таа напомена дека даваме кратко објаснување и коментар само за најтипичната група одговори за секое прашање (тема за разговор) од неформалните интервјуа и тоа со еден споредбен пристап на најтипичните групи одговори за современото европско и современото македонско општество.

1. ***Кој е вашиот поглед за улогата на системот на вредностите врз општествените промени во Република Македонија и Еврорската унија?***

Во поглед на првото прашање за влијанието на вредносните промени врз определувањето на карактерот на општествените промени во современото европско општество, интервјуираните испитаници, кои припаѓаат на поголемиот дел од елитата којашто беше консултирана, генерално, смета дека вредностите, односно системот на вредностите исклучително влијае врз општествениот карактер. Аналогно на ова, промените во иманентниот систем на вредности предизвикуваат и општествени промени. Од причина на глобални процеси на отворање и вредносно превирање, содржината станува сѐ посложена, појавноста се интензивира, насоката позитивна, обемот на општествените промени е зголемен, интензитетот посилен и зачестен, а предвидливоста сѐ помала.

Типичноста на овој одговор изнесува 20 или 66,6%.

Што се однесува до одговорот на истото прашање на интервјуираните испитаници за современото македонско општество, тие сметаат дека системот на вредности многу силно влијае на карактерот на општествените промени поради турбулентните промени во социо-културната сфера, а содржината на промените на вредносните системи е разновидна, појавноста се намалува за разлика од претходно, насоката е позитивна, обемот поширок, интензитетот засилен, а предвидливоста намалена.

Типичноста на овој одговор е поголема и изнесува 22, односно 73,3%. Тоа покажува дека испитаниците се поубедени во поглед на влијанието на вредносните промени врз определувањето на карактерот на општествените промени во современото македонско општество отколку во современото европско општество. Тоа главно се објаснува преку фактот што Република Македонија е релативно млада самостојна плурална демократија, во споредба со традиционалните суверени европски држави.

**2. *Кои, според вас, се вредностите што му даваат значење на она што е специфично и иманентно за Европската унија (религиски, семејни, егзистенцијални, трудови и/или др.), а кои на Република Македонија?***

Во врска со ова прашање, интервјуираните испитаници се на мислење дека постои прилична тешкотија при издвојувањето и идентификувањето од корпусот вредности (системот на вредности), оние кои ја детерминираат перцепцијата на она што е специфично и иманентно во современото општество на Европската унија.

Типичноста на одговорот изнесува 14 одговори или 46.7%, што претставува задоволителен процент на најтипичен одговор во групата одговори за современото европско општество на ниво на целокупно интервју, со оглед на неговата комплексана структура. Тоа покажува дека испитаниците веруваат во извесна заедничка перцептивност во поглед на специфичноста и иманентноста на Унијата (како што е вреднувањето на основните човекови права и слободи). Овој факт е од исклучително значење не само за оваа студија туку и генерално од причина што латентно доведува до поврзување на Европската конвенција за човекови права, чиј круцијално заштитен елемент е секако религијата, а посебно дава придонес во потврдувањето на генералната хипотеза на дисертационото истражување.

За истото прашање во поглед на современото македонско општество, испитаниците одговориле дека вредности кои го карактеризираат она што е специфично и иманентно за Република Македонија , иако во сè уште извесен транзиционен период, тешко е да се определи, сепак е поедноставно во споредба со оние кои се однесуваат на Унијата. Како иманентни ги набројуваат посебно егзистенцијалните и традиционалните вредности.

Произнесувањето на типичноста на ова прашање е 17 одговори или 56, 7% од вкупниот број испитаници.

**3. *Каково, според вас е влијанието што религиските вредности го имаат во земјите-членки на Европската унија и во Република Македонија, како земја-кандидат и кои културни обрасци произлегуваат од нивната реализација?***

На третото прашање, елитните соговорници дале најтипичен одговор кој вели дека религиозните вредности и покрај секуларизацијата на европскиот континент имаат сè уште влијание што се одразува преку донесувањето на позитивни регулативи по однос на верските слободи на комунитарно ниво (иако партикуларно определени членки дивергираат). Религиските вредности на комунитарно ниво имаат традиционално значење. Тие денес ги детерминираат демократските права и слободи, праведност, еднаквост и рамноправност - врз коишто се градат принципите на примерна демократија, на владеењето на правото и на социјалната правда.

Типичноста овде е 17 одговори или 56, 7%, што покажува дека испитаниците се свесни за поврзаноста на карактерот на религиските вредности со комунитарниот карактер на Унијата преку споменатите процеси и состојби.

Во врска со истото прашање за современото македонско општество, испитаниците даваат далеку потипичен одговор: 20 или 66,7%, кој се состои во констатацијата дека религиозните вредности имаат извонредно големо влијание во општеството на Република Македонија од причина што нивното традиционално влијание е огромно. Заедно со политичките вредности влијаат врз амбивалентниот карактер на општеството, најмногу поради сложените и противречни процеси и недефинираноста на социо-културниот контекст во минатото, но и во кој живееме денес, пред сè, транзицијата.

**4.** ***Дали и во која мера бележите поврзаност помеѓу идентитетот воопшто (личен, етнички, социо-групен) и религиозноста во Европската унија и во Република Македонија?***

На ова прашање соговорниците одговориле дека религијата е неразделен елемент од идентитетот на секој поединец без разлика на географската местоположба. Според нив, таа придонесува за зајакнување на индивидуата, нејзино хоризонтално поврзување со човештвото и вертикално со Бога.

Но, типизирано, тие го потенцираат фактот дека религиската свест честопати е мотивирачки фактор во културолошкото самодефинирање на луѓето или етичките групи на луѓето, посебно во Република Македонија (како дел од територијата на западен Балкан каде религијата во голема мера беше третирана како значаен политички фактор) во оваа насока, генерално, се смета дека доколку самите религиозни или

етнички групи можат да моделираат дијалошки однос, тогаш тоа ќе резултира со голем придонес за стабилноста на нацијата, како и за стабилноста во иднината во поширок контекст, или во рамките на Унијата. Територијата на западен Балкан, а со тоа и на Македонија, ѝ припаѓа на Европа, но не само физички, напротив и културно-историски токму преку споделеното христијанско наследство, што влече директна поврзаност помеѓу идентитетот и религијата.

Од вкупно испитаните најтипичен одговор за поврзаноста на религијата со идентитетот на ниво на Унија дале 12 лица или 40%, а за Република Македонија 20 лица или 66,6% што е изразито висок позитивен процент и се должи на историското значење на религијата за Република Македонија .

**5.** ***Дали Другоста се јавува како резултат на религиската припадност (во Европската унија и во Република Македонија)?***

На поставеното прашање, испитаниците се произнеле во смисла на тоа дека религијата во рамки на Европската унија влијае врз дефинирањето на карактеристиките кои меѓусебно дивергираат како Други, односно Другост. Сепак, оваа тенденција во современото општество на Европа, но и пошироко, не е повеќе еднонасочна, таа влијае и се поврзува со други сегменти преку интеракција и повратно влијание на различните (Други) аспекти врз самите културни вредности, а со тоа и врз религиските.

Типичноста (за Европската унија од вкупното интервју) тука е солидна со 18 одговори, односно 60 %.

Кога станува збор за истото прашање, но за современото македонско општество, интервјуираните испитаници заземале став дека Другоста иако, што е и нормално, покрај од останатите извори потекнува и од религијата и повеќе влијае еднонасочно во смисла на почитување и прифаќање на нееднаквостите помеѓу религиските припадности.

Типичноста изнесува 18 одговори или 60%, што е ист типизиран одговор како и за комунитарното, глобално рамниште.

**6.** ***Во кои сегменти се одразува важноста на религиските вредности за постигнување и одржување на кохезијата во Република Македонија и***

***хармонизацијата на правната легислатива во земјата со онаа на Европската унија?***

Значајноста на религиските вредности се одразува во заедничкиот соживот и градењето доверба меѓу црквите и верските заедници во современа Република Македонија, но и со религиозните надворешни институции преку дијалог.

Типичноста на ова прашање изнесува 43,7% или 14 одговори.

Припадниците на елитните групи, генерално, религиозните вредности ги третираат како морални и во таа насока во изразено висока мера чинат дека се во согласност со постигнувањето и одржувањето на кохезијата во Република Македонија и хармонизација со легислативата на Европската унија . Важноста на религиските вредности ја лоцираат во тоа што тие се дел од основните човекови права, без разлика за која држава станува збор (односно дали е членка на Европската унија или не) или за која и да е религија.

Генерализирачкиот процент за оваа тема за разговор извесува 40 (%), односно 12 условно позитивни одговори.

7. ***Дали регулирањето (со силни санкции или без) на религиските права влијае врз реализирањето на религиската слобода во Република Македонија и во Европската унија (или кај некои земји- членки)?***

По однос на ова прашање, во глобала, избраната елита од македонската религиозна, академска и политичка јавност се изјасни позитивно. Сметаат дека преку регулирањето на религиските права, односно преку правилниот однос се влијае позитивно врз реализирањето на религиската слобода. Тие не би можеле да се реализираат ако не се регулираат. На овој начин се афирмира и подобрува меѓурелигиозниот соживот како во земјите-членки на Европската унија така и во Република Македонија.

На ова прашање по однос на Република Македонија од вкупниот број испитаници, типични одговори дале 14 или 46,7%.

Во однос на Европската унија типични одговори се 11 или 33,6%, што се должи на факторот на исклучок на определени земји по однос на регулацијата.

**8.** ***Во која мера и дали воопшто, а со оглед на религиските книги (Библијата, Куранот, Талмудот итн.) толеранцијата може да се третира како религиска вредност во Република Македонија и во Европската унија?***

На осмото прашање, испитаниците заземаа став дека во современото европско општество толеранцијата во голема мера може да се третира како религиска вредност. Истата се движи до мера на соживот и почитување на другиот. Така се потенцира фактот дека тоа што човештвото, државите во него, заедниците во државите и семејството во заедниците сè уште постојат е можно благодарение на толерантните луѓе. Во оваа насока сите религии треба подеднакво да се вреднуваат (од гледна точка на квалитет, квантитет, историска и културна важност и постигнување, филозофско-теолошки развој и сл.). На сите им следува подеднакво право за слободно изразување и реализирање (со особено внимание на разни иницијативи и активности кои ја злоупотребуваат религијата или верската заедница како форма).

Типичноста на ова прашање по однос на третманот на толеранцијата како религиска вредност во Унијата изнесува 13 одговори или 43,3%.

Типичноста што ја тангира толерантноста како религиска вредност во Р.Македонија е 11одговори или 36,6%.

**9.** ***Како го оценувате интензитетот на влијанието на религиската (не)толеранција врз интегративните процеси внатре во земјата (Република Македонија), но и на земјата во процесот на нејзината ацесија кон Европската унија?***

На деветото прашање, елитните соговорници беа на ставот дека во современото општество, генерално, се потенцира подвоеноста помеѓу толеранцијата општо како религиска вредност од една страна и религиската толеранција од друга, која претпоставува толеранција меѓу припадниците на различни религии.

Во контекст на односот кон надвор, односно за влијанието на религиската (не)толеранција врз интегративните процеси во земјата потенцираат дека МПЦ и ИВЗ барем засега внимаваат (дури и помагаат) да не ги попречат интегративните процеси кон ЕЎ и НАТО.

На ова прашање беа дадени 14 типични одговори, односно 46,7% од вкупно интервјуираните.

Што се однесува до внатрешната ситуација во државата, претставници од елитните групи, оценуваат дека неодамнешната историја во Македонија покажа колку религиозниот фактор може на различен начин да влијае во различни поглавја од општествено-историската констелација. Оттаму ја извлекуваат потребата за поинтензивен меѓурелигиски дијалог, формирањето на Меѓурелигиски совет, бројни симпозиуми и конфернеции, како организираните во изминатите неколку години (меѓу кои и двете во Охрид во 2007 и 2010). Во оваа линија, истакнуваат дека не ретко Македонија е посочувана како позитивен пример за меѓурелигискиот дијалог, кој, сепак, е далеку од тоа да биде совршен.
Типичноста на овој одговор од целокупното остварено интервју изнесува 36,3%, односно 11 одговори.

**10.** ***Кој е вашиот став за влијанието што религиозните идентитети го имаат врз степенот на религиско-групната и социо-групната кохезија во Република Македонија и во Европската унија?***

Религиозниот идентитет, сметаат генерално елитните испитаници, сигурно има свое влијание, но малку веројатно е дека влијанието на религиозните идентитети е од одлучувачко значење токму врз степенот на кохезијата како во Европската унија така и во Република Македонија. Поедноставено кажано, ова влијание е умерено.

Сепак, што се однесува до религиско-групната кохезија во современото општество на Европската унија, генерално, религиозните идентитети не оставруваат некое изразито важно влијане, денес, наспрема споделеното културно наследство во минатото кое се базира на христијанска основа. Донекаде е слична ситуацијата и за влијанието на религиозните идентитети врз социо-групната кохезија во Европската унија што во определени прашања за определени држави покажува латентно позасилено влијание денес.

На ова прашање добивме 16 типпични одговори или 53,3%.

Во рамките на Република Македонија религиско-групната кохезија во современото општество, генерално, остварува извесно влијание и денес, но со не многу силен манифестен интензитет. Наспроти ова е главно големото влијание што го поседува религиозниот идентитет на територијата на Република Македонија во

минатото, кое се базира на поделеноста, генерално, на православни и муслимани, што практично значело национална поделеност. Ситуацијата денес за влијанието на религиозните идентитети врз социо-групната кохезија во Република Македонија исто покажува латентно влијание преку други, нерелигиозни, општествени аспекти, а е регулирана согласно правната легислатива на државата.

Типичноста изнесува 46,6% или 14 генерализирачки одговори.

# 5. Анализа на соодветната комунитарна и македонска легислатива

## 5.1. Анализа на соодветната комунитарна легислатива

Европската унија е исклучителна заедница, посебно поради фактот што дури и нејзините творци не биле сосема сигурни што точно претставува таа. Проблемот е во тоа што никогаш претходно не постоела ниедна политичка институција како Европската унија. Таа не е држава иако функционира како држава, нејзините закони се над законите на дваесет и петте (сега веќе дваесет и седум) држави кои ја образуваат и кои мораат да ги почитуваат нејзините закони. Унијата има единствена валута- евро со која се служат поголемиот дел од нејзините членки. Европската унија го регулира бизнисот и трговијата, управува со енергетиката и сообраќајот, комуникациите и сè почесто со образованието се издигнува и над границите на државите од кои е составена. Сите нејзини граѓани уживаат дозвола на заедничка патна исправа на ЕУ. Има Европски парламент кој што ги донесува законите и Европски суд чии правосудни одлуки ги обврзуваат земјите-членки и граѓаните на Европската унија. Европската унија не е територијално врзан ентитет. Иако ги кординира и регулира активностите кои се случуваат во територијалните граници на нејзините членки – национални држави, нејзе не ѝ припаѓа никаква територија, па всушност претставува екстериторијална политички институција. Ова ја чини Европската унија единствена. Националните држави географски се дефинирани како политички институции кои управуваат со одредени територии. Дури и династиите и царствата во крајна линија имале поголема моќ над териториите на нивните подредените кралства. Единствена, донекаде слична, историска паралела што може да се повлече помеѓу Европската унија и Светото Римско Царство од почетокот на 8-ми, па сè до почетокот на 19 век, претставува фактот што во текот на овој период Ватикан имаше најголема власт над кнежевствата, градовите-држави и кралствата на голем дел од западна и северна Европа. Во стварноста, вистинското влијание на Светата Столица за територијалните

прашања беше повеќе од морална и духовна природа отколку што беше спроведено во пракса (Rifklin, 2006: 243-244).

Од причина што Европската унија не е територијално ограничена може да прима во рамките на својата структура нови членки. Критериумите за членство во Унијата тесно се поврзани со концептот на вреднување на буквално сите општествени сегменти на земјата-аспирант, но не се географски условени. Доколку земјата-кандидат за членство ги исполни определените начела на унијата, последователно ќе биде примена во истата. Отворената и сеопфатна природа на оваа политичка организација предизвика загриженост во земјите-членки во однос на земјите кои би можеле да и се приклучат на Унијата. Некои тврдат дека членството, иако е поврзано со концептот на вреднување на земјата-кандидат, треба да се ограничи исклучиво на оние земји кои ја чинат „историската" Европа. Географите тврдат дека всушност европски континент не постои. Други тврдат дека Европа започнува од крајбрежјето на Атлантскиот Океан и дека се протега до Русија сè до Турција на југо-исток. Дали Русија е дел од Европа или Азија? Дали Турција е дел од Европа или од Блискиот Исток? Отоманското Царство во различни временски периоди владеело со територии на Европа. Дали поради тоа Европа е дел на Блискиот Исток?

1. Европа е многу подревна од нејзините нации. Таа е во опасност да исчезне поради нивната разединетост и нивните барања за безусловниот суверенитет, кои се сè позалажливи. Напротив, нивниот сојуз би ја спасил Европа спасувајќи го воедно она што останува вредно во нашите богати разнообразности.

2. Европа извршила веднаш по своето раѓање една функција не само светска, туку, навистина, сеопфатна функција. Таа го поттикнала светот, прво истражувајќи го, а потоа давајќи му ги интелектуалните, техничките и политичките средства, на едно идно единство на „човечкиот род." Таа останува одговорна за една светска определба, што ќе може да ја поддржува само здружувајќи ги во федерација своите сили.

3.Обединета Европа не е само модерен, економски или политички излез, туку е и идеал што го докажуваат веќе илјада години сите нејзини најдобри духови, оние што гледале подалеку и понапред. Уште Хомер му дава својство *Europos* на Зевс, придавка што значи „кој гледа многу далеку."

4.Ние ќе ја најдеме Европа само создавајќи ја, како што поучува митот на Кадмос, којшто ќе го наведеме. Вистинското средство да ја определиме е да ја изградиме. Тука помалку станува збор за да ја ограничиме во времето на историјата и во земскиот

простор, туку треба постојано да го обновуваме значењето на нејзиниот особен гениј, кој справедливо се чувствува дека е светски (Де Ружмон, 1997).

Наспрема фактот, кој главно го застапува католичката црква, дека христијанството е сегментот кој ја обединува Европа, се поставува историскиот факт дека во периодот од 8-ми до почетокот на 20 век со определени делови на Европа владеел исламот. Ова предизвикува расправи како за опсегот и проширувањето на Унијата.

Аналитичарите на Европската унија се користат со терминот *варијабилна геометрија* со цел да ги опфатат сите можни комбинации кои би можеле да влезат во тој политички експеримент. Ако е тешко да се сфати што всушност претставува Европската унија, тоа се должи на фактот што таа постојано поприма нов облик со цел да се прилагоди на околностите кои забрзано се менуваат. Европската унија всушност е првата постмодернистичка институција. Причината што остава впечаток дека постојано се менува се должи на тоа што Унијата се обидува да пронајде сопствен пат во светот кој постојано носи нешто ново. Европската унија претставува прва политичка институција во толку голем размер која се издигнува од дното. По илјади години непрекинати судири, војни и крвопролевања, две светски војни, резултатот беше разрушени споменици и инфраструктура, уништено материјално богатство и начин на живот. Ова резултираше со намерата на европските нации и нивната тенденција никогаш повторно да не започнат војна една против друга со воспоставување на политички механизам кој ќе ги соедини и ќе им овозможи да ги надвладеат своите древни соперништва.

Европската унија се конституира низ временски тек кој започнува со:

- Договорот за воспоставување на Европска заедница за јаглен и челик во 1951/1952 (кој истече на 23 јули 2002 година), потоа;
- Договорот од Рим за воспоставување на Европска економска заедница од 1957/1958;
- Договорот од спојување потпишан во Брисел во 1965/1967 година кој воспостави единствена Комисија и единствен Совет на дотогашните три европски заедници;
- Единствениот европски акт потпишан во Луксембург и во Хаг во 1986/1997 воспоставен за прилагодувањата потребни за постигнување на внатрешен пазар;
- Договор за Европската унија потпишан во Мастрихт во 1992/1993 година го промени името на Заедницата од Европска економска заедница во Европска заедница. Воведе нови форми на соработка помеѓу владите на земјите-членки, во одбраната,

правдата и внатрешните работи. Воведувајќи ја оваа интервладина соработка во дотогашниот постоечки систем Заедница, Договорот од Мастрихт создаде нова структура од три столба којашто е политичка во иста мера колку што е и економска, така се утврди Унијата;

- Договорот од Амстердам од 1997/1999 кој ги измени и надополни Договорот за Европска заедница и Договорот за Европска унија;
- Договорот од Ница 2001/2003 се однесува главно на институционални реформи со цел да обезбеди поголема ефикасност на Унијата по нејзиното проширување на 25 земји-членки;
- Договорот од Лисабон од 2007/2009 има за цел да ја направи Унијата подемократска, да одговори на барањата на граѓаните на ЕУ за повисоки стандарди на надлежност, отвореност, транспарентност и партиципација. Како и да се придонесе кон зголемената ефикасност на ЕУ и можноста за справување со глобалните предизвици како што се климатските промени, безбедноста и одржливиот развој.

Договорот од Лисабон беше проследен со дискусија за Устав. Договорот за воспоставување Устав на Европа беше донесен од страна на шефовите на држави и влади на Европскиот совет во Брисел на 17 и 18 јуни 2004 година и потпишан во Рим на 29 октомври 2004, но тој никогаш не беше ратификуван.

Согласно со начелните насоки предодредени за целите на истражувањето, Договорот од Лисабон е подетално разгледан. Паралелно со него се разгледани и основните принципи на Европската унија, т.е. „принципот на супсидијарност“ и „принципот на пропорцијалност“, кои во согласност со широчината на своето делување го опфаќаат подрачјето на човековите права, а со тоа и тесното грло на правата и слободите кои се однесуваат на религијата. Вака поставеното дедуктивно разгледување дава јасна претстава за коресподенцијата на состојбата на религиозните права и слободи во Унијата и во Македонија.

**Лисабонскиот договор**

Лисабонскиот реформски договор беше потпишан од страна на лидерите на 27 земји-членки на Европската унија во Лисабон на 13 декември 2007 година. За да стапи на сила, мораше да биде ратификуван од страна на секоја држава-членка во согласност

со неговите конститутивни и правни услови. Со потпишувањето на инструментот за ратификација на 3 ноември 2009 година од страна на чешкиот претседател, Лисабонскиот договор стапи на сила на 1 декември 2009 година.

Една од јасните цели на Лисабонскиот договор, која стои во Преамбулата, е да се зголеми "демократската легитимност на Унијата." Во овој контекст, Лисабонскиот договор нуди значително нови одредби кои се однесуваат на зголемувањето на улогата на националните парламенти. Тој овозможува значаен трансфер на моќ кон парламентите на земјите-членки. Ова претставува дел од решението на проблемот на демократскиот дефицит.

Лисабонскиот договор ја зајакнува улогата на националните парламенти со примена на принципот на супсидијарност. Освен тоа што се продолжува рокот за 6 до 8 недели за прегледување на предлог-европските законодавни акти од аспект на нивната согласност со принципот на двостепеност, исто така постои и механизмот за рано предупредување познат како "жолта карта" како и уште еден механизам за контрола наречен "портокалова карта." За ефикасната употреба на овие механизми за контрола потребна е флексибилна соработка меѓу националните парламенти преку нивните парламентарни канцеларии во Брисел.

Лисабонскиот договор предвидува посебна улога за националните парламенти во сферата на „слободата, безбедноста и правдата" (или правосудни и внатрешни работи, ПВР). Понатаму, во Протоколот 1, член 10 „прашањата од сферата на заедничката надворешна и безбедносна политика, вклучително и заедничката политика за безбедност и одбрана" се посебно споменати како теми за кои може да бидат организирани интерпарламентарни конференции. Оттука, зголемениот политички дијалог во овие две сфери - ПВР и ЗНБП/ЕБОП се смета за особено важен. Ова може да се постигне преку редовни средби на засегнатите комисии.

Финалните заклучоци[36] ги охрабруваат парламентите и владите на земјите-членки да посветат внимание на предвремени размени на информации за преселекција на законодавни предлози објавени од Европската комисија. Тоа е особено неопходно заради ефективна идентификација на документи кои се дискутабилни од аспект на

[36] Усвоени на Самитот на претседатели и спикери на парламенти од земјите во централна и источна Европа, одржан во Прага во септември 2008 година, за време на чешкото претседателство со Унијата

примена на принципот на супсидијарност. Размената на добри практики на ниво на национални парламенти ќе биде решавачко за ефикасно спроведување на проверката за супсидијарност, првенствено за користењето на жолтата и портокаловата карта, како што е предвидено во Протокол 2 од Лисабонскиот договор, како и влијанието на оваа процедура врз носењето на одлуки во ЕУ. Конференцијата на комисиите за европски работи (КОСАК) и секако спикерите на националните парламенти на земјите-членки се адекватна платформа за размена на мислења и добри практики во врска со ова прашање.

Примарната цел на Лисабонскиот договор, која е извлечена од дебатата за иднината на Европа која траеше со години, е да ја зајакне демократската легитимност на Унијата. Улогата на националните законодавства е одлучувачка во тој поглед. Лисабонскиот договор им овозможува на националните парламенти на земјите-членки директен влез во политичките процеси на Унијата преку Протоколот за улогата на националните парламенти во Европската унија и Протоколот за примената на принципите на супсидијарност и пропорционалност. Со овие протоколи, кои се анекси на Лисабонскиот договор, се обезбедува зајакната позиција на националните законодавци.

Додека принципот на супсидијарност беше воспоставен во претходните Договори ( Договорите од Мастрихт – 1992 и Амстердам – 1997 ), ова е првпат на националните парламенти да им биде дадена изразена моќ за да обезбедат дека институциите на ЕУ ќе ги почитуваат принципите и ќе делуваат само во областите каде целите на предложеното дејство не можат да бидат доволно добро постигнати на национално или локално ниво. Ова е првпат воопшто Договор на Европската унија да содржи специјални членови кои ја нагласуваат улогата на националните парламенти во ЕУ.

Националните парламенти можат активно да придонесат за доброто функционирање на Унијата преку следниве модалитети:

- Примање на информации и нацрт-закони од институциите на ЕУ;
- Обезбедување на согласност со принципот на супсидијарност;
- Земање учество во проценувањето на стратегиите на ЕУ во областа на човековите слободи, безбедноста и правдата;

- Контрола и надзор на Еуропол;
- Вклученост во оценување на активностите на Eurojust;
- Земање учество во секоја идна ревизија на Договорот;
- Да бидат известени за апликациите за приклучување кон ЕУ;
- Интерпарламентарна соработка со другите национални парламенти и со Европскиот парламент.

**За жолтите и портокаловите карти**

Со Протоколот за супсидијарност и пропорционалност се воведува нов механизам за рано предупредување познат како "жолти и портокалови карти." Овој т.н. "систем на жолти и портокалови карти" е главното подобрување кое националните парламенти ќе ги воведе директно во процесот на одлучување во ЕУ. Користа која со овој процес ја имаат националните парламенти ќе зависи од нивниот капацитет, индивидуално и колективно, да подготват разумни мислења (и објаснувања) со кои роковите ќе бидат испочитувани. Примената на принципот на супсидијарност е со намера да се земе учество примарно пред усвојувањето на законодавството. Како и да е, со другата важна иновација, Европскиот суд на правдата *(European Court of Justice)* е овластен да пресудува за наводните прекршувања на принципите во правото усвоени од ЕУ. Таквите дејствија можат да бидат преземени од страна на држава-членка или Судот да биде известен од нив во интерес на националниот парламент.

- Пред да предложи законодавни акти, Комисијата треба пошироко да се консултира и да ги земе предвид регионалните и локалните димензии на предвидените дејствија;
- Комисијата ќе ги препрати предлозите на законодавни акти до националните парламенти;
- Предлозите на законодавните акти се поткрепени согласно принципите на пропорционалност[37] и супсидијарност[38];

[37] Пропорционалност - дејствијата на ЕУ не смеат да го пречекорат она што е потребно за да се постигнат целите на договорите.
[38] Супсидијарност - ЕУ не презема дејствија (во области на поделена надлежност) освен ако не се поефективни од дејствијата преземени на национално, регионално или локално ниво.

- Во рок од 8 недели секој од националните парламенти може да прати "издржано мислење" каде ќе биде наведено зошто мисли дека предлог-законодавниот акт го нарушува принципот на супсидијарност;
- Каде "издржаните мислења" за несогласувањето на еден предлог-законодавен акт со принципот на супсидијарност претставуваат барем една третина од гласовите распределени на националните парламенти, предлогот ќе треба повторно да се разгледа (жолта карта)[39].
- По повторното разгледување, Комисијата (или земјите-членки, Европскиот парламент, Судот на правдата, Европската централна банка, Европската банка за инвестиции) одлучува да го задржи, измени или повлече предлогот. Доколку одлучи да го задржи треба да оправда зошто смета дека предлогот е во согласност со принципот на супсидијарност;
- Доколку простото мнозинство на националните парламенти продолжи да приговара, Комисијата го предава на повторно разгледување " издржаните мислења" на Советот и на Парламентот кои за тоа ќе донесат одлука (портокалова карта).[40]

Националните парламенти со принципот на супсидијарност ќе имаат поголема моќ повторно да бараат да се преиспитаат одлуките, во што ЕУ нема да биде вклучена. Супсидијарноста значи дека - освен во областите каде има ексклузивна моќ - ЕУ ќе делува само кога нејзината акција ќе биде поефективна на ниво на ЕУ отколку на национално ниво. Секој национален парламент има можност да го означи со жолта карта предлогот на закон за кој смета дека не ги почитува принципите. Ова ќе ја зајакне демократијата во законодавството на Европската унија на тој начин што ќе бара сите нацрт-закони прво да бидат дискутирани од страна на сите парламенти на државите-членки пред да се разгледуваат во Европскиот парламент и потоа во Советот на министри.

Овие промени може да имаат значителен ефект. Исто така тоа ќе значи дека ЕУ ќе има подобра легислатива, бидејќи ќе биде подобро информирана за состојбите во државите-членки. Ова е особено важно со оглед на дадената пресметка која покажува дека 75% од домашното законодавство произлегува од имплементацијата на ЕУ мерките.

---

[39] Член 7(2) од Протоколот за примена на принципите на пропорционалност и супсидијарност.
[40] Член 7(3) од Протоколот за примена на принципите на пропорционалност и супсидијарност

На националните парламенти сега им е дадена дефинирана улога во прашањата на Европската унија, кои се издвоени од тие на нивните национални влади. Досега, националните влади имаа значајна улога во процесот на одлучување во ЕУ со овластувањето да ги изразуваат интересите на државите-членки. Сепак, националните парламенти кои директно ги претставуваат своите граѓани, до денес ја немаат разјаснето својата улога надвор од контролата на нивните претставници во Советот на министри. Процесот на донесување одлуки во ЕУ беше доминиран од страна на институциите на Унијата и тежнееше да балансира супранационално (Комисијата), помеѓу владите (Советот) и на мултинационално ниво (Европскиот парламент).

Одредбите од Лисабонскиот договор им даваат моќ на националните парламенти да имаат директно влијание во политичките процеси во ЕУ. Тоа е и главната тенденција на Лисабонскиот договор - отсега натаму ЕУ ќе прерасне во повеќе од интерпарламентарна демократија наспроти она што беше досега - меѓувладина и наднационална.

**Универзалните човекови права – законска обврска**

Поради постојаните закани кои се појавуваат во сите општествени структури и сегменти неопходно беше воведување на универзални човекови права и должности. Оттука произлезе и потребата за креирање на механизми со кои универзалните човекови права ќе добијат законски статус каков што поседуваат уште од настанувањето на националната држава. Традиционално, правата коишто луѓето ги уживале произлегуваат од нивниот граѓански статус во рамките на суверената држава, но во последно време правата на државите да бидат арбитар за секој граѓанин опаѓаат. Зголемениот број на повеќеслојни идентитети ја ослабна државната хегемонија.

Во денешниот мобилен свет со глобален проток на работна сила и културна дијаспора, повеќеслојните идентитети практично ја надминуваат аномаличната концепција на државјанството. Концептот на државјанство синхроно беше менувана со цел да се прилагоди на глобалните потреби. Така, британскиот политички филозоф Маршал, наведува три фази низ кои поминува концептот на државјанството следствено со правата и обврските кои произлегуваат од него. Така во 18 век државјанството ги подразбира граѓанските права, во 19-от политичките права, а во 20-от социјалните.

Граѓанските права го гарантираат правото на приватната сопственост и други права поврзани со ова вклучувајќи го правото на приватност, право на слободно изразување, слобода на вероисповед и слобода на печатот. Понатаму, едно од политичките права ја воведува новината која го проширува правото на сопственост кое не се однесува повеќе единствено на белата машка популација, туку сега и на жените, малцинствата и на сиромашните. Во 20 век државјанството ги опфати социјалните права вклучувајќи го правото на здравствена заштита, образование и пензија. На овој начин правата што ги донесуваше државјанството доживеаја еволуција и на секој поединец му беше овозможено да има достоинствен живот (Marshall, 1950).

Еволутивниот аспект придонесе за една постојана будност и следење на полето на човековите права и секако, нивно постојано ажурирање и надополнување.

Социологот Џон Ур наведува шест нови категории на државјанство кои произлегуваат од ерата на постмодернизмот. Станува збор, најнапред, за културното државјанство со кое се почитува правото на секоја култура да може да го сочува и понатаму да го развива својот идентитет. Потоа доаѓа правото на малцинствата за населување и престој во други општества и да располагаат со полно право, но во целост и да ги исполнуваат обврските на ист начин како и домашните жители. Тука е и правото на еколошкото државјанство. Секое човечко суштество има право да живее во одржлив и складен однос со природаата. На четврто место ја поставува концепцијата на космополитското државјанство, т.е. правото на секој човек да влегува во интеракција со други граѓани, општества и култури без вмешување на државните власти. Потрошувачкото државјанство подразбира право на луѓето на слободен пристап до стока, услуги и информации кои слободно кружат во светот. Мобилното државјанство ги опфаќа правата и одговорностите на посетителите и туристите додека престојуваат во други земји и култури (Urry, 1995).

Сите овие нови видови државјанства постојат на различни нивоа, не само строго во внатрешноста на националните државни граници, туку и пошироко. Секоја од нив на свој начин да поткопува територијалноста на националната држава како ексклузивно подрачје на граѓанското дејствување. Овие нови форми на државјанства ги поместуваат човековите права над одредени територии, правејќи ги универзални по својата природа и по својот делокруг. Понатаму, Ур потенцира дека проблемот се состои во тоа што постојат сè повеќе противречности помеѓу поедини права кои се

универзални, унифицирани и глобално дефинирани, наспрема општествените идентитети кои се конкретни и територијално определени.

Државјанството сè повеќе станува меѓународна категорија, а човечките активности стануваат глобална категорија. Поранешното дефинирање кое државјанството по правило го врзува со националност во современиот свет на глобален бизнис, транснационални движења на граѓанското општество и културната дијаспора, која брзо се шири во светот, изгледа наивно (Urry, 2000).

Универзалните човекви права ги надминуваат сите определени, географски места. Тое постојат независно од територијата. Затоа активностите кои се насочени во борбата за човекови права се универзални, за разлика од граѓанските права кои ја потенцираат разликата помеѓу стариот начин на размислување кога правата беа поврзувани за определена територија и новиот начин на размислување според кој правата се ослободени од територија.

Првиот мултилатерален меѓународен договор со кој се пропишуваат правата и должностите во моралната заедница која е поставена над суверените држави е Повелбата на меѓународниот воен суд со кој се регулирани судењата во Нурнберг по Втората светска војна за воените злосторства.

Ерата на човековите права всушност започнува со основањето на Обединетите нации во 1945 година. Во Повелбата на Обединетите нации стои дека една од основните цели на таа организација е развивање и поттикнување на „почитување на правата на човекот и темелна слобода за сите, без оглед на раса, пол, јазик или вера." Во 1948 година, Генералното собрание на Обединетите нации ја прифати општата Декларација за човекови права, што претставува прв меѓународен договор со кој јасно е изразена идејата за неотуѓивоста на човековите права за сите луѓе, притоа содржи конкретен попис на определени права и слободи за сите луѓе. Истата година Обединетите нации ја прифатија и Конвенцијата за спречување и казнување на злосторствата на геноцид. Потоа со текот на времето беа донесени импозантен број на конвенции кои се однесуваат на широк спектар на човекови права и основни слободи, а во 1993 година Обединетите нации ја воведоа функцијата Висок комесар за човекови права.

Кога овие конвенции биле ратификувани, стекнале полно меѓународно право, земјите-членки и сите граѓани на секоја поединa земја-членка можат да се сметаат за одговорни за секој прекршок на статутарните одредби содржани во тие спогодби.

Националните држави ја губат апсолутната моќ за прашањата, кои се однесуваат на процедурите на нивните државјани, кои сега се подложни на повисок авторитет. За жал, механизмите преку кои овие одредби стапуваат во сила се слаби. Со оглед на тоа што Обединетите нации не располагаат со независни тела за присилно спроведување на овие одредби, мора да се потпираат на меѓународните спораузми со цел да воведат какви било санкции поради кршењето на човековите права. Без одобрување на Советот, самите Обединети нации не можат да дејствуваат. Често се случува земјите-членки да шпекулираат со своите стратешки и државни интереси, па наметнуваат крути санкции, дури и во случаи на екстремно кршење на човековите права вклучувајќи и геноцид. Всушност, во тоа е и дилемата, универзалните човекови права треба да бидат над законите на националните држави. Сепак, во постоечкиот состав на Обединетите нации, националните држави и понатаму имаат моќ, преку нивните гласови во Советот на Обединетите нации и во Генералното собрание да спречуваат имплементација на закони за човекови права. Тоа значи дека Обединетите нации остануваат со врзани раце освен ако цел свет ги поддржи во наметнување на санкциите, со надеж дека таквиот притисок ќе ги присили земјите-членки да се однесуваат одговорно и промислено.

Организациите на граѓанскиот сектор отсекогаш имале улога на критичари како катализатори за изготвување и прифаќање на конвенциите за човекови права, а исто така делувале и како посматрачи при спроведувањето на спогодбите.

Во прилог се дел од соодветните декларации на меѓународни невладини организации кои се универзално-непристрасно ангажирани на промоција на недискриминација посебно по однос на религија:

- Меѓународна научна конференција - *Иднината на малцинствата во Европа* – ИСКОМЕТ[41]:

[41] ЕЦЕРС (Европски центар за етнички, регионални и социолошки студии) е во тесна соработка со меѓународната невладина организација ИСКОМЕНТ (Меѓународна научна конференција за иднината на европските малцинства), со меѓународната МФД фондација за зајакнување на заштитата на културното наследство на етничките и религиозните малцинства во југо-источна Европа (и двете со седиште во Марибор) и со МФД Меѓународната асоцијација за зајакнување на заштитата на културното наследство на етничките и религиозните малцинства во југо-источна Европа (со седиште во Луксембург): http://www.iscomet.org/index.php?id=84,0,0,1,0,0

**1.** Апел за мир и помирување на територијата на поранешна Југославија (усвоен на меѓународната тркалезна маса: *Концептот на етницитетот во доктрините на доминантните религии во централно-источната област на Европа и нивното влијание врз интер-етничките односи*, Похорје, Словенија, 1-2 декември 1994 година);

**2.** Апел за помирување и соработка (усвоен на Меѓународната конференција *Придонесот на религиските заедници за мир и надминување на последиците од војната на територијата на поранешна Југославија*, Рогашка Слатина, Словенија, 19-21 септември 1997 година);

**3.** Бледска декларација за демократија, човекови права и заштита на припадниците на етничките и религиозните малцинства во југо-источна Европа (усвоена на третата Меѓународна конференција *Демократијата, човековите права и заштитата на припадниците на етничките и религиозните малцинства во југоисточна Европа*, Блед, Словенија, 23-25 февруари 2001 година);

**4.** Белградска декларација за улогата на религиските заедници и религиските слободи во демократските општества (усвоена на тркалезната маса: *Придонесот на религиските заедници на поранешна Југославија за помирување, почитување на разликите, демократијата, човековите права, заштитата на малцинствата, соработката и стабилноста во југоисточна Европа*, Белград, Србија, 14-15 декември 2001 година);

**5.** Декларацијата Темишвар за улогата на религиските заедници и религиските слободи во демократските општества (усвоена на тркалезната маса: *Демократија и религија – Романското искуство. Придонесот на религиските заедници за помирување, почитување на разликите, демократијата, човековите права, заштитата на малцинствата, соработката и стабилноста во југоисточна Европа*, Темишвар, Романија, 31 мај – 1 јуни 2002 година);

**6.** Меѓународен сојуз за религиски слободи: Обединувачка декларација од Берлин за религиски слободи, Берлин, Германија, 31 мај 1998 година;

**7.** Сојузот од Осло за слобода на религијата и верувањето: Декларацијата од Осло за слобода на религијата и верувањето, усвоена на конференцијата за слобода на религијата одржана во Осло, Норвешка во периодот 12-15 Август 1998.

Иако Обединетите нации сè уште не уживаат вонтериторијален авторитет за присилно спроведување на универзалните човекови права, Европската унија располага таков авторитет што ја чини прва нетериторијална политичка институција во историјата која има овластување нејзините земји-членки да ги присили на почитување на Статутот за универзалните човекови права. Членките на Европската унија ги обврзуваат одредбите на Европската конвенција за човекови права, капитален документ на подрачјето на универзалните човекови права. Европскиот суд за човекови права има арбитражна моќ над одредбите на Европската конвенција за човекови права, Европскиот суд за правдата има правосудни овластувања во случај земјите-членки да не се држат до Повелбите на Европската унија за основните права. Правосудните овластувања на Судот за човекови права и Европскиот суд за правда се над правосудните овластувања на која било земја-членка на Унијата така што сите граѓани на Европската унија имаат право да поднесат жалба до Европскиот суд за човекови права на судските одлуки донесени против нив во матичната земја.

Раздвојувајќи ги човековите права од територијалниот аспект, Европската унија се впушти во сосема ново политичко подрачје коешто има долгорочни последици за иднината на цивилизацијата. Европската унија ја создаваше економската зона и пазар без никакви внатрешни попречувања со заедничка валута со цел што поцврсто да ги интегрира членките. Долгорочно, Унијата постигна многу поважен успех при воспоставувањето на целокупниот состав на универзалните човекови права, како и при цврстото обврзување на нејзините членки и граѓани за почитување на тој состав преку овластувањата за правна присилба.

Кога 455 милиони граѓани од 25 земји-членки (сега 27) го примија државјанството на Унијата, таа создаде нов, нетериторијален, но сепак правно обврзувачка форма на политичка власт. Ако кон ова се додаде фактот дека Европската конвенција за човекови права, зад која стојат Европскиот суд за човекови права и Европскиот суд за правдата, овозможува за секој државјанин на Европската унија универзални човекови права кои ги надминуваат традиционалните политички права на нивните национални држави, почнуваме да ја сфаќаме длабочината на експериментот што го спроведува Унијата (Rumford, 2002).

Такво транснационално значење на државјанството може да им помогне на сите различни форми на заедници и поединци, кои повеќе не се чувствуваат пријатно како

државјани на одредени земји со сите политички ограничености и препреки, кои се поврзани со териториите во глобалната доба, да развијат сосема ново чувство на припадност. Државјанинот на ЕУ е прв во светот кому во потполност му се гарантираат универзалните човекови права, а зад тоа стои законот (Delenty во Rifklin 2006: 338)

### Советот на Европа

Советот на Европа претставува високо афирмирана и транснационална институција. Ова тело во себе инкорпорира земји-членки на Унијата, но и земји кои не ѝ припаѓаат.[42] Конституиран е во 1949 година од 10 држави коишто до денес пораснаа на 47 со што виртуелно го покрива целиот европски континент. Ова тело има за цел во границите на Европа да развие заеднички демократски принципи засновани на Европската конвенција за човекови права и други референтни текстови за заштита на индивидуите.

Основните принципи на организацијата: демократија, човекови права и квалитетот на животот остануваат непроменети. „Овие вредности се силна унифицирачка сила во Европа и ние се стремиме кон промоција на овие идеали преку заеднички решенија на заедничките проблеми. Советот на Европа сè уште се соочува со многу предизвици низ целиот континент и секогаш внимава на новите опасности" декларира Тери Дејвис, поранешен генерален секретар на Советот на Европа.

Советот на Европа е политичка меѓувладина организација со седиште во Стразбур, Франција. Во него се претставени 47 плуралистички демократии[43] и има шест земји со статус на набљудувачи.[44]

Како основни цели на Советот на Европа се наведуваат следните:

- Заштита на човековите права и владеењето на правото во сите земји-членки;

[42] http://www.coe.int/lportal/web/coe-portal

[43] Земји-членки во Советот на Европа: Албанија, Андора, Ерменија, Австрија, Азербејџан, Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка Република, Данска, Естонија, Финска, Франција, Грузија, Германија, Грција, Унгарија, Исланд, Ирска, Италија, Латвија, Лихтенштајн, Литванија, Луксембург, Малта, Молдавија, Монако, Црна Гора, Холандија, Норвешка, Полска, Португалија, Романија, Руската Федерација, Сан Марино, Србија, Словачка, Словенија, Шпанија, Шведска, Швајцарија, Република Македонија, Турција, Украина, Обединетото Кралство.

[44] Земји со статус на набљудувачи во Советот на Европа: Канада, Светата Столица, Израел, Јапонија, Мексико и САД

- Консолидирање на демократската стабилност во Европа преку поддршка на политичка, правна и уставна реформа на национално, регионално и локално ниво;
- Барање решенија за социјалните проблеми како нетолеранција, дискриминација на малцинствата, човеково клонирање, дрога, тероризам, корупција и организиран криминал;
- Промоција и развој на европски културен идентитет, со посебен акцент на образованието;
- Промоција на социјална кохезија и социјални права.

Составни тела на Советот на Европа се:

- Комитетот на министри, кој донесува одлуки и се состои од министрите за надворешни работи на 47-те земји-членки или нивните постојани дипломатски претставници;
- Парламентарното Собрание[45] кое претставува форум за дискусија и движечка сила на Советот на Европа. Собранието иницира многу меѓународни договори помагајќи да се создаде ширум Европа законодавен систем. Неговите членови се назначени од страна на националните парламенти од секоја земја-членка и делегации кои не се членки на Советот на Европа;
- Конгресот на локалните и регионалните власти на Советот на Европа има два дома, еден за локалните и еден за регионалните власти;
- Европскиот суд за човекови права со седиште во Стразбур кој постојано заседава и се занимава со сите процедури до финалната пресуда, а Парламентарното собрание ги избира сите судии со мандат од шест години.[46]

На ниво на Европската унија беше усвоена Повелба за основните права на Европската унија на Европскиот совет во Ница на 7 декември 2000[47]. Истата ја инхибира Глава II – Слободи во која е инкорпориран Член 10 кој се однесува на слобода на мисла, совест и религија. Истиот член го декларира индивидуалното право на слобода на мисла, совест и религија. Истиот вклучува слобода да се промени религијата или верувањето, самостојно или во заедница, како и јавно или приватно манифестирање на религијата преку почитување, поучување, богослужба и обред. Правото на приговарање е признато во согласност со националните закони кои го регулираат.

---

[45] http://assembly.coe.int/DefaultE.asp
[46] Статут на Советот на Европа: http://conventions.coe.int/Treaty/en/Treaties/Html/001.htm
[47] http://www.europarl.europa.eu/charter/pdf/text_en.pdf

Член 14 од истата Повелба се однесува на право на образовние, право на пристап до квалификувана и континуирана обука, можност за стекнување бесплатно задолжително образование и слобода за востановување образовни институции соодветно на демократските принципи и правото на родителите да обезбедат образование и настава за своите деца согласно со почитувнњето на нивните религиозни, филозофски и педагошки убедувања, согласно националните закони со кои се регулира оваа слобода и право.

Понатаму во Повелбата, Глава III се однесува на еднаквоста (Ч-20). Членот 21 се однесува на недискриминација. Имено, *Забранета е секоја дискриминација заснована на различни основи како пол, раса, боја, етничко или социјално потекло, генетски карактеристики, јазик, религиозно убедување, политичко или какво било друго убедување, национално малцинство, имот, раѓање, инвалидитет, возраст или сексуална ориентираност.* Член 22 потенцира: *Унијата ќе ја почитува културната, религиозната и лингвистичката разноликост.*

Член 13 кој е усвоен на Договорот од Ница ја наведува постапката во рамките на границите на моќта на Заедницата при којашто Советот дејствува на повик од Комисијата, а по консултации со Европскиот парламент може да преземе соодветна акција во борбата за справување со дискриминација врз основа на пол, раса или етничко потекло, религија или верување, инвалидитет, возраст или сексуална ориентираност. Со исклучок кога Советот ги усвојува стимулативните мерки за заедницата, исклучувајќи било каква хармонизација со законите и регулативите на земјите-членки за подршка на нивните дејства, а со цел да се придонесе кон постигнувањето на целите.

Во рамките на Декларација бр.11 за Статусот на црквите и неконфесионалните организации (Декларација број 11 од последниот акт на Договорот од Амстердам што се однесува за Грција 02 .10. 1997 год; Амстердам) декларира дека:

*Европската унија го почитува без предрасуди Статусот под националниот закон за црквите, религиозните здруженија и заедници во земјите-членки. Исто така, Европската унија подеднакво го почитува Статусот на филозофските и нерелигиозните организации.*

Согласно со Директивата на Советот 2000/78/ЕС од 27 ноември 2000 година за утврдување на општа рамка за еднаков третман при вработувањето и професиите, стои дека Советот на Европската унија имајќи го предвид Договорот за основање Европска заедница, а особено член 13 од истиот Договор, како и предлогот од Комисијата, мислењето на Европскиот парламент, мислењето на економскиот и социјален комитет, мислењето на регионалниот комитет, со оглед дека:

(11) дискриминацијата базирана на религија или верување, инвалидитет, возраст или сексуална ориентација може да ги поткопа постигнувањата на целите на Договорот на основање на Европска заедница, во основа се рефлектира врз постигнувањата на висока стапка на вработеност и социјална заштита, пораст на животниот стандард и квалитетот на живот, економската и социјалната кохезија и солидарност како и слободата на движење на индивидуите.

(12) Оваа или која било друга дирекна и индирекна дискриминација базирана на религија или верување, инвалидитет, возраст или сексуална ориентација што се однесува на областите покриени со оваа Директива треба да се забрани во рамките на Заедницата. Оваа забрана за дискриминација треба исто така да се однесува на националностите од третите земји, но не ги покрива разликите на третманот базирани на националност и е без предрасуди за придонесите кои водат кон влез или престој на националностите од третите земји и нивниот пристап за вработување и професија.

(23) Во многу ограничени околности, разликите на третманот може да бидат оправдани како карактеристики што се однесуваат на религијата или верувањето, (...) и да образуваат вистинско и оригинално професионално барање, кога целите се законски, а барањето е соодветно. Ваквите околности треба да бидат вклучени во информациите поднесени од земјите-членки до Комисијата.

(26) Забраната за дискриминација треба да биде без предрасуди за одржувањето или усвојувањето на мерки кои целат кон заштита или компензација на недостатоците од кои настрадале група или индивидуа на конкретна религија или верување, (...) а овие мерки можат да го спречат организирањето на личностите на поедини религии или верување, (...) на коишто главна цел им е промовирање на посебни потреби на наведените индивидуи.

(29) Личности кои биле предмет на дискриминација базиран на религија или верување, (...) треба да имаат исто значење на законска заштита. За да се дојде до поефикасно ниво на заштита, групите или законските тела исто така треба да бидат во можност да водат постапки како што е одредено за земјите-членки, како на барање така и за подршка на која било жртва без предрасуди на нацоналните правила за постапки кои се однесуваат на застапување и одбрана пред судовите.

(31) Правилата за тежината на докажувањето мора да бидат усвоени кога станува збор за случај на дискриминација на прво лице (prima facie), а за принципите на еднаков третман да бидат применети ефективно, тежината на доказот мора да се врати наназад кон испитаникот каде што се изнесени доказите за наведената дискриминација. Како и да е, не се одредува испитаникот да докаже дека обвинениeто се однесува на конкретна религија или верување (...).

Целта на оваа директива е да донесе општа рамка за борба против дискриминацијата врз основи на религија или верување, (...) што се рефлектира врз вработување или професија со цел да стапат на сила принципите на еднаков третман во земјите-членки. За целите на оваа директива „Принципот на еднаков третман" ќе има значење дека нема да постои дирекна или индирекна дискриминација без разлика на време, место и начин на која било основа од наведените.

Врз основа на Резолуција за култовите во Европа (усвоена на 29. Февруари 1996 годена) Европскиот парламент врз основа на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, Договорот за Европската унија, Резолуцијата на Европскиот парламент од 8 јули 1992 година, главата за Европа за правата на детето(1), Препораката 1178 (1992) на Советот на Европа за култовите и новите религиски движења потврдувајќи ги своите прилози за основните принципи на демократија и за владеењето на законот, како толеранција и слобода на совест, религија, мисла, здружение и собрание, со оглед на тоа дека активностите на групи на култови или на култни здруженија се феномен што забрзано се размножува и зазема сè повеќе различни форми во светот, со оглед на тоа што многу религиозни и други секти се соодветните на законите и затоа им е дозволено нивните организации и активности да бидат заштитени со гаранциите на личните и религиските слободи пропишани во Европската конвенција за човекови права, со оглед на тоа дека некои култови

дејствуваат преку гранични мрежи во Европската унија и се поврзуваат во дејствување со незаконска или криминална природа и ги прекршуваат човековите права, како малтретирање, сексуална злоупотреба, незаконско задржување, ропство, поддржување на агресивно однесување или пропагирање на расистички идеологии, даночна проневера, нелегален трансфер на фондови, трговија на оружје или дрога, прекршување на трудовите закони, илеглна примена на медицината, итн.; ги повикува земјите-членки да обезбедат законските и полициски власти ефективно да ги користат постоечките законски одредби и инструменти на национално ниво, активно и близу соработуваат, посебно со Европол за справување со нападите врз основните права на поединецот за што се виновни определени култови.

Советот на Европската унија[48] донесува Заклучок за нетолеранција, дискриминација и насилство врз основа на религиозно верување (3069. Состанок на Советот за надворешни работи- Брисел, 21 февруари 2011[49]). Во таа насока Советот ја потврдува цврстата определба на Европската унија за унапредување и заштита на слободата на религијата или верувањето без каква било дискриминација и изразува длабока загриженост во врска со зголемувањето на бројот на актите на религиска нетолеранција и дискриминација како олицетворение на неодамнешното насилство и терористички напади во различни земји врз христијаните и нивните светилишта, муслиманските верници и други верски заедници и цврсто го осудува. Потенцира дека слободата на религијата (вероисповед) или верувањето е универзално човеково право што треба да биде обезбедено за секого и секаде. Основна обврска на државата е да ги заштитува нејзините граѓани вклучувајќи ги и личностите кои им припаѓаат на религиозните малцинства, како и на сите луѓе кои живеат под нејзина заштита да им ги обезбеди правата. Сите луѓе кои припаѓаат на религиозните заедници и малцинства треба да имаат овозможено слободно практикување на религија и служба, индивидуално или групно без страв од нетолеранција и напади. Слободата на религијата (вероисповед) или верувањето е суштински поврзана со слободата на мислење и изразување како и со другите човекови права и основни слободи коишто заедно придонесуваат кон градењето на плуралистички и демократски општества.

---

[48] http://tandis.odihr.pl/?p=ki-ch

[49] http://www.consilium.europa.eu/uedocs/cms_data/docs/pressdata/EN/genaff/119404.pdf

Во таа насока Меѓународната заедница треба да ја консолидира својата колективна одговорност кон оние кои сакаат да ја користат религијата како инструмент за поделба, поттикнување на екстремизам и насилство. Како дел од напорите за зајакнато билатерално и мултилатерално дејствување, за слобода на религија или верување, ЕУ и нејзините земји-членки остануваат доследни кон реализирањето на слободата на религијата и верувањето во сите делови на светот коишто се опфаќаат во годишните извештаи на ЕУ за човекови права. Европската унија ќе продолжи да се поврзува со земји-партнери и да ја нуди својата соработка за унапредување на религиската толеранција и заштитата на човековите права. Понатаму ЕУ ќе продолжи да се поврзува во меѓународни форуми, а посебно во ОН за да обезбеди зајакната меѓурегионална поддршка во борбата против религиозната нетолеранција.

Во насока на поткрепување и прокламирање на религиските вредности манифестирани преку религиските слободи и реализирани преку религиските права кои секако како универзални се однесуваат на ниво на Република Македонија, на ниво на Европска унија и на условно, генерално, меѓународно ниво, наведувам листа на легислативни акти кои се производ на дел од комунитарните тела што се однесуваат на тангираната проблематика.

Советот на Европа ја донесува круцијалната Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, а последователно и консеквентни адаптации:[50]

- Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи усвоена од Советот на Европа на 4 ноември 1950 година и стапена на сила на 3 септември 1953 година[51];

- Протокол кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, дополнета со Протоколот бр. 11[52];

- Протокол бр. 12 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи (4.11. 2000)[53];

[50] http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/ListeTraites.asp?CM=8&CL=ENG
[51]http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/QueVoulezVous.asp?NT=005&CM=8&DF=13/07/2011&CL=ENG
[52]http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/QueVoulezVous.asp?NT=009&CM=8&DF=13/07/2011&CL=ENG
[53]http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/QueVoulezVous.asp?NT=177&CM=8&DF=13/07/2011&CL=ENG

- Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства, донесена од страна на Комитетот на министри на Советот на Европа на 10 ноември 1994, стапена на сила на 1 февруари 1998 година[54];

Понатаму, во функција на нерелигиозна дискриминација Парламентарното собрание на Советот на Европа ги донесува следните резолуции и препораки (Devetak, Kalćina and Polzer, 2004);

- Борба против нетолеранцијата и дискриминацијата кон муслиманите (генерална политика Препорака бр.5) Европска комисија против расизмот и нетолеранцијата;
- Положбата на црквата и религиската слобода во Источна Европа (Препорака 1086/1988) [55];
- Резолуција 908 (1988), Положбата на црквата и религиската слобода во Источна Европа[56];
- Религијата и промените во Централна и Источна Европа (Препорака 1556/2002) [57];
- Сектите и новите религиски движења (Препорака 1178/1992) [58];
- Нелегални активности на сектите (Препорака 1412/1999) [59];
- Религиска толеранција и демократско општество (Препорака 1202/1993) [60];
- Религија и демократија (Препорака 1396/1999)[61].

Во тој редослед Организацијата за безбедност и соработка во Европа ги донесува следните акти:

- Завршниот акт од Конференцијата за безбедност и соработка во Европа (КФОР), потпишан во Хелсинки на 1 август 1975 година;
- Документ од состанокот во Копенхаген на Конференцијата за безбедност и соработка во Европа (усвоен на 29 јуни 1990 година);
- Заклучен документ од состанокот во Виена на Конференцијата за безбедност и соработка во Европа (усвоен на 19 јануари 1989 година);

---

[54]http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/QueVoulezVous.asp?NT=157&CM=8&DF=13/07/2011&CL=EN G
[55] http://assembly.coe.int/Documents/AdoptedText/ta88/erec1086.htm
[56] http://assembly.coe.int/documents/adoptedtext/ta88/eres908.htm
[57] http://sclj.org/resources/PACE_Recommendation.pdf
[58] http://www.assembly.coe.int/Mainf.asp?link=/Documents/AdoptedText/ta92/EREC1178.htm
[59] http://www.assembly.coe.int/Mainf.asp?link=/Documents/AdoptedText/ta99/EREC1412.htm
[60] http://www.assembly.coe.int/Mainf.asp?link=/Documents/AdoptedText/ta93/EREC1202.htm
[61] http://assembly.coe.int/Main.asp?link=/Documents/AdoptedText/ta99/EREC1396.htm

- Заклучен документ од состанокот во Мадрид на Конференцијата за безбедност и соработка во Европа (усвоен во Мадрид на 9 септември 1983 година);
- Париската Повелба за Нова Европа (усвоен од Организацијата за безбедност и соработка во Европа на средбата на самитот на шефови на држави и влади на земјите учеснички во Париз на 21 ноември 1990 година);
- Одлуки на Самитот во Хелсинки на Конференцијата за безбедност и соработка во Европа (10 јули 1992 година);
- Украинска религиска конференција, Декларација за недискриминација на христијаните;
- Резолуција за борба против нетолеранцијата и дискриминацијата врз христијаните во областа на ОБСЕ;
- Парламентарното собрание на Организацијата за соработка и безбедност во Европа за првпат едногласно усвои Резолуција против дискриминацијата врз христијаните (Белград 10. 07. 2011).[62]

## 5.2. Анализа на соодветната легислатива на Република Македонија

Согласно со националната легислатива на Република Македонија и Уставот[63] на државата потенциран е демократскаиот, плуралистички и антидискриминирачки

[62] http://www.time.mk/read/59d9462876/c2928b1d81/index.html

фактор. Во тој редослед во Преамбулата од Уставот на Република Македонија стои дека:

Тргнувајќи од историското културно, духовно и државно наследство на македонскиот народ и од неговата вековна борба за национална и социјална слобода и за создавање своја држава, а посебно од државно-правните традиции на Крушевската Република и историските одлуки на АСНОМ и уставно-правниот континуитет на македонската држава како суверена република во Федеративна Југославија, од слободно изразената волја на граѓаните на Република Македонија на референдумот од 8 септември 1991 година, како и од историскиот факт дека Македонија е конституирана како национална држава на македонскиот народ во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на македонскиот народ со Албанците, Турците, Власите, Ромите и другите националности кои живеат во Република Македонија, а со цел: Република Македонија да се конституира како суверена и самостојна и како граѓанска и демократска држава; да се воспостави и изгради владеењето на правото како темелен систем на власта; да се гарантираат човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност; да се обезбеди мир и сожителство на македонскиот народ со националностите кои живеат во Република Македонија и да се обезбеди социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот.“[64]

Во Член 8 од делот I. Основни одредби како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија декларирани се основните слободи и права на човекот и граѓаниниот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот.

Делот II. Основни слободи и права на човекот и граѓанинот, 1. Граѓански и политички слободи и права, Член 9 истакнува:

„Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.“

---

[63] http://www.sobranie.mk/?ItemID=A431BEE83F63594B8FE11DA66C97BEAF
[64] „Службен весник на Република Македонија “ бр. 91/01.

Членот 9 го обезбедува физичкиот и моралниот интегритет на човекот кои остануваат неприкосновени и во тој тек се забранува секој облик на понижувачко однесување. Членот 9 ја гарантира неприкосновеноста на индивидуалната слобода, која останува неограничена, освен со одлука на суд во случаи и постапки утврдени со закон. Член 16 гарантира слобода на уверување, совест, мисла и јавно изразување. Се гарантираат слободата на говорот, јавниот пристап, јавното информирање и слободното основање на јавно информирање...

Член 19 е посебно значаен за дисертацијата од причина што во истиот се гарантира слободата на вероисповеста. Се гарантира слободно и јавно, поединечно или во заедница со други изразување на верата. Македонската Православна Црква-Охридска Архиепископија, другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред законот. Македонската Православна Црква-Охридска Архиепископија, другите врски заедници и религиозни групи се слободни во основањето на верски училишта и на социјални и добротворни установи во постапка предвидена со закон.

Член 20, пак, гарантира слобода на здружување, на пристапување и истапување заради остварување на политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. Програмите и дејствувањата на здруженијата не можат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок и кон поттикнување или повикување на воена агресија или разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост.

Член 44 гарантира право на образование за сите, а Член 48 ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите во државата.

Делот III. Гаранции на основните слободи и права чини дека секој граѓанин може да се повикува на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на Република Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност. Граѓанинот има право да биде запознат со човековите права и основни слободи и активно да придонесува, поединечно или заедно со други за нивно унапредување и заштита. Член 51 потенцира дека во Република Македонија

законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот. Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба –стои во Член 54.

Што се однесува до државната легислатива и Законот за основното образование (Сл. Весник на Република Македонија бр. 103/08 од 19.08.2008 година) член 1 уредува задолжителното основно образование што се остварува во основните училишта, како и дејноста на основното образование како дел од единствениот воспитно-образовен систем. Членот 2 чини:

(1) Секое дете има право на основно образование.

(2) Се забранува дискриминација по основ на пол, раса, боја на кожата, национална, социјална, политичка, верска, имотна и општествена припадност во остварување на правата од основното воспитание и образование, утврдени со овој Закон.

Целите на основното воспитание и образование се утврдени со член 3 во кои покрај останатите, како на пример, развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик и неговото кирилско писмо, и на јазик и писмо на припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик, стои и воспитување за меѓусебна толеранција, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права и развивање свест кај учениците за припадност на Република Македонија и негување на сопствениот национален и културен идентитет, воспитување за општи културни и цивилизациски вредности кои произлегуваат од светските традиции. Наспрема ова, Член 11, вели, во основното училиште се забранува политичко и верско организирање и дејствување, како и истакнување на партиски и верски обележја.

Законот за основното образование на Република Македонија не е хармонизиран со комунитарната легислатива во однос на основањето на приватни и индивидуални основни училишта.

Што се однесува до државната легислатива и Законот за средното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006 и 30/2007), согласно со последно наведената измена стои: "Средното образование е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови утврдени со овој Закон." Додадениот нов став 2, гласи: "Средното образование во јавните средни училишта е бесплатно." Член 3 осигурува дека секој, под еднакви услови утврдени со овој Закон, има право на средно образование и дека не се дозволени дискриминации засновани на пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотната и општествената положба.

Фактот дека во средното училиште е забрането секакво политичко и верско организирање и дејствување и дека во средното училиште не се дозволува организирање на верско образование стои во Член 7 во законот 29/2002.

Односот кон прашањата што се од интерес за истражувањето останува непроменет во наведените членови на дадениот Закон за средно образование од 11.07.2002 година како од Закон за средно образование од 20.09.1995 година. Во Законот за изменување и дополнување на законот за средното образование - 67/2004 во членот 7 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи: "Во средното училиште е забрането истакнување на партиски и верски обележја."

Во Законот за изменување и дополнување на законот за средното образование - 35/2006 во членот 31-е по ставот 2 се додаваат пет нови става 3, 4, 5, 6 и 7 кои гласат: "Нема да се одобри учебник чија содржина не е во согласност со Уставот на Република Македонија, а особено со одредбите што се однесуваат на човековите права и основни слободи, правата на припадниците на заедниците и родовата еднаквост."

Во Законот за изменување и дополнување на законот за средното образование - ("Службен весник на Република Македонија" бр. 116 од 01.09.2010) се додаваат три нови члена 109-а, 109-б и 109-в, кои определуваат:

(1) Глоба во износ од 3.500 до 4.000 евра во денарска противвредност за прекршок на средното училиште, ако:

- дозволи организирање и дејствување на политички партии и верски организации во средното училиште и изведува верско образование и се истакнат партиски и верски обележја (член 7)...

Во Законот за високото образование - ("Службен весник на Република Македонија" бр. 35 од 14.03.2008) член 14 одредува дека просторот на универзитетите и на самостојните високообразовни установи е неповредлив. Полицијата и другите државни органи на безбедност не можат без согласност на ректорот, односно директорот или на лице овластено од нив, да влегуваат во овој простор, освен за спречување на извршување на кривично дело, (...) На универзитетот и на самостојните високообразовни установи се забранува политичко и верско организирање и дејствување, како и истакнување на партиски и верски обележја.

Во Законот за изменување и дополнување на законот за празниците на Република Македонија - ("Службен весник на Република Македонија" бр. 18 од 15.02.2007), член 1- во Законот за празниците на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98), членот 2 се менува и гласи: "Државни празници на Република Македонија се: 24 Мај, „Св. Кирил и Методиј" - Ден на сесловенските просветители; 2 Август, Ден на Републиката; 8 Септември, Ден на независноста; 11 Октомври, Ден на Народното востание; 23 Октомври, Ден на Македонската револуционерна борба и 8 Декември, "Св. Климент Охридски." Празници на Република Македонија се: 1 Јануари, Нова година; Божиќ, првиот ден на Божиќ, 7 јануари според православниот календар; Велигден, вториот ден на Велигден според православниот календар; 1 Мај, Ден на трудот и Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам. Во член 2 се менува членот 4 и гласи: „Во Република Македонија се празнуваат и неработни денови за верниците од православната вероисповед се: Бадник, ден пред Божиќ; 19 Јануари, Богојавление (Водици); Велики петок, петок пред Велигден; 28 Август – Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица) и Духовден, петок пред Духовден. Во Република Македонија се празнуваат и неработни денови се: Курбан Бајрам, првиот ден на Курбан Бајрам за верниците од муслиманската вероисповед; 22 Ноември, Ден на албанската азбука за припадниците на албанската заедница; 21 Декември, Ден на настава на турски јазик за припадниците на турската заедница; Јом Кипур, првиот ден на Јом Кипур за припадниците на еврејската заедница; првиот ден на Божиќ, вториот ден на Велигден и Празникот на

сите светци, според Грегоријанскиот календар за верниците од католичката вероисповед; 27 Јануари, свети Сава за припадниците на српската заедница; 8 Април, Меѓународен ден на Ромите за припадниците на ромската заедница; 23 Мај, Национален ден на Власите за припадниците на влашката заедница и 28 Септември, Меѓународен ден на Бошњаците за припадниците на бошњачката заедница. “

Најзначајниот и клучен закон за разработуваното прашање, односно Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 113/03 од 20.09.2007 година) го уредува основањето и правниот статус на црквата, верската заедница и религиозната група, уредување на богослужба, молитва и верски обред, верска поука и образовни дејности, приходи на црквата, верската заедница и религиозната група, како и други прашања. Во истиот стои дека црквата, верската заедница и религиозната група се одвоени од државата и се еднакви пред Закон. Член 2 од Законот потенцира:

(1) Црква, верска заедница и религиозна група, во смисла на овој Закон, е доброволна заедница на физички лица кои со своето верско убедување и изворите на нивното учење ја остваруваат слободата на вероисповедта соединети по вера и идентитет изразен со подеднакво извршување на богослужба, молитва, обреди и друго изразување на верата.

Член 3 се однесува на правото на слобода на уверување, мисла и совест, кое ја вклучува слободата на манифестирање на својата вера или убедување, сам или заедно со другите, јавно или приватно за секој човек.

Консеквентниот член 4 декларира забрана на верска дискриминација и факт дека верското убедување не го ослободува граѓанинот од обврските што како граѓанин ги има според Уставот, законите и другите прописи, освен ако тоа со закон или друг пропис поинаку не е уредено.

Афирмативниот однос на државата кон почитувањето на идентитетот на црквите, верските заедници, религиозните групи и другите облици на религиозно здружување и воспоставувањето однос на постојан дијалог со нив како и развојот на постојана соработка е одреден во член 6, додека член 7 се однесува на тоа дека:

(1) Црквата, верската заедница и религиозната група своите активности ги вршат согласно со позитивните законски прописи на Република Македонија, меѓународните декларации и конвенции за слободата на вероисповедта и изразувањето на верата; како и тоа дека:

(2) Државните органи во рамките на своите надлежности и овластувања создаваат услови за непречено извршување на активностите на црквата, верската заедница и религиозната група.

Наспроти ова, согласно со член 8 со закон може да се ограничи слободата на изразување на религијата или убедувањето доколку тоа е неопходно во интерес на јавната сигурност, поредокот, здравјето, моралот или заштита на правата и слободите на другите.

Многу прецизно, Законот во делот II. го детерминира правниот статус на црквата, верската заедница и религиозна група. Законот практично е во согласност со бенчмарковите на Европската унија и меѓународната заедница и делува во една афирмативна линија на промоција на фундаменталните слободи и основни човекови права. Делот III. од Законот се однесува на богослужба, молитва и верски обред. Истиот чини дека религиозниот култ се врши во верски објекти како храм, џамија, молитвен дом, синагога, на гробишта и во други простории на црква, верска заедница и религиозна група, но може да се врши и да се практикува и во други простории и јавни места. Членот 16 став 6 од истиот дел истакнува дека: - Никој не смее да ги попречува свештените лица и верските службеници од цркви, верски заедници и религиозни групи во Република Македонија во извршувањето на нивните верски активности во јавните верски објекти и таму каде што тоа е дозволено согласно со овој Закон. Се чини дека во догледно време овој став пошироко ќе треба да се разгледува затоа што во начинот на извршување на определени верски активности иако во рамките на јавните верски објекти имаат реперкусии кои штетно се однесуваат по однос на еколошките принципи, како што е бучавата.

Делот IV. се однесува на верска поука и образовни дејности и член 21 вели дека црквата, верската заедница и религиознта група можат да изведуваат верска поука, која се воведува во простории во кои се вршат верски обреди и други начини за јавно изразување на верата, како и во други јавни и приватни простории и места, доколку со

тоа не се повредува јавниот ред и мир. Член 22 го определува правото на црквата, верската заедница и религиозната група да основаат верски образовни установи од сите степени на образование, освен од основното образование, за школување на свештени лица и верски службеници, како и ученички и студентски домови за сместување на лицата кои се школуваат во тие установи. Верските образовни установи се изедначени со другите образовни установи и нивните ученици и студенти ги имаат истите права и обврски.

Член 27 став 1 определува дека во воспитно-образовните установи може да се организира верско образование како изборен предмет согласно со закон, член 28 утврдува дека верско образование како изборен предмет можат да изведуваат лица кои ги исполнуваат посебните услови предвидени за таа цел, а член 29 дека учениците помлади од 15 години можат да посетуваат верско образование како изборен предмет врз основа на согласност на родителите или старателите.

Хуманата димензија е застапена во член 30 и овозможува црквата, верската заедница и религиозната група да основаат хуманитарни, културни, социјални, здравствени, добротворни и друг вид установи, во постапка и под услови утврдени со овој и друг закон.

Приходите на црквата, верската заедница и религиозната група се регулираат со дел V. член 32 определува дека приходите на црквата, верската заедница и религиозната група се од сопствено финансирање, приватна филантропија, донации и други форми на финансирање, додека член 33,

(1) Црквата, верската заедница и религиозната група самостојно располагаат со стекнатите приходи, во согласност со Закон и со прописите на црквата, верската заедница и религиозната група.

(2) Финансирањето на црквата, верската заедница и религиозната група, како и трошењето на финансиските средства е според регулативата за непрофитните организации и организациите од јавен интерес.

Се чини дека овој дел од Законот остава простор за дополнително обмислување посебно во аспектите кои се однесуваат на непрофитноста и фискализацијата.

Согласно со Одлуката на Уставен суд на Република Македонија за Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група 22092010 се укинуваат членовите 27, 28 и 29 од Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група („Службен весник на Република Македонија" број 113/2007) кои се однесуваат на организирање верско образование како изборен предмет во воспитно-образовните установи.

Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, владеењето на правото е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија. Уставот на Република Македонија во делот, кој се однесува на граѓанските и политички слободи и права, со членот 9 утврдил дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, како и дека граѓаните пред Уставот и законите се еднакви. Со членот 16 став 1 од Уставот се гарантира слободата на уверувањето, а со членот 19 ставовите 1 и 2 од Уставот се гарантира слободата на вероисповед и се гарантира слободното и јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на верата. Во делот на Уставот кој се однесува на економските, социјалните и културните права, со членот 44 е утврдено дека секој има право на образование. Образованието е достапно на секого под еднакви услови. Основното образование е задолжително и бесплатно. Во членот 45 од Уставот определено е дека граѓаните имаат право, под услови утврдени со закон, да основаат приватни образовни установи во сите степени на образованието, освен во основното образование. Поаѓајќи од содржината на изнесените одредби од Уставот, произлегува дека: граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата; секому му се гарантира слободно изразување на верата; верските заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред законот; тие се слободни во основањето на верски училишта и други социјални и добротворни установи; правото да се припаѓа на определена вера подразбира и право да не се припаѓа на ниедна религија и да не се исповедува нејзиното учење; не постои државна религија која би била повластена и не се признаваат никакви привилегии на која било вера по кој било основ; постои слобода на здружување на граѓаните заради остварување на нивните уверувања врз основа на

програми и дејствувања кои не се насочени, покрај другото и кон верска омраза и нетрпеливост.

Согласно членот 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон, секој е должен да ги почитува Уставот и законите. Според членот 7 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 4/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002,40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008 и 33/2010), во средното училиште е забрането секакво политичко и верско организирање и дејствување. Во средното училиште не се дозволува организирање на верско образование. Со оспорениот член 27 став 1 од Законот, се определува дека во воспитно-образовните установи може да се организира верско образование како изборен предмет согласно со закон. Во ставот 2 од истиот член, е определено дека при подготвувањето на наставниот план и програма со кои се утврдува изборниот предмет од областа на верското образование може преку органот надлежен за работите во врска со односите меѓу државата и верските заедници да бидат консултирани црквата, верската заедница и религиозната група. Според оспорениот член 28 од Законот, верско образование како изборен предмет можат да изведуваат лица кои ги исполнуваат посебните услови предвидени за таа цел, а според оспорениот член 29 од истиот Закон, учениците помлади од 15 години можат да посетуваат верско образование како изборен предмет врз основа на согласност на родителите или старателот. Овие оспорени членови претставуваат доуредување на оспорениот член 27.

Од анализата на оспорените членови 27, 28 и 29 од Законот, произлегува дека во сите воспитно-образовни установи може да се организира верското образование како изборен предмет, изведувано од лица кои исполнуваат посебни услови за таа цел, како и обврска за родителска, односно старателска согласност за посетување на верско образование за лица помлади од 15 години.

Тргнувајќи од содржината на членот 1 од Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозни групи, судот утврди дека со овој закон се уредува основањето и правниот статус на црквата, верската заедница и религиозната група, уредување на богослужба, молитва и верски обред, верска поука и образовни дејности,

приходи на црквата, верската заедница и религиозната група, како и други прашања. Црквата, верската заедница и религиозната група се одвоени од државата и се еднакви пред закон. Судот утврди дека со членот 1 од Законот е определен предметот на уредување на овој закон во кој не е содржано прашањето кое се уредува со оспорените членови 27, 28 и 29 од Законот и е надвор од предметната законска содржина.

Прашањата за образовните дејности кои впрочем го опфаќаат верското образование, се уредени со членот 22 од овој Закон, каде е определено дека црквата, верската заедница и религиозната група имаат право да основаат верски образовни установи од сите степени на образование, освен од основното образование, за школување на свештени лица и верски службеници и дека верските образовни установи се изедначени со другите образовни установи. Имено, со Одредбите од членот 22 од Законот, е исцрпено прашањето за верското образование и секое друго до уредување како во оспорените членови 27, 28 и 29 од Законот, односно регулирањето на прашањето за верското образование и во останатите воспитно-образовни установи, излегува надвор од рамките на овој закон и уредува прашања за кои не постои уставно правна основа.

Во контекст на наведеното е членот 7 од Законот за средното образование според кој во средното училиште е забрането секакво политичко и верско организирање и дејствување и дека во средното училиште не се дозволува организирање на верско образование, како и Одлуката на Уставниот суд У. бр. 202/2008 од 11 февруари 2009 година со кој е укинат членот 26 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/ 2008), со кој беше предвидено дека во основно училиште може да се остварува и верско образование како изборен предмет. Од овие причини, судот утврди дека се доведува во прашање уставно-правната издржаност и опстојувањето на овие оспорени законски одредби во правниот поредок.

Уставно-правната оправданост на оспорените одредби од членовите 27, 28 и 29 од Законот, според судот, заради можноста од нивна моментно неодредена, а екстензивна примена, се доведува во прашање не само во основните училишта и средните училишта од причини наведени погоре, туку и во останатите воспитно-образовни установи (универзитети, високо стручни школи), кои како јавни установи

вршат дејност во областа на образованието вклучувајќи ги сите, односно јавните, приватните и мешовитите воспитно-образовни установи.[65]

Секако дека државата има обврска не само да обезбеди право на образование на секого туку и право на религиозно образование на секого, бидејќи со овозможување да се оствари ова право во училиштата, државата всушност ја извршувала својата обврска кон граѓаните, а не кон црквата, верските заедници и религиозни групи, но по однос на ова прашање судот веќе се произнел со Одлуката У.бр. 202/2008 од 15 април 2009 година со која е укинат членот 26 од Законот за основното образование, бидејќи судот оценил дека со укинатата Одредба со која беше предвидено дека во основно училиште може да се остварува и верско образование како изборен предмет, се создава можност во основното образование да се воведе предмет во кој се изучува определена вера, со кој се врши воведување на правила според кои треба да се однесува припадникот на определена вероисповед, или како што се нарекува - вероучение, верска поука или најчесто веронаука и дека ваквиот облик на верско образование што произлегува како можност од Законот, го надминува академскиот и неутрален карактер на наставата, што инаку е карактеристика на јавното, државно образование и ја инволвира државата во организирањето на таква верска настава, наспроти изнесениот принцип на одвоеност на државата и црквата.

Толкувањето на Одредбите од Европската конвенција за човекови права не го прават државите-потписнички по свое наоѓање, туку Европскиот суд за човекови права преку својата пракса и пресуди.

Законот за високообразовните установи на верските заедници[66] во член 1 определува Православниот богословски факултет "Св. Климент Охридски" - Скопје и Факултетот за исламски науки - Скопје (Православен богословски факултет и Факултет за исламски науки), како високообразовни установи на верски заедници, стекнуваат статус на приватно - јавни непрофитни високообразовни установи согласно со Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/2008).

---

[65] Одлуката на Уставен суд на Република Македонија за Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група 22092010

[66] Службен весник на Република Македонија бр.81/08 од 7.07.2008 година

## Користена литература


*Адресар на црквите, верските заедници и религиозните групи во Македонија.* Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка, 2009. - 31.

Ајслер, Риен. 1999. „Обрасци на минатото: Гиланија и историја".Во Марковска, С. и Симоновска, С. едс., *Антропологија: зборник текстови.* Скопје: Догер,219-245.

Атали, Жак. 1998. *Европ(и)а.* Скопје: Матица Македонска.

Атанасов, П. 2003. *Мултикултурализмот како теорија, политика и практика.* Скопје: Евро-Балкан Пресс.

Атанасовски, Т. 2002.*Чекорење по криза.* Скопје: Ми-Ан.

Ацески, И. 2009. *Некои карактеристики на религиозност кај студентската популација.* Скпоје: Филозофски факултет.

Алтиндал, А. 1994. *Трите лица на Исус.* Скопје: Култура.

Ashford, S. and Timms, N. 1992. *What Europe thinks: A study of western European Values.* Aldershot: Dartmouth.

*A community of cultures: The European Union and the arts* (2002). Brussels: European Commissions.

Barker, E. 1997. *'But Who's Going to Win? National and Minority Religions in Post – Communist Societies'*. Krakow: Nomos.

Бауман, Г. 2009. *Мултикултурна загатка: реобмислување на националниот, етничкиот и религиозниот идентитет.* Скопје: Три.

Bašić, Goran. and Devetak, Silvo (ed.). 2003. *Religion and democracy in Moldavia.* ECERES,ISCOMET: Maribor- Chisinau.

Beckford, J. A. 2006. *The Sociology of Religion in the Nordic Religion as Seen from the Other Side of the North Sea.* Nordic Journal of *Religion and society.* No 1, Volume 19, 1-19.

Becker, G. 1976. *The Economic Approach to Human Behaviour.* Chicago: Chicago University Press.

Berger, P. Davie, G. Fokas, E. 2009. *Religious America, Secular Europe? A Theme and Variations.* Great Britan:Ashgate.

Beyer,P. 2007. "Can the tail wag the dog? Diasporaqu reconstructions of religions in a globalized cociety." *Nordic Journal of Religion and society.* 1-20.

Берет, Д и Кол, Т. 2000. *Социолошки проекти.* Скопје: Филозофски факултет.

Биговић, Р. (ед.). 2003. *Хришћанство и европске интеграције.* Београд: Хришћански културни центар и Конрад Аденауер Стифтунг.

Боуви, Ф. 2009. *Антропологија на религијата.* Скопје: Табернакул.

Brown, C. 2006. "*Religion and Society in Twentieth Century Britain".* Harlow: Pearson.

Brown, C. 2000. *The death of Christina Britain.* London: Routledge.

Bruce, S. 2011. "*Secularization: In Defence of an Unfashionable Theory".* Oxford: Oxford University Press

Бурстејн, Д. и Де Кејзер, Џ. (ед.) 2007. *Тајните на Марија Магдалена.* Скопје: Култура.

Casanova,J. 1994. *Public Religions in the Modern World.* Chicago: Chicago University Press.

Casanova,J. 2006. "Religions, European secular identities, and European integration". Во T. Byrnes and P. Katzenstein. eds., *Religion in an Expanding Europe.* Cambridge: Cambridge University Press: 65-92.

Cshaves, Mark and David E. Cann, 1992. "Regulation, Pluralism and Religious market Structure". *Rationality and Society* 4: 272-290.

Ванковска, Б. 2007. *Есеи за демократијата и мирот: Напад врз тишината.* Скопје : Филозофски факултет.

Вебер, М. 1997. *Сабрани списи о социологији религије – Том I,* Нови Сад: Сремски Карловци.

Гијом, А. 2001. *Ислам.* Скопје: Култура.

Гочи, С. 2003. *Европска влада,* Београд: БМГ.

Classen, A. 2005. *Other, The European Views of,* in: M.C. Horowitc (ed.) New Dictionary of the History of Ideas, Detroit, New York, ect. : Thomson Gale.

Cvitković, I. 2004. Sociologija religija (treće izdanje). Sarajevo: DES.
_________. 2005. *Sociološki pogledi na naciju i religiju.* Sarajevo: DES
_________. 2007. *Socijalna naučavanja u religijama.* Sarajevo: DES

Davie, G. 2000. *Religion in Modern Europe: A Memory Mutates (European Societies).* USA: Oxford University Press.
__________. 2010. *"Europe: The Exceptional Case. Parameters of Faith in the Modern Europe".* Great Britan:Intype Libra.

Dawkins, R. 2006. *The God delusion.* London: Bantam Press.

Delenty, G. 1995. *Inventing Europe:Idea, Identity, Reality.* London: Macmillan.

Devetak, S. Sirbu, O and Rogobete, S. 2005. *Democracy and Religion. Belgrade:* ECERES and Maribor- Chisinau. ISCOMET.

Де Ружмон, Д. 1997. *Дваесет и осум векови на Европа.* Скопје: Култура.
Delenty, G. 1995. Inventing Europe:Idea, Identity, Reality. London: Macmillan.

De Krnjević-Mišković, Damjan. 2003. "Reconsolidation in Bosnia and the phenomenology of little people: the Serbs, Europe, and the liberation of our reconciled future liberty". Во Mojzes, P., Swidler, L. and Justenhoven, H.-G. edc., *Interreligious dialog towards reconsolidation in Macedonia and Bosnia.* USA: Ecumenical Press.

Диркем, Е. 1982. *Елементарни облици религијског живота.* Београд: Просвета.

Dirkem, E. 1969. *Religija I društvo,v. Teoorija o društvu. Beograd: Vuk Karadžić.*

Dimitropoulos, P. 2001. *State and the Church: A Difficult Relationship.* Athens: Kritiki.

Доменак, Ж-М. 1991. *Европа: културни изазов* - Београд: Библиотека XX век: Књижара Плато.

Донев, Д. 2008. *Невладиниот сектор како етички коректив на општеството или механизмите на етичко дејствување на невладините организации.* Скопје: МЦМС.

Đorđević, D. 1990. *O religiji I ateizmu.* Niš: Gradina.

Elijade, M. 1981. *Okultizam, magija i prirodne culture.* Zagreb: Grafićki zavod Hrvatske.

Елијаде, М. 1992. *Аспекти на Митот.* Скопје: Култура.

Елијаде, М. 2005. *Историја на верувањата и религиските идеи I и II.* Скопје: Табернакул.

Elster, J. Offe, C. and Preuss, U. K. (ed.) 2000. *Institutional Desing in Post – communist Societies.* United Kingdom: Cambridge University Press.

*Enlargement Strategy and Main Challenges 2009-2010.* Communication from the Commission to the European Parliament and the Council. Brussels: European Commission, 2009.

Fenn, Richard K., 1978, "Atheory of Secularisation.". *Society for the Scientific Study of Religion.*

Fetzer, J. and Soper J.C. 2004. *Muslim and the state in Britain, France and Germany.* Cambridge: Cambridge University Press.

Fokas, E. 2008. *Religion: towards a post-secular Europe?* London: Sage.

Фрид, Ернастина. 1999. „Расправа за определниците на половите улоги". Во Марковска, С. и Симоновска, С. едс., *Антропологија: зборник текстови.* Скопје: Догер, 205-219.

Fukuyama, A 2003. *Kraj čoveka?* Zagreb: Izvori.

Гијом, А. 2001. *Ислам.* Скопје: Култура.

Gomez-Quintero, A. 2004. Religious education in the Spanish school system. Journal of Church and State 46(3):561-73.

Goode, Erich. 1972. "The Church and the Stratification System: Class and Racial Differences" Во Faulkner, J.E. eds., *Religion's influence in Contemporary Society: Readings in the Sociology of Religion.* Columbus, Ohio: A Bell and Howell Company.

Иванов, Ѓ. 2005. *Предизвиците на новата меѓународна политика.* - пдф фајл.

*Идентитети*: *Списание за политика, род и култура.* 2006. Том 51 бр. 21.

Илич-Гасми, Г. 2004. *Реформе Европске уније.* Беогрд: Прометеј.

Институт за философски иследваниа – Блгарската академиа на науките. 2008. II *Националното, балканското, европеиското – конвергентност и дивергентност.* Софиа: Ик Ифи – бан.

Институт за философски иследваниа – Научно иследователска група по религиозно – философски парадигми. 2006. *Религиите в Европа и православието.* Софиа: Бан.

Јанулатос, А. 2002. *Глобализам и православље: студије о православној проблематици.* Београд: Хиландарски фонд при богословном факултету СПЦ: Хришћански културни центар.

Јунг, К. Г. 2007. *Архетиповите на колективното несвесно.* Скопје : Ѓурѓа.

Faulkner, J.E. (ed.). 1972. *Religion's influence in Contemporary Society: Readings in the Sociology of Religion.* Columbus, Ohio: A Bell and Howell Company.

*Godišnjak.* 2009. Univerzitet u Beogradu – Fakultet političkih nauka. Godina III, broj 3.

Hamilton, M. 2003. *Sociologija religije.* Beograd: Clio.

Harding, S. and Phillips, D. with Fogarty, M. 1986. *Contrasting values in Western Europe*, Basingstoke: Macmillan.

Höchtl, J. 2010. *Some empirical data for the topic of "The Problems/challenges of religion and culture in the process of transformation of societies" (anpublished).*

*How the European Union works: Your guide to the EU institutions* (2005). Brussels: European Commissions.

Ignatovska, H. 2011. *Analysis of the Macedonian Orthodox Church heads' attitudes regarding to religious values in RM and EU.* In *The Sociological Review.* Skopje: UKIM – No. 2/2011 Volume XII.

Избутс, Ж.П. 2005. Од *Мојсеј до Мухамед. Археолошка историја на трите вери.* Скопје: АЕА, Мисла.

Јаковљевић, Д. 2006. *Религије и вредности.* Београд-Подгорица: Ratio.

Jevtić, M. 2008. *Uloga religije u identitetu južnoslovenskih nacija* (GODIŠNJAK). Beograd: Fakultet političkih nauka.

Jukić, J. 1975. "Sociološki pristup sekularizaciji". *Bogoslovska smotra*, 45: 39-48.

Jukić, J. 1997. *Lica i maske svetoga.* Zagreb: Kršćanska sadašnjost.

James, W. 1990. *Raznovrsnost religiskog iskustva,* Zagreb: Naprijed.

Halsey, A. H. 1985. "*On Methods and Morals*", in M. Abrams, D. Gerard, and N. Timms (eds.), *Values and social change in Britain,* Basingstoke: Macmillan, 1-20.

Harding, S. and Phillips, D. with Fogarty, M. (1986). *Contrasting values in Western Europe.* Basingstoke: Macmillan.

Henry, P. 1981. *And I don't care what it is: The tradition-history of a civil religion proof-text.* " Journal of the American Academy of Religion 49(1): 35-49.

Kandžija, V. 2003. *Gospodarski sustav Europske unije.* Rijeka: Ekonomski fakultet Sveučilišta.

Kaval, K.-E. , A. J. Mellbye and B.S. Tranøy. 2006. *Политика и демократија.* Скопје: Феникс.

Карлсон, Џ. и Бон, К. 2003. *Христијанството, патријархатот и злоупотребата.* Сигмапрес : Скопје.

Карталов, Х. 2005. *Европската интеграција низ економската перспектива.* Скопје: Филозофски Факултет.

Климовски, С. В. Митков, Р. Тренеска, Т. Каракамишева. 2003. *Уставно уредување на Република Македонија.* Скопје: Просветно дело АД.

Koković, D. 1997. *Pukotine kulture*, Beograd: Prosveta.

Колбре, Б. К. 1996. „Христијанство или култура".Во Старделов, Ѓ. едс., *Религиите и религиските аспекти на материјалната и духовната култура на почвата на Република Македонија:Производ на истражувањето на културата на почвата на Македонија.* МАНУ: Скопје.

Константиновиќ, Р. 2000. *Филозофија на паланката.* Скопје: Лист.

Коцевски, Д. 2007. *Побуна на интелектуалците.* Скопје: Улис.

Крег, П и Де Бурка, Г. 2010. *Право на ЕУ : текстови, случаи и материјали.* Магор, Скопје.

Кржаловски, А. (ед.). 2009. *ИСЛАМОТ и политиката на Западен Балкан.* Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка.

Куангши, Т. 1990. *Записи од Македонија.* Скопје : Македонска книга.

Kuburić Z. and Ch. Moe (eds). 2006. *Religion and Pluralism in Education: Comparative Approches in the Western Balkans.* (Novi Sad: CEIR), pp. 180-139.

Kuna, Marian. *God, Christian Values and the European Constitution: Should the Latter Refer to the Former and Why – conservative institute pdf file.*

Kval, T. 2006. *Политика и демократија* . Скопје: Феникс.

Levin, J. (ed.). 1994. *Religion in Aging and Health: Theoretical Foundations and Methodological Frontiers.* Thousand Oask, CA: Sage.

Le Bras, G. 1996. *Problemi sociologije religije, Sociologija II*, Zagreb: Naprijed.

Лиманоски, Н. 1989. *Исламската религија и исламизираните Македонци.*- Скопје : Македонска книга.

Линдсеј, Џ.М. 2009. *Техники во антропогеографијата.*Скопје: Табернакул.

Линг, Т. 2003. *Историја религије истока и запада.* Београд: Српска књижевна задруга.

Luckmann, Thomas. 1972. “Church-Oriented Religion in the Future”. Во Faulkner, J.E. eds., *Religion’s influence in Contemporary Society: Readings in the Sociology of Religion.* Columbus, Ohio: A Bell and Howell Company, 516-517.

Luxmoore, J. 1997. *“Estern Europe 1996: A Review of Religious Life in Albania, Bulgaria, Romania, Hungary, Slovakia, the Czech Republic and Poland” , Religion, State and Society,* 25: 89-102.

Malinovski, B. (1969). O Društvenim ulogama religije, Beograd: Vuk Karadžić.

Malinovski, B. 1971. Magija, nauka I religija, Beograd: Prosveta.

Малуф, А. 2001. *Погубни Идентитети.* Скопје: Матица Македонска.

*Маргина: за различностите и интеграциите.* Година X, број 62, *4/2003.*

Mannheim, K. 1968. *Ideoligija i utopija.* Beograd: Nolit.

Марковска,С.Симоновска,С. 1999. *Антропологија: Зборник текстов.,* Скопје : Догер.

Маршал, Г. 2004. *Оксфордски речник по социологија.* Скопје: Ми-Ан.

Marshall, T.H. 1950. *Citizenship and Social Class,* Cambridge, U.K: Cambridge University Press .

Markešić, I. 2001. *Luhmann o religiji*, Zagreb: Hrvatsko filozofsko društvo.

Martin, D. 1978. *A General Theory of secularization*. Oxford: Blackwell.

Матевски, З. 1999. Дострелите на Емил Диркем во проучувањето на религијата. Во зборник: *Диркем и современата социологија.* Скопје: Филозофски факултет.
Matevski, Z. 2005. *Sociological Analysis of the Religious Situation in Macedonian Post-Communist Society.* In Anthology: Religion and Politics, Blagoevgrad: South-West University "Neofit Rilski".

_________. 2005. *Religiska tolerancija u multietničkoj Makedoniji.* Vo zbornik: *Religija u multikulturnom druшtvu.* Novi Sad: Filozofski fakultet.

_________. 2007. *Religious dialogue and tolerance-theoretical and practical experiences of differences and similarities.* In Monograph: Politics and Religion. Beograd: Center for study of Religion and religious tolerance.

_________. 2007. *Religion in multicultural society.* In Collective article: Sociological Horizons. Blagoevgrad: Sout-West University "Neofit Rilski".

_________. 2008. *The challenges of Sociology of Religion after 1991.* In Anthology: The sociology of religion in the Former Yugoslav Republics. Nis: JUNIR.

_________. 2009. *Some Aspect of the revitalization of religion in Republic of Macedonia after its independence.* In Anthology: Culture in transition – transition in culture. Krakow: Jagiellonian University – Institute of Sociology.

Матковски, А. 2007. *Македонија во делата на странските патеписци*: (1903). Скопје: Ѓурѓа.
Матковски, А. (ед.). 2007. *Македонија во делата на странските патописци.* Скопје: Ѓурѓа – 224.
Меѓународна конференција*: Балканот во новиот милениум: науката и културата во заедничка акција за мир и развој. (Зборник трудови)(2001) МАНУ: Скопје.*

Мекгир, М.Б. 2000. *Религија: општествен контекст.* Скопје (издание пред печатење).

Mehmeti, I. (ed.). 2004. *Multiethnic forym: Years of challenge.* Skopje: Search for common ground.

Mendras, H. 2004. *Europa i europljani: sociologija Zapadne Evrope*. Zagreb : Masmedia.

Merkešić, I. 2001. Luhmann o religiji, Zagreb: Hrvatsko filozofsko društvo.
Милер, Д. и др. 2002. *Блеквелова енциклопедија на политичка мисла.* Скопје : Ми-Ан.

Miyake, Y. 2010. *Respects for Religious Rights and Cultural Diversity – Foundation of Peace and Prosperity – From a Shintoist Viewpoint.* Ohrid: World Conference on Inter – Religious and Inter – Civilization Dialogue: "Religion and Culture – Substantial Relation among Nations."
Милчев, К. 2005. *Философски извлечениа и темата на богопознанието* . Софоа : Народна култура.

Мирчев, Димитар. 2011. *Македонија во транзициskиот тунел. Политоскоп и сатирикон на последната петолетка.* Скопје: Круг.

Михта, Е. А. 2009. *Границите на алијансата: САД, НАТО И ЕУ во Северна и Централна Европа.* Скопје: Арс ламина.

Министерство за култура на Република Македонија. 2008. *Охридските пораки за мир и соживот: Светска конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог.* Скопје: Абакус комерц.

Министерство на културата – Институт за философски иследваниа. 2007. *Блгарската култура между државата и пазара.* Софиа : Бан.

*Minority participation and interethnic bodies.* 2010. Skopje: Friedrich Ebert Stiftung – Office Macedoni.

Миќуновиќ, Љ. 1995. *Современ лексикон на странски зборови и изрази.* Скопје: Каша Книга.

Младеновски, Ѓ. 2005. *Антрополошки огледи.* Скопје: Аз – Буки.

Mojzes, P., Swidler, L. and Justenhoven, H.-G. (ed.). 2003. *Interreligious dialog towards reconsolidation in Macedonia and Bosnia.* USA: Ecumenical Press,80-81.

Мојаноски, Цане. 2008. „Верските субјекти меѓу слободата на вероисповедта и државата".*Политичка мисла.*6: 9-25.

Mos, M. 1982. *Sociologija i antropologija.* Beograd : Prosveta.

Назарска, Ж. Шапкалова, С. 2009. *Историа на религиозните деноминации в Блгариа.* Софиа: За буквите.

*Националното, балканското, европеиското – тенденции на равенство и неравенство.2008.* Софиа: Ик Ифи – бан.

Ниче, Ф. 2008. *Волја за моќ.* Скопје : Ѓурѓа.

Nash, Dennison and Berger, P. 1972. "The Child, the Family, and the "Religious Revival" Bo Suburbia". Bo Faulkner, J.E. eds., *Religion's influence in Contemporary Society: Readings in the Sociology of Religion.* Columbus, Ohio: A Bell and Howell Company.

Нејков, Кирил. 2008 „Религијата, политиката и економијата". *Политичка мисла.*6: 53-65.

Niebuhr, Richard. H. 1963. "The Churches of the Middle Class". Bo Yinger, Milton.J. eds., *Religion, Society and the Individual.* New York: The Macmillan Company.

Ниче, Ф. 2008. *Волја за моќ.* Скопје : Ѓурѓа.

Nordic Journal of *Religion and society.* 2006. No 1, Volume 19.

Nordic Journal of *Religion and society.* 2007. No 1, Volume 20.

Nowicka, E. 1997. "Roman Catholicism and the Content of Polishness" Krakow: Nomos,81-92

Њуман, В.Л. 2009. *Општествено истражувачки методи: квалитативни и квантитативни пристапи.* Скопје: Просветно дело.
*Одлука на Советот на ЕУ за Имплементирачка регулатива*

O'Connel, J. 1991. *The making of Modern Europe: Strengths, Constraints and Resolutions,* University od Bradford Peace Research Report No. 26, Bratford: University od Bradford.

Овидој Насон, Публиј. 2002. *Преобразби* : (превод од латински Басотова, Љ.). Скопје: Три.

Павловски, Ј. 2002. *Време минато, време сегашно.* Скопје: Ми-Ан.

Papastathis, C. 1996. *State and the Church in Greece.* In G. Robbers (ed.), *State and the Church in the European Union.* Baden-Baden: Nomos Verlagsgesellschaft, 75-92.

*Партнери во мир и превенција. Регионална стабилност преку човекова безбедност.* 2008. Скопје: Фондација Фридрих Еберт.

Pavićević, V. 1970. *Sociologija religije: sa elementima filozofije religije.* Beograd: Zavod za izdavanje udžbenike SFRS.
Петкова, Д. 2004. *Балканизациата – другото лице на глобализациата.* Софиа : Кама.

Петковска, А. Поповски, М. и Јованоски, А. 2010. *Сондирање европски вредности во Република Македонија, Социолошка ревија.* Скопје: Бомат Графика. Број IX-X.

*Политичка мисла.* 2007. Година 7. бр. 21. Фондација Конрад Аденауер. Скопје.

Православната ѓаконија во светот: првична оценка. Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка, 2009. - 61.

*Прилози.* Македонска Академија на Науките и Уметностите: Одделение за општествени науки. Скопје: МАНУ, 2008 – XXXVII, 1-2.

*Прирачник за обука за борба против дискриминација.* Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка,2009 - 81.

Rifkin, J. 2006. *Europski san: Kako europska vizija buducnosti polako zasjenjuje americki san.* Zagreb, Skolska knjiga.
Robbers, G. (ed.) 1996. *Church and the State in the European Union.* Baden-Baden: Nomos Verlagsgesellschaft.

Rubenstein, R. L. 2000. *The religions of the world and the problem of population.* USA: The Florida State University (Tallahassee).

Rumford,C. 2002. The European Union: A Political Sociology. Blackwell, Oxford, U.K.
Silvo Devetak, Liana Kalčina and Miroslav F. Polzer (ed.) 2004. *Legal Position of Churches and Religious Communities in Sought – Eastern Europe.* Ljubljana-Maribor-Vienna: ISCOMET.

Skeie, G. 2007. *Religion and education* in *Norway.* In R. Jackson, S. Miedema, W. Weisse, and Willaime, J. –P. (eds), *Religion and Education in Europe: Developments, Contexts and Debates* (Münster:Waxmann Verlag), pp.221-42.

Sklare, Marshall. 1963. "The function of Ethnic Churches: Judaism in the United States". Bo Yinger, Milton.J. eds., *Religion, Society and the Individual.* New York: The Macmillan Company.

Spickard, V. J. 2006. 'What is happening to the religion? six sociological narratives." *Nordic Journal of Religion and society.*
Социолошка ревија / *The Sociological Review.* Skopje: UKIM – No. 2/2011 Volume XII.

*Социолошка ревија. Списание на здружението на социолози на Република Македонија и на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет – Скопје.* 2010 број IX-X.

*Социолошка ревија. Списание на здружението на социолози на Република Македонија и на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет – Скопје.* 2011 број 2/XII.

Срејовић, Д. и Цермановић-Кузмановић, А. 1989. *Речник грчке и римске митологија – треће издање.* Београд : Српска књижевна задруга.

Stanovšić, Vojislav. 2003. "Constitutionals/legalframes concerning religious peace, tolerance, freedoms". Bo Bašić, Goran and Devetak, Silvo. eds., *Religion and democracy in Moldavia.* Maribor - Chisinau: ECERES, ISCOMET.

Старделов, Ѓ. (ед.). 1996. *Религиите и религиските аспекти на материјалната и духовната култура на почвата на Република Македонија:Производ на истражувањето на културата на почвата на Македонија.* МАНУ: Скопје.

Stark, Rodney and Laurence R. Iannaccone. 1994. *A Supply-Side Reinterpretation of the Secularization in Europe. Journal for the Scientific Study of Religion. 33(3).*

*Stefanik, M.R. O Europe! – conservative institute. pdf file.*

Стојкович, Б. 2002. *Идентитет и комуникација.* Београд : Факултет политичких наука у Београду. Београд : Чигоја Штампа.
*Стратегија и акциски план за периодот 2012-2012 година.* Скопје: Сојузот – Македонија без дискриминација, 2009.

Сулејманов, З. и Стојановски, Н. 2002. *Социјална патологија.* Скопје: Универзитет Св. Кирил и Методиј.

Suzuki, D.S. and From, E. 1997. *Zen budizam I psihoanaliza.* Beograd: Nolit.

Šušnjić Đ. 2002. *Religija I i II.* Beograd: Čigoja.

Šušnjić, Đ.1998b: *Religija II*, Beograd, Čigoja štampa.

Tanovič, A. 1978. *Vrijednost i vrednovanje*. Sarajevo: Svijetlost.

Tanovič, A. 1980. *Etika I politika*. Sarajevo: Svijetlost.

Ташева, М. 2003. *Социологија.* Скопје: Филозофски факултет.

________. 2004. *Малите верски заедници: кон теоријата, легислативата, самовидувањето.* Скопје: Филозофски факултет.

________. 2006. *ИСТОКОТ И ЗАПАДОТ: Поглед кон институционалниот развој на византиската и западната цивилизација.* Скопје: Филозофски факултет (не објавено издание).

Тејлор, Ч. 2004. *Мултикултурализам: Огледи за политиката на признавање*. Скопје: Евро-Балкан Прес.

Therborn, G.1995. *European modernity and beyond: The Trajectory of European Societies, 1954-2000.* London: SAGE Publications.

Timms, N. 1992. *Family and Citizenship: Values in Contemporary Britain.* Aldershot: Dartmouth.

Тодорова, М. 2001. *Замислувајќи го Балканот.* Скопје: Магор.

Topolinska, Z. 2008. Towards a reformulation of the inventory of Balkanisms. In. *Прилози.*

*Contributions.* Македонска Академија на Науките и Уметностите: Одделение за лингвистика и литературна наука. Скопје: МАНУ, XXXII, 1.

Ќулавкова, К. 2003. *Херменевтика и поетика.* Скопје: Култура.

*Улогата на верските заедници како дел од граѓанското општество во Република Македонија*, 2006. Фондација Конрад Аденауер. Скопје.

Фотев, Г. 1999. Криза на легитимността. УИ„Св. Климент Охридски“: София.

Фром, Е. 2008. *Ќе бидете како богови : радикално толкување на Стариот завет и на неговата традиција*. Скопје : Ѓурѓа.

Хамилтон, М. 2003. *Социологија религије: теоријски и упоредни приступ.* Београд: Клио.

Хобсбаум, Е. 1993. *Нациите и национализмот.* Скопје : Култура.

Христова – Башевска, Љ. 2002. *Жената и родот во исламот. Историски корени на една модерна дебата.* Скопје: Слово.

Христова – Башевска, Љ. 2008. *Библиски одѕиви. Социолошко-антрополошки есеи.* Скопје: Слово.

Цацаноска, Ружица. 2007. „Религиозните текови на македоонското општество“. *Годишник – Институт за социолошко-правни истражувања* 1: 362 .

Цветановска, Г. 2007. *Културните разлики и општествената интеграција: Македонија пред и по Рамковниот договор.* Скопје: Институт за економски стратегии и меѓународни односи – ОХРИД.

Чашуле, К. 2003. *А, бре, Македонче!* Скопје: Ми-Ан.

Џепаровски, И, М. Ралева, Д. Јорданова Пешевска, А. Кули, С. Врангаловска. 2003. *МЛАДИТЕ, сакралното и уметноста: различности во рецепциијата и односот кон културното и уметничкото во сакралните објекти меѓу младите во Република Македонија.* Скопје: Темплум, 2003 – 60.

Џепаровски, И. (ед.). 2007. *Аспекти на другоста:Зборник по културологија.* Скопје: Евро-Балкан Пресс: Менора.

Шелева, *Е.* 2005. *Дом/Идентитет.* Скопје: Магор.

Шуман,Р. 2004. *За Европа*. Скопје: Делегација на Европската комисија.

Urry, J. 1995. *Consuming Places.* Routledge, London, U.K.
Urry, J. 2000. *Beyound Societies: Mobilities for the Twenty- First Century*. Routledge, London.
Veber, M. 1989. *Protestantska etika I duh kapitalizma.* Sarajevo: Veselin Maslesa.

Vertovec, S. and Peach, C. 1997 *Islam in Europe. The Politics of Religion and Community.* Basingstoke, Macmillan and Warwick, CRER.

Vukicević, Slobodan. 2003. “The religious element in modern nation” Bo Bašić, Goran and Devetak, Silvo. eds., *Religion and democracy in Moldavia.* Maribor - Chisinau: ECERES, ISCOMET.

Wallace, H. and Wallace W. 2000. *Policy – Making in the European Union.* New York: Oxford University Press.

Willaime, J.-P. 2007. “*Different models for religion and education in Europe.”* In R. Jackson, S. Miedema, W. Weisse, and, J.-P. Willaime (eds), *Religion, Diversity and Edycation in Europe* (Münster: Waxmann Verlag).

Wilson, B. 1966. *Religion and Secular Society*. Harmondsworth, U.K. : Penguin Books.

Warland, R. H. 1972. “Quantitative Methods in the Sociology of Religion”. Bo Faulkner, J.E. eds., *Religion's influence in Contemporary Society: Readings in the Sociology of Religion.* Columbus,

Ohio: A Bell and Howell Company.

Wergeland, L. S., Holbek S. S. and Elgen, O. 2006. 'Religious faith, lifestyle and health – an empirical study of people of Oslo". *Nordic Journal of Religion and society.*

Wolff, R.P. Moore, B. and Marcuse, H. 1998. *Kritika čiste tolerancije.* Zagreb: Globus.

Woodhead, L. 2006. "On the incompatibility between Christianity and holistic spirityality'. *Nordic Journal of Religion and society.*

Yinger, J.M.1979. *Religion, Society and the Individual.* New York: The Macmillan Company.

**Правни акти**

Recommendation 1202 (1993), of 2 February 1993, on religious tolerance in a democratic society: http://assembly.coe.int/Mainf.asp?link=http%3A%2F%2Fassembly.coe.int%2FDocuments%2FAdoptedText%2Fta93%2FEREC1202.htm.

Recommendation 1720 (2005) of 4 october 2005 « Education and religion: http://assembly.coe.int/Documents/AdoptedText/ta05/EREC1720.htm.

Recommendation 1178 (1992), of 5 February 1992, on sects and new religious movements: http://assembly.coe.int/Mainf.asp?link=http%3A%2F%2Fassembly.coe.int%2FDocuments%2FAdoptedText%2Fta92%2FEREC1178.htm.

Recommendation 1396 (1999), of 27 January 1999, Religion and democracy: http://assembly.coe.int/Mainf.asp?link=http%3A%2F%2Fassembly.coe.int%2FDocuments%2FAdoptedText%2Fta99%2FEREC1396.htm

Recommendation 1412 (1999), of 22 June 1999, Illegal activities of sects: http://assembly.coe.int/Mainf.asp?link=http%3A%2F%2Fassembly.coe.int%2FDocuments%2FAdoptedText%2Fta99%2FEREC1412.htm.

Наставна програма по предметот етика во религиите, достапна на страната на Бирото за развој на образованието при Министерството за образование и наука на Република Македонија: http://bro.gov.mk/docs/Etika_vo_religiite.pdf.

Наставна програма по предметот запознавање со религиите, достапна на страната на Бирото за развој на образованието при Министерството за образование и наука на Република Македонија: http://bro.gov.mk/docs/izborni_predmeti/ZAPOZNAVANJE_SO_RELIGIITE.pdf.

Службен весник на Р. Македонија бр.81/08 од 7.07.2008 година.

Службен весник на Република Македонија бр. 103/08.

Службен весник на РМ бр. 91/01.

Статут на Советот на Европа: http://conventions.coe.int/Treaty/en/Treaties/Html/001.htm („Службен весник на РМ“, бр. 116 од 01.09.2010 година)_("Official Gazette" no. 116 of 01.09.2010).

Законот за организација и работа на органите на државната управа Службен весник на Република Македонија бр. 58/00 и 44/02

Законот за основно образование Службен весник на Република Македонија бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07

Закон за високо образование („Сл.Весник на Р.Македонија“ бр.35 од 14.03.2008 година)(_Law on Higher Education ("Official Gazette of the Republic of Macedonia" no.35 of 14.03.2008 )).

Закон за високо-образовните установи на верските заедници („Службен весник на Р. Македонија“ бр.81/08 од 7.07.2008 год.) (Law on higher education institutions of religious communities ("Official Gazette of the Republic of Macedonia" of 7.07.2008 br.81/08.)).

Закон за изменување и дополнување на законот за празници на Р.Македонија („Сл. Весник на Р. Македонија“ бр. 18 од 15.02.2007 година)(Law Amending the Law on Holidays of the Republic of Macedonia ("Official. Gazette of the Republic ofMacedonia" no. 18 of 15.02.2007)).

Закон за основно образование („Сл. Весник на Р. Македонија“ бр.103/08 од 19.08.2008 година)(_Law on Primary Education ("Official Gazette of the Republic of Macedonia" no.103/08 of 19.08.2008)).

Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група („Сл. Весник на Р. Македонија“ бр.113/07 од 20.09.2007 год.) и измена 22092010 (Law on Legal Status of Churches, religious community and religious groups ("Official Gazette of the Republic of Macedonia"No. 113/07 of 20.09.2007.) and change 22092010).

Закон за средно образование: ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006 и 30/2007)(_Law on Secondary Education: ("Official Gazette of the Republic of Macedonia" no. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99,29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006 and 30/2007))

Закон за унапредување и заштита за правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во РМ („Службен весник на РМ“, бр. 92 од 22.07.2008 година)(_Law for promotion and protection of rights of communities that are less than 20% of the population of the RM ("Official Gazette" no. 92 of 22.07.2008)).

Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи усвоена од Советот на Европа на 4 ноември 1950 година и стапена на сила на 3 септември 1953 година (Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms_Opening for signature_4/11/1950 and Entry into force 3/9/1953): http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/QueVoulezVous.asp?NT=005&CM=8&DF=13/07/2011&CL=ENG.

*Лисабонскиот договор на Европската унија2007(*„Договор за измени и дополнувања на договорите за Европска унија (Договорот од Мастрихт - 1992) и Договорот за настанување на Европска економска заедница (Римскиот договор - 1957):

Одлуката на Уставен суд на Република Македонија за Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група 22092010.

Преамбулата од Уставот на Република Македонија во„Службен весник на РМ" бр. 91/01.

Преамбулата од Уставот на Република Македонија во„Службен весник на РМ" бр. 91/01.(_Preamble of the Constitution of the Republic of Macedonia "Official Gazette" no. 91/01.).

Протокол бр. 12 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи (4.11. 2000) (Protocol no. 12 to the Convention for the Protection of Human Rights and FundamentalFreedoms): http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/QueVoulezVous.asp?NT=177&CM=8&DF=13/07/2011&CL=ENG.

Протокол кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, дополнета со Протоколот бр. 11 (Protocol to the Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms, amended by Protocol no. 11): http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/QueVoulezVous.asp?NT=009&CM=8&DF=13/07/2011&CL=ENG.

Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства, донесена од страна на Комитетот на министри на Советот на Европа на 10 ноември 1994, стапена на сила на 1 февруари 1998 година (Framework Convention for the Protection of National Minorities, adopted by the Committee of Ministers of the Council of Europe on November 10, 1994, entered into force on February 1, 1998): http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/QueVoulezVous.asp?NT=157&CM=8&DF=13/07/2011&CL=ENG

Советот на Европа (Council of Europe): http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/ListeTraites.asp?CM=8&CL=ENG.

Устав на Република Македонија (Constitution of the Republic of Macedonia): http://www.sobranie.mk/?ItemID=A431BEE83F63594B8FE11DA66C97BEAF.

**Електронски извори:**

International Religious Liberty Association http://irla.org/universal-declaration-of-human-rights.htm
ISCOMET на: http://www.iscomet.org/index.php?id=84,0,0,1,0,0
http://assembly.coe.int/DefaultE.asp

http://assembly.coe.int/Documents/AdoptedText/ta88/erec1086.htm
http://assembly.coe.int/documents/adoptedtext/ta88/eres908.htm
http://assembly.coe.int/Main.asp?link=/Documents/AdoptedText/ta99/EREC1396.htm
http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/ListeTraites.asp?CM=8&CL=ENG

http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/QueVoulezVous.asp?NT=009&CM=8&DF=13/07/2011&CL=ENG
http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/QueVoulezVous.asp?NT=157&CM=8&DF=13/07/2011&CL=ENG.
http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/QueVoulezVous.asp?NT=177&CM=8&DF=13/07/2011&CL=ENG
http://eur-lex.europa.eu/JOHtml.do?uri=OJ:C:2007:306:SOM:EN:HTML

http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/site/en/com/2007/com2007_0515en01.pdf

http://forum.mojepravo.net/viewtopic.php?f=7&t=127

http://fvo.sk/

http://hrcak.srce.hr/index.php?show=clanak&id_clanak_jezik=50120&lang=en
http://hrcak.srce.hr/index.php?show=clanak&id_clanak_jezik=52175&lang=en

http://mudrac.ffzg.hr/~dpolsek/kregar_uvod_imaginacija_pravni_I.pdf

http://sclj.org/resources/PACE_Recommendation.pdf
http://spsoe.wegewerk.org/mkd/za_paktot_za_stabilnost/
http://tandis.odihr.pl/?p=ki-ch
http://www.assembly.coe.int/Mainf.asp?link=/Documents/AdoptedText/ta93/EREC1202.htm
http://www.assembly.coe.int/Mainf.asp?link=/Documents/AdoptedText/ta92/EREC1178.htm
http://www.cesnur.org/default.htm
http://www.coe.int/lportal/web/coe-portal
http://www.consilium.europa.eu/uedocs/cms_data/docs/pressdata/EN/genaff/119404.pdf

http://www.czso.cz/eng/redakce.nsf/i/home

http://www.dadalos.org/edc/newsletter/edc_newsletter_mz_7.htm
http://www.delmkd.ec.europa.eu/en/index.htm
http://www.delmkd.ec.europa.eu/mk/information_sources/newsletters/2008-pdf/81%20EU%20Newsletter%20Fev-Mar%202008%20MK.pdf
http://www.delmkd.ec.europa.eu/mk/key-information/newsletters.htm
http://www.economist.com/node/5080927

http://www.eudict.com/?lang=croeng&word=multigrid%20metode

http://www.euractiv.sk/euractiv

http://www.euractiv.sk/verzia-pre-tlac/analyza/turecko-a-eu---neopodstatnene-predsudk...

http://www.europarl.europa.eu/charter/pdf/text_en.pdf

http://www.europarl.europa.eu/comparl/libe/elsj/charter/art10/default_en.htm

http://www.europeanvaluesstudy.eu/

http://www.europeanvaluesstudy.eu/evs/research/themes/society/

http://www.europeanvaluesstudy.eu/evs/visitreligiousservices.jpg

http://www.farnostmutne.sk/index.php?view=article&catid=51%3Anedene-zamyslenie&id=2...

http://www.ffst.hr/index.php?option=com_content&view=article&id=102&Itemid=104&lang=hr

http://www.fvo.sk/?kateg=136

http://www.imf.org/external/pubs/ft/seminar/1999/reforms/fukuyama.htm

http://www.infovek.sk/

http://www.institute.sk/print.php?1042

http://www.katnoviny.sk/Kn_2004/24_2004/index.htm

http://www.osun.org/sociologiju-pdf-2.html- многу добри пдф

http://www.sobranie.mk/?ItemID=A431BEE83F63594B8FE11DA66C97BEAF

http://www.svetosavlje.org/biblioteka/Knjige/Jerotic1/VJerotic.htm

http://www.time.mk/read/59d9462876/c2928b1d81/index.html

http://www.zoe.sk/

http://www.zoe.sk/?citaren&id=300

http://www.zoe.sk/?citaren&id=301

http://www.zoe.sk/?citaren&id=333

http://www.zoe.sk/?citaren&id=352

International Religious Liberty Association http://irla.org/universal-declaration-of-human-rights.htm

http://www.dnevnik.com.mk/?ItemID=DB4515511BF3924FA10A05BB63AD1D22

http://www.dnevnik.com.mk/default.asp?ItemID=06E3D976B60B6A43A6258A7322B89982

http://eur-lex.europa.eu/JOHtml.do?uri=OJ:C:2007:306:SOM:EN:HTML

http://eur-lex.europa.eu/JOHtml.do?uri=OJ:C:2007:306:SOM:EN:HTML
http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/site/en/com/2007/com2007_0515en01.pdf

http://hrcak.srce.hr/index.php?show=clanak&id_clanak_jezik=50120&lang=en
http://hrcak.srce.hr/index.php?show=clanak&id_clanak_jezik=52175&lang=en
http://www.cesnur.org/default.htm
http://www.dnevnik.com.mk/default.asp?ItemID=06E3D976B60B6A43A6258A7322B89982

http://www.economist.com/node/5080927
http://www.europarl.europa.eu/comparl/libe/elsj/charter/art10/default_en.htm

http://www.europarl.europa.eu/comparl/libe/elsj/charter/art10/default_en.htm
http://www.imf.org/external/pubs/ft/seminar/1999/reforms/fukuyama.htm
http://www.sobranie.mk/?ItemID=A431BEE83F63594B8FE11DA66C97BEAF
http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/QueVoulezVous.asp?NT=005&CM=8&DF=13/07/2011&CL=ENG
http://eur-lex.europa.eu/JOHtml.do?uri=OJ:C:2007:306:SOM:EN:HTML
http://hrcak.srce.hr/index.php?show=clanak&id_clanak_jezik=50120&lang=en
http://hrcak.srce.hr/index.php?show=clanak&id_clanak_jezik=52175&lang=en
http://www.cesnur.org/default.htm
http://www.economist.com/node/5080927
http://www.europarl.europa.eu/comparl/libe/elsj/charter/art10/default_en.htm
http://www.imf.org/external/pubs/ft/seminar/1999/reforms/fukuyama.htm
http://www.kovz.gov.mk/?ItemID=603A1C29E7CDC1469817D6BB36F358DA.

http://www.sobranie.mk/?ItemID=A431BEE83F63594B8FE11DA66C97BEAF.

International Religious Liberty Association http://irla.org/universal-declaration-of-human-rights.htm

ISCOMET на: http://www.iscomet.org/index.php?id=84,0,0,1,0,0.

# ДОДАТОК (APPENDIX)

*Табела бр. 1. Образовна структура на интервјуираните испитаници*

| Образовна структура на интервјуираните испитаници | Број на интервјуира-ни испитаници | Учество во % |
|---|---|---|
| Докторат | 13 | 45 |
| Магистратура | 7 | 24 |
| Високо | 9 | 31 |
| Вкупно: | 29 | 100 |

*Графикон бр. 1.*




Табела бр. 2. Професионална структура на интервјуираните испитаници

Графикон бр. 2.

| Професионална структура на интервјуираните испитаници | Број на интервјуирани испитаници | Учество во % |
|---|---|---|
| Социолози | 4 | 13 |
| Културолози | 3 | 10 |
| Политиколози | 2 | 7 |
| Историчари | 1 | 3 |
| Теолози | 10 | 34 |
| Економисти | 6 | 20 |
| Правници | 4 | 13 |
| Вкупно: | 30 | 100 |




*Табела бр. 3. Старосна структура на интервјуираните испитаници*

*Графикон бр. 3.*

| Старосна структура на интервјуираните по класи на години | Број на интервјуирани испитаници | Учество во % |
|---|---|---|
| 21-30 | 3 | 10 |
| 31-40 | 4 | 13 |
| 41-50 | 9 | 30 |
| 51-60 | 11 | 37 |
| 61-70 | 3 | 10 |
| Вкупно: | 30 | 100 |



Табела бр. 4. Полова структура на интервјуираните испитаници

Графикон бр. 4.

| Полова структура на интервјуирани-те испитаници | Број на интервјуирани испитаници | Учество во % |
|---|---|---|
| Машки | 20 | 67 |
| Женски | 10 | 33 |
| Вкупно: | 30 | 100 |




Табела бр. 5. Национална структура на интервјуираните испитаници

| Национална структура на интервјуираните испитаници | Број на интервјуиран и испитаници | Учество во % |
|---|---|---|
| Македонци | 19 | 64 |
| Албанци | 6 | 20 |
| Срби | 1 | 3 |
| Бошњаци | 1 | 3 |
| Хрвати | 1 | 3 |
| Турци | 2 | 7 |
| Вкупно | 30 | 100 |

*Графикон бр. 5.*



Табела бр. 6. Религиозна структура
на интервјуираните испитаници

| Религиозна структура на интервјуираните испитаници | Број на интервјуирани испитаници | Учество во % |
|---|---|---|
| Православни христијани | 14 | 46 |
| Католици | 2 | 7 |
| Методисти | 2 | 7 |
| Муслимани | 9 | 30 |
| Нерелигиозни | 3 | 10 |
| Вкупно: | 30 | 100 |

*Графикон бр. 6.*



***Табеларен приказ - Споредбен збирен преглед на одговорите на темите за разговор од неструктурираното интервју за истражувањето со класификација на одговорите по групи и определен најтипичен (најфреквентен) одговор***

| ***Тема за разговор*** | ***Класификација на одговорите (фреквентност на одговорите по групи)*** | | | ***Типологија на одговорите - најтипичен (најфреквентен) одговор*** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Класификација на одговорите по групи | Број на одго-вори | Уче-ство во % | Најтипичен (најфреквентен) одговор | Број на одго-вори | Уче-ство во % |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Кој е вашиот поглед за улогата на системот на вредностите врз општестве-ните промени во РМ и ЕУ? (Дали/како влијае врз општестве-ниот карактер, карактерис-тиките на општестве-ните промени; содржината; појавноста; насоката; обемот; интензите-тот и предвидли-воста ?) | ***Современо општество на ЕУ***<br>- Системот на вредностите исклучително влијае врз општествениот карактер. Промените во иманентниот систем на вредности предизвикуваат и општествени промени. Содржината станува сѐ посложена, појавноста се интензивира, насоката позитивна, обемот на општествените промени е зголемен, интензитетот посилен и зачестен, а предвидливоста сѐ помала;<br>- Системот на вредностите прилично влијае врз општествениот карактер. Глобалните процеси реално придонесуваат за пресвртите во вреднувањата, појавноста зачестува во прогрес и во однос на квалитет и во однос на квантитет;<br>- Системот на вредностите умерено влијае врз општествениот карактер. Процесите на надворешно отворање придонесуваат за елиминирање на вреднувањата, од тие причини појавноста е во регресија, насоката е сѐ понегативна, обемот неопределен, а интензитетот непредвидлив. | 20<br>6<br>4 | 66,6<br>20<br>13,3 | Системот на вредностите исклучително влијае врз општествениот карактер. Промените во иманентниот систем на вредности предизвикуваат и општествени промени. Содржината станува сѐ посложена, појавноста се интензивира, насоката позитивна, обемот на општествените промени е зголемен, интензитетот посилен и зачестен, а предвидливоста сѐ помала. | 20 | 66,6 |
| | ***Современо македонско општество***<br>- Системот на вредности многу силно влијае на карактерот на општествените промени. Поради турбулентните промени во социо-културната сфера содржината на промените на вредносните системи е разновидна, појавноста се намалува за разлика од претходно, насоката е позитивна, обемот поширок, интензитетот засилен, а предвидливоста намалена;<br>- Системот на вредности делумно влијае на карактерот на општествените промени. Поради транзицијата, содржината на промените на вредносните системи е конфузна, појавноста растечка, насоката е позитивна, обемот поширок, интензитетот засилен, а предвидливоста намалена;<br>- Системот на вредности делумно влијае на карактерот на општествените промени. Поради неинтегрираноста, содржината на промените на вредносните системи е ниска, појавноста стагнира, насоката е неутрална, обемот стагнира, интензитетот релативно засилен, а предвидливоста намалена. | 22<br>6<br>2 | 73,3<br>20<br>6,67 | Системот на вредности многу силно влијае на карактерот на општествените промени. Поради турбулентните промени во социо-културната сфера содржината на промените на вредносните системи е разновидна, појавноста се намалува за разлика од претходно, насоката е позитивна, обемот поширок, интензитетот засилен, а предвидливоста намалена. | 22 | 73.3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.Кои, според вас, се вредностите што му даваат значење на она што е специфично и иманентно за ЕУ (религиски, семејни, егзистенцијални, трудови и/или др.), а кои на РМ? | ***Современо општество на ЕУ***<br>- Вредностите коишто сугерираат извесна заедничка перцептивност во поглед на специфичноста и иманентноста на Унијата пред сè се однесуваат на вреднувањето на основните човекови права и слободи;<br>- Во актуелната стварност релативно е определувањето на заеднички европски вредности, но во поглед на минатото, пред сè религиските, односно христијанските, даваат значење на она што е специфично и иманентно за Европската унија;<br>- Егзистенцијалните вредности се примарни на вредносната скала на современото комунитарно ниво. | 14<br>10<br>5 | 46,7<br>33,3<br>16,7 | Вредностите коишто сугерираат извесна заедничка перцептивност во поглед на специфичноста и иманентноста на Унијата, пред сè, се однесуваат на вреднувањето на основните човекови права и слободи. | 14 | 46,7 |
| | ***Современо македонско општество***<br>- Вредности кои го карактеризираат она што е специфично и иманентно за Р.Македонија, иако сè уште во извесен транзиционен период, тешко е да се определат, а сепак е поедноставно во споредба со оние кои се однесуваат на Унијата, се егзистенцијалните и традиционалните вредности.<br>- Вредности кои го карактеризираат она што е специфично и иманентно за Р.Македонија се политичките и етничките вредности.<br>- Вредности кои го определуваат специфичното за Р.Македонија се неминовно религиозните, а иманентното се однесува на стабилните семејни релации. | 17<br>7<br>5 | 56,7<br>23,3<br>16,7 | Вредности кои го карактеризираат она што е специфично и иманентно за Р.Македонија, иако сè уште во извесен транзиционен период, тешко е да се определат, а сепак е поедноставно во споредба со оние кои се однесуваат на Унијата, се егзистенцијал-ните и традиционални-те вредности. | 17 | 56,7 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.Какво, според вас, е влијанието што религиските вредности го имаат во земјите-членки на ЕУ и во РМ, како земја-кандидат и кои културни обрасци произлегуваат од нивната реализација? | ***Современо општество на ЕУ***<br>- Религиозните вредности, и покрај секуларизацијата на европскиот континент, сè уште имаат влијание што се одразува преку донесувањето на позитивни регулативи по однос на верските слободи на комунитарно ниво (иако партикуларно определени членки дивергираат);<br>- Религиските вредности на комунитарно ниво имаат традиционално значење;<br>- Тие денес ги детерминираат демократските права и слободи, праведност, еднаквост и рамноправност, принципи врз коишто се гради демократијата, владеењето на правото и на социјалната правда. | 17<br>5<br>7 | 56,7<br>16,7<br>23,3 | Религиозните вредности, и покрај секуларизацијата на европскиот континент, сè уште имаат влијание што се одразува преку донесувањето на позитивни регулативи по однос на верските слободи на комунитарно ниво (иако партикуларно определени членки дивергираат). | 17 | 56,7 |
| | ***Современо македонско општество***<br>- Религиозните вредности имаат извонредно големо влијание во општеството на Р.Македонија од причина што нивното традиционално влијание е огромно.<br>- Религиозните вредности заедно со политичките вредности влијаат врз етничките, но и врз амбивалентниот карактер на општеството, најмногу поради сложените и противречни процеси и недефинираноста на социо-културниот контекст во минатото, но и во кој живееме денес, пред сè, транзицијата.<br>- Религиозните вредности денес не остваруваат посебно влијние. | 20<br>6<br>3 | 66,7<br>20<br>10 | Религиозните вредности имаат извонредно големо влијание во општеството на Р.Македонија од причина што нивното традиционално влијание е огромно. | 20 | 66,7 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. Дали и во која мера бележите поврзаност помеѓу идентитетот воопшто (личен, етнички, социо-групен) и религиозноста во ЕУ и РМ? | ***Современо општество на ЕУ***<br>- Постои безусловна, директна поврзаност помеѓу личниот, религиозно-групниот и социо-групниот идентитет и религизноста и претставува факт со културно-историска основа токму преку споделеното христијанско наследство;<br>- Постои умерена поврзаност помеѓу социо-групниот идентитет и религиозноста која сè повеќе опаѓа и не бележи импликации во јавната, општествена сфера;<br>- Денес не постои поврзаност помеѓу личниот, религиозно-групниот, социо-групниот идентитет и религизноста и тешко може да се оцени религиозноста како воопшто влијае врз конституирањето на етнички или социо-групен идентитет. | 12<br><br>10<br><br>7 | 40<br><br>33,3<br><br>23,3 | Постои безусловна, директна поврзаност помеѓу личниот, религиозно-групниот и социо-групниот идентитет и религизноста и претставува факт со културно-историска основа токму преку споделеното христијанско наследство. | 12 | 40 |
| | ***Современо македонско општество***<br>- Религијата е неразделен елемент од идентитетот на секој поединец без разлика на георгафската местоположба. Таа придонесува за зајакнување на личниот идентитет, а преку религиозно-групниот остварува директно влијание врз социо-групниот идентитет;<br>- Религиската свест честопати е мотивирачки фактор во културолошкото самодефинирање на луѓето или етичките групи на луѓето, посебно во Република Македонија (како дел од територијата на западен Балкан каде религијата во голема мера беше третирана како значаен политички фактор);<br>- Религиозноста е исклучително приватна работа и може латентно да влијае на личниот идентитет, но со тоа не влијае врз социо-групниот идентитет. | 20<br><br>7<br><br>2 | 66,6<br><br>23,3<br><br>6,7 | Религијата е неразделен елемент од идентитетот на секој поединец без разлика на георгафската местоположба. Таа придонесува за зајакнување на личниот идентитет, а преку религиозно-групниот остварува директно влијание врз социо-групниот идентитет. | 20 | 66,6 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.Дали Другоста се јавува како резултат на религиската припадност (во ЕУ и РМ)? | ***Современо општество на ЕУ*** | | | | | |
| | - Религијата влијае врз дефинирањето на карактеристиките кои меѓусебно дивергираат како Други, односно Другост. Сепак, оваа тенденција не е повеќе еднонасочна, таа влијае и се поврзува со други сегменти преку интеракција и повратно влијание на различните (Други) аспекти; | 18 | 60 | Религијата влијае врз поимањето на карактеристиките кои меѓусебно дивергираат како Други, односно Другост. Сепак, оваа тенденција не е повеќе еднонасочна, таа влијае и се поврзува со други сегменти преку интеракција и повратно влијание на различните (Други) аспекти. | 18 | 60 |
| | - Другоста релативно често се јавува како резултат на религиската припадност. Оваа тенденција има стандардна насока како резултат на традиционалноста на оваа функција со што доаѓа и до умерено одржување на интензитетот; | 8 | 26,6 | | | |
| | - Другоста релативно ретко се јавува како резултат на религиската припадност. Оваа тенденција има разгранета насока со што доаѓа и до опаѓање на интензитетот. | 3 | 10 | | | |
| | ***Современо македонско општество*** | | | | | |
| | - Другоста, покрај од останатите извори, потекнува и од религијата, што е нормално, и повеќе влијае еднонасочно во смисла на почитување и прифаќање на нееднаквостите помеѓу религиските припадности; | 18 | 60 | Другоста, покрај од останатите извори, потекнува и од религијата, што е нормално, и повеќе влијае еднонасочно во смисла на почитување и прифаќање на нееднаквостите помеѓу религиските припадности. | 18 | 60 |
| | - Другоста понекогаш потекнува од религијата и остварува повратна релација во смисла диференцијација помеѓу религиските припадности; | 7 | 23,3 | | | |
| | - Другоста исклучително ретко потекнува од религијата поради нејзиниот затворен и интимистички карактер. | 5 | 16,7 | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.Во кои сегменти се одразува важноста на религиските вредности за постигнување и одржување на кохезијата во РМ и хармонизацијата на правната легислатива во земјата со онаа на ЕУ? | ***Современо опитество на ЕУ***<br>- Религиозните вредности се морални по својата суштина и во таа насока во изразено висока мера се во согласност со постигнувањето и одржувањето на кохезијата во РМ и хармонизација со легислативата на ЕУ;<br>- Важноста на религиските вредности се лоцира во тоа што тие се дел од основните човекови права, без разлика за која држава станува збор (односно дали е членка на ЕУ или не) или за која и да е религија;<br>- Важноста на религиските вредности за одржување на хармонизација со легислативата на ЕУ е нерелевантна. | 12<br>9<br>7 | 40<br>33<br>23,3 | Религиозните вредности се морални по својата суштина и во таа насока во изразено висока мера се во согласност со постигнувањето и одржувањето на кохезијата во РМ и хармонизација со легислативата на ЕУ. | 19 | 47.5 |
| | ***Современо македонско опитество***<br>- Значајноста на религиските вредности се одразува во заедничкиот соживот и градењето доверба меѓу црквите и верските заедници во Република Македонија, но и со религиозните надворешни институции преку дијалог;<br>- Важноста на религиозните вредности се одразува преку промовирањето на моралот, односно основните човекови права;<br>- Религиозните вредности се сосема умерено и непресудно важни за постигнување и одржување на кохезија. | 13<br>8<br>7 | 43,3<br>26,7<br>23,3 | Значајноста на религиските вредности се одразува во заедничкиот соживот и градењето доверба меѓу црквите и верските заедници во Република Македонија, но и со религиозните надворешни институции преку дијалог. | 14 | 43,3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7.Дали регулирање-то (со силни санкции или без) на религиските права влијае врз реализира-њето на религиската слобода во РМ и во ЕУ (или кај некои земји-членки)? | ***Современо општество на ЕУ***<br>- Преку регулирањето на религиските права, односно преку правилниот однос кон нив се влијае позитивно врз реализирањето на религиската слобода;<br>- Религиските права не би можеле да се реализираат ако не се регулираат. На овој начин се афирмира и подобрува меѓурелигиозниот соживот во земјите-членки на ЕУ;<br>- Религиските права не е возможно да се регулираат ниту со санкции ниту без санкции од причина што исклучително зависат од индивидуалната добра волја. | 11<br>10<br>6 | 33,6<br>27.5<br>20 | Преку регулирањето на религиските права, односно преку правилниот однос кон нив се влијае позитивно врз реализирањето на религиската слобода. | 11 | 33,6 |
| | ***Современо македонско општество***<br>- Преку регулирањето на религиските права, односно преку правилниот однос кон нив, се влијае позитивно врз реализирањето на религиската слобода;<br>- Религиските права не би можеле да се реализираат ако не се регулираат. На овој начин се афирмира и подобрува меѓурелигискиот соживот во РМ;<br>- Религиските права не е возможно да се регулираат ниту со санкции ниту без санкции од причина што исклучително зависат од индивидуалната добра волја. | 14<br>8<br>5 | 46,7<br>26,7<br>16,7 | Културните вредности влијаат врз рефлексивноста за ризиците, но кај македонското современо општество рефлексивноста не е развиена поради зачетокот на ризичното општество и културата на ризикот. | 14 | 46,7 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8.Во која мера и дали воопшто, а со оглед на религиските книги (Библијата, Куранот, Талмудот итн.) толеранција-та може да се третира како религиска вредност во ЕУ и РМ? | ***Современо општество на ЕУ***<br>- Толеранцијата во голема мера може да се третира како религиска вредност, истата допринесува за подобар соживот и почитување на другиот;<br>- Толеранцијата прилично може да се третира како религиска вредност и ова го потенцира фактот дека тоа што човештвото, државите во него, заедниците во државите и семејството во заедниците сè уште постојат, можно е благодарение на неа;<br>- Толеранцијата делумно може да се третира како религиска вредност, односно на сите религиозни заедници им следи подеднакво право за слободно изразување и реализирање, но определени иницијативи и активности ја злоупотребуваат религијата или верската заедница како форма. | 13<br>7<br>10 | 43,3<br>23,3<br>33,3 | Толеранцијата во голема мера може да се третира како религиска вредност, истата допринесува за подобар соживот и почитување на другиот. | 13 | 43,3 |
| | ***Современо македонско општество***<br>- Генерално, толеранцијата може да се третира како религиска вредност до мера што не дозволува навлегување на други аспекти во доменот на религиозните вреднувања;<br>- Терминот толеранција во себе подразбира присиленост и затоа само делумно може да се манифестира како религиска вредност;<br>- Само во недостаток на љубов, толеранцијата е неопходна како религиска вредност. | 11<br>9<br>10 | 36,6<br>30<br>33,3 | Генерално, толеранцијата може да се третира како религиска вредност до мера што не дозволува навлегување на други аспекти во доменот на религиозните вреднувања. | 11 | 36,6 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9.Како го оценувате интензитетот на влијанието на религиската (не)толеранција врз интегративните процеси внатре во земјата (РМ), но и на земјата во процесот на нејзината акцесија кон ЕУ? | ***Современо општество на ЕУ***<br>- Интензитетот на влијанието на религиската (не)толеранција врз определувањето на карактерот на интегративните процеси на земјата во однос на нејзината акцесија е значајно, посебно поради композитната религиска, културна и политичка спрега на вредност во демократијата;<br>- Влијанието на религиската (не)толеранција врз определувањето на карактерот на интегративните процеси на земјата во однос на нејзината акцесија е релативно значајно поради егзистенцијалната оптовареност;<br>- Влијанието на религиската (не)толеранција врз определувањето на карактерот на интегративните процеси на земјата во однос на нејзината акцесија е релативно незначајно поради процесите на отвореност, мобилност и глобализација. | 14<br>6<br>10 | 46,7<br>20<br>33,3 | Интензитетот на влијанието на религиската (не)толеранција врз определувањето на карактерот на интегративните процеси на земјата во однос на нејзината акцесија е значајно, посебно поради композитната религиска, културна и политичка спрега на вредност во демократијата. | 14 | 46,7 |
| | ***Современо македонско општество***<br>- Интензитетот на влијанието на религиската (не)толеранција во земјата има големо влијание врз интегративните процеси поради тоа што остваруваат влијание врз етничките и политичките сегменти;<br>- Интензитетот на влијанието на религиската (не)толеранција во земјата има умерено и непресудно влијание врз интегративните процеси, но толеранцијата помеѓу различните религиозни заедници не претставува пречка;<br>- Интензитетот на влијанието на религиската (не)толеранција во земјата има слабо влијание врз интегративните процеси поради тоа што државата е секуларна. | 14<br>6<br>10 | 46,6<br>20<br>33,3 | Интензитетот на влијанието на религиската (не)толеранција во земјата има големо влијание врз интегративните процеси поради тоа што остваруваат влијание врз етничките и политичките сегменти. | 14 | 46,6 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10.Кој е вашиот став за влијанието што религиозни-те идентитети го имаат врз степенот на религиско-групната и социо-групната кохезија во ЕУ и РМ? | ***Современо општество на ЕУ***<br>- Религиозниот идентитет, генерално, има свое умерено влијание, но малку веројатно е дека влијанието на религиозните идентитети е од одлучувачко значење токму врз степенот на кохезијата во ЕУ;<br>- Што се однесува до религиско-групната кохезија во современото општество на ЕУ, генерално, религиозните идентитети остваруваат некое влијане, денес, наспроти споделеното културно наследство во минатото кое се базира на христијанска основа;<br>- Влијанието на религиозните идентитети врз социо-групната кохезија во ЕУ за определени прашања на определени држави покажува латентно, позасилено влијание денес. | 16<br>8<br>6 | 53,3<br>26,7<br>20 | Економските културни вредности во современото општество за разлика од модерното општество се помалку значајни за обликувањето на карактерот на ризиците, поради процесите на глобализација, постмодерноста и постматеријализ-мот, а доминантни се политичките културни вредности. | 16 | 53,3 |
| | ***Современо македонско општество***<br>- Религиозните идентитети влијаат врз религиско-групната, но и врз социо-групната кохезија во современото општество на РМ, генерално, и оставрува влијание врз други општествени сегменти (како културните, политичките и етничките), но со не многу силен манифестен интензитет;<br>- Ситуацијата денес за влијанието на религиозните идентитети врз социо-групната кохезија посебно во РМ исто покажува латентно влијание преку други, нерелигиозни, општествени аспекти, а е регулирана согласно правната легислатива на државата;<br>- Главно, големото влијание на религиозниот идентитет, на територијата на РМ припаѓа на контекстот од минатото кое се базира на поделеноста, генерално, на православни и муслимани, што практично значело национална поделеност, религиозниот идентитет влијае само врз религиозно-групната кохезија. | 14<br>12<br>4 | 46,7<br>40<br>13,3 | Економските културни вредности се сè уште второстепени зад политичките во определувањето на карактерот на ризиците во современото македонско општество, но со тенденција за кратко време да се изедначат, или да станат доминантни | 14 | 46,7 |
| **Вкупно:** | | **600[67]** | **100[68]** | | **15.9[69]** | **51,9[70]** |

[67]Го прикажува вкупниот број одговори на споредбените прашања (темите за разговор) од неструктурираните (нестандардизирани, неформални, слободни) интервјуа (20*30=600).
[68]Го прикажува вкупниот процентуален износ по прашање (тема за разговор), а не кумулативниот процент на сите прашања (теми за разговор) од прашалникот за интервјуто.
[69]Го прикажува просечниот број најтипични одговори на сите прашања (теми за разговор) од прашалникот за интервјуто.
[70]Ја покажува просечната процентуална вредност на најтипичните одговори од сите прашања (теми за разговор) од прашалникот за интервјуто.

***Табеларен приказ на типологијата (најтипичните одговори на темите за разговор) за современото општество на ЕУ***

| Реден број на прашањето (темата за разговор) од прашалникот за интервјуто | Број на одговори на прашањата (темите за разговор) од прашалникот за интервјуто | Типологија на прашањата (темите за разговор) (најтипични одговори по прашање-тема) во % |
|---|---|---|
| 1 | 20 | 66.6 |
| 2 | 14 | 46,7 |
| 3 | 17 | 56,7 |
| 4 | 12 | 40 |
| 5 | 18 | 60 |
| 6 | 12 | 40 |
| 7 | 11 | 33,6 |
| 8 | 13 | 43,3 |
| 9 | 14 | 46,7 |
| 10 | 16 | 53,6 |
| Просек: | 14,7 | 48,7 |

***Графички приказ на типологијата (најтипичните одговори на темите за разговор) за современото општество на ЕУ***



***Табеларен приказ на типологијата (најтипичните одговори на темите за разговор) за современото македонско општество***

| Реден број на прашањето (темата за разговор) од прашалникот за интервјуто | Број на одговори на прашањата (темите за разговор) од прашалникот за интервјуто | Типологија на прашањата (темите за разговор) (најтипични одговори по прашање-тема) во % |
|---|---|---|
| 1 | 22 | 73,3 |
| 2 | 17 | 56,7 |
| 3 | 20 | 66,6 |
| 4 | 20 | 66,6 |
| 5 | 18 | 60 |
| 6 | 13 | 43,3 |
| 7 | 14 | 46,7 |
| 8 | 11 | 33,6 |
| 9 | 14 | 46,7 |
| 10 | 14 | 46,7 |
| Просек: | 16,3 | 54 |

***Графички приказ на типологијата (најтипичните одговори на темите за разговор) за современото македонско општество***



***Табеларен приказ на типологијата (најтипичните одговори на темите за разговор) за современото општество на ЕУ и за современото македонско општество***

| Реден број на прашањето (темата за разговор) од прашалникот за интервјуто | Типологија на прашањата (најтипични одговори по прашање-тема) во % за современото општество на ЕУ | Типологија на прашањата (најтипични одговори по прашање-тема) во % за современото македонско општество |
|---|---|---|
| 1 | 66.6 | 73,3 |
| 2 | 46,7 | 56,7 |
| 3 | 56,7 | 66,6 |
| 4 | 40 | 66,6 |
| 5 | 60 | 60 |
| 6 | 40 | 43,3 |
| 7 | 33,6 | 46,7 |
| 8 | 43,3 | 33,6 |
| 9 | 46,7 | 46,7 |
| 10 | 53,6 | 46,7 |
| Просек: | 48,7 | 54 |

***Графички приказ на споредбената типологијата (најтипичните одговори на темите за разговор) за современото македонско општество и за современото општество на ЕУ***



***Табеларен приказ на просекот од типологијата (најтипичните одговори на темите за разговор) за современото општество на ЕУ и за современото македонско општество***

| | Современото општество на ЕУ | Современото македонско општество |
|---|---|---|
| Просек на вкупниот број одговори на прашањата (темите за разговор) од прашалникот за интервјуто | 14,7 | 16,3 |
| Просек на вкупниот % на одговори на прашањата (темите за разговор) од прашалникот за интервјуто | 48,7 | 54 |

***Графички приказ на вкупните споредбени најтипични одговори на темите за разговор за современото општество на ЕУ и за современото македонско општество***

